Смрт во Солун

роман

Јован Парлапанов

Смрт во Солун

роман

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 by Iovan Parlapanov & Risto Stefov

e-book edition

****

June 11, 2017

****

I ДЕЛ

I

1.

“Војната заврши, Евангелијо Гаспарова, межеш да се радуваш”, и рече Пондилаки весело на жената што седеше спроти него и си ги бришеше со шарено шамивче насолзените очи.

“Војната почнува, Пондилаки, можеби не за тебе, за светот и за сите што ја пронајдоа својата среќа... Ставре Наковски го убија... Тие се убијци... Се грижат за нас.... Кому му е грижа за нас? Стражарите ме набркаа од портата на затворот Еди Куле, иако очите ми беа потонати во солзи... Родителите ги загубив во војната и, сега... сама сум и што ми советуваш да правам? Да ги заборавам родителите и Ставре Наковски и да се вљубам во некој друг и со него да створам семејство?”

Пондилаки ги згрчи истурените вилици, го собра во една точка безизразниот поглед што му извираше од светлозелените очи, ја помилува Евангелија Гаспарова по косата и нежно, без да ја утешува, ја допрати до излезната врата на кафеаната “Македонија”. Евангелија Гаспарова молчеше и со шареното шамивче си ги бришеше насолзените очи.

“Животот е поган, Евангелија Гаспарова. Фрли ја шамијата и црниот фустан! Ако милуваш бори се со ветриштата. Викни ме и заедно ќе почнеме нова војна... Не плачи, солзите се лош знак, така ми велеше мајка... Оди си дома, подоцна ќе наминам за да го завршиме разговорот... Ставре Наковски ќе го извлечеме од затворот, верувам, не го докрајчиле”, и рече Пондилаки и нежно ја турна со раката за да си замине дома.

Евангелија Гаспарова си ја собра косата во шамијата. Молчеше. Очите и беа потечени, лицето црвено и дејствуваше уплашено.

“Довидување!”, му рече тивко и зачекори по улицата.

Пондилаки се врати во кафеаната. Загриженост му се оцртуваше по мазното лице. Седна на масата, на која имаше уште четворица мажи, облечени во темнокафеави костуми од камгарн, слични еден на друг како сијамски близнаци, кои

молчешкум и со почит го проследија неговото приклучување во нивното друштво. Сопственикот на кафеаната му донесе чашка ракија. Пондилаки ја прифати чашката, им наздрави на четворицата и ја испи целата течност од неа. Стана од масата и ја стави капата на главата.

“Ќе се видиме подоцна”, им рече на четворицата и ја напушти кафеаната. Талкаше по градот два часа. Уморен, повторно се најде во кафеаната. Се добра до масата, каде што се беше собрала поголема група докерски работници и бучно расправаше. Не му беше до разговор и затоа не дискутираше со докерите. Сопственикот на кафеаната му донесе чашка ракија. Пондилаки им наздрави на докерите и испи голтка од ракијата. Докерите му одвратија на здравицата.

“Бадијала си ги мелете умовите. Политичарите се немоќни да се спогодат меѓу себе и затоа ги пренесуваат своите интриги на улица. Не мешајте се во нивниот нечист потег! Имајте трпение! Се ќе си дојде на своето место”, им рече Пондилаки мрзоволно и воздивна длабоко. Испи од ракјата нова голтка и ја остави чашката на маса.

“Нивните расправии и сплетки предизвикуваат несигурност кај народот. Ние не сме стадо овци и кој кон каде милува таму да не води. Знаеме што е демократија”, му возврати бунтовно едно помладо момче што седеше спроти него.

Пондилаки го гледаше испитувачки момчето. Почна да ја милува со прстите чашката. Беше нервозен. Немаше желба да го дополни говорот на младото момче. Им се вгледа во лицата на другите што седеа на масата. Сите очекуваа да прозбори.

2.
Сопственикот на кафеаната “Македонија” беше млад човек. Се викаше Фоти Стерјов. За него зборуваа дека не е толку умен. Донесе нова чашка ракија и му ја подаде на Пондилаки.

“Ова е кафеана, луѓе. Зошто не најдете некоја сала и во неа да ги водите вашите политички разговори. Може некој да ве

накодоши кај власта. Времето е лошо за сиромашните. Вие си заминувате, доаѓаат други и се така редум...”

“Од што се плашиш Фоти? Ние сме во кафеанава секој ден”, му рече момчето на Фоти Стерјов, луто, што сопственикот на кафеаната се плаши од власта. Удри со тупаница по масата и поцрвене во лицето. Стана од столот. “Не се плашам од никого. И на кралот да му ебам мајката”, викна гласно и нафрли ново црвенило на лицето. “Ќе цркнете како ставорци од страв”.

Фоти Стерјов се почеша по косата. Му стана непријатно. Сакаше да се повлече во близина на шанкот за да го избегне дијалогот со момчето. Во кафеаната освен докерите други гости немаше. Докерите молчеа.

“Не сум страшливец, момче. На твои години зборував исто како што се изрази пред малку. Имам обврски. Од денот кога низ градот се пронесе глас дека нам, Македонците, поради учеството во војната ни се даваат сите права кои им припаѓаа досега само на Грците, сон не ме фаќа. Појалистите и националистите се се погласни... Се плашам за кафеаната, можат да ја демолираат исто како на Маноли Стрезовски минатата недела... Му го запалија дуќанот само затоа што рекол дека Македонија е слободна. Залудно Маноли пцуе по денот кога отвори уста и изблува од неа политика... Може да ме снајде истото...”, му рече Фоти на момчето и се сврти да појде кај шанкот.

“Не плаши се, Фоти. Се што ќе загубиш заради нас ќе ти надоместам од сопствениот џеб”, се насмеа момчето. Седна на столот.

“Фоти Стерјов има сопствен џеб, момче, и запамети го ова што ти го велам. Обиди се да бидеш пристоен”.

Момчето поцрвене. Фрчеше од лутина. Стана од столот.

“Да си ебам најмилото, ако не си најстрашливиот ставорец во Солун”, му рече момчето предизвикувачки.

Фоти Стерјов се почувствува навреден. Немаше желба да се врати кај шанкот. Му се внесе в лице на момчето.

“Поврати си го зборот, момче!”, му се закани.

Момчето се насмеа бизарно. Лиги му потекоа од уста.

“Поврати си го зборот, момче!”, му повтори Фоти Стерјов лут.

Момчето продолжи да се смее, игнорирајќи го Фоти.

Фоти Стерјов збесна. Му набабрија жилите на вратот и по челото. Го зграпчи момчето цврсто за јаката и го подигна во височина. Момчето се обиде да се одлепи од неговите раце и откако не успеа го плукна в лице. Фоти го спушти неговото слабечко тело пониско и го удри со главата во лицето. Потоа го пушти да падне на подот. Момчето тресна на дрвениот под и остана да лежи неподвижно. Фоти си го избриша челото со дланката и ги погледна докерите. Во нивните очи не забележа непријателство. Го спушти погледот на момчето и повторно ги погледна докерите.

“Простете ми”, им рече тивко. “Долго време другаруваме и никогаш не се случило некого да навредам. Попрскајте го со вода по лицето и однесете го каде било само да е подалеку од мојата кафеана”, додаде и замина кај шанкот. Си ги изми рацете и влезе во кујната. Остана таму подолго време. Кога излезе од кујната докерите беа заминале од кафеаната. Фоти се накашла. Ги запали светилките во кафеаната и застана за шанкот.

“Вошкар”, промрмори, “ Фоти Стерјов е газда и неговото мора да се почитува”.

3.
Два часа Фоти стоеше зад шанкот. Мислеше на инцидентот со момчето. Не се обвинуваше себе си. Замислен ги дочека првите гости. Ги послужи со ракија и повторно се најде зад шанкот. Во кафеаната влезе високо момче со лузна на лицето. Носеше црна облека. Околу вратот имаше сребрен синџир на кој висеше

некаков медаљон. Момчето приjде до шанкот. Се навали со лактите на него.

“Узо”, му рече на Фоти мрзоволно и се наклешти.

Фоти Стерјов се накашла и го дофати шишето со узо. Му наточи од течноста во мала чаша и му ја лизна по шанкот. Момчето ја довлечка чашата до своите прсти и вртејќи ја, ја подигна високо.

“Во твое здравје, Славомакедонче!”, му рече на Фоти. Испи неколку голтки од течноста и ја тргна чашата од уста. “Повторно грешиш”, додаде цинично. “Ти реков да ги набркаш докерите од твојата кафеана”.

Фоти Стерјов молчеше.

“Не ми возврати на здравицата”, го предизвика момчето.

“Откога влезе во мојата кафеана здравјето не ме служи најдобро. Сепак, ти благодарам”.

Момчето се насмеа гласно. Неколкуте гости во кафеаната се свртеа да видат што се случува кај шанкот.

“Ќе ти го запалам дуќанот. Ти не си вистински газда туку обичен комунистички пес. Подобро речено – ѓубре комунистичко”.

На Фоти срцето почна да му тропа посилно. На вратата на кафеаната се појавија петмина неизбричени момчиња и весело го поздравија момчето што стоеше на шанкот и му се закануваше на Фоти.

“Здраво, Хаш!”, го поздрави првото момче. “Наточи ми узо!”, му рече заповеднички на Фоти.

“И за нас по чашка”, му рекоа гласно другите четири момчиња и се навалија со лактовите на шанкот.

Фоти Стерјов извади четири чаши од под шанкот и ги стави пред нив. Ги наполни со ракија и го повлече шишето назад.

“Остави го шишето! Сами ќе си точиме ракија”, му рече строго Хаш. “Ќе ти ја запалиме кафеаната”, му се закани повторно.

Фоти Стерјов не му одврати ниту покажа со нешто дека е загрижен. Им го остави шишето на шанкот и влезе во кујната.

4.
Кафеаната се полнеше со гости. Луѓето поседнуваа по столовите и бараа ракија. Фоти Стерјов излезе од кујната. Ги прими порачките и почна да полни чаши со ракија. Понекогаш погледнуваше во Хаш и неговите пријатели. Мислеше како да се извлече од нивното заканување. Набрзо Хаш и неговите пријатели го испија узото. Хаш му се внесе в лице на Фоти.

“Кафеаната ќе гори”, му рече и се наклешти. Потоа мирно, придружуван од петмината, ја напушти кафеаната.

Фоти Стерјов почна да шетка нервозно низ кафеаната. Погледот му се замагли. За малку што не се судри со Пондилаки.

“Загрижен си заради Филип”.

Фоти Стерјов молчеше. Му понуди маса на Пондилаки и самиот седна на еден од столовите.

“Роjалистите ќе ми го запалат кафанчето”, му се пожали.

Пондилаки се насмевна.

“Донеси да се напиеме по една ракија”!

Фоти неволно стана од столот. Од шанкот зеде две чаши и шише со ракија и повторно се најде на столот. Налеа ракија во чашите и едната чаша му ја подаде на Пондилаки.

“Помогни ми да се ослободам од роjалистите!”, замоли Фоти загрижен.

“Не грижи се!”.

“Тие не се шегуваат. Ќе ми ја запалат кафеаната, човеку, помагај!”.

“Не грижи се!”, повтори Пондилаки и ја испи ракијата од чашката. “Морам да одам”, му рече. Стана од столот и излезе од кафеаната. Фоти остана неколку мига на масата. Главата си ја држеше со рацете.

“Дај две уза!”, викна по него човекот со шапка што седеше на масата покрај пенџерето. “Побрзај!”

Фоти мрзоволно стана од столот и со шишето во рака се упати кај човекот со шапка. Му налеа узо во чашата, потоа налеа и во другата и се врати кај шанкот.

5.
Фоти Стерјов вечерта ја затвори кафеаната порано. Дома си замина замислен. Легна во креветот нерасоблечен. Зората ја дочека буден и со потечени очи.

“Хаш му го запали дуќанот на Маноли. Ќе ми ја запали кафеаната”, помисли и реши да побара помош од Уранија Папајоану, која имаше бордел на улицата Одос Иринис. Стана од креветот и бунтовен излезе од станот. По половина час се најде во една од одаите на приземницата со кат, лево од ходникот што водеше на катот во собите што девојките на Уранија Папајоану ги водеа муштериите во железните кревети, покриени со свилени чаршави. На диванот ја затекна Уранија.

“Влези, одамна не сум те видела”, му рече низ насмевка Уранија.

Фоти Стерјов се збуни. Пред себе имаше раскошна убавица на триесетгодишна возраст – со расплетени коси. Срамежливо го пречекори прагот.

“Не срами се!”, нежно го прекори Уранија и помина преку бујните усни со тенкиот прст на десната рака, потоа го забоде долгиот нокт измастен со лилјакова боја во горната усна и се растресе како лист во гората на силен ветер. Одамна го посакуваше Фоти. Сега и дојде како нарачен. А толку пати го молеше да се пикне во нејзиниот кревет. Сметаше дека доаѓа од чисто љубовни побуди. Не и легна на умот дека причината за неговото нелегнување во нејзиниот кревет е неговата мрзеливост.

“Сега си мој”, помисли Уранија Папајоану и на широко одгрлениот фустан го покажа својот сјај. Му се насмевна привлечно.

На Фоти Стерјов му застана здивот во грклanот од тоа што го виде, иако го беше мазнел повеќе пати. Почна да се вртка по одајата, покажувајќи ја сета своја возбуденост што го обзеде од она што извираше под тенкиот прозирен фустан, од нејзините јадри дојки со крупни брадавици кои како да сакаа да го пробијат темноцрвениот прозирен фустан што сјаеше на слабата светилка и ширеше мирис на костен. Фоти го криеше погледот од бурата што се стремеше да го кутне во свилената покривка на железниот кревет и помисли дека може да ја загуби главата поради неа. Си спомна за средбата со Уранија од пред неколку години. Кога дојде кај неа, му зеде однапред дваесет драхми, но по спиењето му ги врати и од тогаш го заврте во нејзиниот кревет уште неколку пати, но тоа не беше доволнода ја засити страста туку стана повод да го посакува се повеќе. Не му наплатуваше. Последните три навраќања му ги надомести со по триесет драхми затоа што единствено Фоти можеше да ја задоволи нејзината немирна и гладна душа која не знаеше за милување и нежност, за љубов и достоинство, туку само за интерес. Сега Фоти стоеше пред неа и трепереше. Уранија го гледаше како да милува јагне со погледот. Се плашеше да не го разлути и да си замине. Полека потстана од креветот и нежно го повлече кон себе. Се прилепи до него, затворајќи му ја устата со долгите тенки прсти и почувствува како му трепени телото и и го подигнува духот готов да ја убоде нејзината разгалена душа.

“Помогни ми, Уранија! Сакаат да ме уништат”, промрморе Фоти.

Уранија Папајоану се насмеа нежно. Го помилува по косата.

“Ќе ти помогнам зашто единствено ти можеш да ме држиш во гетото на маломозгашите”, му вети нежно низ пригушен шепот полн со страсти.

Фоти Стерјов задоволно воздивна и ги развесели питомите, скоро, заспани очи.

“Благодарам”, промрморе полека, нежно ја легна на креветот, покривајќи го нејзиното ѓаволесто тело со сета површина на својата машкост.

“Ти си единствениот што ми ја рани душата. Ќе ти помогнам”, му шепна тивко на увото и испушти здив на задоволство.

Лежеа во креветот. Нечија силна рака тресна трипати по вратата, над која висеше црвениот фенер. Звукот што го испушти вратата само за миг ги раздвои. Не му отвори ја на дојденикот, иако неколкупати потоа удираше уште посилно, туку продолжија да се гмечат и гушкаат, заборавајќи на тивкото ветре што надвор го лулкаше црвениот фенер.

II

1.
Фоти Стерјов стоеше покрај шанкот и си ги триеше рацете задоволно. Уранија Папајоану се појави во кафеаната, облечена во црн сатенски фустан долг одвај да и ги покрие долгите обли нозе зашилени на колената. Нејзината испапчена задница ги напаѓаше очите на посетителите во кафеаната. Со гостите што ги зазедоа масите покрај шанкот почна да кокетира, истакнувајќи ги валчестите гради кои прскаа под фустанот и бараа да бидат сопрени од градник или што било друго за да не полетаат во рацете на некој мажјак, какви што ги имаше доста меѓу гостите и што сите до еден беа гладни за женка. Уранија седна на една од многуте високи столици, наредени покрај

шанкот и му намигна на Фоти заводнички. Потоа се заврте накај гостите и на неколкумина од нив им упати милозлив поглед и нежна насмевка.

“Вечерва ќе имаме добри гости”, му рече на Фоти. “Биди подготвен да ги пречекаш со насмевка.”

Фоти Стерјов кимна со главата потврдно. Се останува. Беше задоволен од присуството на саканата жена по која почна да лудува неговата машкост.

2.
Во кафеаната влегоа неколку полуоблечени девојки со убаво измазнети коси, со шавови на црните чорапи исполнети со уште потемни и поцрни дамки и со црвени жертери прикачени за свилените чорапи, чиј ластик висеше на белите чипкани гакички. На сите им беа разголени градите и малку недостасуваше да им се видат црвените пуполки кои се подаваа од под широките заоблени диколтеа. Тоа ги правеше многу атрактивни за гостите кои веднаш ги насочија очите кон нив. Девојките беа млади. Секоја од нив во устата имаше забиено чибуче, долго преку десет сантиметри, измастено од црвило. Се смешкаа милозливо. Поседнаа на столовите покрај шанкот и ги разголија нозете. Нивните разголени бутини на кои се црвенееја трендафилови китки, закачени со тенка карфица за жертерите, ги предизвикуваа уште повеќе присутните гости. Почесто се загледуваа во девојките. Една од девојките стана од столот и се упати до масата покрај пенџерето. Им се придружи на тројцата средовечни луѓе. Уранија Папајоану се насмевна. Ги погледна строго другите девојки и продолжи да пие бренди.

Фоти Стерјов не мируваше. Влезе во кујната. По миг излезе со две шишиња узо. Ги стави шишињата во првиот рафт зад шанкот и остана загледан во полната полица.

“Добра вечер, Уранија!”, слушна нечиј глас и се сврте.

“Како си, Фоти?”, го пречека гласот.

“Благодарам на прашањето, добар сум”, му се насмевна Фоти на човекот што му го упати прашањето. “Како ти оди работата?”

Човекот беше црномурест и висок. Очите му беа црвени од неспиење.

“Загубив се на комар. Сега можам да се опијам и да се фрлам во морето”, се насмеа човекот.

“Не е можно. Вие, Турците, сте многу необичен народ. Не ти верувам”.

“Што има да му веруваш. Загубил се што има и тоа не треба да те чуди. Единственото што му преостанува е достоинствено да го поднесе губитокот”, се замеше Уранија Папајоану и му упати блага насмевка на човекот. “Напиј се еден пијалок, Џемаиле, куќата чести”, му понуди стол Уранија.

Џемаил се насмевна и седна на столот. Фоти му налеа го голема чаша бренди.

“На здравје!”

“Во ваше здравје!”, му одврати Уранија. “Што ќе правиш сега?”

Џемаил не и одговори веднаш. Молчеше и ја вртеше чашата со рака. Се насмевна.

“Ќе заминам во Истанбул”.

“На печалба?”, заинтересирано праша Уранија.

“Немам друго решение. Морам”, воздивна Џемаил длабоко. “Сакам да го продадам станот, можеби можеш да ми помогнеш?”

Уранија Папајоану се замисли. Му даде знак на Фоти да приjде. Фоти се навали на шанкот.

“Колку бараш за станот?”

“Малку, онолку колку што е потребно за патување до Истанбул”, и одврати низ воздишка Џемаил.

“Договорено”, му рече Уранија Папајоану низ насмевка, “Налеј му уште еден бренди”, му заповеда на Фоти и го покани Џемаил да седнат на една од празните маси во кафеаната.

“Не разбирам. Што е договорено?”, збунето праша Џемаил и стана од столот.

Уранија Папајоану го фати под мишка и го поведе до празната маса во аголот на кафеаната. Седнаа. Фоти Стерјов им донесе две чаши дополовина полни со бренди.

“Јас ќе го купам твојот стан”, му рече Уранија и ја подигна чашата да наздраваат.

“Сериозно!?”

“Сосема сериозно”, му рече Уранија. Ги удрија чашите и во ист миг испија од течноста.

“Ќе ти испратам една од девојките. Забавувај се до бесознание. Куќата чести”, му рече Уранија низ блага насмевка. Стана од столот и се врати на столот покрај шанкот.

“Афродита, гостинот на масата во аголот е сам”, и рече на девојката што седеше во нејзина близина и си налеа во чашата, што ја остави пред малку, неколку капки бренди. Испи голтка и се заврте да види дали Афродита ја исполни нејзината наредба. Се насмевна. Афродита седеше и нежно го милуваше Џемаила по челото.

“Ќе го купиш станот на Џемаил?”, праша Фоти.

“Зошто да не. Неговиот стан е над нашите глави. Ќе го претвориме во пансионски соби и ќе добиеме многу повеќе пари. Ќе бидеме богати, Фоти”, му се насмевна нежно.

“Во градот нема поумен човек од тебе, Уранија. Среќен сум што те имам за партнер” и рече Фоти и се загуби во кујната. Уранија седеше уште неколку мига и полека, незабележана од гостите, тргна по него.

III

1.

Фоти Стерјов стана нешто порано од обично и почна да ја увежбува дежурната насмевка, наменета за секаков гостин. Го напушти другарувањето со големото огледало, урамено во плитка резба во ореовина, со навезени цветчиња од некој непознат копаничар, дури кога беше сигурен дека успеал да го улови задоволниот израз на замисленият гостин кој со допирање на шеширот, качкетот или едноставно со кревање на десната рака во висина на челото како знак на поздрав. Неколку дена го уигруваше љубезниот израз, наменет за гостите и беше наполно задоволен. Слезе во кафеаната. Им ги покажа белите заби на гостите, кои први му се најдоа на патот, и забележа на масата на која седеа Пондилакиевите докери, четворица луѓе, не постари од триесет години, облечени во униформи кои за првпат ги гледаше и не знаеше на кое знаме му припаѓаат. Помисли дека владата сошила нови униформи за своите војници. Не беше сигурен во претпоставката. Се врати назад во собата.

“Некакви чудни луѓе се во кафеаната”, и рече тивко со вознемирен глас.

Уранија Папајоану стана од креветот уплашена.

“Какви чудни луѓе, човеку. Што се случува?”

“Слегувај долу, Уранија!”, и рече уште повознемирено.

Уранија се облече набрзина. Излезе од собата. Слезе во кафеаната со грациозен од. Во аголот ги забележа луѓето во униформа. Се насмевна.

“Шашавко, тоа се англиски војници или поточно речено офицери на кралството Англија”, му рече на Фоти кој чекореше покрај неа. Фоти не и одврати.

“Џебовите им се полни со пари. Офицерите се најголеми непријатели на парите. Ги трошат безмилосно, посебно за убави девојки”, потоа им пријде на офицерите заедно со вештачката насмевка на Фоти.

“Гут монинг, господа! Почестени сме од вашето присуство”, им рече љубезно и ги размести усните во блага насмевка. “Ќе бидам почестена доколку ми дозволите да ви се приклучам”.

Офицерите како на договорен знак, станаа и и понудија стол и во таа бркотница од брзоплетост малку недостасуваше да се повредат. Благата заводничка насмевка на Уранија ги смири и ги врати на столовите, предизвикувајќи возбуда во нивната душа и страст. Им ја распламти желбата да и ги допрат големите обли гради, чии крупни и издолжени брадавици се назираа под тенкиот полупросирен сатенски фустан со темнозелена боја.

Питер Макдоналд седеше до неа и нападно гледаше во нејзината заоблена нога што завршуваше во широк колк кој се подаваше низ расцепениот фустан.

Уранија Папајоану почна да се смее. Им ги допираше палетите.

“Донеси пијалак за господата офицери”, му рече на Фоти.

Фоти направи понизен наклон. Појде до шанкот и им донесе шише бренди и пет длабоки чаши.

“Повелете, господа”, им рече низ насмевка и ги стави чашите и шишето на масата. Потоа се повлече до шанкот. Си ја измазни уредно залижаната коса, намачкана со маслиново масло и разделена со патец над левото уво, и ги ококори очите од нередот што заигра во него.

“Англичаните седат на масата на демократите. Господе, што да правам? Само што не пристигнале. Ќе се налутат и ќе ми направат некое зло. Пондилаки е строг и силен. Ми ја спаси кафеаната од уништување”, мислеше и црвенееше во лицето од сознанието и ниезвесноста што ќе се случи кога демократите, кои сите во Солун ги викаа докери, ќе дојдат. Го побара погледот на Уранија и незабележливо и даваше знаци да дојде за миг крај шанкот за да се договорат. “Би било добро да ги преместиме Англичаните на некоја друга маса”, мислеше.

Питер Макдоналд беше поручник по чин. Имаше сини пробивни очи од кои избиваа искри на нежност. Жолтата коса како узреано некосено жито, препечено од жешкото сонце му паѓаше врз крупните светлокафеави веѓи и му го затскриваше виделото. Имаше правилен нос, тенки усни и една помала бемка на лицето.

“Одлично зборувате грчки, господине Макдоналд”, му рече и им ги покажа на сите белите заби.

“Добро забележувате”, се насмевна благо Питер. “Им припаѓав на англиските интервентни единици. Поминав долго време на овие терени и научив”.

“Бистро момче”, забележа Уранија низ заводничка насмевка.

“Да се напиеме во ваше здравје, убава Уранијо”, рече Макдоналд и ја подигна чашата високо. “На здравје и да живеете сто години!”

“На здравје и да сте секогаш вака убава”, додадоа другите тројца офицери.

“Во ваше здравје, господа”, им рече Уранија и ја удри чашата од нивните.

2.
Уранија се насмеа гласно. Питер Макдоналд и ги допре градите. Фоти Стерјов ги ококори очите. На вратата на кафеаната се

појави Пондилаки, придружуван од петмина докери. Се упати до шанкот. Му пријде на Фоти.

“Немој да трепериш. Внимавај да не се повтори истава слика. Главата ќе ти ја скршам”, му рече строго. “Стокми две маси соединети до масата на Англичаните”.

Фоти Стерјов не можеше да се соземе од страв. Набрзина подготви две маси споени.

“Нема да се повтори истата слика”, му рече на Пондилаки. Гласот му трепереше. Се обвинуваше себеси, но истовремено посакуваше да отиде кај Англичаните и да им каже дека масата е резервирана за други луѓе, кои се тука, на домашното огниште, и кои се скоро сопственици на пансионот. Сепак не го стори тоа. Немаше храброст. Им донесе шише узо на докерите и се врати до шанкот.

3.
Два часа подоцна во кафеаната влезе Хаш. Фоти Стерјов не се уплаши. Хаш го разгледа амбиентот на кафеаната. Се насмевна иронично. Ги забележа Англичаните и Уранија. Се упати до шанкот.

4.
Уранија го забележа Хаш. И стана сомнителна неговата иронија. Не можеше да ја одгатне на неговото убаво лице, кое го расипуваше искривениот нос и дивиот поглед. Се уплаши да не направи некакво чудо, зошто Хаш почна да удира силно, скоро избезумено по шанкот со својата мечкина шепа, зарасната во влакна испресечена со бразди од залечени рани. Уранија им се насмевна на Англичаните, стана од столот и му пријде на Хаш. Му ги допре широките раменици со нежните раце. Хаш се сврте.

“Биди потивок”, го замоли љубезно.

“Хаш секогаш ги почитувал убавите жени”, и рече. “Биди спокојна Уранијо”.

“Знаев дека си умно момче, повели седни со пријателите”, му рече нежно и го повлече за раката. Го допрати до една од масите покрај пенџерето и му го намести столот да седне. Хаш се смести во столот и им покажа на своите пријатели да седнат на другите столови.

“Прости што ќе те напуштам”, му рече Уранија. “Имам гости со длабоки џебови”, потоа се повлече на масата на која седеа Англичаните.

5.
Фоти Стерјов здивна. Срцето престана да му чука силно и забрзано. Се напи бренди да си ја смири душата.

6.
Покрај Фоти на шанкот се навали Стојос Панајопулос. Беше готвач во кафеаната. До појавата на Уранија во кафеаната насмевката му беше секогаш пристуна на правилните усни. Се плашеше од Уранија.

Не разговараа со Фоти. Им пријде Хаш.

“Шест чорби од риба донесете на мојата маса”, им рече заповеднички. Си замина.

Стојос Панајопулос се насмеа. Фоти Стерјов збесна. Не се поместија од шанкот. Уранија стана од масата и со љубезна насмевка ги напушти Англичаните. Заобиколи неколку маси и пријде до шанкот.

“Слушнавте што побара Хаш. Веднаш да го послужите”, згрме строго.

Стојос Панајопулос се скамени. Фоти и се внесе на Уранија в лице.

“Однеси му самата”, и одврати грубо и го прекина нејзиното кочеперење на кратко.

Уранија ги спушти темните облаци од големите веѓи. Се насмевна нежно. Фоти ги развлече усните. Уранија се тргна од него и не симнувајќи го погледот го одмина.

“Господинот Пампас Мавропулос, каква чест што ве гледаме овде”, му рече милозливо. Не симнувајќи го погледот од неговите очи им кимна со главата на неговите придружници.

Пампас го извади за миг шеширот со мал обод и нафрли љубезност на дебелите образи што му висеа под жолтеникавите очиња, ја прифати нежната рака на Уранија, ја доближи до големите усни и ја бакна. Уранија се закикоти кокетно. Му посака добредојде со насмевка, го фати под рака, и го поведе низ пансионот до масата за која сите сметаа дека е најдобро поставена и на која секогаш седеше човек кому името и презимето никој не му го знаеше, ниту пак го познаваше некој. Многумина мислеа дека е некоја голема sверка од владата, но никој со сигурност не го тврдеше тоа. На масата секогаш имаше шише црвено вино и китка гладиоли кои се подаваа од тенмоцрвената глинена вазна. Имаше и картонче со натпис “Ресерве”, кое никогаш не го симнуваа од неа.

Уранија со насмевка го смести Пампас, кој беше шеф на полицијата на градот токму на таа маса. Како да не го очекуваше гостинот вечерта. Седна до Пампас не обрнувајќи скоро никакво внимание на неговите придружници. Му дозволи да ја милува по нејзината бела мазна кожа на раката. Се обрна кон шанкот. Му даде знак со раката на Фоти за да и дојде. Фоти Стерјов дотрча скоро на прсти.

“Донеси два англиски коњаци, ваков гостин не влегува стално во нашата куќа”, му рече љубезно. “На придружбата на господинот Пампас понуди им домашна ракија”.

Фоти Стерјов кимна потврдно со главата и се врати покрај шанкот. Налеа англиски коњак во две големи чаши и ги стави чашите во послужавник.

“Направи ја таа рибина чорба зашто обајцата ќе страдаме. Зар не гледаш дека е луда?”, му рече на Стојос Панајопулос и го

удри нежно со лактот во слабината. Потоа се оддалечи со послужавникот во раце. Ги послужи Пампас и Уранија и повторно се врати покрај шанкот. Го забележа Стојос покрај големото тенџере и воздивна длабоко. Беше задоволен. Кафеаната беше полна со гости и сите пиеја во изобилство. Се навали на шанкот и се насмевна дискретно. Доцна во ноќта, кога си заминаа гостите, уморен се искачи по скалите во собата, придружуван од Уранија и уште од вратата се фрли на креветот.

“Уморен си?”, го праша Уранија.

“Нозете не ме држат, душата ми спие”.

“Денес имавме прекрасен ден. Спечаливме многу. Нека ни е со среќа”.

Легна до него и нерасоблечени заспаа.

IV

1.
И би свадба. Уранија Папајоану и Фоти Стерјов застанаа пред стариот поп Иракло во црквата Света Катерина. Фоти и Уранија не изгледаа среќни. Се заколнаа над темнокафеавата книга што ја држеше Иракло во десната рака на вечна верност. На инсистирање на Пампас се бакнаа. Потоа се вратија во пансионот. Внатре одекна музика. Софрата беше богата со пијалоци и јадења.

“Ова е најбогатата пијанка на која присуствувам”, му рече Пампас на човекот што седеше до него. Потоа му се опули. “Како се викаш?”, го праша зачуден.

“Се викам Дастин Бровн, но сите во пансионот ме викаат Американо”, му одврати мирно човекот.

“На здравје”, ја подигна чашката Пампас.

“Во ваше здравје, господине”, му одврати на здравицата Американецот. Беше облечен во американска униформа.

“Вие сте офицер, господине Бровн?”

“Да, господине Пампас, офицер на американската армија”, му рече горделиво Американецот.

Пампас го тргна погледот од Американецот и се загледа во младата убава девојка, која пијана се качи на долгата маса во проширениот дел на пансионот и по ритамот на бузуките што го сечеа воздухот, почна да се соблекува, не напуштајќи ја играта и ритамот. На сите очите им беа вперени во неа. Софија Гелева ги покажа белите гради со црвени пуполки и тркалезните бутчиња пред очите на присутните, кои ја голтаа неконтролирано и јавно нејзината убавина и се подлабоко се вовлекуваа во нејзината мрежа на сладострастие.

“Не мршти се! Тоа е одлична работа. Слично нешто гледав во Париз. Треба да воведеш во пансионот таква програма секоја вечер. Девојката има талент”, и рече Американецот на Уранија.

V

1.
Никос Зајкопулос беше по раст ситно момче. Нозете му беа криви, извртени од внатрешната страна. Имаше питом поглед и решителен. Од сините очи му извираше чесност. Во Солун допатува од Атина. Талкаше долго низ градот. Долгото пешачење го истошти и реши да влезе во првата гостилница. Вниманието му го привлече пансионот “Македонија” и влезе внатре. Чадот му ги расони очите. Топлината и мирисот на узото и тутунот му ги исполнија градите со лош мирис. Сакаше да излезе, но сепак реши да остане. Се прошета низ кафеаната и набргу рикна од изненадување.

“Каква среќа, Пондилаки! Здраво, пријателу”, викна изненаден што го гледа Пондилаки.

“Здраво, Никосе. Дојди да те прегрнам”, му рече Пондилаки. Стана од столот и се ракуваа. “Седни и запознај се со моите пријатели”, му понуди стол Пондилаки, задоволен што го гледа.

Никос Зајкопулос седна на столот. Очите му заиграа весело. Насмевка му се појави на усната.

“Неколку часа талкам по градот и те барам”.

“Одамна не сме се виделе, Никосе. Како се случи да ме побараш токму во оваа кафеана”.

“Сосема случајно. Ми дојади да акам низ градот и да се надевам дека ќе наидам на тебе”.

Пондилаки се насмеа.

“Скоро заборавив. Ова е мојот пријател Никос Зајкопулос”, им рече на докерите, кои седеа на неговата маса. “Наш човек од Атина”.

“Мило ми е што те гледам весел. Сигурно убаво си поминувате?”

“Поминуваме некако. Катаден сме со проблемите на владата. Што мислиш ти, ќе попушти ли и ќе пристапи кон создавање на демократска земја?”

Сите го погледнаа Никоса. Нему му стана непријатно. Не беше свикнал да дава мислења за што било. Најпосле проговори.

“Не верувам, ништо не верувам...”

Маноли Стрезовски му потури под носот чашка со ракија.

“Благодарам”, му рече тивко Никос и продолжи, “веќе неколку дена се кријам од полицијата...”

“Што си им сторил”, се стаписа Пондилаки. Му испадна чашата од раката и тој не погледна по неа, ниту по ракијата што се разлеа по масата. Се вознемирија и другите. Никос Зајкопулос го погледна строго.

“Не грижи се, меѓу свои луѓе си”, му рече Пондилаки.

Никос Зајкопулос ги погледна испитувачки другите, што седеа заедно со него, и Пондилаки на масата. Во нивните очи забележа пријателство.

“Тогаш ќе ви раскажам се”, им рече и воздивна. Испи од ракијата и си ги навлажи испуканите усни со тенкиот долг јазик. “Водевме голема битка, огорчена, против влегувањето на англиската војска во земјата. Владата не ги сака демократите. Во Атина владее хаос. Првиот човек во владата го донесоа Англичаните од Лондон за да им служи како нивен слуга, со налог да формира нова влада и да ги ликвидира сите што не го сакаат кралот кој, впрочем, и самите знаете дека е англиски миленик. Се толчевме по улиците, криејќи си ги главите зад барикадите, борејќи се на живот и смрт со англиските војници. Со мегафони му пренесовме на народот дека новата влада на господинот Папандреу, влада на националниот спас, со својата програма за националното единство, служејќи им на Англичаните, ги поттикнува националните чувства на другите народи кои живеат во земјата кон национална омраза и нагласуваме дека во програмата не е решено македонското прашање за кое Македонците пролеаја многу крв во четиригодишната војна. Со тоа, му велевме на народот, наместо да се создаде нова земја, за што многумина ги положија животите, го врати повторно на сила времето од пред војната. Секој ден владата ги величи сојузниците како заштитници на грчкиот народ. Од кого го штити грчкиот народ? Од самиот себе си? Тоа е предавство на земјата... Многу крв потече по улиците на Атина. Се боревме како лавови, но за да не страдаат жителите на градот, зашто Англичаните фрлаа бомби, се повлековме. Пред десет дена, рано утрото ги напуштивме барикадите и се повлековме надвор од Атина...”, подзастана со кажувањето Никос и се напи од ракијата.

“Слушнавме дека во Атина престојувал некој висок англиски државник”, праша Пондилаки. “Што барал?”

“Тој ни ја замати целата каша и ни ја претвори земјата во пепел. Господинот Папандреу се повлече од челната позиција во

владата а тие само ветуваа. Не ми е јасно зошто владата на националното единство не му одговараше на господинот Черчил и што го натера господинот Папандреу да се истави од владата. Прашуваш што барал Англичанецот? Тој ја бара земјата за себе, за Лондон, За Англија... Се отиде во мајчината. Сите години поминати по планините. Се растуривме кој каде мислеше дека ќе биде безбеден. Градот стана најнесигурно место за нас... Ми беше страв да не ме закачат со ортома на некој електричен столб. Еве ме покрај вас. Мислев кај тебе ќе бидам безбеден", се насмевна Никос. Отпи голтка од ракијата. Ја спушти чашата на масата и си ги избриша усните со големите дланки.

Пондилаки молчеше задлабочен во сопствените мисли.

"Каква гнасотија", мислеше, "мојата борба се распадна на парчиња. Нема зашто да не му верувам на Никос. Многу нешта ми поминаа бегло и сега можам само да нагодувам што се случувало и што ќе се случи понатаму... Морам да се погрижам за Ставре Наковски. Се сомневам дека е жив и дека ќе го извлечам доколку е само малку останато од него. Како да го сторам тоа?", мислеше Пондилаки и со крајот на окото го забележа на масата на која стално стоеше ливчето со натпис "Ресерве", човекот со долгнавестото лице, питомите очи, бујната костенлива коса и долги зулуфи, правилниот нос и нацртаната усна, истиот непознат за кого беше секогаш резервирана масата и кого не го познаваше.

"Кој е човекон", мислеше Пондилаки. "Зошто е толку таинствен", се чудеше. "Зар повторно ќе талкаме со пушките по планините?"

Молчеа сите. Никос Зајкопулос си ја допи ракијата. Пондилаки беше возбуден и со пламен во очите.

"Да си одиме дома", предложи Пондилаки. "Чувствувам ќе потонеме во молчење".

Докерите нишнаа потврдно со главите и станаа од столовите. Стана Пондилаки и по него Никос. Докерите излегоа од

пансионот. Никос стоеше на вратата. Пондилаки не се сврте да го види голото тело на Софија Гелева која се нишкаше во ритамот на бузуката. Го забележа само крадливиот поглед полн со изненадување што му го праќаше Фоти Стерјов, и го молеше да не заминува. Како да предвидуваше некаков потоп. Беше полн со страв. Сепак излезе од кафеаната. Надвор воздухот беше студен. Калдрмата влажна. Чекорот тром. Нозете потешки од олово. Опколен од докерите и молчеливата фигура на кривоногиот Никос, замавна широко со рацете, од што се возбудија сите, мислејќи дека се случува нешто што тие не го забележуваат, и тоа го изразија на своите очи. Пондилаки не обрна внимание на нивниот немир, туку застана.

“Се враќаме во пансионот. Имам претчувство дека таму некому сме му потребни”, им рече мирно и тргна назад кон пансионот “Македонија”.

2.
Влегоа во пансионот. Седнаа на масата молчешкум, не погледнувајќи си во очите од страв да не им се вознемири снагата. Дискретно ги следеа разголените тела на витките девојки, кои се нишкаа на подиумот осветлени од сноп светло.

3.
Нивното неочекувано влегување во пансионот ја вознемири Уранија Папајоану.

4.
Во пансионот влегоа петмина луѓе, облечени во долги кожени мантили, со подигнати јаки и со набиени шешири на главите. Во рацете држеа пиштоли, кои беа предупредување за секого во пансионот мирно да ги изврши нивните наредби. Разголените девојки престанаа да играат на подиумот. Едниот од петминатa ги запали светилките и пансионот наполно се осветли. Сега сите во пансионот можеа јасно да ги видат лицата на луѓето со долги мантили и со шешири на главите. Послушно ги подигнаа рацете во височина, иако никој не им заповеда. Како да им втера страв во коските силната светлост.

Фоти Стерјов стоеше крај шанкот. Беше блед во лицето. Ги подигна високо долгите тенки раце зараснати во волна и вртејќи со очите го чекаше следниот чекор на дојдените. Повремено го бараше Пондилаки. Забележа како тој и докерите мирно ги следат движењата на дојдените и блага насмевка се појави на неговите тенки усни. Го виде Маноли Стрезовски како ја спушти раката во џебот, истовремено намигнувајќи му шеретски.

Дојдените диво гледаа во лицата на присутните. Уранија Папајоану стана од столот. Дастин Бровн, кого сите го викаа Американо, остана да седи на столот мирно. Само ја погледна збунето. Уранија им пријде на дојдените кои им се заканува на присутните со своите пиштоли и дивите очи кои немирно им шараа по лицата на гостите.

“Што треба да значи ова, господа?”, им се обрати на дојдените што беа најблиску до неа, гордо и налутено.

Уранија Папајоану во истиот миг зажали што не ја употреби својата кокетна насмевка. Едниот од дојдените грубо ја турна и таа падна во прегратка на Питер Макдоналд. Не му се ни извини на Англичанецот што при судирот му го скрши носот од кој му потече крв. Стана и повторно им пријде на дојдените.

“Скапо ќе платите за оваа комедија. Ќе ве пријавам во полицијата”, им рече со нешто помирен тон и заканувачки.

Дојдениот со лузна на челото ја зграби за раката и грубо ја турна. Уранија одвај се задржа да не удри со главата во шанкот. Падна на подот, фрчејќи како мачка. Тој и пријде, го впери пиштолот во нејзините маѓосни очи.

“Ние сме бладина полиција. Ако имаш некаква пријава против нашите луѓе можеш мене да ми ја дадеш”, и рече. Се насмеа грубо и се оддалечи од неа. Се упати кон масата на која седеше Пондилаки со докерите. Со лесен чекор му пријде на Пондилаки. Му даде озбилен тон и строг израз на своето избрчкано лице. Забележа како докерите ги спуштија рацете во џебовите на платата.

“Не знаев дека комунисти владеат со овој пансион”, му рече на Пондилаки и низ насмевка си ги покажа пожолтените заби.

“Не ве познавам, господине. Можете да се потрудите малку, претставете се”, му рече мирно Пондилаки и со десната рака поцврсто ја стисна студената железна дршка на пиштолот што дотогаш мируваше во џебот од неговото сомотско палто. Ја сврте цевката во правец на полицаецот и реши да го игнорира колку е тоа можно подолго за да не предизвика кавга. Се надеваше дека не се дојдени по него или по некој од неговите луѓе. Во еден миг се посомнева дека го бараат Никос Зајкопулос но набргу ја отфрли таквата помисла.

“Одамна се познаваме, господине Пондилаки. Да не е пиштолот, чиј мирис го чувствувам на километри далеку, ќе зборувавме поинаку. Затоа да ги оставиме нашите работи за следната средба”, му рече и повторно ги покажа расипаните заби покриени со жолт катран.

“Ќе ми биде мило, господине”, му одврати мирно Пондилаки и го заврте погледот кон чашата што мируваше на масата.

Полицаецот ја напушти масата на докерите. Малку недостасуваше Никос Зајкопулос да ги разнесе неговите гради и да го замасти со крв црниот мантил. Само воздивна длабоко и почувствува како му се врати воздух во белите дробови.

5.
Пукот се слушна откај одаите. Настана гробна тишина. Полицаецот испрати еден од тројцата придружници, кои беа во пансионот, да види што се случува во одаите. Сувото тело на полицаецот тргна кон скалите што водеа во одаите на пансионот. Стигна до шанкот. На скалите се појави човек од четириесетина години кому му течеше крв од десната бутина и му ги топеше темнокафеавите скапи панталони. Слегувајќи по скалите, не успеа да се задржи на нозете. Се стркала по скалите. Лицето му се искриви од болка. Косата му се разбушави. Се запре пред долгите, заоблени и скоро до бутините голи нозе на Уранија. Потече крв од неговото убаво лице. Остана да лежи

неподвижен на подот. Над неговата разбушавена коса дојде полицаецот што му зари куршум во десната бутина. Тогаш одеднаш стана и го зграпчи за нозете. Му ги свитка и се напрегна да го собори. Не успеа. Полицаецот се оттргна од неговата прегратка и го удри со шпицестите чевли неколкупати едноподруго по лицето. Го впери пиштолот во неговата глава.

“Копиле комунистичко! Куче пањовулгарско! Тука ќе го окончаш својот беден живот!”, викна полицаецот лут и му ја доближи цевката од пиштолот до разбушвената коса.

Човекот ја крена главата и, не гледајќи во цевката од пиштолот, стана. Го погледна полицаецот право во очите и му се насмевна потсмевливо. Беше горд. Лицето му беше покриено со крв. Се загледа во гостите. Во неговите очи немаше молба за помош. Не бараше милост.

6.
Пондилаки го препозна човекот. Беше тоа истиот што секогаш убаво облечен седеше на масата со натпис “Ресерве”. Уранија Папајоану не издржа. Очите и се ококорија. Заплака. Солзи и потекоа од маѓосаните очи и и го посолија мазното лице. Човекот се лулееше на сопствените нозе и наговестуваше брзо паѓање на подот. Полицаецот стоеше покрај него и го гледаше право во очи, збунет, што не се предава. За миг се збуни и не знаеше што да преземе. Уранија Папајоану врисна и ги наполни со нови далги страв градите на присутните гости. Го прифати ранетиот човек да не тресне на подот, и го гушна нежно. Сите се сепнаа. Онемеа од глетката што им ги наполни очите со восхит. Уранија плачеше и го бакмуваше човекот. Му ја мазнеше разбушавената коса. Сите ги збуни. И полицајците. Затоа не преземаа ништо, освен што сите ги држеа на штрек и чекаа да се смири напнатата игра. Фоти Стерјов не ги имаше спуштено рацете. Стоеше зад шанкот. Сакаше да и помогне на Уранија, но не знаеше како. Се чудеше откаде толкава болка кај неа.

7.
“Христо Папајоану, роден брат на Уранија, близнак. Никој не се надеваше животот да го оконча во пансионот “Македонија”.

Човеку беден, ја видов твојата слика во полициската архива и ти ги донесов на гости моите верни пријатели. Му служам на кралот. Во генот на своите убедувања ја носам омразата спрема комунистите", зборуваше во себе си и со себе си Хаш и насмевката му заигруваше на устата. Ги посматраше како прегрнати се леат од болка. Мижуркаше со змиските очи и потајно си ја полнеше душата со гордост за стореното дело. Од радост сакаше да го пикне носот во големите гради на Артемис, но не го стори тоа, од страв да не го открие своето учество во крвавата игра и си го скрати задоволството да ужива во благосостојбата што му ја нудеше Уранија. Продолжи сосема мирно да ги набљудува гушнатите, кои се гушеа во сопствената несреќа.

"Кога би знаела кучката дека јас го предадов Христо на полицијата, очите ќе ми ги ископа. Умен сум јас и затоа ќе се насладувам во нејзината кафеана, со нејзините девојки а зошто не и со неа", умуваше Хаш.

8.
"Водете го песот", заповеда полицаецот што ја турна Уранија. Гласот му беше строг, длабок и зараптавен. Полицајците ја отргнаа Уранија од Христо. Неа во ушите и одекна експлозија. Рикна од болка. Плачеше дури липаше. Сиот бол го изнесуваше низ солзите кои и извираа од маѓосните очи.

"Оставете ми го братот", молеше низ плач. "Само него го имам на светов", липаше. Се спушти на колена и почна да му ги бацува чевлите на полицаецот.

"Водете го", заповеда повторно полицаецот со строг тон и ја клоцна Уранија по лицето. Полицајците го зграбија Христо и го истуркаа од пансионот.

Уранија се влечеше на колена до вратата на пансионот и низ плач молеше. Полицајците не и обрнуваа внимание. Излегоа низ вратата. Уранија стана од подот и тргна по нив. Полицајците го пикнаа Христо во автомобили и заминаа. Уранија остана пред вратата и влезе во пансионот. Со наведната

глава помина покрај масите и без да проговори со некој гостин се искачи по скалите во одајата. Легна креветот и залипа.

9.
Во пансионот настана џагор. Пондилаки се накашла. Погледот му беше неодреден, матен и замислен.

“Кој би помислил дека Уранија имала брат комунист”, скршено констатира Маноли Стрезовски.

“Што велиш, Пондилаки, нешто те измачува”, рече Никос.

“Ме интересира зошто полицијата ги апси комунистите. Се боревме заедно и ја ослободивме земјата. За што го обвинија човекот!? Затоа што ја ослободи земјата!? Мораме да го преиспитаме сопственото патување во иднината на тлото на родената грутка. Ѓавол да ме земе, полудувам”, рече Пондилаки и отпи голтка од ракијата.

“Владата во Атина го поддржува апсењето на комунистите. И го пропагира. Ми е жал за човекот. Требаше да ги постелам на подот”, рече лут Никос.

“Не брзај, времето е се позгодно за исполнување на таквата твоја желба Никосе”.

“За жал, ја зборуваш вистината. Можеби ќе мораме повторно во планина. Тогаш ќе нишаниме подобро”.

“Секако, Никосе, тоа ќе биде само наша борба”, му рече Пондилаки и стана од столот.

“Си одиме”, се зачуди Никос.

“Време е да се повлечеме. Главата ме заболе од разговори. Треба да починеме”.

“Тогаш да одиме”, рече Никос и стана од столот. По него стана Маноли Стрезовски. Другите тројца докери ги испразнија

чашките во грлата и им се придружија. Излегоа надвор. Зачекорија по темнината. Заминаа дома.

VI

1.
Уранија Папајоану стана порано од постелата. Го облече најубавиот фустан и се упати кон полицијата. По дваесетина минути стигна до зградата на полицијата. Влезе внатре. Сите службеници што беа во големата канцеларија во која влезе, станаа простум и не го симнуваа погледот од нејзиното лице, на кое, во тој миг се појави мала збрканост и ги предизвика чиновниците широко да ги отворат устите стаписани и маѓосани од нејзината убавина.

“Добар ден”, успеа да ги поздрави Уранија сосема срамежливо. Му кимна добронамерно на човечето со средни години возраст, со ниско спуштени очила со здебелени стакла, на бабурестиот нос и приjде до шалтерот зад кој седеше.

“Повелете, ви стојам на располагање”, и рече човечето и и ги покажа белите разретчени запчиња, среќен што успеа да се извлече од магијата што ја фрли врз него убавината на Уранија.

“Го барам господинот Пампас”.

Човечето си ги поткрена очилата со дебели стакла, почека миг и наполно смирен воздивна длабоко.

“Господинот Пампас ќе биде отсутен службено неколку дена. Доколку ми ја објасните причината за вашето доаѓање се надевам да ви помогнам” и рече.

Уранија се збрка и нафрли руменило на лицето. Се двоумеше дали да си ја проба среќата со човечето. Му се насмевна нежно.

“Ви благодарам, господине”, со блага насмевка му се заблагодари, и со присуство на нивните очи врз нејзиното тело ја напушти големата канцеларија. Се врати во пансионот уште

помила во очите и понежна во лицето со соборен поглед од болка. Влезе внатре. Го затекна Фоти пред шанкот.

“Испрати ме до одајата”, го замоли.

2.
Фоти Стерјов ја зема по рака и ја потпре со телото за да не падне. Се искачија по скалите. Поминаа низ тесниот ходник и влегоа во одајата. Фоти ја смести на железниот широк кревет и и ги соблече чизмите со висока потпетица. Без да и прозбори го напушти местото каде помина поголем дел од својата младост. Слезе во пансионот и застана крај шанкот.

“Надвор врне снег. Покривите на куќите побелеа”, рече Фоти.

“Време е да врне”, му одврати Стојос Панајопулос. “Уранија тешко ќе го извлече брат и од рацете на полицијата”.

Вратата на пансионот се рашири и внатре влезе Американо. Профуче не поздравувајќи ги покрај нив и се загуби по скалите во одајата на Уранија.

“Американо ќе и помогне кога ќе роди врбата грозје”, рече Стојос и се насмеа гласно.

“Не радувај се на туѓа несреќа. Греота е”, му дофрли Фоти и седна на една од масите покрај пенџерето.

“Ме одбегнуваш!”

“Не те одбегнувам, Стојосе, сакам да сум малку сам”.

Стојос Панајопулос се насмевна и влезе во кујната. На вратата на пансионот се појави млада трудна жена, завиткана во црн шал и кафеава шамија извезена со темнолилјакови китки. На лицето и се оцртуваше отсутност и загриженост. Седна на една од масите во новиот дел на пансионот.

Фоти Стерјов не го симнуваше погледот од неа. Реши да и приjде. Стана од столот и дојде до неа. Младата жена го подигна погледот и му го покажа своето нежно лице.

“Вие сте Фоти Стерјов?”, праша младата жена.

Фоти Стерјов се збуни. Молчеше. Младата жена го прострели со прозирните зеници и ги задржа малку повеќе од што е нормално во такви прилики.

“Се викам Марија Ставридис. Вашиот ресторан ми го врати за миг ликот и душата на мојот сопруг Коста Пападиновски. Го познававте?”, му рече младата жена ненадејно.

“Се викам Фоти Стерјов и мило ми е што се запознавме. Коста ми беше роднина. Жалам што се случи така”.

“Знам дека сте вие Фоти”, се насмевна Марија. “Седнете”, го покани на столот до себе.

“Благодарам за поканата. Сепак би ве прашал дали ќе се напиете некој пијалок или можеби сте гладна”.

“Дојдов малку да поседам, само за миг, да ја отфрлам самотијата со натрупани непроспиени ноќи, чекајќи Коста да се врати”, му заблагодари љубезно, кимнувајќи со главата.

Фоти Стерјов имаше изострен слух. Од возбудата не ја доразбираше содржината на Маријините реченици. Затоа седна покрај неа. Во него како да се вовре магија на непозната сила што му го стега јазикот и им пречи на усните да се отворат. Молчеше. Марија гледаше низ пенџерето надвор по улицата.

3.

Пондилаки влезе во пансионот, придружуван од тројца докери. Седнаа во стариот дел на пансионот. Го забележа Фоти на масата во новиот дел на пансионот. Се зачуди зошто Фоти не стана да ги поздрави и да ги понуди со пијалок.

“Можеби е тоа поради жената што седи со него”, помисли Пондилаки.

Стојос Панајопулос им донесе пијалок.

“Здраво, Пондилаки”, поздрави Стојос. Ги стави чашките на масата и го спушти на шареният чаршав шишето со ракија. Потоа им ги наполни чашките со ракија.

“За љубов помеѓу луѓето”, ја подигна полната чашка Пондилаки и се насмеа тивко. Ја испи ракијата.Стојос му наполни друга. Докерите се насмеаја гласно, прифаќајќи ја неговата здравица. Стојос се насмевна нежно и се врати крај шанкот.

4.

Пондилаки почесто се вртеше и гледаше како Марија Ставридис со нежните строго контролирани движења на рацете ги проследува зборовите на Фоти. Ја познаваше однекаде, но не можеше да си спомне. Претураше по главата познати лица, но никако не успеваше да налета на Мариината. Скоро го обори погледот од немоќ.

“Нешто те измачува?”, го праша Маноли Стрезовски.

“Жената што седи со Фоти”, му одврати Пондилаки.

“Тоа е ќерката на стариот Ставридис. Евреинот, кого за време на војната, го криевме во неговиот стан. Си спомнуваш за него. Му го запечативме станот со восок”.

Пондилаки не му одговори. Се насмеа. Се сврте да ја види Марија и нејзините нежни строго контролирани движења на рацете и се изненади зашто ја немаше таму. Го побара со погледот Фоти, но и него го немаше.

“Како да пропаднаа в земја”, се насмевна зачудено Пондилаки. Се сврте и ја зграби чашката. Испи од ракијата и воздивна длабоко.

5.

Во пансионот влезе необично силната фигура на човек не постар од четириесетипет години, и со седнувањето на столот крај прозорецот во стариот дел на пансионот, силно тресна со тупаницата по масата. Имаше руси големи мустаки. Долната вилица му беше нешто поистурена напред за разлика од горната, што го правеше неговото бело лице нескладно. Беше нервозен и се вртеше накај шанкот. Си ги покажуваше белите здрави заби, смешкајќи им се на Циганите што се створија за миг крај него. Човекот ја симна шубарата од главата и се покажа под неа коса бујна со боја на зрело жито, која ја пополни белината на неговото лице, затскривајќи го неговиот предизвикувачки поглед што се пробиваше од сините прозирни очи. Тресна уште еднаш на масата со големата дланка, и викна со гласот кој како да излезе од најдлабока пештера.

“Господа, мене ми е денес празник. Роденден. Јас честам пијалок за сите во кафеанава”, потоа им грмна на Циганите. “Свирете! Исфрлете ја тагата од мојата напатена словенска душа. Свирете!”

Гостите во пансионот се вознемирија. Фоти Стерјов мирно ги следеше движењата на новодојдениот гостин. Стојос Панајопулос излезе од кујната да види кој тропа толку силно по масата. Пондилаки се насмевнуваше одвреме-навреме. Во пансионот влегоа четворицата англиски офицери и седнаа три маси подалеку од масата на Пондилаки.

“Пијалок за сите. Плаќа господин Алексеј Иванович Старовкин, атаман на славните козаци од Дон, човек на славната Украина... Ну давај”, му викна на Стојос Панајопулос кој стоеше зад шанкот и исфрли груба пештерска смеа од залоеното грло. Повторно удри со тупаница по масата.

“Пејте и свирете, и не плашете се! Вие сте мои деца, а тие никогаш од никого не се плашат, зашто се козаци”, им заповеда на Циганите.

Циганот го рашири мешинот на старата хармоника.

“Како ти е името?”, грмна Алексеј Иванович Старовкин.

“Ме викаат Рахим Бурхан”, му рече тивко и плашливо Циганот.

“Свири и ни случајно не застанувај!”

6.
Есмералда беше постарата ќерка на Рахим. Ги соедини левата дланка и дајрето и почна да го следи тажниот ритам на татковата мала хармоника. До неа стоеше Емсал. Беше нивна сопатничка. Имаше триесетина години. Лицето и беше чисто и и се капеше во темнокафеава боја. Емсал почека неколку тактови да поминат и кога тие се загувија меѓу масите го исполни пансионот со својот рапав глас, парајќи им ги ушите на присуните.

Алексеј Иванович Старовкин се топеше од убавата музика. Скоро рикна од болка. Го покри белото лице со големите дланки и удри силно по масата.

Емсал се вознемири, и се стресоа колената и песната и застана во грлото, сокриена помеѓу белите здрави заби правилно распоредени под дебелите сочни усни. Хармониката во рацете на Рахим онеме а дајрето тивко го повлече својот тон. Настана тишина. Алексеј Иванович Старовкин плачеше. Си ги избриша солзите од белото лице, испи неколку голтки ракија и ја подигна главата.

“Свирете Цигани! Пејте ми за големата словенска земја! Ќе одморите само кога ќе ви наредам јас”, им рече заканувачки и го смири ликот. Нарача уште една пијачка за сите во пансионот.

Рахим Бурхан повторно го развлече мешинот на старата хармоника. Есмералда го прифати нејзиниот ритам. Звукот на дајрето го исполни пансионот. Емсал збунето му го подзеде погледот на Рахим. Тој и кимна со окото, кое наместа беше жолчкасто и таа тоа го протолкува како успокојување на духот. Запеа. Гласот и трепереше. Се слеаја зборовите на песната со тивката меланхолија.

“Песната ќе ме расплаче. Реката ќе ме убие. Ќе појдам на нејзиниот брег. Потоа нека умрам”, викна Алексеј Иванович Старовкин со болен глас. Се нишаше на столот. Ги тресеше повремено русите долги неисчешлани коси. Го избистри погледот, отпи ракија од шишето и се насмевна.

“Пеј и не запирај! Нека ме носи песната во мојата Украина, покрај широкиот Дон! Нека се стопи душата на Алексеј Иванович Старовкин! Душата ми е широка, болна, на умирање”.

Рахим затрепери. Стоеше простум пред Алексеј Иванович Старовкин кој го цедеше белилото без боја од шишето, и свиреше.

“Донеси ми пијалок! На сите налеј им уште по една чаша”, му се обрати Алексеј на Стојос.

Стојос Панајопулос му донесе ново шише ракија. Го отвори шишето и му ја наполни чашката.

“Секогаш на услуга”, му рече Стојос.

“Налеј им на сите гости!”, му заповеда строго Алексеј.

“На ваша заповед, господине”, му одврати Стојос и се врати кај шанкот. Зграби едно од шишињата и почна да им налева во чашките бела прозирна течност на присутните гости.

7.

На Рахим му заигра плувачката во устата. Престана да свири. Настана тишина во пансионот. Алексеј Иванович Старовкин стана од столот и само што не падна на подот, немоќен да го контролира сопственото грамадно тело.

“Свири! Свири, кога ти велам”, му згрме на Рахим.

Рахим беше накострешен во косата на која му стрчеше едно перче.

“Свири”, грмна повторно пештерскиот глас на Алексеј.

Рахим не се вознемири.

“Кој ќе плати за песните, господине?”, праша Рахим со плашлив израз на темнокафеавото лице, преполно со ситни брадавици, и не ги допре пипките на старата хармоника, туку чекаше одговор од Алексеј Иванович Старовкин.

Белото лице на Алексеј Иванович Старовкин му се згрчи, му светнаа очите искриво, и дивјачки го погледна под око Циганот.

“Плаќам се”, викна нервозно Алексеј. “Свири!”

“Четири часа пееме и свириме. Уморни сме и гладни. Го пропатувавме целиот Балкан. Гладни сме...”

“Плаќам се”.

“Платете веднаш, господине!”, замоли плашливо Рахим.

Алексеј Иванович Старовкин пламна. Поцрвене по лицето.

“Свири, грдотило!”, се издра на Циганот. “Секогаш има луѓе кои пеат и луѓе кои плаќаат. Алексеј Иванович Старовкин секогаш плаќал”, се провикна по пансионот да го слушнат сите присутни. Успеа да го исправи своето грамадно тело, извлече од пазувата голем ловечки нож му го покажа на Рахим, му се закани дека ќе му го пресече грлото, и го заби во масата.

“Ако престанеш да пееш ќе ве заколам тројцата како кокошки”, му се опули во лицето. “Никој не го навредил достоинството на Алексеј Иванович Старовкин и останал наказнет”, и замавна со раката, давајќи му знак на Рахим да почне песна.

Рахим го проколна брзоплетиот сопствен јазик. Не можеше да побегне од Алексеј Иванович Старовкин. Го гледаше со исплашени очи острото сечило на ловечкиот нож, забиен низ шарениот чаршав во дрвената маса. Го развлече со несигурниот фат на рацете стариот мешин на хармониката и со треперливиот

глас ја запеа истата песна низ солзи што му се слеаја по темнокафеавото лице. Го спушти погледот кон нечистиот под и заплака. Свиреше тивка таговна песна.

Алексеј Иванович Старовкин беше се попијан. Рахим се насмевна. Не очекуваше помош од присутните гости во пансионот. Ги паметеше луѓето по зло. Успеа да довлечка мисла во неговата малечка глава покриена со црн испрашен шешир од под кој се подаваше едно перче и го разведри лицето сосема. Заигра со тенките прстиња по попките на старата хармоника и запеа, покажувајќи им ја на присутните во пансионот сета убавина на неговиот лирски баритон. Беше уморен и не ја стишуваше песната.

Алексеј Иванович Старовкин ја испи ракијата од третото шише и земјосан падна од столот. Луѓето од блиската маса му помогнаа да се врати на местото, но Алексеј, иако ја задржа задницата на столот, не издржа. Ја зари главата на масата во близина на забодениот нож.

Рахим Бурхан не стивнуваше. Го развлекуваше стариот мешин на хармониката и испушташе болка од намачената душа на својот талкачки, бескуќен живот. Како да плачеше над сопствената несреќа.

“Само песната ми е пријател на овоземието. Низ неа продавајќи ја за парче леб, си ја хранам својата душа и се одржувам во живот. Никој не заслужува да биде мој пријател, зашто човекот на човека му е брат а не роб, а ако беа луѓе, немаше да дозволат господинот да ме претвори во роб”, помисли и убеден дека Алексеј Иванович Старовкин не е во состојба да му напакости, со песна го напушти пансионот следен од неговата постара ќерка Есмералда и нивната придружничка Емсал.

8.
Во пансионот настапи вообичаената атмосфера. На вратата се појави Уранија Папајоану. Беше бесна. Очите и секаа на сите страни. Помина покрај масите нервозно и по скалите се искачи во собата.

“Не го нашла Пампас. Господинот од полицијата го сака само нејзиното тело”, промрморе Стојос и се потпре со лактите на шанкот. Се смешкаше и гледаше во Алексеј Иванович Старовкин кој се уште ја држеше големата глава на масата и го лигавеше шареният чаршав и силно ‘рчеше.

Пондилаки почувствува замор во незете. Не успеа да и се спротивстави на дремката. Ги затвори клепките и задрема на столот. Маноли Стрезовски сакаше да го разбуди, но се премисли и го остави да спие.

Во пансионот настана молк. Денот догоре. Слабото светло на светилките го најави појавувањето на голите девојки. Пондилаки дремеше. Кафеаната се испразни. Внатре останаа докерите со Пондилаки и Алексеј Иванович Старовкин.

Фоти Стерјов ги собра чашите и шишињата од масите и ги врати на шанкот.

“Подгответе се за нови гости”, и рече на Софија Гелева и се искачи по скалите во одајата. Легна на креветот.

“Напорен ден”, помисли и заспа.

VII

1.
Пондилаки, посрамен што им припаѓа на луѓето кои во својот живот се принудени да го трпат ѓубрето во сопствениот стан, лут, излезе од дома и се упати кон куќата на Евангелија Гаспарова. Го смени правецот кај трите дуќани на Вортик Никијанос, и намина во старата петокатница, каде што помина два часа со Доне Биндов, во неговиот дел од зградата. На заминување зеде од него неколку лири и по дваесетина минути беше во станот со Евангелија Гаспарова. Седеа на железниот кревет. Евангелија молчеше. Пондилаки беше замислен.

“Имам болки во стомакот”, му се пожали Евангелија.

“Ќе донесам доктор да те прегледа и да ти даде лекови”, воздивна Пондилаки.

“Помогни му на Ставре! Преземи се да го извлечеш од затворот. Се плашам дека детето ќе го родам без човек во куќата што ќе се грижи за нас. Умувај и ослободи го!”

“Полека, Евангелијо. Ќе го извлечам од затворот. Грижи се за своето здравје а пуштањето на Ставре од затворот препушти ми го мене!”

“Времето поминува, немам трпение, се плашам. Уште пред еден месец му испратив писмо на господинот претседател на владата, со молба да ми помогне. Го напишав писмото со одбрани зборови. Очекував од него искрено разбирање и помош. Мислев, ќе ја уважи мојата понизност. Секој ден го очекувам поштарот, но од господинот претседател на владата ниту празен плик не ми стигнува. Како одминуваат деновите сонцето се поретко ми допира до лицето... Стори нешто. Пондилаки, врати ми го невенчаниот маж. Помогни ми, детето да се роди со човек во куќава... Секоја ноќ плачам над нашата заедничка судбина. Ме клоца во стомакот. Често ја оплакувам и иднината. Умот ми се меле... Господи, што да правам. Зар толку ти грешев?”

“Господинот Папандреу нема да ти помогне и не залажувај се! Тој веќе не е претседател на владата. Уште во авионот му порача на светот дека Македонци во Грција нема. Затоа чувај си го здравјето! Така ќе си го сочуваш плодот и ќе родиш здраво дете. Ќе го извлечам Ставре во најскоро време, верувај ми!”, почна да ја уверува Пондилаки, иако знаеше дека се му е попусто.

“Побрзај, Пондилаки! Здравјето ќе ми отиде во неврат. Полудувам. Напати мислам да се самоубијам... Да имав сили ќе го сторев тоа... Веќе никој не се грижи за мене”.

“Еве ти неколку златни лири. Употреби ги умно... Сега прости, морам да заминам. Ме очекуваат...”, и рече и и ги подаде лирите.

Евангелија Гаспарова ги зеде лирите и ги стави на полицата. Плачеше. Солзите и се сливаа по мазното потемнето лице. Ја прифати подадената рака на Пондилаки.

“Довидување, Пондилаки. Помагај човеку!”, му рече низ плач.

“Довидување, Евангелијо! Биди спокојна! Ќе го извлечам Ставре”, и рече Пондилаки, и ја пушти нежната рака и излезе од станот. Слезе по скалите и се најде на улицата.

2.
На улицата го повлече голема маса народ која грлесто бараше правда. Некое време одеше со нив, потоа увиде дека не е создаден да се движи во толпа, ги пропушти луѓето да поминат крај него, и се загуби далеку по Игнатија. Долго време талкаше по градот. Уморен од шетањето сврати во пансионот “Македонија”. На масата, на која седеа како да беше нивна своина, го затече Маноли Стрезовски и двајца докери. Седна и порача ракија.

“Повели, Пондилаки”, му рече Стојос Панајопулос и ја стави чашката ракија на масата.

Пондилаки се насмевна. Ја подигна чашката и голтна неколку голтки од течноста.

“Имам еден гостин. Сака да се види со тебе. Всушност, самиот ти го препорачувам да му помогнеш”, се огласи повторно Стојос.

“Нека дојде”, му одврати Пондилаки и се фати за чашката.

Стојос Панајопулос задоволен се врати крај шанкот. Ги стави во мијалникот неколкуте чашки што ги собра по масите и влезе во кујната. По миг излезе, придружуван од човек помлад од триесет години, среден по раст и со уморно лице. Се упатија кон масата на Пондилаки.

“Седни”, му рече Пондилаки на човекот. “Меѓу пријатели си” и му покажа со раката на столот до него.

“Се вика Стојан Џавалеков”, му рече Стојос. “Наш е”, потоа со насмевка на усната се оддалечи. Се врати со чашка ракија. Ја стави пред Стојан Џавалеков.

“Напиј се со пријателите и не грижи се”, му рече и замина кај шанкот.

Стојан Џавалеков голтна од ракијата и ја остави чашката на масата. Пондилаки го погледна право во очи.

“Сигурно не си спиел долго време”.

“Неколку дена. Не знам каде би ноќевал. Пари немам, злато исто така... Ми преостанува улицата”.

“Се викаш Стојан Џавалеков? Од каде си?”

“Од Скопје”.

Пондилаки се замисли. Голтна од ракијата. Нервозно ја заврте неколкупати чашката во десната рака. Маноли Стрезовски удри со раката по масата.

“Не плаши ме, човеку. Навистина си од Скопје?”, праша зачудено Маноли Стрезовски.

Стојан Џавалеков воздивна длабоко.

“Од Скопје. Има нешто чудно во тоа? Кажете ми ако ви пречи тоа што сум од Скопје.”

“Се случуваат чудни работи. Во Солун луѓето зборуваат за настаните што се случија во Скопје. Тоа го збуни Маноли”, рече Пондилаки мирно.

Стојан Џавалеков се вознемири. Поцрвене во лицето.

“Не знам што има збунувачко во тоа”, рече малку возбудено.

“Во Солун се зборува дека Македонците од горното течение на големата река кренале бунт и сакаат да тргнат наваму. Да го освојат Солун. Се случуваат чудни работи.”

“Тоа е точно. Со Скопје стана голема бркотница...”

“Ти... беше ли во бркотницата?”, праша Маноли Стрезовски заинтересирано и се накашла. Испи неколку голтки ракија и му се вгледа во очите.

Стојан Џавалеков молчеше.

“Зошто молчиш? Нешто не е в ред?”, праша Пондилаки.

“Сосема сум добро. Малку сум нервозен... Добро, сакате да ви раскажам? Ќе ви раскажам што се случи во Скопје”, им рече и издиша воздух од градите.

“Значи, си бил во бркотницата”, свирна од изненадување Маноли.

“Бев и побегнав. Се уплашив да не ме стрелаат. Сега сум дезертер. Човек треба да има чувство за мерка кога сака да почне каква било работа. Мене тоа ми недостасува. Можеби грешам. Кој знае?! Времето ќе каже дали сум згрешил. Тоа е вистински барометар за историската вистина”.

“Зошто да те стрелаат? Многумина во Солун се радуваа што ќе се соедини народот... Се бореше ли против германската војска?”, праша Маноли Стрезовски.

“Се борев. Три години. Против германските војници и бургарската окупаторска војска и полиција. И не само против нив, се борев и против албанските фашисти... Навистина се борев. Се отиде во мајчината. Сега сум без татковина, сам, сосема осамен и се чувствувам бедно. Каква бркотница.”

“Како се случи да се најдеш во неа. Не грижи се. Меѓу свои си”, го уверуваше Маноли Стрезовски.

“Се се случи набрзина. Со својата единица престојував во Кочани. Се пронесе глас дека одиме да го ослободиме Солун. Дента се чувствуваше голема возбуденост. Вечерта легнавме да спиеме. На полноќ силно пукање на митралез ме разбуди. Ги отворив очите и се вцашив од глетката. Бевме обиколени од наши совојници. Немаше каде. Се построивме, подобро речено, не построија и не одведоа во Скопје. Во големата касарна не не одведоа туку не затворија. Бевме многумина. Почнаа судењата. Ноќе сон не ме фаќаше а дење чувствував нервоза. Честопати шетав покрај жицата и решив да побегнам. Се искраднав и засолнет од ноќта побегнав преку жицата. Се плашев да останам во градот и решив да побегнам преку граница. Го следев течението на големата река и границата ја поминав кај Богородица. Тука се сретнав со двајца мои познаници од Костурско. Вечеравме заедно. Потоа тие тргнаа за Костурско а јас наваму. Патот не го знаев и го следев течението на реката. Секаде каде што минував имаше англиска војска, спремна да убие се што ќе пролета во долниот тек на големата река а доаѓа од горниот тек. Среќно се провлеков и стигнав до првите куќи на Солун. Срцето почна силно да ми тупка. Немав свои луѓе во градот. Сакав да се вратам назад. Седнав до црквата Св. Катерина и размислував. Бев гладен и уморен. Тогаш наиде Стојос Панајопулос. Ми помогна да се соземам. Ме нахрани убаво...”, престана да зборува Стојан Џавалеков. Се напи ракија и си ги навлажни усните со јазикот.

“Значи, не успеавте”, зачудено праша Маноли.

“Немавме никаква шанса за успех. Глупаво се однесовме”, воздивна Стојан.

“Се е добро кога завршува без крвопролевање. Најлоша е братоубиствената војна. Тоа е кланица. Можеби е подобро што не успеавте”, заклучи Пондилаки и стана од столот. “Да одиме, Стојане. Потребен ти е одмор. Ќе те одведам кај мене”, тргна. По него зачекори Стојан. Го напуштија пансионот замислени и

следени од погледот на Маноли Стрезовски и Стојос Панајопулос кој се насмевна задоволно.

VIII

1.
Уранија Папајоану слезе по скалите во пансионот. Застана крај шанкот. Му се насмевна на Фоти.

“Налеј ми еден коњак!”, му заповеда строго на Стојос кој ги подготвуваше чашите за првите муштерии.

“Веднаш” и одврати Стојос и зграби шише од рафтот. Го отвори вешто и и налеа во чиста чаша коњак “Повели”, и рече и повторно се зафати со миењето чаши.

“До кога мислиш да ми набиваш рогови”, и рече мирно Фоти и отпи голтка од чашката.

Уранија Папајоану седна на барскиот стол. Се напи коњак и ја остави чашата на шанкот.

“Роговите се за луѓето непријатни, тоа ми е познато. Зар мислиш дека се омажив за тебе од љубов? Се замислуваш дека си принц од приказните за Мара Пепелашка. Нашиот брак е створен од интерес и однесувај се така”.

“Значи, нашиот брак е ортаклак. Зошто веднаш не ми рече така и да си спијам мирно. Зар не забележуваш колкумина ми се потсмевнуваат заради твоите авантруи со Американецот? Или тебе не те засега тоа. Кој е Фоти Стерјов во споредба со твоето височество! Гамото. Зошто не седнеш на задникот и почнеш да се однесуваш како сиот нормален свет. Мислиш, младоста е вечна. Еден ден ќе ја снема твојата убавина и се ќе биде поинаку. Тогаш Американецот нема да те посакува. Ќе бараш некој да се грижи за тебе. Мислиш ли на тоа време или се залажуваш дека јас ќе се грижам за тебе!”

“Престани да ломотиш! Што знаеш ти за животот. Отвори си ги очите, човеку, или ќе ти ги дозатворат други за кои мислиш

дека ти се пријатели. Плаши се од блиските! Тие ќе те сотрат. И не надевај се на селски идиличен брак. Мене ми требат пари и ќе ги заработам. Не мислам цел живот да заработувам со телото."

"Во ред, само да знаеш дека не ми е сеедно што спиеш со други мажи", и рече Фоти и со чашата в рака седна на една од масите покрај пенџерето.

Уранија Папајоану се насмевна. Се напи коњак. Беше замислена.

2.
Во пансионот влегоа двајца луѓе облечени во градски костуми, со бели кошули и вратоврски што им висеа над палтата. Во рацете држеа секој по една бунда од јагнешка кожа. Од вратата го забележаа Фоти и се упатија кон неговата маса. Му застанаа до главата. Седнаа до него. Молчеа. Фоти ја подигна главата и им ги виде ситните очиња.

"Сакаме да тргуваме со тебе", му рече едниот од нив.

"Вие сте браќата Штериови, нели? Со мене ќе се договарате само за храната. Другото го порачува онаа дама што седи крај шанкот", им рече и покажа во Уранија.

"Мислевме дека си главниот", му рекоа двајцата одеднаш.

"За жал, Уранија е главната, мислам на вас, одете кај неа и договорете се со неа. Мене оставете ме мирно да си ја допијам ракијата и да си ги пречекам првите гости во пансионот. Само внимавајте со неа. Има добри пријатели во полицијата, лично шефот на полицијата, господинот Пампас и е љубовник."

"Ни се закануваш", скокнаа двајцата.

"Не, само ве предупредувам да бидете внимателни со неа", им рече. "Сега одете кај неа!"

Двајцата браќа станаа од столовите на кои седеа и и пријдоа на Уранија, која си го допиваше пијалокот. Ги очекуваше.

“Повелете, господа, што ве мачи?”, им рече грубо.

“Полека, Уранијо, не сме дојдени за кавга. Сакаме да тргуваме со тебе”, и рече постариот од двајцата браќа што имаше бенка под десното око.

“Не тргувам со црноберзијанци. Одете си!”, им рече строго.

“Полека, Уранијо, сакала или не мораш да тргуваш со нас”, и рече помладиот брат.

“Реков дека не тргувам со црноберзијанци. Губете се од мојот пансион!”, збесна Уранија и слезе од барскиот стол. “Надвор, копилиња на ѓаволот!”

Постариот од браќата поцрвене по лицето. Очите му светнаа. Фрчеше од лутина. Го зграби помладиот брат за рака и го повлече кон вратата.

“Ќе зажалиш за ова, Уранијо, курво белосветска! Ќе те убијам додека догори денот!”, и рече и со брата си излезе од пансионот.

Уранија си наполни коњак во чашата. Фоти Стерјов се закикоти. Неговиот лирски тенор ја исполни просторијата. Стојос Панајопулос влезе во кујната.

“Што се кикотиш? Мило ти е што ќе ме убијат скотовите”, му рече бесно Уранија.

“Тие го извршуваат ветеното. Внимавај, господарке моја, да не бидеш нивната најубава жртва!”, и одврати Фоти со иронија.

“Грижи се ти за твојата шуплива глава. Може некој да ти ја отсече а да не почувствуваш.”

Фоти престана да се кикоти. Му се врати на коњакот. Голтна неколку голтки и задоволен се навали во столот.

3.
Двајца непознати, со чавкина врева и мирис на овенато полско цвеќе, влегоа во пансионот. Внатре гости немаше.

“Каде е Македонката”, викнаа гласно двајцата и диво ги внесуваа погледите во ќошовите на просторијата. Погледот им застана на суровата насмевка што се појави на лицето од Стојос Панајопулос. Зинаа од изненадување. Стојос Панајопулос почна да се смее гласно. Двајцата, изненадени извлекоа пиштоли. Стојос Панајопулос ги рашири рацете да ги прими во прегратка.

“Скријте ги тие железа”, им рече додека одеше кон нив. “Кое добро ве донесе кај мене?”

Двајцата пиштолџии си ги покажаа пожолтените заби од тутун и му пријдоа на Стојос. Се поздравија со него.

“Седнете, ќе ви турам по една ракија”, им рече и им покажа да седнат на масата до пенџерето. Двајцата седнаа. Стојос донесе шише ракија и три чаши. Седна на столот до нив. Налеа во чашите ракија и ја подигна својата чаша.

“Во ваше здравје! Да живее Крит и сите критјани!”, наздрави весело.

Двајцата му одвратија на здравицата. Се напија ракија и ги ставија чашите на шареният чаршав. Едниот од нив ги рашири очите. На скалите што водеа во одаите ја забележа Уранија Папајоану како слегува, придружувана од Дастин Бровн. Го гледаше збунето нејзиното тажно лице кое имаше боја на расцутен јоргован. Уранија чекореше спокојно како да го владееше со магија целиот свет. Крај неа со високо крената глава и горделив што за себе ја има најубавата жена во Солун, одеше Американецот.

Американецот ги вознемири двајцата Критјани. Ги оставија чашите и ги заковаа погледите во Уранија и во Американецот.

Се погледнаа со дивите очиња закопани во густите веѓи и ги надуја змучките.

“Мораме да ја свршиме работата”, му рече едниот Критјанин на Стојос. “Примивме пари за да ја убиеме”, и ги извлекоа пиштолите.

Стојос Панајопулос скокна од столот и застана пред нив.

“Не”, им викна на Критјаните.

“Чувајте ги пиштолите за некое друго време”, грмна зад Критјаните и Стојос, пештерскиот глас на Алексеј Иванович Старовкин. Потоа се насмеа толку гласно што затреперија стаклата на пенџеријата.

Двајцата Критјани се свртеа да видат чиј е гласот. Се изненадија. Потоа прснаа во смеа.

“Великиот донски атаман, Алексеј Иванович Старовкин”, викнаа во еден глас. “Здравствујте, Алексеј!”, рекоа, ги спуштија пиштолите и го поканија да седне на масата со нив.

Алексеј Иванович Старовкин не престана да се смее. Се поздрави со Критјаните и седна на нивната маса. Стојос Панајопулос здивна. Уранија Папајоану, речиси, се онесвести. Стојос и приjде, ја поведе за рака нежно на масата на Алексеј Иванович Старовкин и двајцата Критјани.

“Ова е Уранија Папајоану, господар на пансионот”, им ја претстави.

Алексеј Иванович Старовкин го исполни просторот со дива смеа. Очите му заиграа весело.

“Ваква убавица не е за убивање”, им рече на Критјаните и и ја бакна грубо, со лигавите усни раката на Уранија, која, иако се згрози, не оддаде со ништо.

Стојос Панајопулос и понуди стол.

“Понекогаш треба и со вакви да си пријател”, и шепна на увото додека таа седнуваше на столот, и се оддалечи од нивната маса. Беше задоволен што успеа да го исфрли од нејзината близина Американецот. Го виде како стои крај шанкот со кисело лице. Влезе во кујната.

4.
Алексеј Иванович Старовкин уште еднаш и ја намачка со плунка нежната рака на Уранија Папајоану. Неговата смеа не престана да го задушува воздухот во пансионот. Беше задоволен што седи крај него и му дозволува да и ја љуби раката.

“Ова е најубавата жена што сум ја сретнал од тивките води на реката Дон до солените води на Белото Море”, викна гласно и се насмеа.

Двајцата Критјани во стапка го следеа неговиот пештерски глас, покажувајќи си ги повремено пожолтените заби. Уранија Папајоану, иако незадоволна од новото друштво, седеше и во нивно здравје лизнуваше со усните по малку коњак. Кога беше сигурна дека го освои Алексеј Иванович Старовкин, за кого мислеше дека има полна контрола над Критјаните што дојдоа да ја убијат, му дозволи на Украинецот да и го допре мазното лице со неговите лигави усни и да рикне од задоволство, сигурна дека е надмоќна над нив.

“Кој ве пратил да ми го одземете животот?”, ги праша Критјаните.

Двајцата Критјани се погледнаа збунето. Ги средија впечатоците за нејзината убавина, кои во нив предизвикаа повеќе желба да и се мушнат меѓу нозете отолку жед за долготраен семеен живот, се обидоа да го одбегнат одговорот.

Уранија Папајоану не им попушти. Повторно му го понуди образот на Алексеј Иванович Старовкин.

“Зборувајте, магарења, кој ве пратил?”, рикна Алексеј луто.

Двајцата Критјани потресени од пештерскиот глас се погледнаа збунето.

“Зборувајте!”, грмна Алексеј и ја крена раката високо и заканувачки.

“Немој, Алексеј, не испратија браќата Штериови. Ни платија однапред сума драхми во злато”, се правдаа Критјаните.

Уранија Папајоану поцрвене во лицето. Лутина и се појави на маѓосните очи. Повторно ги помилува со нежната кожа на своето лице лигавите усни на Алексеј.

“Можеби на браќата Штериови им доакал животот. За моја љубов можеш ли да им помогнеш да го загубат сосема”, му рече нежно, триејќи му ја мечкината шепа. Му ги допре своите усни на неговото брадосано грубо лице толку страствено што Алексеј ќе паднеше во бесознание од задоволство.

“Тие крастави копилиња уште вечерва ќе ги закопаме во Белото Море”, и рече, и строго ги погледна Критјаните кои уплашено потврдија со главите.

Уранија Папајоану реши да го зададе последниот удар. Се накашла.

“Ќе те чекам во одајата да ми ја донесеш веста за нивното напуштање на овоземието”, му шепна тивко на увото и му го гризна нежно со бисерните заби. Стана од столот и полека, одминувајќи ги масите, се искачи по скалите во одајата.

“Ќе имаат безболна смрт”, викна гласно. Го допи пијалокот и заедно со двајцата Критјани го напушти пансионот. Беше нестрплив да се пикне во креветот на Уранија Папајоану и да го почувствува слаткиот колач.

Дастин Бровн ги испрати со погледот, постоја некое време крај шанкот, потоа потиснат од силната жед по Уранија се качи во

одајата и ја затекна како ја протега змијулкавата снага во креветот. Беше црвен во лицето како пиперка.

“Значи, си заминуваш од мене”, и рече бесен што не може да ја задржи за себе, скоро избезумен од болка.

Уранија Папајоану се насмеа благо.

“Јас никаде не заминувам. Ако мислиш дека ти е време да заминеш нема да ти забранам”, му рече мирно.

Дастин Бровн поцрвене уште повеќе во образот и ја искажа сета своја збрканост и несигурност.

“Јас купувам и продавам се, господине Американо! Ако нешто не ти се допаѓа кај мене, речи му го тоа на Украинецот”, му ја дофати раката, и онака збунет, го кутна во креветот. “Ти си мојата љубов, Американо”, му рече тивко и заводливо.

Дастин Бровн ја прифати нејзината прегратка несигурно и проба да го истави црвенилото од своето лице. Помисли на Украинецот кој му стана трн во окото.

5.
Програмата во пансионот почна нешто порано. Софија и нејзините придружнички, под закрила на слабата светлина и музиката, им ги покажаа на присутните, своите тела само наместа разголени. Успеа толку вешто да ги предизвикува очите на присутните, што и самата помисли дека може да командува со нив дури и да ги поведе во војна. Беше толку самоуверена што им се пикаше со нозете во носот а тие намокрени од нејзината пот долго време шмркаа како да им се топеше во устата пита од јаболка. Се лутеше заради присебноста на докерите, кои, иако присутни во пансионот, не ја следат нејзината атрактивна точка на предизвикувачко соблекување. Играше на подиумот и гледаше во Пондилаки. Често се фаќаше во сопствената мрежа која ја душеше и се повеќе ја тераше да мисли на Пондилаки, на неговите ситни зелени очиња. Сакаше да го проголта неговото секогаш мирно лице.

“Пондилаки нема да тргне со мене и да се задоми. Можам да ги кревам нозете до таванот. Сепак морам да се борам”, помисли. “Ќе му се фрлам некоја вечер во прегратка, пред сите и ќе му ја изразам мојата покорност на роб”, доуми. “Понекогаш се мразам себе си што не изучив занает и да бидам како другите жени. Вака ќе полудам... Сега можам само да жалам. Ќе го раскопчам елечето и тој ќе си замине...”

6.
Софија Гелева почна да го раскопчува елечето. Пондилаки стана од столот и полека незабележано се проби меѓу гостите и излезе на улицата. Софија Гелева го забави ритамот на играта и по телото и се појавија црвеникави дамки а лицето и стана попривлечно и помамливо за лакомите погледи на присутните.

7.
Пондилаки чекореше брзо по улицата. Измина повеќе улички и набргу стигна на гробиштата Зејтинлик. Се ракува со човекот во црна облека и со долг нос.

“Ги носиш ли златниците?”, му рече човекот мирно.

“Договорено е триесет златници од кои петнаесет однапред а другите по приемот на пратката”, му рече Пондилаки остро.

“Цената се зголеми. Ќе платиш педесет златници од кои половина однапред.”

“Не е така договорено”, се побуни Пондилаки.

“Времето ја диктира цената. Не се лирите за мене. Јас само ги пренесувам нивните барања”.

Пондилаки извади од џебот на зимското долго палто кожно ќесе. Му даде на човекот со црна облека дваесет и пет златници. Го затвори ќесето и го врати во џебот.

“На полноќ ќе ги добиеш другите. Главата ќе ти ја пресечам, ако ме измамиш”, му рече и му мавна со раката во знак на збогување.

“На полноќ ќе го имате вашиот човек”, му одврати човекот во црна облека и зачекори по ридот.

8.
Пондилаки по истиот пат се врати во пансионот. Внатре Софија Гелева, под слабото светло ја изведуваше втората рунда на соблекување по ритамот на бузуките. Пондилаки седна со докерите и почна да го следи соблекувањето на Софија.

“Подобро е да заминам дома и малку да се одморам”, помисли, но не стана од столот. Некоја непозната сила што пробиваше од мазната кожа на Софиината тело, го насочи погледот кон нејзините гради што се нишкаа во воздухот, и остана така, скаменет и збунет од убавината на Софија, се до крајот на нејзината точка. Забележа како Софија му се насмевнува задоволно. Ги споија погеледите. Пондилаки се насмевна.

“Ѓаволеста жена”, помисли Пондилаки и не го симна погледот од нејзините весели очи.

“Го имам, најпосле го уловив”, промрморе Софија. Го заврте колкот уште еднаш и се повлече од подиумот. Одекна силно ракоплескање.

9.
Дастин Бровн излезе од собата на Уранија и по скалите слезе во пансионот. Се напи бренди и со чувство дека нешто губи се најде на улицата. Стојос Панајопулос се насмевна задоволно. Софија Гелева се појави повторно на подиумот. Присутните живнаа. Почнаа да и ракоплескаат. Одеднаш се се стиши. Звукот на бузуките го исполни просторот со нежна бавна музика. Софија направи неколку чекори во ритамот на бузуките. Скришум погледна во Пондилаки. Го забележа на масата со докерите и задоволно ја развлече устата во насмевка. Почна да танцува поживо.

10.
Во пансионот влезе Алексеј Иванович Старовкин, придружен од двајцата Критјани. Во рацете носеше голема кожена чанта. Се насмеа гласно. Софија се вознемири од неговото присуство и пештерското смеење и срамежливо се повлече во сепарето. Бузуките престанаа да свират. Пондилаки воздивна.

“Украинецот ги носи подароците за Уранија”, му шепна тивко Маноли Стрезовски.

“Какви подароци”, се зачуди Пондилаки.

“Главите на браќата Штериови”, се насмевна Маноли.

Пондилаки не му одврати. Се замисли.

“Да си одиме. Вечерва не чека голема работа”, им рече на докерите. Стана од столот и тргна накај вратата. По него, без да си го допијат пијалакот во чашите, тргнаа докерите.

Излегоа на улицата. Во пансионот одекна музика. Гостите повторно живнаа. Почнаа да ракоплескаат за да се врати Софија на сцената.

11.
Алексеј Иванович Старовкин ги остави Критјаните да си ја допијат ракијата и се искачи по скалите во собата на Уранија. Ја затекна во прosирен фустан. Лежеше на креветот. Почна да се умилкува криејќи си ги облините во свилениот чаршав. Алексеј Иванович Старовкин си ги натопи усните со јазикот и ги истури двете глави облеани во крв пред креветот, задоволно развлекувајќи ја лигавата уста во смеа. Беше задоволен. Очите му светкаа радост.

Уранија Папајоану замижа пред отсечините глави на браќата Штериови, се насмеа иронично и го покани Алексеј Иванович Старовкин да седне на свилениот чаршав.

Алексеј Иванович Старовкин долго размислуваше дали да седне.

“Да слеземе долу и да прославиме за нашето пријателство”, и рече со грубиот глас.

“Зар не е подобро да останеме овде”, го предизвика Уранија.

“Како милуваш”, и одврати Алексеј и седна на креветот до неа.

Уранија му ги префрли рацете преку вратот и се подигна од креветот. Го зароби во својата женска мрежа и го претвори во послушно маченце готово да заигра со клопчето што му го стркалува господарката по подот. Го легна Алексеј на креветот и го потисна со убавото тело.

IX

1.
Во мракот, на гробиштата Зејтинлик, неколку сенки вешто криејќи го своето присуство, застанаа пред една поголема надгробна плоча. Набргу им се придружија и други петмина кои донесоа на дрвено носило еден недовршен живот. Човекот лежеше на носилото, завиткан во старо кафеаво војничко ќебе, и не даваше знаци на живот. Лицето му беше избраздено од рани, устата целата испукана и зарасната во засирена крв,очите покриени од исушен измет, косата порасната скоро до рамениците, валкана и разбушавена. Испушташе реа на скапано. Избразденото лице, зараснато во долга, густа, нечиста брада мируваше како одамна од него да исчезнал животот.

Пондилаки се доближи до него, го разгледа неговото згуросано лице и воздивна тешко. Се вгледа лут во човекот во црна облека.

“Што сте сториле со човеков?”, му рече грубо. Го извади кожното ќесе од џебот, го отвори и извади од него дваесет и пет златници. Му ги подаде на човекот во црна облека.

“Не се пазаривме за мртов човек”, му рече Пондилаки бесно, лут што човекот на носилото не дава знаци на живот.

Човекот во црна облека се накашла.

“Жив е. Шест месеци беше во самица. Последните триесетина дена ги помина без леб и вода. Ако мислиш дека е мртов ќе ти ги вратам жолтиците и ќе го сместам повторно во ќелијата за да го доџвакаат мушичките”, му рече мирно и почека да види каква реакција предизвика тоа кај Пондилаки и бидејќи не наиде на студен sид, ги прибра своите луѓе и без збогум се загуби во темнината.

Пондилаки го симна погледот од лицето на човекот што лежеше во носилото.

“Да одиме”, им рече на докерите што го придружуваа. Полека заоди по снегот.

2.
Двајца од докерите го подигнаа носилото и зачекорија по Пондилаки покрај мермерните плочи. Набргу излегоа од гробиштата. Поминаа неколку темни сокачиња и се најдоа пред куќата на Евангелија Гаспарова. Влегоа внатре. Ги пречека Евангелија целата возбудена. Тие го сместија човекот во креветот што им го покажа Евангелија и се тргнаа настрана.

Евангелија Гаспарова се доближи до креветот. Го виде лицето на човекот што го спуштија на него докерите и од изненадување падна во бесознание. Пондилаки беше најблизу до неа и успеа да ја задржи да не тресне на подот. Внимателно ја легнаа на другиот кревет. И го попрска лицето со вода и Евангелија ги отвори очите. Ја разгледа собата и го запре погледот на лицето на Пондилаки.

“Жив е. Не грижи се!”, и рече Пондилаки , “Каде имаш кромид?”, ја праша внимателно.

Евангелија Гаспарова успеа да покаже со раката во долниот дел на креденецот. Пондилаки и ја спушти главата на перницата и по миг стегаше во раката главица кромид. Потоа му го стави под носот на човекот. Остриот мирис на кромидот се почувствува во собата. Докерите се поздравија со Пондилаки и

заминаа. Евангелија Гаспарова ги згрчи усните. Човекот ги покажа првите знаци на живот. Евангелија заплака. Пондилаки задоволно се насмевна. Евангелија стана од креветот. Плачеше со солзи радосници.

“Ти благодарам, Пондилаки”, му рече болно.

“Внимавај на него! Потребна му е нега. Прости, но морам да одам, ме чекаат моите луѓе”, и рече. Се поздрави со неа и излезе низ вратата.

“Ваков човек мајка не раѓа двапати”, помисли Евангелија и седна на креветот покрај човекот што ги отвори очите и со болка во душата ја развлече устата да се насмевне.

X

1.
Снегот почна да се топи по улиците. Од покривите на зградите капеа крупни водени меурчиња. Пондилаки излезе од дома и набргу се најде во пансионот “Македонија”. Седна на масата на која седеше Маноли Стрезовски. Порача ракија.

“Што има ново во градот, Маноли?”

“Многу нешта се изменија во последните неколку дена. Ти како да пропадна в земја”.

“Имам многу обврски. Кажувај што се случува. Немам трпение. Сакам да слушнам се”, му рече и ја прифати чашката што му ја подаде Стојос Панајопулос.

“Благодарам, Стојосе”.

Стојос Панајопулос се насмевна дискретно и се повлече кај шанкот. Маноли Стрезовски голтна неколку голтки ракија.

“Згасна желбата на Македонците откај горното течение на големата река да тргнат со оружје кон Солун. Многумина во градот се налутија. Фрчат по улиците”.

“Подобро. Ќе беше тоа братоубиствена војна”.

“Вчера во пансионот “Патера Хани”, националистите зборуваа дека Македонците кренале глава и го сакаат Балканот за себе. Гласот брзо се рашири до полицијата. Од вчера попладне непрестано апси. Ако продолжи така, за кратко време ќе ги наполни логорите по островите и затворите каде што и онака нема слободни места. Луѓето се плашат. Се затворија граѓаните во домашните четири зида... Градот тоне во паничен страв. Претпладнево се појавија по улиците некои чудни групи луѓе. Вооружени се со пиштоли и ножеви. Пред очите на неколкумина граѓани од пазарот, убиле недолжен човек. Полицијата дошла за да се поздрави со убијците...”

“Во градот нема доволно храна. Така ми рекоа”.

“Храна одамна нема со Солун. Црноберзијанците ликуваат. Жените домаќинки почнаа да се продаваат на непознати мажи за корка леб. До тука ја дотера владата со својата политика. Како да ја гледам сликата од 1942 година кога од глад умираа по стотина луѓе на ден. Исто како тогаш и сега ги кријат мртвите заради купоните. Куќите мирисаат на мрша...”

“Значи се враќа светот во 1942 година”, праша зачуден Пондилаки. “Божем ни ветија мир и демократија. Ме чуди што им значеше судењето на неколкумина злочинци од војната”.

“Сите се на слобода. Шетаат по Солун и околината. Имаат свои луѓе и вооружени чекаат знак да се активираат...”

“Тоа беше се што имаше да ми кажеш?”

“Не. Во пансионот и по градот се поприсутни се луѓе кои побегнале од другите Балкански земји. Сите наликуваат на Алексеј Иванович Старовкин”.

“Како се држи Американецот спрема него по она со Уранија?”

“Американецот не стигна да го истисне Украинецот од леглото на Уранија. Се вразуми. Се оди на наша штета. Зар не гледаш дека не ни ја отстапуваат масата. Сите седат заедно. Уранија кокетира со нивните чувства. Секој ден се заедно Американецот, Укреинецот, Критјаните, Англичаните, Хаш со неговите пријатели и се почесто со нив седат луѓе пребегнати од другите Балкански земји. Ги има од Албанија, Србија, Бугарија, од Скопје и од каде не”.

“Така значи. Капиталот, поддржуван од политиката на силните, со помош на пиштолциите треба да ги збрише демократите. Многу итро замислено. Да се надеваме дека Уранија не е толку силна и ќе може да не истера од пансионот...”, се почеша по косата Пондилаки.

“Црно ни се пишува, Пондилаки, црно”, му рече загрижено Маноли Стрезовски.

“Донеси ни уште по една ракија!”, викна Пондилаки по Стојос.

Молчеа. Стојос им донесе ракија. Ги зграбија чашите и голтнаа од течноста.

“Се врати ли некој од робија? Видов некои луѓе на улица. Се вратиле”.

“Не сум информиран многу. Ме загрижуваат гостите од соседните земји. Волкот ги поканил за да си ја сочува совеста пред народот. Треба да бидеме внимателни. Тие сечат глави без да прашаат кому им припаѓаат. Лошо време настапува... Скоро ќе заборавев, се врати Ника Марија, знам дека сте пријатели. Била многу изменета”.

“Каде можам да ја видам?”, праша Пондилаки заинтересирано. Ги стисна вилиците и му набабрија жилите на вратот.

“Во истата куќичка, на Одос Вардарис”.

Пондилаки ја испи ракијата од чашката. Лицето му поцрвене од бес.

“На хесо тон патерасу, тоа нема да помине со алал. Ти благодарам за информациите, Манолисе, и чувај се!”, стана од столот и без да се ракува со Маноли Стрезовски излезе од пансионот. На улицата се вклучи во колоната луѓе кои брзаа кон центарот на градот.

2.

Пондилаки ја затекна Ника Марија како седи на железниот кревет од кој се чадеше пареа од напластената прашина. Вратата на приземницата за која секој што поминуваше покрај неа мислеше дека ќе падне при првиот налет на ветрот што дуваше откај големата солена вода, беше ширум отворена и се лулееше и ја разбиваше тишината што царуваше со куќата. Внатре се мирисаше на смрт. Го налегна такво чувство.

“И нема спас”, помисли.

И Ника Марија не го препозна Пондилаки. Само мафташе со рацете, не испуштајќи глас од устата, иако широко ја отвараше, но кога Пондилаки се доближи до неа, забележа дека и е отсечен јазикот. Сакаше да и помогне, но се повеќе се уверуваше во нејзината скора смрт. Ника Марија седеше счучулена скоро собрана во куп коски и кожа со неизмиена, измрсена, долга коса што и го покриваше целото тело. Ни одблизу не го потсети Пондилаки на девојката со мазна, мека кожа што сјаеше при допирот со светлината. Смртта како да ја беше зграбила сосема и ја влечкаше во своето царство. Пондилаки и ја поткрена црната коса што шириш мирис на одамна умрена мачка и за малку неповрати од она што го забележа. Ника Марија наместо очи на истото место имаше згуросани дупки. Беше без очи. Пондилаки си спомна на нејзините зелени разиграни очи од кои извираше топлина при секоја нивна средба. Еднаш пред да почне војната, бегаше од полицијата. Се скри во куќата, оваа иста куќа. Се двоумеше дали да остане со потемнетата кожа на голотијата што се испречи пред него и му ја разбудинка душата, или да побара некое посигурно место кај некој негов познаник а не кај извајаното тело кое го покриваа две долги нежни раце со зашилени нокти кои се простираа скоро до бистрите зелени

прозирни очи од кои извираше недоверба, топлина и покорност. Тогаш успеа да го смири нејзиното разиграно срце кое забрзано ги креваше и спушташе јадрите гради со високо подадени пуполки под кои се шириа црни дамки што предизвикуваа страст, онаква каква дотогаш не беше почувствувал и посакувал зошто и самиот подоцна призна оти за него тоа било непознато. Не ја напушти трошната приземница и одајата. Се нурна во мазната кожа што му замириса тогаш, на расцутен трендафил и остана во неа цели седум дена. Тие денови црвениот фенер не висеше пред вратата на Ника Марија. Се раздели од неа и повеќе не ја сретна, иако ја бараше насекаде во Солун.

Сега кога ја пронајде кожата му се наежи, се уплаши да не го најавне смртта и него, но сепак реши да и врати за помошта и сладоста што му ја даде Ника несебично и со љубов. Иако Ника наликуваше на чумосана, ја искапе и откако ја исчисти собата, ја стави во креветот. Потресен од изгорениците на нејзиното тело, ископаните очи од кокалите и отсечената дојка, побрза да го врати долгот што го чувствуаше спрема Ника. Од пансионот "Македонија" донесе храна и ја нахрани. Потоа ја препушти на сонот. Излезе од куќата зашеметен. Зачекори по улицата замислен. Стигна во пансионот "Македонија". Пријде до шанкот. Се навали да не падне!

"Каде е Фоти?", праша.

"Зар не знаеш?! Го нема веќе неколку дена. Сите го бараме", му одврати Стојос Панајопулос зачуден што Пондилаки го бара Фоти во пансионот. Му налеа во една чашка ракија и му ја подаде.

"Напиј се, заприлегаш на споменик".

Пондилаки ја турна чашката настрана. Се сврте и полека излезе од пансионот.

3.

Надвор нозете му се зарија во снегот. Почна да дува ветер. Водата што капеше од покривите, носена од ветерот, му се залепуваше за образот. Се замота со јаката на палтото и го

забрза чекорот. Сврте во една уличка, потоа смени уште неколку и се најде во куќата на Ника Марија. Не разговараше со неа. Молчеше замислен. Наеднаш стана и без да се поздрави со Ника ја напушти собата и излезе на улица. Одеше по калдрмата и намерно си го внесуваше лицето под стреите за да се разлади со водата што капеше од покривите. На крајот од уличката застана и одеднаш сврте лево. Потрча. На лицето му се појави црвенило. Трчаше и се задиша. Излезе кај црквата Света Катерина. Го заобиколи големиот камен и се упати кон куќата на Доне Биндов.

“Заборавив на состанокот! Зар мораат да држат состаноци! Целиот полуостров врие а тие состаноци. Главите ќе ни ги пресечат – ние леб бараме. Глупости! Власта ни излета од рацете. Сега можеме само да жалиме што се однесовме како деца...”, мислеше и така замислен влезе во зградата во која живееше Доне Биндов. Во собата го дочека млада девојка со пријатен изглед и бенка на голиот врат.

“Те очекуваат во гостинската соба”, му рече девојката.

“Тебе те викаат Јана Чакаларова?!”

“Јана Чакаларова, да, така ме викаат”, му одврати девојката.

“Го познавав твоето момче”.

“Влезете, ве очекуваат”, му рече Јана и го потурна да влезе во гостинската соба. По него и самата влезе внатре. Му се насмевна нежно на Доне Биндов и му покажа на Пондилаки каде да седне.

Пондилаки им кимна на присутните поздравно и седна на столот што му го понуди Јана Чакаларова. Ги прифати дискретните поздрави на присутните и и се насмевна на Јана. Потоа ги начули ушите.

“Можеме да почнеме со состанокот”, рече Доне Биндов. “Со Пондилаки сме комплетни”.

“Да почнеме”, промрмореа присутните.

“Мој предлог е состанокот да има само една точка на дневниот ред и тоа: Политичката и економската положба во земјата и улогата на македонската организација во остварувањето на политичкиот и економскиот живот со осврт на решавањето на македонското прашање што како цел си го зацрта нашата организација... Се согласувате?”, направи пауза Доне Биндов.

Присутните кимнаа потврдно со главите.

“Тогаш да поминеме на првиот дел од првата точка на дневниот ред. Си земам слобода да ве информирам за политичката и економската положба во земјата. Некој да е против?”, праша Доне Биндов и почека некој од присутните да се јави за збор.

“Морам да речам дека уморина се забележува кај народот. Воспаничен е. Несигурност се чувствува насекаде. Војната однесе многу животи и ако победивме, проблемите не ги отстранивме. Гладта ни е првиот непријател. Владата не прави никакви напори да не заштити. Беше договорено да спроведува демократија во земјата. Да преземе акции за обновување на националното богатство. Наместо акција таа се повеќе ни ги покажува своите роjалистички, проанглиски настоенија и со секиој изминат ден го зголемува својот успех на тој план, смалувајќи го бројот на демократски настроените наши сограѓани, ја уништува нивната улога како сила со која треба да се договори за формирање на нова политика во земјата. До сега работите стојат лошо. Наша задача е да го спречиме уништувањето на демократските сили во градот. Ние како македонска организација не останuваме издвоени од целокупниот политички живот во земјата. Ќе останеме во борбата и заедно со целиот прогресивен демократски народ во земјата ќе бараме владата да го реши нашето национално прашање. Ќе ги положиме животите доколку борбата го бара тоа од нас, но нема да попуштиме... Толку, ако сака некој збор слободно нека се произнесе”, се накашла Доне Биндов.

“Ако те разбрав добро, војната е на прагот”, сериозно забележа Пондилаки. “Без борба македонското прашање нема да биде

решено. И што е поважно ќе мораме да победиме инаку црно ни се пишува. Господата во Атина ја започнаа офанзивата против се што е прогресивно во земјата. Добив информации кои укажуваат на потребата за формираше на заеднички одбранбен систем на се што е демократски расположено... Мислам дека ќе ги нарамиме пушките повторно".

"Планините се близу и пушките ги имаме. Да се молиме да не дојде до крвопролевање", рече Јана Чакаларова возбудено.

"Пушките ги предадовме со договорот во Варкиза. Сега ќе пукаме со стапови", рече Пондилаки и стана. "Ако немате ништо против ќе ве напуштам. Имам некои неодложни обврски. Мојот состанок е борбата а не конференциите. Не ме бидува за муабети. Ќе се видиме на следниот состанок".

"Замини, Пондилаки", му рече Доне. "На организацијата и се неопходни луѓе каков што си ти, храбри и бескомпромисни. Ти благодарам што дојде. Довидување и поздрави ги твоите докери", му дореч Доне.

"Довидување на сите и главите горе", им рече Пондилаки и придружен од Јана Чакаларова ја напушти гостинската соба.

"Како е Ставре Наковски", праша Јана кога се најдоа во кујната.

"Од кога го познаваш?", се изненади Пондилаки.

"Утре ќе го венчаме со Евангелија Гаспарова. Јас сум поткумникот", му се пофали.

"Прекрасно. Сега дозволи ми да заминам", и рече Пондилаки и излезе низ вратата.

4.
Темните улици ги помина брзо. Влезе во пансионот "Македонија" и прије до масата на која седеа докерите. Ги поздрави и седна на столот што му го понуди Никос Зајкопулос. Порача ракија.

Стојос Панајопулос му донесе чашка. Ја стави пред него.

“Еве ви го шишево, сами турајте си ракија во чашите. Нозете ми паднаа доаѓајќи до вашата маса”, им рече низ насмевка и го стави шишето на масата.

Пондилаки го зграби шишето и си тури ракија во чашата.

“Кој сака нека си тури”, им рече и голтна неколку голтки. Ја спушти чашата на валканиот шарен чаршав. Ги отвори широко очите од изненадување.

“Да не си споулавел?”, се пошегува со момчето што му доаѓаше во пресрет.

“Готово е”, викна момчето. “Атина гори!”

“Седни, одмори се и кажувај!”, му рече Никос и му понуди стол до себе.

“Гори престолнината”, им рече момчето и седна.

“Покроце, Лазарос, потивко”, го прекори Пондилаки.

“Не можам. Душата ми пее. Ќе падне и оваа влада. Атина гори! Последниве неколку дена престојував таму. Се гори. Народот се крена против владата и Англичаните. Излезе на улица. Џандармеријата не беше моќна да ги спречи. Пукаше во нив. Секој ден иста слика”.

“Значи војна”, грмна Никос. “Ќе ја имаат”.

Пондилаки му подаде чаша на Лазарос. Му ја наполни со ракија.

“Напиј се! Измиј си го грлото! Ти си добар новинар. Доне Биндов ти ги бендисува текстовите. Удри со словата по фашистите. Ние ќе држиме пушки зошто не не бидува за молив. Напиј се!”

“Благодарам, Пондилаки, почестен сум. Голема чест е за мене да седам и да разговарам со тебе”.

“Напиј се и грижи се за моливот”, му рече Пондилаки и се загледа на полуосветлениот подиум на кој се појави човек што голташе пламен. Потоа го врати погледот на масата.

“Ќе ми простите што морам да ве напуштам”, им рече.

“Каде брзате?”, се изненади Лазарос.

“Имам обврски, момче”, му рече Пондилаки и стана од столот. По него стана и Стојан Џавалеков.

“Одам и јас. Ќе се видиме утре”, им рече Стојан и се насмевна нежно.

“Довидување”, им рече Пондилаки, се проби низ масите и следен од Стојан Џавалеков излезе од пансионот.

“Лазарос намириса голема работа”.

“Ќе има ли војна, Пондилаки?”, праша загрижено Стојан.

“Неизбежна е, побратиме. Побегна од една братоубиствена војна што не започна, но налета на друга која само што не почнала”.

“Ох господи, ќе има ли мир за мојава душа на земјинава топка. Кому толку му згрешивме и не накажува строго. Можеби нема да има војна?”

“Ќе има, Стојане, и ќе биде жестока, крвава, братоубиствена. Кој ќе ја преживее долго време нема да прогледа. Ќе живее во темница и душата ќе му биде исполнета со горчина. Најлоша војна исто како онаа во Шпанија. Полоша од чумата”.

Замолчаа. На следниот агол се раздвоија. Пондилаки замина кон Ептапиргон а Стојан се упати кон пазарот.

XI

1.
Попот Иракло кому никој не му го знаеше вистинското име и презиме, ниту на кој народ му припаѓа, им пријде на Евангелија и Ставре и им ги намокри косите со водичка.

“Бакнете се!”, им рече.

Евангелија и Ставре се бакнаа. Одекна силно ракоплескање. Евангелија поцрвене. Ставре се насмевна.

“Ве прогласувам за маж и жена. Бидете заедно до гробот”, им рече Иракло и уште еднаш ги попрска со водата.

“Задоцни, попе”, викна Јана Чакаларова. “Требаше да ги прогласиш за венчани па потоа да се бакнат. Сега се богохулници”.

Попот Иракло се насмеа гласно.

“Нека се здрави и живи. Ќе се бакнуваат колку што ќе посакаат. Важно е да не ја загубат љубовта”, и одврати попот.

2.
Пондилаки стоеше понастрана и се смешкаше. Беше задоволен што успеа да им ја исполни желбата на Евангелија и Ставре. До него стоеше Јана Чакаларова. Пондилаки ја буцна со прстот со слабината и таа потскокна уплашено.

“Се плашиш”?

“Ме скокотна. Се шегуваш со мене”.

“Среќен сум што ги гледам заедно Евангелија и Ставре. Треба и ти да си најдеш момче”.

“Можам самата да се грижам за себе и за синот”, му рече мирно. Сепак не успеа да го скрие треперењето на гласот.

“Твојот живот е твоја среќа и троши ја како милуваш”.

“Те канам на ручек. Ќе дојдеш?”, одненадеж му рече Јана.

Пондилаки се збуни. Не знаеше како да и возврати. Се накашла за да се прибере.

“Убава си. Вистинска убавица. Ќе дојдам”, и рече Пондилаки и се навали на столбот до неа.

“Да пријдеме поблиску до младенците”, му рече Јана и се одлепи од столбот. Го фати Пондилаки за ракавот и го повлече по неа. Се доближија до младенците. Молчеа.

3.
Доне Биндов му пријде на Ставре Наковски. По миг го прифати во ушите сопствениот баритон кој се огласи во внатрешноста на црквата како задоволство на боговите и светците што беа нацртани по ѕидовите и сводот. Извади од внатрешниот џеб на палтото ќесе од козја кожа што се собираше на врвот со тенко сиџимче, му го тутна на Ставре во рацете.

“Не бројам зашто знам дека ќе ти донесат среќа”, му рече. Го прегрна. Потоа ја бакна Евангелија. “Ви пожелувам долг и среќен живот”, и рече и се тргна за да примат младенците честитки и од другите присутни.

4.
Ставре Наковски молчеше. Евангелија се смееше задоволно. Ги поведоа гостите на мала закуска дома. И се траеше кратко. Пондилаки и Јана Чакаларова ги допратија до железничката станица. Извадија билети и им ги дадоа на Евангелија и Ставре. По неколку мига излегоа на перонот. Возот не доцнеше. Влезе во станицата со силна бучава. Евангелија и Ставре се качија и одбраа место во едно од многуте полни купиња. Ставре се појави на пенџерето.

“Знам дека сакаш да останам во Солун. Паметам што ми рече пред година и половина. Си спомнуваш. Ми испрати писмо во базата”, му рече Ставре.

Пондилаки се насмевна. Ја погледна Јана Чакаларова нежно и ја помилува по косата.

“Чувај се, Ставре. По селата на Пајко има секакви луѓе. Го погрчуваат македонското население. Биди внимателен! Ако ти затребам, знаеш каде можеш да ме најдеш!”

Ставре Наковски не му одговори. Забележа тага во неговиот глас. Не знаеше дали е тоа поради нивното заминување или поради погрчувањето на македонското население по македонските села.

“Готов сум да се соочам со животот што го нуди владата во Атина. Од мене Грк не бидува”, му рече весело за да го разведри и му ја подаде раката.

Се поздравија. Возот тргна. Си мафтаа со рацете се додека возот не се загуби зад првите куќи.

“Дедовата лулка не е панаѓурска мустра, туку сопствен печат што стои вечно во срцето”, и рече на Јана Чакаларова. Ги извади очилата кои повремено ги носеше, и ги избриша со белото шамивче кое постојано го држеше во внатрешниот џеб од костумот. Потоа ги стави на носот. Ја повлече нежно Јана Чакаларова, влегоа во големата чекална и молкум излегоа на другата врата.

“Ќе те допратам до дома”, и рече на Јана.

Јана Чакаларова се насмевна нежно и го фати под рака.

“Те канам на чај. Прифаќаш?”

“Зошто да не, со задоволство ќе го пијам”, се насмевна Пондилаки и го забрза чекорот.

II ДЕЛ

I

1.
Бојмица. Мало гратче. Куќарките ниски. Улиците тесни и калливи. Понекаде имаше вирови од снегот што се топеше. Железничката станица, приземница со кат, обоена со сива боја, осамена го очекуваше возот од Солун. Неколкуте патници цупкаа под стреата и си ги криеја главите од капките што капеа од покривот. Перонот мал собираше одвај дваесетина патници. Првиот човек на железничката станица облечен во железничарска униформа и капа на главата излезе на перонот и згазна во вирот. Чевелот му потона во водата и тој направи смешна гримаса. Го собу чевелот и ја истури водата од неговата внатрешност. Повторно го обу. Никој од патниците што чекаа под стреите да се појави возот од Солун не се насмеа и помести. Сите се туткаа во зимските палта и се заштитуваа од студот. Првиот човек на железничката станица застана до колосекот и ја подигна високо главата.

“Сега”, промрморе и се сврте налево, потоа надесно и викна радосно. “Возот од Солун пристигнува. Сите на перонот подготвени. Возот стои една минута и не чека никого”.

Луѓето излегоа од под стреата и им се приближија на релсите. Големата парна локомотива се покажа на свијокот. Испушташе голем бел облак. По миг застана пред првиот човек на железничката станица.

“Добре дојдовте”, им викна на машиновозачите првиот човек на железничката станица и мирно ги поздрави, допирајќи си ја капата со прстите на десната рака.

Машиновозачите му отпоздравија и се навалија на валканото пенџере.

“Што има ново, Јорго?”

“Се е мирно. Како да немало војна”, им одврати Јорго, првиот човек на железничката станица.

Молчеа. Кондуктерите излегоа од вагоните и вдишаа од студениот воздух. Беа облечени во униформи на железницата. Преку градите имаа тенок кожен ремен на кој висеше кожна торба со средна големина. Кондуктерот што излезе од првиот вагон запали цигара и го врати кибритот во џебот. Пафна неколку дима од цигарата и вдиша свеж воздух.

“За тебе е животот, Јоргосе, можеш да се капеш во убавиот планински воздух”,му рече кондуктерот.

“Така е, Стефанос. Животот е во дивината подобар. Се шегуваш со постар човек”.

“Планината е животот, Јоргосе... Проклета цигара”, се закашла кондуктерот и ја фрли цигарата во блискиот вир.

“Качувајте се!”, им викна Јорго на кондуктерите. “Во ова проклето место никој не слегува”, потоа ја подигна палката високо и свирна со свирката.

Кондуктерите се качија во вагоните. Возот еден миг мируваше . Машината испушти голем облак пареа и тркалата зашлајфуваа во релсите. Потоа настана синџирест тресок на вагоните еден во друг и полека возот тргна. Јоргос се насмевна. Стоеше омагиен и зачуден што никој не слезе од возот.

2.
Возот измина. Големиот чад и пареата се издигнаа високо кон небото и исчезнаа. Јорго сакаше да се врати во станичната канцеларија, но го задржа на на перонот необичната фигура на Ставре Наковски и нежното лице на Евангелија Гаспарова.
Се израдува.

“Сепак некој слезе од возот”, се насмевна Јорго. “По толку години некој слезе од возот”, умуваше и не го симнуваше погледот од Евангелија и Ставре. Размислуваше што ги довело во гратчето. Стоеше опиен од нивното присуство.

Ставре Наковски не му возврати на погледот. Ја фати под рака Евангелија и полека поминаа преку релсите. Поминаа покрај

збунетиот Јорго. Го поздравија со кимнување на главата и заобиколувајќи го вирот во кој згазна Јорго влегоа во станичната зграда. Внатре топлина им ги олабави телата. Ставре се сврте да види дали Јорго се уште стои на перонот и кога го забележа како стои приковано за калливата земја се насмеа. Повторно ја фати под рака Евангелија и излегоа низ тесната врата на станицата што водеше во чекалната каде што се купуваа и билети за воз во сите правци.

Јорго стоеше неколку мига замајан и наеднаш се стрча кон станичната зграда. Влезе во чекалната. Прошара со очите. Не виде никого внатре. Застана до пенџерето. На улицата далеку кај средината на големата вода ги забележа Евангелија и Ставре. Се насмевна задоволно.

“Ова не е повеќе проклета железничка станица. По две години слегоа првите патници. Сега сум вистински управник на станицава”, рече гласно и не се тргна од пенџерчето.

3.
Ставре Наковски со едната рака ја држеше Евангелија под рака а во другата носеше голем куфер. Нозете му пропаѓаа во калта. Лицето му спотнуваше од горештината. Одеше и молчеше. Честопати погледнуваше во Евангелија. Не забележуваше умор на нејзиното мазно, бело лице и задоволно ги развлекуваше симпатичните усни во насмевка. Очите му шараа по ниските куќи со избледена боја на ѕидовите. На некои забележуваше дупки од куршуми. Полека одминуваа од улицата што го делеше гратчето на два дела. Од левата страна на улицата имаше мали дуќани со мешана стока. Сите на кои наидоа беа затворени.

“Гратчево како да потонало во длабок зимски сон. Има ли народ во овие куќи?”

“Луѓето се се уште потресени од војната и затоа седат дома. Се плашат”, му одврати Евангелија.

“Ѓаволот знае што се случува. Ние да побрзаме. Не чека долг и напорен пат. Костанерија е далеку”, и рече мирно и го забрза

чекорот. Евангелија запруса. Свртеа кај последната куќа и тргнаа по патот што водеше во големата густа шума што се покажа пред нивните очи. Молчеа. Патот беше каллив, неразгазен и нозете им пропаѓаа длабоко во меката земја. Ставре и помагаше на Евангелија повешто да го совладува тешко проодниот пат. Не застанвуваа. Иако беше угорнина и калта им го отежнуваше чекорењето не покажуваа умор на лицата. Го искачија првиот рид и се спуштија во долот. Почна да врне снег. Ставре Наковски се насмеа гласно.

“Зимата не поздравува, Евангелијо, и ни посакува добредојде во родниот крај”.

“Студено ми е”, се пожали Евангелија и се замота во зимското палто. Усните и беа помодрени, нозете замрзнати, од носот почна да и капе солена водичка и често шмркаше. Очите и солзеа.

Ставре Наковски застана. Го спушти куферот на едно големо стркалано стебло и го отвори. Извади одвнатре една бела поткошула и ја скина на две парчиња. Потоа и ги соблече скорните чевли на Евангелија и и ги замота нозете со топлата памучна ткаенина.

“Облечи си ги чевлите! Сега е подобро нели?” и рече и ја бакна. Го затвори куферот.

“Си спомнуваш ли на нашето прво патување низ планинава?”, праша одненадеж Евангелија.

Ставре Наковски се насмевна. И помогна на Евангелија да ги обуе чевлите.

“Барем нема да поминеме покрај куќата на Лефтер Ципурјазовски”, промрморе тивко.

“Ќе одиме по друга патека?”

“Не ми кажа што се случи во куќата на Ципурјазовци. Нив ги пронајдов убиени, масакрирани во дворот. Иако беше невреме те барав насекаде... Не си ми раскажала.”

“Помина војната и ужасот со неа. Живи сме и здрави и тоа е важно во мигов. Не потсетувај ме на деновите на војната. Ги мразам, зашто ми внесуваат немир во душата и не можам да спијам.”

Ставре не настојуваше да слушне нешто повеќе за настанот. Го подигна куферот и ја фати под рака Евангелија.

“Да одиме! Планината знае да приреди изненадување. Ќе останеме во шумата со заледени души”, и рече нежно и ја повлече за раката. Повторно згазнаа во калта. Воздухот им влегуваше длабоко низ дишникот и неговата чистота им ги полнеше градите. Ставре Наковски почна да кашла. Евангелија се доближи до него. Молчеа. Погледот им го мамеше непрегледната костенова шума. Подувна ветре и им ги штипна образите. Евангелија се засолни зад Ставре. На нозете не чувствуваше студ. Снегулките и се лепеа на носот и таа невешто ги симнуваше од него.

“Ќе се одмориме ли? Уморна сум.”

“Погоре има чешма и таму ќе одмориме малку. Мораме да поитаме инаку ќе другаруваме со волците”, се пошегува со неа Ставре.

“Зар има волци?”, рече уплашено Евангелија.

“За градските луѓе има. Ние селаните сме навикнати да другаруваме со нив.”

Евангелија се вознемири. Очињата почнаа да играат по околината немирно.

“Не грижи се, будалче. Волците се плашат од луѓето”, и рече за да ја смири и ја повлече по себе.

“Каде?”, се изненади Евангелија што ја одвлекува од патот.

“Под онаа бука има изворче. Таму ќе одмориме малку.”

“Ти ми рече дека има чешма.”

“Во оваа планина нема чешма. Има само една и таа е во Костанерија”, воздивна и седна на костеновото дрво полегнато на земја. Го отвори куферот и извлече леб и суво месо замотани во бел чаршав. Ги стави на дрвото.

“Ќе каснеме малку. Ќе ни треба душичката. Не чека долго и мачно патување низ планинава”, скрши од лебот и и подаде. “Земи си месо”, и рече и гризна од лебот поголем залак.

Евангелија зеде помало парче месо и почна покроце да џвака.

“Планината ме плаши”, рече вознемирено.

“Ќе навикнеш. Јади!”

4.
Два часа подоцна. Ставре Наковски застана. Евангелија ги рашири очите од изненадување. Пред нив се покажаа згуросани греди покриени наместа со снег.

“Каде ме доведе?”, се вознемири Евангелија.

“Во Костанерија”, и рече весело Ставре.

“Селото е пеплосано и во него нема живот. Зар ќе живееме како дивјаци?”, се побуни Евангелија.

“Не грижи се! Куќата е изгорена, но нешто понатаму е старата семејна куќа и неа пожарот не ја зафати. Ќе се сместиме во неа додека не ја подигнам татковата куќа.”

“Ставре, мил мој, зар во пустелијава? За два месеци ќе родам. Кој ќе им помогне? Ти!?”, заплака Евангелија.

Ставре ја гушна. И ги провлече своите тенки прсти низ косата и ја бакна во челото.

“Да одиме!”, и рече и ја поведе. Снегот беше прилично длабок. Се пробија до старата семејна куќа на Ставре. Влегоа внатре. Малите соби со ниски тавани и со земјани подови беа влажни. Насекаде имаше пајажини. Некои ситни животинки се разбегаа. Влегоа во пукотините по ѕидовите.

“Ќе им биде добро”, и рече Ставре и го спушти куферот на земјаниот под. “Имаме кревет и постелнина. Тоа е доволно да почнеме да живееме како сиот свет.”

Евангелија седна на креветот и си ја спушти главата во дланките. Заплака.

“Ке разгледам наоколу”, и рече Ставре и излезе. Набрзо се врати со нарамник вејки. Ги спушти на подот покрај буџакот и ги нареди една врз друга. Извади од куферот стар весник и го пикна меѓу гранчињата. Потоа чкрапна со кибритот и ја запали хартијата. Се појави пламенче. Наскоро одајата се стопли. Огинот баботеше среде одајата. Пламенот му допираше до црното бакарно котле што висеше над него закачено за една од гредите што го сочинуваа и го крепеа покривот да не се урне.

5.

Евангелија плачеше. Не се помести од креветот. Ставре се смешкаше. Молчеше. Излезе од одајата и низ тремот се дограби во дворот. Зачекори по патеката што водеше на селската улица. Потоа го забрза одот и стигна на селеските гробишта. Пријде до еден од гробовите и долго стоеше немосан покрај него. Лицето му потемни. Вилиците му се стиснаа. Ги искорна со раце нараснатите тревки на гробот и го поднамести кандилото што се беше накривило од неверемето. Ги напушти гробиштата нем. Повторно се најде на долгата селска улица. Застана пред татковата куќа. Срцето му затрепери од возбуда. Ги гледаше јагленосаните греди и молчеше, стискајќи си ги забите да не рикне од болка. Потоа ги расчисти гредите од снегот и го ослободи влезот до она што беше останало од куќата. Горниот кат беше наполно изгорен. Влезе во внатрешноста и ја разгледа.

Се разведри во лицето. Се спушти низ гредите во визбата и се насмеа задоволно. Наиде на негибнато. Излезе од визбата и тргна пругоре по улицата. Наеднаш застана и наслушна . Ушите му ги наполни чкрипење на селска запрега.

“Некој доаѓа”, помисли и не се помести од улицата.

6.
Стоеше како омагиен. Кон него идеше бавно запрега натоварена со покуќнина. Воловите што ја влечеа колата застанаа пред него.

“Што си застанал среде улица?”, му викна човекот од колата и слезе. Му појде во пресрет.

“Здраво, Димитар, добре дојде во Костанерија”, му рече Ставре мирно.

Димитар Попгонев се вчудовиди.

“Зар не си во Атина?”, се зачуди Димитар.

Ставре Наковски се насмеа гласно. Го гушна Димитар.

“Дојди кај мене да испиеме по една лута”, му рече и го поведе во старата семејна куќа. По нив тргна колата што ја влечеа двата вола. На прагот ги пречека Евангелија. Се уште беше тажна. Ги покани внатре. Се собраа околу буџакот. Огинот им ги топлеше телата. Задоволство се оцртуваше на нивните лица.

“Бидете мои гости додека не ја направиш куќата”, му рече Ставре.

“Ќе ти бидам благодарен”, му одврати весело Димитар. Голтна неколку голтки од шишето што му го подаде Ставре и направи задоволен израз на лицето.

“Одлична е”, рече и покажа на Евангелија. “Ќе не запознаеш?”

Ставре Наковски се насмеа.

“Тоа ми е сопругата. Се вика Евангелија. Наскоро очекуваме и нови членови на нашето семејство”, рече весело и фрли неколку суви дрва во огинот.

“Нека ти е со среќа. Господ да ви подари долг и среќен живот. Благословени да сте”, им рече Димитар Попгонев и си ги почеша долгите побелени мустаки.

7.
Седеа околу огинот и молчеа. Ноќта навлезе длабоко. Ставре го симна котлето од ченгелот. Го стави на софрата.

“Имаме само леб. Лажици немаме. Кашата е готова и кој е гладен нека повели”, ги покани на вечера.

“Ние имаме лажици”, му рече Димитар и седна на софрата. Се прибраа околу котлето и другите. Почнаа да сркаат од топлата каша. По вечерата не се задржаа многу. Беа уморни. Легнаа. Никои на подот а некои на креветот. Сите спиеја во една соба. Брзо потонаа во длабок сон. Огинот угасна и во собата завладеа темнината.

II

1.
Ставре Наковски сечеше дрва во планината. Пено Попгонев ги закачуваше со ченгел и ги врзуваше за големите ремени, кои беа прицврстени за вратовите на воловите. Ги удираше воловите со тенка прачка и тие ги повлекуваа дрвата.

“Не сечи повеќе! Има доволно за два покриви”, му рече Пено.

Ставре Наковски ја спушти секирата на тревата. Се насмеа. Набрзина ја облече кожната виндјакна и му се придружи. Пено ги потера воловите. Се спуштија низ падинката. Набрзо беа на селската улица. Во пресрет им доаѓаше висок човек и се смешкаше. Ставре Наковски се насмеа. Човекот им се доближи сосема. Се ракуваа.

“Добре дојде во Костанерија, стрико Гоне. Со тебе селото ќе живне”, му рече Ставре весело.

“Неколку семејства пристигнаа со мене. Костанерија ќе биде повторно големо село.”

Пено Попгонев ги потера воловите. Ставре Наковски тргна по него.

“Кога ќе се вселиш во татковата куќа?”, праша Гоне.

“За неколку дена. Повели во нашата стара семејна куќа на чај”, го покани Ставре.

Гоне Сливаров се насмеа гласно.

“Стана домаќин. Ќе дојдам”, му рече и продолжи по патот.

2.
Пено Попгонев ги откачи гредите од ремените и ги потера воловите дома. Ставре Наковски тргна по него. Потоа скршна од патот и влезе во дворот на својата семејна куќа. Почна да ги клоца големите треви што беа израснале на каменестата почва и како не успеа да ги згмечи влезе во куќата. Во одајата ја затече Евангелија легната на креветот.

“До каде стигна со изградбата на куќата?”

“Утре ќе ја покриеме. Ќе се вселиш во нова куќа, убава, чиста и сува.”

“Вечер ќе дојдат Попгоневи на гости.”

“Извонредно! Го поканив Гоне Сливаров. Одлично раскажува случки од минатото. Ќе биде забавно”, воскликна Ставре и ја соблече виндјакната.

“Ќе ми потуриш ли со ѓумот да се измијам?”

“Веднаш”, му одврати Евангелија. Го зема ѓумот и излезе во дворот. Ставре побрза по неа.

“Кога ќе родиш?”

“Кога ќе посакаат да излезат”, се насмевна Евангелија.

“Зар се повеќе?”, се зачуди Ставре. “Како знаеш?”

“Ми кажа Донка. Познавала по големината на стомакот”, поцрвене Евангелија и му потури вода од ѓумот врз рацете.

3.
Ставре Наковски се изми и се врати во собата следен од Евангелија. Седна на софрата и чекаше Евангелија да постави ручек. Си ги триеше дланките задоволно.

Евангелија му принесе чинија со грав и топол пченкарен леб. Ставре Наковски го зграби лебот, скрши парче од него и го стави во уста. Потоа сркна со лажицата од гравот.

“Вкусно е, многу”, и рече и свирна од задоволство.

Евангелија се насмеа. Стана од софрата.

“Ќе го наместам креветот да си прилегнеш. Уморен си”, му рече весело. Приjде до креветот и ја крена постелата. Под јамболијата се покажа бел чаршав.

4.
Ставре Наковски заврши со јадењето. Се напи вода. Беше задоволен и тоа не го криеше. Си ги соблече чевлите и панталоните и легна во креветот. Евангелија му ги смести чевлите во ходникот и се врати во одајата. Го слушна ‘рчењето на Ставре и се насмеа гласно. Потоа и самата се пикна во креветот...

5.
Пред зајдисонце Евангелија се разбуди. Излезе во дворот. Си потури вода од ѓумот и си го изми лицето. Се врати во одајата.

Тргна кон креветот да го разбуди Ставре, но се премисли и влезе во другата соба. Потоа излезе и го разбуди Ставре. Му потури со ѓумот да се измие и двајцата задоволни и весели се вратија во одајата. Евангелија го намести креветот. Ставре седна на софрата. Силен тресок на вратата го натера да потскокне од столчето.

“Сигурно се Попгоневи”, рече Евангелија и потрча да отвори. Вратата се рашири и пред неа се покажа постар човек со ведро лице и остар поглед.

“Повелете, влезете”, му рече Евангелија и се потргна настрана да влезе човекот.

“Не плаши се, снао. Мене ме викаат чичко Гоне а ова е мојата сопруга Хрисанта. Имаме и дечиња. Господ не не заборавил. Дома ли е Ставре?”

“Јас сум Евангелија, сопруга на Ставре. Влезете, тој ве очекува.”

Гоне Сливаров влезе во одајата. Ставре Наковски стана од столчето. Се ракуваа.

Во одајата влегоа Хрисанта Сливарова и нејзините три деца. Евангелија ги смести да седнат на креветот. Гоне седна на софрата. Нов тропот одекна и портата сама се отвори. На вратата на одајата се појави Димитар Попгонев со домаќинката и неговите две деца, Пено и Дино. Ставре Наковски весело ги поздрави.

“Донеси ракија, жено!”, и викна нежно на Евангелија. “Седнете!”, им понуди место на софрата на Гоне и неговите два сина. Донка Попгонева помина покрај нив и седна до Хрисанта Сливарова на креветот. Се поздрави со Донка и ги помилува дечињата.

6.
Во другата соба Евангелија почна да стенка. Ставре Наковски скокна од столот и со два чекори се најде покрај неа. Стигна

навреме да ја придржи да не падне на подот. Ја подигна на раце и ја внесе во одајата. Сите станаа од местата на кои седеа. Евангелија беше бледа во лицето и се гушеше. Ставре ја легна на кревтот и донесе леген со вода. Ја попрска по лицето. Донка Попгонева се насмеа. Приjде до Евангелија и и го избриша челото со бело шамивче.

7.

Хрисанта Сливарова се израдува. Ги сакаше децата. Со своите четириесет години роди три деца: две женски и едно машко. Најголемото дете по име Агапи, имаше деветнаесет години, помалата Каљопа, дванаесет, додека најмалото, Коста, немаше полни две години. Беше здрава жена. Сите работи во куќата ги вршеше сама. Ретко му дозволуваше на Гоне да работи нешто, освен да лови и да носи дрва од планината. Хрисанта ги испрати своите три деца до вратата и почека да излезат придружени од Гоне, потоа ги пропушти и двата сина на Димитар да излезат и ја затвори вратата. Се врати кај креветот.

“Стопли вода во големоно тенџере!”, и рече на Донка, “и донеси чисти крпи, сигурно има во сандакот”, и и се внесе в лице на Евангелија.

“Ќе раѓаш, жено!”, и рече низ насмевка, и и го крена фустанот над колената. И ги свлече гаќите. Воздивна длабоко. Се сврте да види дали е водата подготвена. Се насмеа. Го виде тенџерето закачено на ченгелот. Висеше над жарот.

“Сега напни се и терај го детето да излезе од тебе”, и рече нежно на Евангелија и и ги подигна колената. “Ќе родиш две” и рече и се насмеа гласно.

Водата во тенџерето се смлачи. Донка го извлече од ченгелот и го стави до креветот. Од сандакот извлече бели крпи и ги стави на креветот. Почна да ја сили Евангелија да се напрега. Се и беше попусто. На Евангелија и стивнаа боловите и таа се олабави.

“Ќе чекаме”, рече Хрисанта Сливарова и седна на креветот. Донка остана да стои.

8.
Ставре Наковски стоеше во тремот. Наслушнуваше. Тишината што настана во одајата го вознемири. Очекуваше да чуе детски плач. Сакаше да влезе во одајата, но се воздржа и остана во тремот. Цели два часа не седна. Во другата одаја се пронесе детски плач и тој се насмеа. Срцето му биеше силно. Чекореше нервозно. Беше возбуден.

“Машко е”, го слушна гласот на Хрисанта Сливарова. “Нека ти е здрав и жив синот!”

“Благодарам”, викна весело Ставре. “Може ли да влезам?”

Хрисанта Сливарова се насмеа гласно.

“Има уште едно дете во стомакот на Евангелија. Почекај, додека не те повикам.”

Шеташе по ходникот. Потоа почна да претура низ камарите, но не најде ништо. Ни самиот не знаеше што бара. По еден час до него допре попискав детски глас.

“Сигурно е второто дете”, помисли Ставре и наслушна.

“Женско, ќерка е Ставре”, викна Хрисанта Сливарова. Почекај уште малку.

“Има уште”, се одзва Ставре.

“Нема. Почекај!”, му викна остро Донка.

9.
Донка Попгонева ги стави децата во креветот покрај Евангелија.

“Нека ти се здрави и живи. Да си исчекаш внуци од нив”, и рече и ги покри тројцата со јамболијата. Евангелија и кимна со главата и и се насмевна нежно. Ги помилува дечињата. Вратата

крцна и внатре влезе Ставре. Евангелија го погледна мило. Ставре прийде до креветот и ја бакна во челото.

“Сега сме големо семејство, жено”, и рече нежно. “Среќен сум”.

Евангелија се насмевна и ги гушна дечињата. Хрисанта Сливарова си ги изми рацете и седна на софрата. Донка Попгонева донесе од другата соба шише ракија и три чаши. Ги стави чашите на софрата и ги наполни со ракија.

“За здравје на близначињава!”, им рече и ја подигна чашата. Истото го сторија Хрисанта и Ставре.

“Нека се здрави и живи!”, рече Донка и ја испи ракијата во една голтка.

Хрисанта се насмеа.

“Нека се здрави и живи и да си исчекаме внуци од нив”, му рече на Ставре и ја погледна Евангелија. Ги беше замижала очите. Покрај неа мируваа близначињата.

“Да си одиме, Донке”, и рече Хрисанта и стана од столчето.

“Добра ноќ, Ставре и чувај си ја женичката и дечињата. Сега си вистински домаќин”, му рече Донка и и се придружи на Хрисанта. Излегоа низ вратата во тремот и потоа во дворот. Ставре ги придружуваше до улицата.

“Ви благодарам и поздравете дома”, им рече и се врати во одајата. Седна на столот до креветот. Срцето му пееше од радост. Не ја угасна свеќата. Го остави да гори и кандилото. Заспа, седнат на столот.

III

1.
Осамна. Кољо Бочваров се подготви за патување. Се поздрави со сопругата и излезе на улицата. Надвор се беше покриено со снег. Зачекори полека. Газеше во снегот и нозете му пропаѓаа

длабоко во белилото. Пред куќата на Ставре Наковски застана. Се зачуди што го гледа Ставре со чеканот во раката.

“Кога ќе се вселиш во неа?”, праша Кољо.

“За три дена. Семејната куќичка е влажна. Се плашам да не се разболат дечињата”, му рече Ставре загрижено.

“Господ нека ти е на помош. Ако не можеш сам викни ги моите синови нека ти помогнат”.

“Нема многу работа. Ќе биде мачно само за покривањето... Ти, каде си тргнал?”

“Одам во Солун. Имам некои порачки од жената. Ќе купам малку облека и некои други работи”, се насмеа Кољо.

“Направи ми едно добро”, го замоли Ставре.

“Секако. Кажи што треба да сторам за тебе?”

“Ќе одиш во пансионот “Македонија” и ќе го побараш Пондилаки. Ќе му кажеш да дојде во Костанерија на крштевка на децата. Им треба кум.”

“Лесна работа, но не го познавам човекот.”

“Прашај во пансионот. Сите го познаваат.”

“Ќе сторам како што велиш”, му рече Кољо и тргна. “Кога ќе се вратам да си вселен во куќата!”

“Да се надеваме, Кољо. Се бидува на овој свет. И јас се надевам да влезам во куќава пред да се вратиш од Солун.”

2.

Пондилаки седеше со докерите во пансионот и пиеше ракија. Над својата глава почувствува планински мирис и силна рака му се залепи за рамото. Се сврте. Го виде лицето на човекот. Се зачуди. Не го познаваше.

“Ти си Пондилаки?” праша Кољо.

“Да, од главата до петиците”, му рече Пондилаки низ насмевка.

“Ти носам поздрав од Костанерија”, му рече Кољо.

“Седни!”, му рече Пондилаки, “Донеси ракија, Стојосе!”, викна по келнерот.

Стојос Панајопулос им донесе ракија. Кољо Бочваров ја прифати понудената чаша, отпи голтка ракија и си ги излижа усните со јазикот.

“Ви носам поздрав на Ставре Наковски. Има близначиња, машко и женско и ве кани на крштевка.”

Пондилаки се насмеа гласно. Гостите во пансионот се свртеа кон него. Се вознемирија. Стојос Панајопулос им пријде. Сиот трепереше.

“Ставре Наковски има близначиња, машко и женско”, радосно му рече Пондилаки.

Стојос Панајопулос се насмеа погласно од Пондилаки и ги вознемири уште повеќе гостите во пансионот.

“По една пијачка за близнаците на Ставре, најголемиот уметник на Македонија и Грција”, викна гласно. Појде до шанкот и зграби едно шише ракија. Со ред им тури во чашите на сите гости во пансионот. Го дигна шишето високо.

“Нека се здрави и живи ангелчињата на Ставре”, викна и испи неколку голтки од шишето. Го тргна шишето од устата. Се смееше гласно.

“Газдувајте сите! Стојос плаќа. Фоти Стерјов, нашиот газда, исчезна, а газдарицата, неговата цената сопруга, се тркала во одајата со неговото височество Украинецот... Напиј се. Софијо,

наслади си ја душичката. Ако не се грижиме за пансионот, врагот ќе го однесе. Напиј се за здравје на дечињата на Ставре."

Софија Гелева крена друго шише. Се напи ракија од него. Гостите живнаа. Пондилаки се расположи. Ја запеа песната за Апостол војводата. Се изли на изненадување на докерите нежен лирски глас и ја исполни со топлина целата сала. Стојос Панајопулос полека се сврте и се изненади кога виде Пондилаки да пее. Не можеше да ја затвори устата од изненадување. Софија Гелева седеше на високиот стол, крај благајната и крадешкум го следеше секое движење на Пондилаки. Неговиот нежен глас ја разнежи и целата треперејќи од возбуда се скри во кујната и таму над големиот шпорет истури неброени солзи од жал што не можеше да го има неговото срце, ако не засекогаш, барем за миг.

Стојос Панајопулос, иако не ги разбираше зборовите на песната, почувствува како му лазат морници по телото. Мелодијата на песната како да воскреснуваше во него нешто свето. Не можеше да дотрае а да не испушти солза. Знаеше дека тоа е од песната и му беше мило. Да можеше ќе запееше. Наместо него, со чувство за придружник на прв глас, се разнесе лирскиот баритон на Маноли Стрезовски. Сите гости во пансионот им се восхитуваа на песната и на убавите гласови. Едно калешо момче, што седеше до прозорецот во стариот дел на пансионот, им го придружи својот глас. Гостите на пансионот се свртеа да видат кој е. Момчето, чувствувајќи дека го следат многу погледи, настојуваше да пее што поубаво, на што му позавиде и Јани Ронков, најдобриот бузукист во Солун, кој се подготвуваше за вечерашната претстава во пансионот.

Песната го привлече Алексеј Иванович Старовкин да слезе во пансионот. Мелодијата и гласовите што ја тегнеа како да го чукнаа во срцето. Како да имаше нешто заедничко со неа. Скоро на прсти дојде до шанкот. Иако не ги знаеше зборовите, му се чинеше како да му е позната. Некои зборови разбираше. Полека почна да ја отвори устата, и не испуштајќи глас, почна да ја следи мелодијата. Повторно му заигра сликата на Дон и за непрегледното поле. Очите му светнаа. Се појави бистра водичка во нив што се стремеше да го напушти коритото.

“Има нешто мое во оваа песна”, помисли и продолжи да ја отвара устата и да ја следи мелодијата.

Кољо Бочваров го испушти својот лирски бас. Не беше толку добар песнопоец како тројцата, но силината на неговиот глас ги затресе прозорците во пансионот. Јани Ронков не издржа да ја проследи песната како набљудувач... Ја стегна бузуката цврсто и со одмерени удари на прстите го сли нежниот звук што го испуштија жиците со гласовите на пејачите.

Пондилаки се насмевна, но не престана да пее.

“Копилето не заборавило на семката”, му пролета низ главата.

Јани Ронков почна да плаче тивко. Нежно удираше по жиците.

“Генот си е ген. Само да не се загубиме во бркотницата и да останеме сами”, помисли.

Мелодијата им струеше низ телата на присутните во пансионот и им внесуваше чувство на возвишеност. Како да ги направи посмели, свои, и повеќе не се чувствува загубен во сопственото дувло. Пондилаки го извиши гласот. Тоа го сторија Маноли и калешото момче. Бузуката на Јани Ронков се појасно почна да ја отсвирува песната. Присутните што не можеа да им се придружат со своите гласови, почнаа да плескаат со рацете во ритамот на бузуката. На скалите што водеа во одаите се појави Уранија Папајоану во свечена ноќна наметка, сивкаста по боја и наместа прозирна. Се потпре на ѕидот и и дозволи на песната да навлегува во нејзиното тело. Зборовите не ги знаеше, но мелодијата и остана врежана во умот уште многу одамна. Ја слушна од нејзиниот дедо Панајот. По толку години песната повторно и го врати ликот на проседиот брадест старец, кој секогаш и ја пееше оваа песна. Како да им велеше дека во песната е се што имаат на овоземието.

“Мојот брат Христо ја следеше оваа песна и затоа го затворија”, и пролета низ главата. И се натажи душата и сакаше да ја истави песната од себе, но никако не успеваше. Колку повеќе се

трудеше да избега од неа, толку повеќе таа и се впиваше во порите и ја држеше закована на скалите.

Фоти Стерјов на изненадување на сите што го познаваа влезе во пансионот. Песната го вознемири. Пеејќи стигна до шанкот. Му се насмевна на Стојос Панајопулос.

“Што слави Пондилаки?” го праша заинтересирано.

“Ставре Наковски има близнаци”, му одговори весело Стојос.

“Синови!”

“Син и ќерка.”

Фоти Стерјов се насмеа гласно.

“Наполни им ги чашите на сите во пансионот!”, му заповеда строго на Стојос.

Стојос Панајопулос им ги наполни чашите на присутните со ракија.

Фоти Стерјов го засили гласот, но брзо го смали зашто на вратата се појавија Хаш со двајца придружници, приврзаници на кралот, Питер Макдоналд и Дастин Бровн.

Песната ги сопре на вратата на пансионот. По лицето на Хаш избија сипаничави брунки. Жилите на вратот му набабрија. Една му се издигна над десното око и по челото. Бес се појави на неговите очи. Пена му надојде на устата. Му заигра лузната под левото око. Тропна силно со ногата и вчас ги сврте очите на присутните кон себе. Им го испрати крвавилото што му ги исполни белките на злобните очи. Им ветуваше смрт. Сепак не успеа да ја раскрши мелодијата што го исполнуваше пансионот.

“Престанете! Забрането е да се пеат вакви смрдливи песни”, викна бесно,тупкајќи со чизмите и испуштајќи пена на устата.

Пондилаки го забележа неговото дрско однесување, но не му одврати. Ја доведе песната до крајот и задоволен отпи голтка ракија. Му намигна со окото на Јани Ронков, во знак на благодарност. Стана од столот и му пријде на Хаш.

“Собери си ги парталите и да те нема од пансионов! Биди им вечно благодарен на близначињата на Ставре Наковски што ќе ја гледаш земјата со твоите погани очи. Требаше да те убијам кога првпат ми застана на патот”, му рече строго и заканувачки и го остави самиот да реши за својата судбина. Му пријде на калешото момче.

“Седни! Се викам Вангелиос Котинарис”, му се претстави момчето и му го понуди столот од десната страна на масата.

“Ти не си Македонец”, му рече Пондилаки и сакаше да го праша како стигнал до изворот на песната, но Вангелиос Котинарис испушти парче смеа.

“Чувај се од кучиња какво што е Хаш. Грк сум, демократ”, му рече гордо, и ја поткрена главата гордо. Погледот му застана на Хаш кој им даваше знак на двајцата негови придружници, Питер Макдоналд и Дастин Бровн да седнат на соседната маса. Се насмеа.

“Твојот пријател не заминува”, му рече на Пондилаки. Во очите му се всадија петмина докери, развиени мажишта чии мускули се челичеа на доковите, растоварајќи бродови, кои без да изустат збор или направат било каков израз на лицето го зграбија Хаш, и не обрнувајќи внимание на неговата избезумена пенлива уста што се искриви од страв да не му го скусат животот, го исфрлија на калдрмата, потоа се вратија мирно на масата од каде што станаа.

“Сепак си замина”, му рече и воздивна, и “Што прославувате?”, праша заинтересирано.

Пондилаки се насмеа. Момчето му стана симпатично.

“Нашиот другар, Ставре Наковски има близнаци”, му рече Пондилаки мирно и веднаш зина од изненадување.

“Ставре Наковски ми е пријател. Се боревме заедно во последнава војна. Мислев дека е мртов”, му рече Котинарис изненаден. “Можеби не е истиот. Оној со кого што се боревме заедно е од Костанерија. Бил артист во Атина.”

“Тој е. Жив е. Има близначиња. Земи си ја ракијата и придружи ни се”, го покани Пондилаки “Демократите во овој пансион седат на онаа маса”, стана и го поведе. Го препушти пред себе, но не стигнаа заедно до масата. На Пондилаки му се испречи на патот Алексеј Иванович Старовкин. Пондилаки го обзеде непријатност. Сепак, мирно го прифати налетот на Алексеј Иванович Старовкин.

“Имаме ли ние двајцата нешто заедничко?”, праша со благ израз на лицето Алексеј.

Пондилаки не му одговори. Присутните ги преселија очите на нив. Очекуваа нова бура. Фоти Стерјов пребледе од страв. Питер Макдоналд се посоветува со погледот на Уранија и одминувајќи ги се потпре на шанкот, не испуштајќи ги ни за миг од сопствениот видокруг. Дастин Бровн се чинеше дека пука од задоволство. Сакаше да бувне војна во која Алексеј Иванович Старовкин ќе го извлече подебелиот крај и ќе си замине засекогаш од постелата на Уранија Папајоану. Беше сигурен во својата претпоставка, зашто го забележа подместувањето на докерите.

Во пансионот настана тишина. Стојос Панајопулос извлече железна шипка од под шпоретот во кујната што ја употребуваше за отворање сандаци.

“Сакам да ја испеете песната уште еднаш”, рече Алексеј вознемирено со глас во кој се чувствуваше молба. “Песната ме врати на бреговите на Дон и во широките непрегледни полиња. Јас чекам.”

Пондилаки го заобиколи неговото грамадно тело. Го одмина. Застана до масата на која тукушто седна Вангелиос Котинарис. Се сврте кон Алексеј Иванович Старовкин.

“Словенската земја е голема, но ние не правиме разлика меѓу луѓето. Не ги сврстуваме во групи и подгрупи. За нас сите луѓе на светот се исти и сите песни им припаѓаат на нив подеднакво... Ако сакате повелете на нашава маса па ќе пееме заедно. Можеби ќе ја запееме песната за Апостол војводата”, му рече Пондилаки и почека Алексеј да реши дали ќе им се придружи, но бидејќи Украинецот бавно ја пренесуваше мислата низ големата руса глава, си седна на столот.

Уранија Папајоану му пријде на Алексеј Иванович Старовкин и под рака го одведе по скалите во одајата. Стојос Панајопулос се врати во кујната задоволен што не ја употреби шипката. Фоти Стерјов се олабави и се насмеа гласно.

“Пијалок за сите. Честам за иднината на Ставревите близначиња”, си наполни ракија во чашата што стоеше на шанкот, потоа ја подигна високо чашата и наздрави. Гостите на кои Стојос им ги наполни чашите му возвратија на здравицата и тој задоволно ја спушти празната чаша на шанкот. Почна да полни нова. И кога ја наполни до средината одекна песна од грлото на Пондилаки. Гостите повторно живнаа. На Пондилакиевиот глас му се придружија уште четири и бузуката на Јани Ронков.

Пансионот ечеше од силните гласови. Песната допре до Уранија Папајоану. Се насмеа. Сакаше да ја слуша, зашто беше дел од неа. Не слезе долу да им се придружи, иако имаше силна желба и самата да запее. Остана со Алексеј Иванович Старовкин, кому му станаа поинтересни нејзините мазни колкови.

Настапи ноќта. Во пансионот не се одржа редовната програма. Софија Гелева за првпат не го покажа пред гостите своето убаво тело од кое извираше мирис на каранфил. Беше среќна. Го гледаше Пондилаки, успеа да му го подземе погледот, но остана само на тоа. Кољо Бочваров не можеше да си дојде на

себе од возбудата што му се всели во телото. Не очекуваше ваква средба и чест за Ставре Наковски. Зарипна од пеењето. Доцна навечер го напушти пансионот. Ноќта ја помина во куќата на Пондилаки, на Ептапиргон.

IV

1.
Агапи Сливарова беше млада, убава и здрава девојка. Излезе од дома и се упати кон гробиштата. По пат и пријде Пено Попгонев и заедно потрчаа во шумата. Се пробиваа низ збиените дрва и задишани застанаа неколку стотини метри подалеку од гробиштата. Пено почна да и ја мазни косата. Агапи црвенееше. Се бакнаа. Срамежливо. Потоа ги измами желбата да се љубат. Легнаа на снегот. Пено и ги разголи градите. Нежно ја притискаше по градата и ја бакнуваше по вратот. Агапи Сливарова тонеше во сладок сон. Напати затреперуваше од страст и и се кочеше левата нога. Испушти сладок здив и се олабиви. Пено стана од врз неа и си ги закопча панталоните. Повторно легна до неа и се стркалаа по снегот. Се смееја. Потоа Пено стана и се воозбили. Агапи го гледаше вознемирено.

“Што ти е?”, го праша срамежливо.

“Заминувам”, и рече Пено и и го сврте грбот.

Агапи Сливарова поцрвене. Се налути. Скокна од снегот и го зграби за ракавот. Целата трепереше.

“Каде заминуваш?”, го повлече за ракавот.

Пено Попгонев ја истргна раката од нејзината.

“Ќе одам во Солун. На работа. Во селово нема доволно храна за целото семејство”, и рече мирно и тргна прудолу по планината. Агапи Сливарова потрча по него. Повторно го зграпчи за ракавот. Го тргаше силно.

“Никаде нема да одиш! Ме натрудни, па сега бегаш. Ќе останеш во Костанерија!”, му рече луто.

“Не останувам. Заминувам. Штом заработам доволно ќе те повикам да дојдеш”, и рече мирно и ја бакна за да ја смири. Го истргна ракавот од нејзината рака и потрча по прудолнината.

Агапи Сливарова потрча по него. На педесетина метри се сопна од еден подаден корен и се стркала по снегот. Се онесвести. Пено Попгонев не се сврте да си ја види саканата уште еднаш. Шмугна во шумата и го засили трчањето. Агапи Сливарова лежеше неподвижна во снегот.

2.
Кољо Бочваров се искачи на височинката. Застана да се одмори. Извади од торбата матарка и се напи вода. Ја затвори матарката и ја врати во торбата. Дивината го привлекуваше и сакаше целата да ја внесе во очите. Погледот му застана на неподвижното тело на Агапи Сливарова. Помисли дека Илинка, будалетинката на селото, се прпелка во снегот. Сепак се спушти до Агапи. Се изненади. Се наведна над неа и ја подигна од снегот. Потоа ја качи на грбот и побрза во селото. Влезе во дворот на Гоне Сливаров. Го забележа Хрисанта и врисна. Гоне се стрча кон Хрисанта. Таа му покажа со прстот кон Кољо и спрсна со трчаница да го пресретне. Запре пред Кољо и почна да плаче гласно. Кољо влезе во дворот на Гоне Сливаров. Го забележа Хрисанта. Престигна и Гоне. Беше малку подалечку од нив. Му помогна на Кољо да ја спушти Агапи на креветот.

3.
Агапи Сливарова не оддаваше знаци на живот освен што дишеше. Ја попрскаа со вода и по миг ги отвори сините очи. Заплака. Над неа Хрисанта липаше и си ги кубеше косите под шамијата. Кољо Бочваров со наведната глава излезе од собата. Гоне го испрати до вратата.

“Ти благодарам, побратиме, ми го спаси детето”, му рече и го чукна нежно по рамото.

“Нема зошто. Ние сме едно семејство”, му рече Кољо и го напушти тремот. Потоа низ дворот излезе на селската улица и тргна кон дома.

Гоне Сливаров се врати во одајата. Седна до буџакот. Тури ракија во чашата што стоеше на софрата и ја испи одеднаш.

“Имало господ”, промрморе и си тури ракија во чашката.

4.
Во новата куќа на Ставре Наковски светна светилка. Евангелија се насмеа задоволно. Се гушнаа радосни. Во аголот на собата едното дете заплака. Евангелија се одлепи од Ставре и потрча да го смири. Го крена во рацете и почна да го лулка. Детенцето го стиши гласот. Ставре се насмевна. Евангелија го легна детенцето на креветот.

“Време е да ја подготвиш софрата. Ќе дојдат гостите”, и рече Ставре и ја гушна. Се бакнаа.

“Ќе ја подготвам, ако ми помогнеш”, се насмеа Евангелија.

Ставре Наковски ја подигна на рацете и ја внесе во кујната. Ја спушти на подот. Ја бакна во челото нежно.

“Ќе ти помогнам”, и рече нежно и се подготви. Евангелија се насмеа.

“Добро, штом самиот се нудиш”, му рече и му ја подаде тепсијата со зелник да ја однесе во собата.

Ставре Наковски ја однесе тепсијата во гостинската соба и се врати повторно во кујната. Евангелија му подаде две шишиња ракија и една чинија слатки.

“Внимавај, да не ти паднат. Други немаме”, му рече низ насмевка Евангелија и му го сврте грбот.

Ставре Наковски повторно се најде во гостинската соба. Слушна тропање на вратата. Ги остави чинијата со слатки и

шишињата со ракија на софрата и побрза да отвори. На вратата го пречека насмевката на Кољо Бочваров, придружуван од сопругата.

“Нека е со среќа”, му рече на Ставре и влезе во гостинската соба. По него внатре влезе неговата сопруга Андонија.

“Седнете на софрата”, ги покани Ставре љубезно. “Евангелија направи убав зелник и колачиња. ” Му подаде чаша на Кољо и му тури ракија. Потоа си наполни и за себе. Ја подигна чашата.

“Добре дојдовте!”, им рече весело.

“Добре најдовме и секогаш да наоѓаме побогата софра”, му рече Кољо и отпи голтка од ракијата.

“Земи некое колаче! Заблажи се!”, и рече Ставре на Андонија која срамежливо гледаше во слатките колачиња.

“Благодарам, Ставре. Ќе почекам да дојде Евангелија. Потоа ќе земам”, му одврати срамежливо Андонија и си ја замота поубаво косата во темнокафеавата шамија.

“Ќе одам да видам што станува со мезето”, рече Ставре и отрча во кујната.

“Имаш гости”, и рече на Евангелија и ја бакна нежно во образот. Евангелија се вознемири. Ги избриша рацете од скутникот и побрза да се поздрави со гостите. Влезе во гостинската соба насмеана. Се ракува со Андонија и Кољо и седна на софрата. Влезе Ставре. И тој седна.

“Ти донесов поздрави од Пондилаки”, му рече Кољо.

“Го пронајде? Како е тој?”

“Одлично живеат тие во градот. Пондилаки посебно. Сила човек”, му рече Кољо и воздивна тешко. Ставре се насмеа. Андонија поцрвене. Евангелија стана и без извинување ја напушти гостинската соба. На вратата тропнаа нови гости.

Ставре Наковски го чукна нежно по рамото Кољо и побрза да им отвори на гостите.

“Нека е со среќа”, му рече Гоне Сливаров и влезе во тремот. Зад него одеше Хрисанта Сливарова и најодзади нивната ќерка Агапи. Ставре ги покани го гостинската соба. Им ја отвори вратата и ги пропушти да минат крај него.

“Чекате гости”, се јави глас од влезната врата. Ставре се сврти да види кој доаѓа.

“Повелете, влезете”, им викна весело. “Вечерва славиме.”

“Затоа дојдовме. Нека ви е честита новата куќа”, му рече Димитар Попгонев и ја поведе во тремот Донка. Ставре ги пропушти и нив крај себе да влезат во гостинската соба. Влегоа внатре и седнаа на софрата. Евангелија принесе на софрата варени компири.

“Земете, додека се топли”, им рече весело. “Се радувам кога ми е куќата полна со гости. Сите ве љубам”.

5.
Васил Дигаловски живееше на другиот крај на Костанерија во куќата што неговата мајка ја наследи од нејзиниот дедо кој беше поп во селото. Синовите на Димитар Попгонев му помогнаа да ја дотера наполу изгорената куќа. Живееше со мајка си. Се подготви со нов костум, бела кошула и вратоврска, си ги светна чевлите и цврсто ја стегна кваката. Мајка му седеше во ќошот на собата и плетеше.

“Внимавај синко! Ставре е учен човек. Живеел во Атина. Однесувај се пристојно. Немој да го посрамотиш семејството”, му рече мирно.

“Добро, мајко, ќе внимавам.”

“Не задржувај се многу. Поседи половина час и дојди си дома. Не јади многу и подалеку од ракијата. Нашата куќа секогаш била почитувана.”

“Секако, мајко. Прости, морам да одам”, и рече Васил и излезе. Надвор беше темница. Не го загрижуваше студот што му се пикна во коските. Внимателно газеше по улицата. Се плашеше да не стапне во некој од вировите. Набрзо стигна во куќата на Ставре Наковски. Тропна на вратата и почека да му отворат.

“Добра вечер и нека ви е со среќа”, му рече на Ставре кога го забележа на вратата.

“Благодарам, Василе. Влези!”, го покани Ставре.

Васил Дигаловски влезе во гостинската соба. Се поздрави со сите поединечно. Седна на местото што му го обележа Евангелија и ја прифати чашата со ракија што му ја подаде Ставре.

“Да исчекате внуци и паравнуци во куќава”, им наздрави Васил низ блага насмевка. “Најпосле се прибра селото во својата стара колевка”.

6.
Евангелија Гаспарова им подели зелник на сите. Ставре Наковски им тураше почесто ракија во чашите. Донка дофати едно од колачињата и почна да го џвака.

“Си бил артист во Атина пред војанта?”, праша заинтересирано Васил Дигаловски.

“И тоа каков артист!?”, се вмеше Кољо Бочваров. “Му ракоплескале сите господа од Атина.”

Димитар Попгонев се навали на ѕидот и запали цигара. Ставре Наковски се насмеа гласно.

“Кој ти кажал за ракоплескањата?”, праша Ставре.

“Разбрав во Солун. Докерите дадоа богата пијачка за раѓањето на твоите близначиња. Стојос Панајопулос наздрави и во

здравицата рече дека си бил најголемиот артист на Македонија и Грција", рече сериозно Кољо и не ги симна очите од Ставре.

"Точно е. Времето се смени и сега сум во Костанерија", рече Ставре и се насмеа. "Овде нема театар и ќе бидам сточар".

"Можеме да имаме театар во Костанерија. Убаво ќе се забавуваме", се вмеша Васил Дигаловски и поцрвене. "Еве, јас можам да глумам".

"Полека Василе, ова е село..."

"Се лажеш, Ставре. Нема голема разлика меѓу селото и градот. Се зависи од тоа како луѓето си го организирале својот живот. Лично сметам дека Костанерија може да има театар. Се разбира, не како оној во Атина во кој си учествувал ти, но, една мала дружина која во слободното време ќе се занимава со глума секако е потребна и треба да постои. Ќе се забавуваме за сопствениот грош", рече сериозно Васил Дигаловски.

"Нема луѓе кои ќе ги толкуваат улогите. Кому му е потребен театар во Костанерија", одмавна со рацете Ставре.

"Јас се јавувам и ќе се потрудам да глумам добро. Можеби не како што тоа го правиш ти, но, некоја улога од неколку зборови би можел да играм. Сакам да ми ракоплескаат", рече уште посериозно Васил.

"Ти си добар за улогата на Едип во истоимената драма", рече Ставре низ насмевка.

"Нека биде и тој Едип. Ќе ја дотераме Ванковата меана и таму ќе ја одржиме претсавата. Договорено."

Ставре Наковски размислуваше. Потоа се насмеа гласно и ја прифати подадената рака на Васил Дигаловски.

"Договорено", му рече на изненадување на сите што беа во гостинската соба.

“Ќе ја подготвиме драмата Едип. Јас ќе бидам тој Едип”, му рече Васил Дигаловски весело и задоволно.

Кољо Бочваров се насмеа гласно. Димитар Попгонев беше загрижен и не се смеша во разговорот. Седеше потпрен на ѕидот и пафкаше од цигарата. Седеа до доцна вечерта. Скоро полупијани си заминаа по домовите. Ставре Наковски ја гушна Евангелија и ја бакна. Евангелија му се отргна од прегушката.

“Морам да ја расчистам софрата”, му рече.

Ставре Наковски се насмеа. Ја фати за тенката половина и ја подигна високо.

“Ќе си легнеме. Доцна е. Утре раздигни ја софрата”, и рече и ја спушти на подот. Брзо се подготвија за спиење. Легнаа. Ставре дувна во пламенот на свеќата и светлината исчезна од собата.

“Спиј!”, и рече Ставре на Евангелија.

Евангелија не му одговори. Веќе спиеше.

V

1.
Васил Дигаловски, од припрост селанец, во една тивка пролетна вечер стана крал Едип. Се случи тоа што никој во Костанерија не го очекуваше. До таа вечер да им речеше некој на Костанеричани дека во селото ќе има театар, ќе го сметаа поматен со умот. Ако пак додадеше дека Васил Дигаловски ќе се претвори во крал, па нека е тоа Едип, со него повеќе немаше да водат муабет ниту за најбезначајни нешта, како на пример за осамената Илинка која со малечките педи секој ден ја мереше улицата од утро до мрак, цапајќи во калта. Вечерта спроти Велигден се собраа во Ванковата меана. Поседнаа на дрвените клупи и малкуте столови и чекаа да се крене завесата и да го видат чудото што Ставре Наковски и неколкуте Костанеричани, се разбира и Васил Дигаловски, го нарекуваа театар.

2.

Појавата, облечена во темнозелена широка наметка со венец од смрека на главата, поцрнета во образите и забелена во устата ги крена високо рацете спремна да исфрли низ белата боја зборови, ги вознемири селаните. Помислија дека е чудовиште. Се уплашија. Но тоа траеше неколку мига зашто на слабо осветлената бина го препознаа ликот на Васил Дигаловски.

Гоне Сливаров седеше во левиот агол и зашеметено ги следеше движењата на Васил Дигаловски, прашувајќи се неколку пати дали е тоа вистински театар. Многу пати во големиот град гледаше претстави под голема бела шатра, но тоа не прилегаше на играта на Васил Дигаловски. Реши за тоа да разговара со Ставре Наковски кого го сметаше за најписмен човек во селото. Но се премисли кога на бината го забележа како излегува и Ставре Наковски, преоблечен во женско.

“Се сметнал од умот”, помисли Гоне. “Нема човек со кого можам да разговарам. И Ставре бил улав.” Реши да не разговара со Ставре. Се сврте и забележа како селаните збунето ја следат играта што се одвиваше на бината.

3.
Ванковата меана се исполни со џандармерија. Претставниците на власта забележаа дека се случува нешто необично и незабележливо се вовлекоа во меаната. И самите се внесоа во играта. Не им беше јасно што се случува пред нивните очи, уморни и поцрвенети од студот.

4.
Селаните и џандармите гледаа занесено во бината. Васил Дигаловски се провикна како дива sверка и го покри лицето со дланките. Потоа ги тргна дланките од лицето. Очите му беа црвеносани. Донка Попгонева вресна.

“Оќораве Васил”, викна Хрисанта Сливарова.

Сите скокаа на нога. Уплашено гледаа во црвеносаните очи на Васил Дигаловски. Завесата се спушти и пред нив се покажа само црвената басма. Гоне Сливаров, не верувајќи им на

сопствените очи се впушти меѓу столовите и се најде зад завесата, и за малку што не се судри со Васил Дигаловски.

“Зар навистина оќораве?”, го праша не тргнувајќи го погледот од неговите очи покриени со темноцрвена боја.

Васил Дигаловски се насмеа гласно. Ја тргна бојата од очите.

“Не грижи се, ова е само земја црвеница. Тоа така се прави само за да се прикаже што повистински”, му рече Васил и самиот несигурен дали се изрази најразбирливо, зашто Гоне Сливаров се уште вџашено го држеше неговото лице во сините очи. Васил сакаше да му го симне бунилото од очите, но одекна пукот во меаната од другата страна на завесата. Тоа малку ги збрка обајцата. Ги споија погледите и откриј страв во нив.

5.
Во меаната од другата страна на завесата настана тишина. Џандармот што имаше ширити и беше заповедник на групата пукна уште еднаш над главите на селаните. Потоа отиде зад завесата.

“Подигнете го платното!”, му рече на Васил Дигаловски. “Побрзо!”

Васил Дигаловски збунето го крена платното и пред него се покажаа уплашените очи на селаните. Џандармот го турна грубо и застана пред селаните. Го врати револверот во футролата и задоволен што не мора да тропа на барабан за да ги собере од дома се насмеа гласно.

“Ова се политички работи... Мислевме дека е селото изгорено и напуштено. Сега, благовремено, за разлика од некои други села, ќе воспоставиме власт со што легално ќе можете да живеете на ова место”, рече. “Треба да избереме селски кмет, како што е редот и да поставиме власт по желба на владата во Атина и неговото височество кралот Георги”, потоа постоја да види како ќе реагираат селаните, а бидејќи тие молчеа и се чудеа длабоко закопани во сопствената потсвест, се накашла. “Најнапред да

избереме селски кмет како што е редот во државата. Имате ли вие некаков предлог?”

Ставре Наковски стоеше зад него. Џандармите не му се вклопија во неговиот свет. Го потсетуваа на оние од пред војната. Помисли да му каже да си врви по патот, но некое претчувство го предупреди.

“Нека биде кмет Димитар Попгонев, тој е најстар во селото и буглењето на домаќинлукот најдобро го води. Се разбира, ако се согласуваат сите”, рече со цел да биде поставен за кмет на селото најдобриот човек.

Заповедникот кимна со главата неодредено. Ставре Наковски не знаеше дали одобрува или не. И селаните кои брзоплетиот избор на кмет и власт ги изненади. По краткото молчење настана џагор. Се сложија Димитар Попгонев да биде кмет на Костанерија.

Ставре Наковски си ја облажни душичката и насмевка му заигра на усните. Заповедникот на џандармите се накисели. Го искриви лицето. Очите му светнаа. Му пријде на Димитар Попгонев, го потчукна по плеќите и се насмеа гласно.

“Значи, тој е првиот човек во селото”, рече гласно.

Ставре Наковски воздивна длабоко. Во салата се слушна тивко мрморење. Димитар Попгонев стоеше мирно и ги следеше тромите движења на заповедникот на џандармите.

“Извадете го надвор и отсечете му ја главата”, им нареди строго заповедникот на двајцата џандарми, кои стоеја десно од него потпрени до неваросаниот sид полн со пајажини.

Сите во салата помислија дека се шегува. Двајцата џандарми го зграпчија Димитар Попгонев за рацете и го изнесоа надвор од меаната. Ставре Наковски стоеше стаписан. Васил Дигаловски молчеше. Заповедникот се насмеа гласно.

“Ќе го убијат, луѓе. Наш човек е, селанец. Да го оттргнеме од нивните валкани раце”, викна Гоне Сливаров и тргна по џандармите што го одведоа Димитар Попгонев. Пред него се испречи пушката на високиот џандар што му се зари во градите и го предупредуваше да остане во толпата. Гоне Сливаров застана. Замолча. Го спушти погледот в земи. Заповедникот се насмеа гласно. Се заврте ненадејно и му се внесе в лице на Васил Дигаловски.

“Ти ќе бидеш кмет на селото”, му рече строго и на изненадување на сите, потоа со грлеста смеа го проследи фрлањето на белокосата глава со питоми очи на подот. “Вака ќе поминеш, ако не си со нас. Сите ќе останете без главата на рамениците, ако не ги почитувате моите наредби. Сега одете си дома!”, им заповеда строго на селаните.

Селаните молчешкум завиени во страв со несигурен чекор ја напуштија Ванковата меана. Ставре Наковски излезе последен. Надвор го дочека Донка Попгонева и му се фрли во прегушка.

“Трај, стрино Донке. Подобро скотот да не го доиме со млеко што ќе му го продолжи животот со радост”, и рече за да ја успокои.

Донка одвај додржуваше да не се провикне од болка. Никој не го забележа нејзиното присуство. Од поодамна знаеше како да се чува кога доаѓаат слугите на смртта. Затоа не писна кога ја стркалаа на подот белата глава со питомите очи на Димитар Попгонев.

Ставре Наковски ја зема во своите очи нејзината испиена става и полека, придржувајќи ја за подмишката ја поведе дома. Се пробиваа немо меѓу соселаните и молчешкум чекореа. Ја внесе во нејзината куќа и ја остави да го чека синот.

Тргна дома. Селаните се разотидоа по домовите. Сите беа загрижени. Наскоро ниедна ламба по куќите не гореше. Никој не спиеше.

Во Ванковата меана остана со џандармите Васил Дигаловски.

“Симни ја бојата од лицето! Каков кмет ќе бидеш со такво лице”, му рече строго заповедникот.

“Веднаш, господине, одам”, му одврати несигурно Васил и си го измиле лицето со водата што ја донесе Ставре во кофа за да се дегримираат по преставата. Потоа се врати и застана мирно крај заповедникот.

“Овој циркус беше доволен. Да не се повтори!”, му рече заповедникот. “Води не во твојата куќа!”, му нареди заканувачки.

Васил Дигаловски несигурно зачекори. По него тргнаа џандармите, предводени од заповедникот. Влегоа во куќата на Васил Дигаловски и се сместија во приземјето. Надвор поставија стражи. Заповедникот легна на креветот а другите џандарми полегнаа по душемето. Наскоро заспаа.

Васил Дигаловски се качи во горната одаја. Го дочека мајка му.

“Што се случува во селото, синко. Кои се овие луѓе што ги доведе дома? Пријатели ли ти се?”, праша загрижено мајка му.

“Молчи, мајко, молчи!”, и рече тивко и влезе во другата одаја. Легна на креветот и остана со отворени очи, замислен.

VI

1.
Џандармите од Костанерија заминаа на изненадување на сите. Селаните здивнаа. Петнаесет дена подоцна, Ставре Наковски стоеше потпрен на трошниот ѕид на Ванковата меана и го чекаше Гоне Сливаров. Требаше да заминат високо во планината и да ловат дивеч. Погледот му шараше по околината. Се изненади кога ја виде колоната џандарми и зад нив запрежната кола во која беа еден маж, жена и две дробни дечиња. Се истави од ѕидот и со трчаница отиде дома. Евангелија го забележа неговото вознемирено лице. Се уплаши.

“Доаѓаат џандармите”, и рече Ставре и се спушти во подрумот. Ја скри пушката во еден од кошовите и се искачи по скалите во гостинската соба. Потоа излезе надвор. Седна пред вратата и гледаше во колоната џандарми.

“Војувавме за други да си го топлат газот”, промрморе и не го симна погледот од џандармите.

Џандармите ги водеше истиот заповедник. Застанаа пред Ванковата меана. Слегоа од коњите.

“Милкијадисе, продолжи до онаа куќа и чекај ме!”, му рече на човекот што седеше во запрегата. Милкијадис ги удри воловите со тенката прачка и тие тргнаа. Застанаа пред куќата на Васил Дигаловски. Заповедникот ги остави џандармите пред Ванковата меана и појде по запрегата. Кога стигна до неа, слезе од коњот и приjде до вратата. Тропна силно. На вратата се појави Васил Дигаловски. Трепереше од страв.

“Повелете, господине, мојот дом е секогаш отворен за добри гости”, му рече со треперлив глас Васил и му покажа со раката да влезе во куќата.

Заповедникот се насмеа гласно. Се сврте кон запрегата. Ја подигна раката високо.

“Господине Цакондас, повелете! Овде ќе биде вашиот иден дом”, му рече заповедникот и влезе во куќата.

Милкијадис Цакондас слезе од запрегата. И подаде рака на сопругата Евридика, слабичка жена наместа со впечатливи модрици на зараснати рани од прележана овчја сипаница, и таа слезе од запрегата. Потоа ги прифати едно по друго трите дробни дечиња. Евридика застана на нозе. Лицето и се на него беше ситно, изгледаше ненахрането и болно. Трите дечиња, женски, стапнаа на дрвениот праг на двокатната куќа. Лижеа шекерчиња.

“Повелете, влезете! Ќе ми биде мило да живеете во мојата куќа”, рече понизно Васил и ги пропушти покрај себе да влезат

во куќата. Потоа и самиот влезе внатре. Во одајата го пречека строгиот поглед на заповедникот на џандармеријата.

“Така, сега селото има кмет и власт”, рече грубо. Му подаде пушка со кратка цевка на Милкијадис. “Немој да ја чуваш за личбота. Убивај се што ќе ти застане на патот.”

“Договорено, господине”, му рече Милкијадис.

“Подготви ручек за моите луѓе!”, му заповеда на Васко. “Тука сме за половина час.”
Васила. “Тука сме за половина час.”

“Не играј се! Ако нема ручек отиде главата”, му рече строго заповедникот, направи питом поклон што се однесуваше на Евридика Цакондас и излезе од куќата.

“Сместете се, господа”, им рече Васил на новодојдените и се искачи по скалите во горната одаја. Го пречека мајка му. Беше лута.

“Си се здружил со ѓаволот, синко. Куќата ќе ти ја запустат”, му рече луто.

Васил не и одговори. Го одмина креветот на кој лежеше таа и влезе во другата одаја.

2.
Милкијадис Цакондас ги растовари пљачките од запрегата и ги внесе во куќата. Евридика ги качи дечињата на креветот и почна да ги средува рубите во еден шифоњер што самуваше празен во аголот спроти прозорецот. Дечињата ги лижеа шекерчињата и повремено се насмевнуваа. Милкијадис ги отпрегна воловите и ги внесе во шупата зад куќата. Се врати во куќата задоволен.

3.
Десетмина џандарми предводени од заповедникот слегоа од коњите. Ги врзаа коњите за оградата и влегоа во куќата на Васил Дигаловски, во одајата во која се смести семејството на

Милкијадис Цакондас. Седнаа на големата маса. Заповедникот беше задоволен. Се смееше заразно.

“Почнете со јадењето! Оваа куќа е наша. Домаќинот чести”, им рече на џандармите и почна да јаде.

Милкијадис Цакондас беше збунет. Евридика исто така. Трите девојчиња ги лижеа шекерчињата и уплашено гледаа во џандармите. Васил Дигаловски стоеше го аголот покрај шифоњерот и молчеше. Заповедникот го прострели со поглед.

“Седни да ручаш со нас”, му заповеда строго.

Васил Дигаловски не се помести од местото. Џандармите престанаа со јадењето. Милкијадис ги селеше очите од заповедникот на Васил. Наслутуваше бура. Евридика му приjде на Васил и нежно го фати под рака. Го доведе до големата маса и го спушти во столот десно од заповедникот.

“Можеби не е гладен. Пред малку јадеше”, понизно му рече на заповедникот.

Милкијадис Цакондас се уплаши.

“Лаже кучката. Сака да го спаси”, помисли и се тргна два чекори назад. Седна на креветот до девојчињата. Молчеше и ги следеше мрзоволните движења на заповедникот.

Васил Дигаловски почна да јаде. Заповедникот се насмеа иронично. Џандармите продолжија да џвакаат компири. Евридика воздивна тешко. Беше задоволна што помогна да не се пролее крв во куќата во која штотуку се всели.

4.

Џандармите завршија со ручекот. Гласно смеејќи се излегоа од куќата на Васил Дигаловски, ги јавнаа коњите и без поздрав го напуштија селото. Васил Дигаловски стоеше на еден камен потпрен до оградата и молчеше. До него, замаглен во погледот, самуваше Милкијадис.

“Да влеземе внатре, господине Дигало”, му предложи Милкијадис.

“Да влеземе, господине Цакондас”, му одврати Васил и се одвои од оградата. Со бавен чекор влезе во куќата. По него низ отворената врата влезе и Милкијадис.

“Простете што ќе ве напуштам, но ќе прилегнам малку”, им се извини Васил Дигаловски и следен од нивните испитувачки погледи се качи во горната одаја. Помина крај креветот на мајка си и невелејќи и ништо влезе во другата одаја. Легна на креветот несобуен и се загледа во една црна дамка на таванот.

“Отиде се во мајчината”, му пролета низ главата и ја зари во перницата.

5.
Евридика Цакондас ги помилува девојчињата по долгите руси коси и им даде уште по едно шекерче. Му се опули на Милкијадис кој седеше на масата и јадеше варен компир.

“Згазнавме во змиско гнездо”, му рече Евридика загрижено.

“Не ме прашувај мене што да правиме. Дојдовме во селото за да му служиме на кралот и владата и не гледам зошто би било поинаку. Не ми е грижа дали некој ме сака или не. Мое е да спроведам власт во селото. И ќе ја спроведам па макар сечел стотици глави”, и одврати нервозно.

“Како милуваш, но човекот живее со другите луѓе а не со животните или сам како ѓавол. Ти си домаќин во семејството и се грижиш за нас. Прави како си милуваш. Сепак, внимавај! Ова село е змиско гнездо”, му рече и легна на креветот.

Молчеа. Собата ја обви чудна тишина.

VII

1.
Кон Костанерија полека се движеше запрежна кола натоварена со буриња и вреќи. Со воловите управуваше човече со залижана

коса и долги побелени мустаки. Покрај колата на бел коњ јаваше црномурест човек со чизми. Лицето му беше брадосано и носеше измастена црна мантија над која висеше сребрен крст.

“Костанерија сигурно е малечко село. Не ќе можеш да се збогатиш брзо”, рече попот.

“Не ми се брза. Нашата работа е подолгорочна. Ќе видиме”, му одврати човекот и ги удри со камшикот воловите.

“Како милуваш, Стефанос, само не е селото најпогодно за трговија”, рече попот.

“Не е ни за црковна работа, па одиш како на свадба”, му одврати Стефанос.

“Зинда Нијархос секогаш победувал. Ќе се вратам од Костанерија со куфер златници.”

“Сполај ти, попе, ако можеш зошто да не”, му рече Стефанос и сврте во селската улица.

Зинда Нијархос го збодна коњот и ја одмина запрежната кола. Застана пред Ванковата меана. Пред него се испречи Милкијадис на кого сабјата му се влечеше по прашината.

“Добар ден, попе. Добре дојде во Костанерија”, се насмевна Милкијадис.

Зинда Нијархос слезе од коњот. Се ракува со Милкијадис.

“Здраво стара мустро, одамна не сум те видел толку весел”, му рече попот.

“Сега сум власт. Внимавај што зборуваш”, му рече Милкијадис и се насмеа гласно и заразно.

“Имаме гостин, Милкијадисе. Ни доаѓа новиот трговец.”

Милкијадис не престана да се смее. Стефанос ги подигна нозете и скокна од запрегата.

“Добар ден, господине Милкијадис”, со насмевка поздрави Стефанос.

Милкијадис Цакондас го погледна строго трговецот.

“Така значи, Стефанос маџирот ми го испратија во вилаетот. Добро сторија, подобар нема во целата земја. Добре дојде!”

Зинда Нијархос се насмеа гласно и заразно. Милкијадис го погледна под око.

“Каде да се сместам, господине Милкијадис?”, праша понизно Стефанос.

Милкијадис почека попот да престане со заразното смеење. Потоа го пресели погледот на маџирот.

“Овде, на ова место. Мојата куќа е претпоследна од лева страна”, му рече Милкијадис и му покажа со раката кон куќата на Дигалови. “Растовари со во оваа куќа. Некогаш служела за продажба на стока и прехранбени производи. Внатре има простор за кафеана. Мислам, ќе ти биде добро...”

“Благодарам, господине Милкијадис”, понизно му рече Стефанос и го заобиколи. Влезе во Ванковата меана. Разгледа внатре и излезе. Застана до Милкијадис.

“Што е, не ти се допаѓа?”, се пошегува попот.

Стефанос ги наведна очите.

“Зборувај што те прашува попот”, му заповеда Милкијадис.

Стефанос ја подигна главата и погледна неодредено.

“Одлична е. Ќе ја растоварам запрегата. Воловите се уморни и треба да се одморат. Простете”, се извини понизно и тргна кон запрегата.

“Почекај, Стефанос, се уште не си ја заработил просторијата”, му рече иронично Милкијадис.

“Молам понизно, господине Милкијадис, повелете! Кажете што треба да сторам и се ќе биде по ваша желба.”

“Како да не си изненаден од мојот предлог”, се зачуди Милкијадис и се збуни. Не знаеше што да му каже на Стефанос. Зинда Нијархос се насмеа заразно.

“Првото следување ќе го однесеш во куќата на господинот Милкијадис и немој случајно да пишуваш белешка. Потоа ќе донесеш во црквата. Колку да се знае дека си му мил на бога. Сега растовари ги работите и биди спокоен”, му рече попот и седна на клупата пред Ванковата меана.

Стефанос почна да ја растовара стоката. Ги симна вреќите. Се испоти.

“До вечер да биде отворена меаната”, му заповеда Милкијадис, потоа се сврте кон попот.

“Јас немам дуќан”, ги слезе раменицте Зинда Нијархос.

“Да одиме во црквата. Ќе те запознаам со селаните”, му рече Милкијадис. “Биди внимателен! Населението е вознемирено и може да бувне, па да страдаме без потреба двајцата.”

2.

Црквата беше педесетина метри надвор од селото. Зад неа се протегаше густа костенова шума. Покривот и се црвенееше и се забележуваше од далеку. Фасадата одамна ја изгуби првобитната боја. Снегот и дождовите што паѓаа во планината ја избришаа бојата. Зинда Нијархос го пушти коњот да пасе во големиот двор. Милкијадис зазвони со големото звоно. Потоа излезе во дворот и му се придружи на Зинда Нијархос.

“Што ќе правиме сега?”, праша попот љубопитно и мрзоволно.

“Ќе чекаме да се соберат селаните. Време е да почувствуваат божји човек во селото. Ни недостасува уште учител и да бидеме комплетни.”

“Наскоро ќе имаме учител во селото. Го познавам. На прозивката бевме заедно. Ќе дојде есенва”, рече попот и се насмеа.

“Доаѓаат селаните. Биди внимателен! Сега си повторно поп”, го предупреди Милкијадис.

3.
Селаните навираа од сите страни во црковниот двор. Беа вознемирени. Ставре Наковски чекореше полека и внимателно. Покрај него прусаше Гоне Сливаров. Влегоа во дворот и застанаа понастрана од другите.

Милкијадис Цакондас го чукна нежно по рамото попот и ја подигна раката за да се смират селаните. Набргу настана молк. Милкијадис си ја голтна плунката.

“Луѓе”, им викна на селаните и погледна во небото. “Поминаа многу божји денови а нашата црква не им ги отвори вратите на сите што сакаа да му се поклонат и да ја покажат сета своја наклонетост на божјиот син. Отсега натаму ќе биде поинаку. Денес пристигна новиот поп на Костанерија и ми претставува задоволство да ви го претставам. Тоа е божји човек со меко срце и со разбирање за сечија мака. Пред вас му го предавам божјиот храм, нашата селска црква и барам од вас да умеете да го цените тоа. Новиот поп се вика Зинда Нијархос и стои до мене. Толку од мене”, рече Милкијадис и си ги навлажи усните со јазикот.

Зинда Нијархос не беше воодушевен од местото што му го довери власта да го претвори во послушно стадо овци, кое власта ќе го стриже кога ќе и се посака. Му се стори дека без проблеми ќе ги постави огламниците на стадото што стоеше

пред него. Во толпата луѓе што застана пред него и Милкијадис, го забележа Ставре Наковски. Насмевката му заигра на усните.

“Ќе ми помогне копилето. Кај него ќе се сместам. Бесплатна храна и се што му следува на поп во селото”, помисли и се проби меѓу селаните до Ставре. Застана пред него. Му се насмевна благо.

“Помогни ми да се вратам меѓу луѓето”, му рече попот и му ја подаде раката да се поздраваат.

Ставре Наковски го изгледа полека неговото брадесто лице и старата валкана црна мантија над која висеше сребрениот крст.

“Што му згрешивме на бога та ни го прати на гости овој убиец”, му пролета низ главата на Ставре. Се сврте и без да ја прифати подадената рака на Зинда Нијархос зачекори кон селото. По него тргна Гоне Сливаров. Чекореа молкум.

“Го познаваш попот?”, праша заинтересирано Гоне.

“Се запознавме во Атина. Тогаш беше распопен. Деновите ги минуваше во пијанчење, комар и жени, а многумина тврдеа дека никогаш не ќе успее да го избрише крвавилото од рацете. За пари убиваше. Германците го плаќаа добро. Си ја уби мајка си заради парите. Секој ден доаѓаше во кабарето каде бев вработен како артист. Скот. Кој ли го донесе во Костанерија, мозокот да му се исуши.”

“Покроце Ставре. Човекот ти подаде рака да се поздравите. Можеби се изменил. Се се случува во животот.”

“Таквите каков што е тој не се менуваат преку ноќ. Секогаш остануваат исти. Се што е во нивна близина мириса на расипано. Ќе потече крв во селото. Ќе страдаат многу. Можеби првиот ќе бидам јас.”

“Да не мислиме на тоа. Има власт во селото. Имаме кмет. Наше е да живееме чесно.”

“Така е, стрико Гоне. Ќе живееме чесно исто како што го правевме тоа пред војната.”

“Смири се, Ставре. Не верувам дека ќе го вратат времето назад.”

“Веќе го вратија. Зинда Нијархос ќе ги врши божјите работи на грчки јазик а во селото освен Милкијадис и попот нема ниту еден Грк. Зар си слеп да го видиш тоа?”

“Сепак, да почекаме. Времето ќе покаже. Да почекаме”, му рече Гоне и сврте во дворот на својата куќа.

Ставре Наковски продолжи да чекори по прашливата улица. Застана пред Ванковата меана. Збесна кога го забележа маџирот. Не му рече ништо туку продолжи кон дома.

4.
Зинда Нијархос застана до Милкијадис. Ги гледаше собраните селани и во нивните погледи забележа недоверба. Зборуваше. Селаните не го разбраа она што Зинда им го кажа. Завладеа тишина. Зинда Нијархос почна да ја проколнува владата што го испрати во Костанерија.

“Прости”, му рече тивко на Милкијадис и влезе во црквата.

Милкијадис ја забележа вознемиреноста на лицето на попот. Се насмеа.

“Одете си дома и редовно да доаѓате во црква”, им рече строго.

Луѓето не се поместија од местата. Гледаа во неговото темно лице и му пркосеа.

“Одете си дома, луѓе!”, викна Милкијадис повторно. Поцрвене во лицето.

Никој од селаните не се помести.

“Одете си дома, проклети да сте!”, рикна на нив Милкијадис и го извлече пиштолот од футролата. Го впери во нивните гради.

Донка Попгонева стоеше близу до Милкијадис. Плукна пред нозете на Милкијадис и се сврте полека кон другите селани.

“Да си одиме дома, луѓе! Комедијата заврши”, им рече гласно и зачекори. По неа тргнаа другите селани. Излегоа од црковниот двор и се упатија кон своите домови. Не разговараа. Тивко го напуштија просторот и ги затворија вратите на своите куќи.

Милкијадис стоеше некое време и замислен влезе во црквата. Зинда Нијархос стоеше крај олтарот. Го крена погледот и ги дофати очите на Милкијадис.

“Див народ”, му рече попот.

“Ќе го спитомиме. Затоа сме овде. Кралот и владата имаат доверба во нас, затоа не испратија. Ние треба да се трудиме да ја спроведеме нивната замисла. Тоа е се, господине попе. Затоа внимавај како се однесуваш”, го предупреди Милкијадис. “Прости, но морам да си одам.”

“Каде да се сместам? Не мислиш да спијам на улица или во црквава”, му рече иронично попот.

“Зад црквата има мала куќа. Ќе ти биде удобно во неа. Довидување, попе. Внимавај како ќе го припитомиш стадото, инаку”, му врати иронично Милкијадис и излезе од црквата. Преку дворот помина брзо, потоа со бавен чекор стигна дома. Седна на масата и ја навали главата на неа. Трите девојчиња му се фрлија на грбот и тој грубо ги истера на креветот. Евридика го погледна строго, но Милкијадис не успеа да и го смести погледот во своите очи, ја наведна главата над масата и остана така да мирува.

VIII

1.

Ставре Наковски не можеше да си ја успокои возбудеността. Мислеше на Зинда Нијархос. Беше се повознемирен. Се враќаше од Бојмица. Не пазареше во дуќанот на Стефанос. Кога стигна до кафеаната sирна и внатре го забележа попот, Васил Дигаловски и Милкијадис како играат ксира и пијат ракија. Се смееја гласно и повремено се чукнуваа по рамениците.

“Копилиња, ќе ни ја уништат семката”, промрморе и тргна дома. Чекореше тромо по прашината. Лицето му беше потемнето од сонцето и се потеше.

“Ќе мора нешто да се стори инаку ќе станеме Грци”, умеше. Замижа и ја протресе бујната црна коса, небаре ќе го истера бунилото од главата. Влезе во дворот и по триесетина чекори седеше покрај буџакот и долго време не се сврте да им ги види разиграните ноџиња и рачиња на близначињата кои игриво се умилкуваа околу дојките на Евангелија која беше скоро сосема исклучена од секојдневието на селото.

“Што е за тебе животот, Евангелијо?”, ја праша ненадејно Ставре.

Евангелија се насмеа милно. Близначињата и се нафрлија на набабрените од млеко дојки.

“За мене животот си ти и овие две наши дечиња”, му рече весело и им се сврте на дечињата.

“Ќе има ли господ милост”, промрморе Ставре. Влезе во другата одаја и легна на креветот. Замижа. Уморот го совлада и заспа.

2.
Зинда Нијархос фрли карта на масата. Се насмеа грубо.

“Ти си на ред”, му рече и го чукна Васила по рамото. Васил се насмеа несмасно и фрли карта на масата.

“Зар таква карта фрлаш?”, се зачуди Милкијадис.

“Имам и подобра од неа”, се правдаше Васил.

Зинда Нијархос се почеша по косата. Ги згрчи усните. Ги фрли картите на масата. Милкијадис го погледна зачудено. Васил Дигаловски ја наведна главата срамежливо.

“Што се случува со тебе, Зинда?”, му рече луто Милкијадис.

“Сешто, господине Милкијадис. Некои луѓе во селово се привилегирани од власта. Се однесуваат кон црквата како да е беззаба лавица. Како да живеат во друга држава”, бесно му одврати Зинда.

Милкијадис Цакондас си го подигна појасот и си ја закопча блузата. Стана од столот. Гореше од лутина.

“Никој не е привилегиран во ова село. Мене ме магарчиш?”, му се опули Милкијадис и се фати за пиштолот.

“Тогаш, зошто Ставре Наковски не ги носи децата во црква и да ги крстам каков што е редот во оваа држава. Можеби тој живее во друга држава и ги крстил во друга црква?”

Милкијадис Цакондас воздивна длабоко и ја спушти раката од футролата во која мируваше пиштолот. Се насмеа заразно и го исполни меанчето со груба смеа. Го погледна строго Васил.

“Каков си ти кмет. Веднаш да се повика Ставре Наковски на одговорност. Уште утре да ги однесе децата в црква”, му грмна на Васил.

Васил Дигаловски понизно се поклони. Си ги стисна рацете од страв.

“Се ќе биде во ред, господине Милкијадис”, одвај промрморе.

“Уште денеска и тоа во овој миг. Ќе не одведеш кај него и самиот да каже што мисли. Копилето си одбрало нова црква. Ти, Василе, молчиш и го заштитуваш, нели?”, бесно викаше

попот. “Станувај! Ќе одиме тројцата. Сигурно не очекува”, стана од столот попот и тргна кон вратата.

“Треба внимателно да се изведе тоа”, се поколеба Милкијадис. “Може да си створиме неприлика.”

“Каква власт си, Милкијадисе? Тргнувај! Си се уплашил а ваму си власт. Ако ти е страв, извади го пиштолот и тргнувај! Пукај, убиј некого, па да се знае дека си власт”, му рече попот и излезе од меаната.

Милкијадис си го истри лицето со рацете. Го зграби Васила за ракавот на палтото и го истурка пред себе.

“Да одиме! За се си виновен ти. Каков кмет поставиле!? Зошто не ме прашаа мене? Оди!”, го турна грубо.

Васил Дигаловски излезе од меаната и му се придружи на Зинда Нијархос. По нив излезе Милкијадис. Беше црвен во лицето и лут.

“Тргнувајте! Ќе ми плати тоа копиле”, рече Милкијадис и тргна на чело на тројката.

3.
Влегоа во куќата на Ставре Наковски како фурија, готови да посеат троскот во нејзините одаи. Ги дочека Евангелија Гаспарова. Се уплаши, но набргу се смири.

“Повелете, господа”, ги поздрави негостољубиво и вознемирено.

Зинда Нијархос збесна.

“Каде ти е сопругот?”, викна попот и тропна со чизмата по подот.

“Не е дома. Во планината е. Бере дрва”, излажа Евангелија. Не поцрвене во образот.

Зинда Нијархос бесно ‘ржеше. Ја гледаше испитувачки. Евангелија одвај издржа да не врисне од страв. Се уплаши да не им сторат нешто на дечињата.

“Зошто толкава лутина, господине Милкијадис? Ние сме чесни луѓе. Целото село го знае тоа”, проба да го смири бесот на Зинда Нијархос.

Милкијадис се почеша по косата. Го смири изразот на лицето. Го фати попот за ракавот на мантијата и го повлече кон вратата. Попот се истргна од неговата рака и и се опули на Евангелија.

“Пренеси му на Ставре и заедно со него утре да ги донесеш децата в црква, да ги крстам. Ако не ги донесете ќе ти ја отсечам главата”, и рече бесен што не го затече Ставре во куќата. Потоа излезе низ вратата. По него собата ја напуштија Милкијадис и Васил Дигаловски. Се најдоа на прашливата улица и зачекорија молчешкум.

IX

1.
Заканата на Зинда Нијархос се пронесе како чума по селото. Цела ноќ светеа кандилата во селските куќи. Сите се молеа да не стане зло. Ставре Наковски стана порано. Се подготви набрзина и отиде во планината по дрва. Евангелија го испрати до првите костенови дрва зад куќата.

“Внимавај на дечињата! Можеби ќе се задржам во шумата”, и рече нежно Ставре и зачекори во густата шума.

“Оди, мил мој, само оди! Не грижи се! Јас ќе се снајдам. Подобро да не знаеш ништо”, промрморе задоволно Евангелија. “Можеби беше подобро да му кажам што се случи вчера? Маж е, ќе преземеше нешто. Не, не. Подобро е вака. Него можат да го убијат. Јас сум жена и нема да ме гибнат”, се насмевна Евангелија и се врати во собата покрај дечињата кои се уште спиеја. Седна на креветот замислена. Времето одминуваше и стануваше се повознемирена. Одеднаш скокна од креветот и ги рашири очите од она што го виде.

“Каде е? Реков да ги доведеш в црква, кучко”, бесно ‘ржеше Зинда Нијархос и тропаше нервозно со чизмите.

По него со чавкина врева влезе Милкијадис. И тој почна да чекори нервозно по одајата.

“Ставре не е се уште вратен од планината”, им рече уплашено Евангелија и стана од креветот. “Повелете, седнете! Ќе ви турам ракија.”

“Ќе ти дадам јас тебе ракија, кучко славомакедонска”, рикна попот и ја разбуфта со клоци. Евангелија си го покри лицето. Не писна . Попот ја удираше со тупаници. И прокрвари носот, устата. Забите и попуштија пред кундакот на краткоцевната пушка на Милкијадис, се накривија, испуштија црвенило кое потече низ правилната нежна уста и го поцрвене целото лице.

Попот се истави од неа. Милкијадис исто така. Беа задишани. Евангелија лежеше на подот претепана. Одвај дишеше. Лицето и беше покриено со крв.

“Подготви ги децата и в црква!”, беснеше Зинда Нијархос.

Евангелија молчеше и диво гледаше во неговите очи од кои искреше сериозна закана. Не се помести. Го плукна в лице и му го поцрвене.

Милкијадис се насмеа. Внимаваше неговата насмевка да не ја забележи попот. Зинда Нијархос збесна. Извлече од под мантијата нож со две острици и приjде до креветот. Го збраби машкото дете и му го стави ножот на гркланот. Детето врисна уплашено и исфрли солзи по лицето. Беше малечко за да распознава добро и зло. Ножот како прерано да разбуди нешто во него. Врисна и другото дете. Зинда Нијархос не го симнуваше погледот од Евангелија. Се закани уште еднаш ставајќи го ножот на грлото на детето.

Евангелија Гаспарова воздивна длабоко. Стана од подот.

“Ваша сум, правете што сакате со мене”, им рече.

Зинда Нијархос се насмеа задоволно. Ја потера Евангелија кон селската црква. Милкијадис прусаше по нив смеејќи се цинично. Дечињата пиштеа. Одеа по единствената улица. Прашината им се зариваше во чевлите. Од куќите се подаваа скриените погледи на селаните. Изврвеа по улицата и влегоа во црквениот двор. Евангелија застана. Попот ја турна грубо. Таа ги испушти дечињата и се зари со носот во прашината. Дечињата заплакаа избезумени од страв и си ја побараа мајка си. Евангелија почувствува како и потече топла крв од носот. Ги прифати дечињата кои се дофатија за нејзиниот фустан. Попот ја зграби за рамеиците и ја повлече со себе во црквата.

На улицата се појавија селаните. До нив допреа пискотници што излегуваа од устата на Евангелија. Совеста како да им раскопа по бедотијата. Тргнаа неми и диво загледани едни во други. Одеа по трагите на пискотот. Влегоа во црквата. Стравот како да исчезна од нивните лица. Евангелија Гаспарова Наковска лежеше, силувана на подот, тонејќи во бесознание. Врз неа плачеа избезумените дечиња. Селаните ги подигнаа двете близначиња кои ронеа солзи над мајка си, им ги избришаа очињата со шамивче и ги лулнаа да се смират. Гоне Сливаров со уште тројца мажи ја подигнаа Евангелија од црковниот под и на раце ја изнесоа од црквата. Ја поведоа дома. Чекореа бавно. До нив, нешто подалеку од црквениот двор прижде Кољо Бочваров.

“Како да пропаднаа в земја попот и Милкијадис”, му рече на Гоне.

“Пребаравте ли се?”

“Никаде ги нема. Нема да вдишат воздух ако ги пронајдам”, се закани Кољо и воздивна длабоко и тажно.

“Копилиња”, викна Гоне и ја клоцна дворната врата. Ја внесоа внатре во куќата Евангелија. Нежно го спуштија обесчестеното тело на Евангелија и излегоа надвор. Две жени ги спуштија дечињата на другиот кревет и и помогнаа Евангелија да се

соземе. Хрисанта Сливарова стопли вода во котлето што висеше над буџакот и со неа ја исчисти крвта што се беше засирила на нејзиното лице. И потекоа солзи, небаре плачеше врз сопствената судбина. Успеа да ја поврати во живот и по два часа ја оставија сама со дечињата. Евангелија ги легна дечињата во креветот и самата легна до нив. Од очите и извираше страв. Очекуваше нова бура.

2.
Зинда Нијархос и Милкијадис со трчање се одалечуваа од Костанерија. Уплашени, не се вртеа назад да видат дали некој ги брка. Милкијадис дишеше тешко.

“Ти си виновен, копиле белосветско. Ќе ми ги убијат сопругата и дечињата”, викаше Милкијадис по попот и трчаше.

“Не лелекај! Внимавај да не се сопнеш од некоја гранка. Ќе те оставам да те изедат со заби. Во ова село таквите како тебе живи ги дерат со заби.”

Трчаа. Набргу стигнаа во гратчето. Задишани и уплашени влегоа во зградата на џандармеријата. Ги пречека заповедникот што го наименува Милкијадиса за власт во селото. Се зачуди кога ги виде уплашени.

“Селаните кренаа бунт. Ќе ја турнат државата”, викна Зинда Нијархос воспаничено.

“Ќе ми ги убијат сопругата и дечињата”, залелека Милкијадис и си го покри лицето со здебелените дланки.

“Помагајте, господине заповедниче, помагајте ако знаете за бога!”, замоли понизно Зинда Нијархос и очите му светнаа диво.

“Смирете се! Ќе тргнеме веднаш. Ќе видиме кој се кренал против власта и кралот”, викна заповедникот.

“Побрзајте, господине заповедниче! Ќе ми ги убијат сопругата и дечињата. Проклети да се, изроди!”, лелекаше Милкијадис.

“Тргнуваме веднаш”, им рече заповедникот. “Подготвите ги коњите!”, му заповеда на џандармот што стоеше покрај него и вџашено гледаше во попот и Милкијадис.

Излезе од канцеларијата. Кога се врати заповедникот беше подготвен за пат.

“Тргнуваме, господине заповедниче”, му рече понизно и излезе од канцеларијата. По него излегоа заповедникот, попот и Милкијадис. Се качија на коњите и тргнаа. Патот ги водеше низ раззеленета шума. Немаа желба да и се восхитуваат на природата. Можеби беа такви скроени. Влегоа во селото и застанаа пред меаната. Слегоа од коњите.

“Стигнавте, господине заповедниче”, ги дочека понизно и уплашено Васил Дигаловски.

“Кој се дрзнал да го сотре кралството?”, викна на него заповедникот.

Васил Дигаловски молчеше. Не знаеше што да му одговори.

“Водиме кај бунтовникот!”, рече заповедникот.

“Наваму, господине”, му рече попот и го поведе кон куќата на Ставре Наковски.

Влегоа во дворот. Од зад куќата излезе Ставре Наковски. Носеше секира во рацете. Фрчеше од лутина. Тргна да му ја расцепи главата на попот. Заповедникот го извлече пиштолот од кожната футрола и испука два куршума во десната нога. Ставре Наковски се стркала во прашината. Заповедникот му приjде и го погледна иронично.

“Креваш рака на кралството? Врзете го за дрвоно!”, викна заповедникот и се насмеа цинично.

Двајца џандарми го зграбија Ставре и со ортома го врзаа за дебелиот костен. Тој преташе, но ништо не им можеше. Зинда

Нијархос се смешкаше иронично. Милкијадис влезе во куќата. Евангелија седеше на креветот. Беше уплашена.

“Станувај и право в црква!”, и заповеда строго Милкијадис.

Евангелија стана од креветот. Му пријде на Милкијадис и го плукна в лице. Милкијадис си го избриша лицето со раката и се воозбили.

“Не сум виновен јас. Ќе те убијат, ако не ги послушаш”, и рече со молбен глас.

Евангелија не го послуша. Зинда Нијархос влезе во одајата. И залепи шлаканица. Евангелија не испушти глас.

“В црква со децата”, викна цинично низ насмевка попот.

Евангелија се скамени од страв. Се повлече до креветот и ги гушна дечињата. Тие писнаа уплашени. Заповедникот влезе во одајата. Попот и ги истргна дечињата од рацете и почна да ја буфта со клоци. Евангелија се опираше. Попот ја удри со нога в глава и таа се онесвести.

“Освестете ја”, заповеда заповедникот на џандармеријата.

Џандармот што го следеше заповедникот зграби едно тенџере полно со вода и и го истури врз главата. Евангелија ги отвори очите. Плачот на дечињата и го помати умот. Остана да лежи на подот. Двајца џандарми ја зграбија под мишка ја изнесоа надвор. Ја влечеа по улицата. Трет џандарм со мустаќи ги носеше двете дечиња кои вриштеа избезумено.

Ставре Наковски рикаше и се напрегаше да ја скине ортомата. Го оставија сам во дворот врзан за дрвото. Селаните повторно ги подадоа очите под пердињата. Нивните питоми погледи, исполнети со омраза и страв, наидоа на цевките на пушките вперени кон нив. Селаните корнеа месо од себеси, колнејќи го денот кога решија да се вратат во своето огниште. Но тоа беше единственото што го имаа на светот. Отсекогаш беше нивно.

“Не измамија да ги истераме Турците. Кога ги истеравме ни зедоа се. Сега ни го бараат генот”, и рече Ичко Бонев на сопругата и ја спушти завесата.

Евангелија Гаспарова Наковска порвторно се онесвести во црквата. До селаните не допре пискот. По половина час, влечејќи се полека со децата црвсто стегнати на градите, се враќаше дома. Не гледаше во пенџеријата. Знаеше дека ја следат очите на соселаните. Можеби тоа беше заради солзите што и го матеа виделото. Стигна до куќата. Не го забележа Ставре во дворот. Очите и заиграа уплашено. Ги стави дечињата во креветот да плачат и излезе да го побара. Не го пронајде. Застана до дебелиот костен.

“Го убиле, проклети да сте!”, промрморе уплашено. Го дофати сиџимот со кој го врзаа Ставре за дрвото и заплака.

“Не плачи, жено. Ставре е на сигурно. Гледај си ги децата. Ние ќе ти помогнеме колку можеме. Ставре ќе те посети штом оздрави”, и рече еден пригушен глас.

Евангелија се сврте да го види човекот што и зборуваше, но околу неа немаше никој. Се врати назад во собата и ги гушна дечињата. Плачеа тројцата.

X

1.
Снегот се стопи. Тревата по планината солзеше од влага. Малечката Луда Мара надојде и со подивената вода понесе што се најде во тесното корито. Нејзиното бучење навечер го слушаа сите селани. Донка Попгонева не спиеше. Во душата како да и влезе проклетството од оној ден кога го убија Димитар. Чекаше да се врати нејзиниот постар син кој замина од дома без поздрав. Донка Попгонева се распрашуваше кај селаните да не го сретнал некој и да и каже барем дали е жив. Со секој изминат ден стануваше позагрижена. Три дена по Велигден отиде кај Гоне Сливаров. Седна на софрата и заплака. Гоне Сливаров ја утешуваше. Не и зборуваше, само ја чукнуваше по рамото за да се смири.

“Не знам зошто дојдов кај вас. Можеби зашто сте ми блиски.”

“Доаѓај кога сакаш. Нашата куќа чувствувај ја како своја”, и рече Хрисанта и ја гушна.

“Го нема Пено. Не се јавува. Можеби го убиле некаде. Душата ми гори од болка.”

“Ќе се врати. Сигурно е заминат в град. Нашол работа и нема време да дојде. Не грижи се! Пено е возрасен и умен”, ја утешуваше Гоне.

“Пено е во Солун”, ненадејно им рече Агапи Сливарова која седеше на креветот и се чешлаше.

Донка Попгонева скокна од столот.

“Како од Солун? Кога отишол? Ме мамиш чедо мое!” гледаше во Агапи избезумена.

“Се разделивме кај златолисниот бор. Тој замина во Солун. Ќе се врати.”

“Господи боже, ќе умрев од с’клет и немаше да знам каде ми е чедото.”

“Сега знаеш и не грижи се!”, ја смири Гоне.

Хрисанта постави вечера на софрата. Вечераа. Донка се поздрави и си замина дома.

2.
Коста Попгонев, помладиот син на Донка, лежеше на креветот. Донка влезе во одајата и седна на креветот до него. Лицето и беше облеано во солзи. Коста стана од креветот и ја гушна мајка си.

“Не плачи мајко! Пено сигурно ќе се врати. Не си сама во куќава.”

“Пено е во Солун. Ми кажа Агапи Сливарова.”

“Од каде разбрала?”

“Трудна е. Носи Пеновво семе. Тој отишол во Солун да спечали. И ветил да ја земе подоцна кога ќе спечали пари”, не престануваше да плаче Донка.

“Сигурно ќе се врати. Штом ветил – ќе се врати. Не плачи! Болна мајка никому не му е потребна. Што ќе правам ако се разболиш. Да седам покрај тебе дома или да печалам за да можеме да се прехраниме. Мораш да бидеш здрава, разбираш, мораш!”

Донка не ги симна солзите од очите. Си го бришеше лицето и плачеше. Стана од креветот. Извади од долапот леб, биен пипер и две јајца и ги стави на софрата.

“Стани да вечераш! Сигурно си гладен”, му рече. Не плачеше. Лицето и беше тажно и бледо.

“Не сум гладен. Подобро да си легнеме порано. Кандилото догорува а немаме ни газија за ламбата. Утре купи газија кај маџирот” и рече Коста и се сврте кон ѕидот.

Донка го врати лебот, биениот пипер и јајцата во камарата. Се врати крај софрата и седна на столот. Се замисли.

3.

Силен тресок на вратата ја натера Донка да скокне од изненадување и уплав. Се стаписа. Усните и се укочија. Очите и светнаа. Гледаше во Милкијадис и попот збунета. Коста стана од креветот и полека им пријде. На вратата зад Милкијадис и попот се појави заповедникот на џандармеријата.

“Што е? Кого чекате? Водете го копилето”, викна луто, се проби меѓу попот и Милкијадис и го зграби Коста за ракавот на кошулата. Коста без двоумење му препушти да го повлече кон вратата.

“Ќе се вратам, мајко. Не грижи се!”, и рече Коста и излезе следен од заповедникот, Милкијадис и попот.

Донка си го покри лицето со дланките и се чини немаше сили да заплаче. Не отиде до прозорецот да види каде го водат Коста. Стоеше среде одајата заглибена во некој нов свет, непознат за неа.

4.
Зачекорија по улицата. Заповедникот фрчеше од лутина. Попот цупкаше по него и се смешкаше. Милкијадис одеше најодзади и беше замислен. Влегоа во црквата. Внатре имаше и други селани. Коста го забележа Гоне Сливаров и му пријде.

“Што треба да значи ова, стрико Гоне?”, го запраша.

“Не знам, синко. Ќе ни кажат. Имај трпение!”, му рече мирно Гоне и го чукна по рамото.

Коста не мируваше. Му се сврте на Васил Дигаловски кој стоеше подалеку од групата селани и се чешаше со прстот по големиот нос.

“Што си смислил за вечерва? Некоја нова игра? Овие ќе си одат! Ти ќе останеш во селото. Внимавај што правиш?

Васил Дигаловски се насмеа иронично. Пријде до заповедникот.

“Ќе почнеме ли, господине заповедниче?”, му рече понизно.

“Почни, луѓето се тука. И внимавај да те послушаат инаку ќе ти летне главата”, му рече сериозно заповедникот.

Васил Дигаловски ја подигна раката високо. Селаните се свртеа кон него. Го внесоа неговото грдо лице во своите очи.

“Луѓе!”, викна гласно Васил. “Ми нанесувате голема неправда и ме присилувате да бидам груб со вас. Попот ми се пожали дека

не доаѓате в црква. Зошто мислите дека црквата не е ваша? Кому му пркосите? Слушајте ме внимателно и извршете го она што ви го велам, инаку глави ќе сечам. Од утре сите да доаѓате в црква. Редовно. Ќе носите подароци за црквата и доброволен прилог. Уште во текот на утрешниот ден да внесете во црквената каса по два златника. Кој нема да внесе ќе биде накажан сред село да знаат сите каква казна ги очекува доколку не се покоруваат на законот што владее во оваа земја. Немој некој да се осмели да не дојде. Ќе го запалам со се покуќнина. Ова држава ви даде се: земја, покуќнина, челад и треба да бидете задоволни.”

Ичко Бонев не издржа. Излезе пред групата селани.

“Копиле низаедно. Државата ни дала се. Сигурно државата спиела со жена ми па се роди син ми. Земјата е моја од памтивека и не ја давам никому. Црква не ми треба, можам и без неа. Немаме да ставиме залак леб во устата а вие барате лири. Ќе се богатите на нашата несреќа и не само на нашата туку и на целиот македонски и грчки народ. Ние се боревме и државата треба да знае да го почитува тоа. Не давам пари. Подобро погледни околу себе. Опкружен си со грабливци. Ним речи им да стават лири во црковната каса. Тие живеат на нашиот селски грб...”, му излезе пена од устата.

“Што зборува овој непрокопсаник?”, праша заповедникот и се фати за пиштолот.

“Не разбирам. Нивниот јазик не го знам”, ги слегна рамениците Зинда Нијархос. “По изразот на лицето се чини нема намера да ја слуша власта а власт сте вие, господине заповедниче. Тој е бунтовник и комунист”, се наклешти попот. Сакаше да го предизвика заповедникот и тој да почне да убива.

“Што вели човекот?”, праша повторно заповедникот и му приjде на Васил Дигаловски.

“Човекот вели да си одите од Костанерија и да не оставите да живееме мирно”, викна на него Ичко Бонев.

“Вели да си одите во Грција”, му преведе Васил Дигаловски на заповедникот.

Заповедникот ги рашири очите од изненадување. Почна да фрчи. Го извлече пиштолот и го впери во Ичко Бонев. Селаните зинаа изненадени.

“Пукај!”, викна на него Ичко. “Затоа си дојден. Не ќе можете да не истребите сите. Земјата е наша. Пукај, копиле монархистичко!”

“Фатете го!”, викна заповедникот.

Тројца џандарми го зграбија Ичко Бонев и го врзаа на столбот среде црквата.

“Ќе те обесам средсело! Гнасни копилиња... Сега сите купете по две свеќи и запалете ги за душа на живите и умрените. Кој нема да купи и запали свеќи ќе биде обесен в зори средсело.”

Селаните молчеа. Гледаа уплашено во заповедникот. Милкијадис му намигна на Гоне Сливаров. Му покажа со очите кон свеќарницата. Гоне не му одврати туку појде и купи свеќи. По него тргнаа и другите селани. Зинда Нијархос се насмеа цинично. Васил Дигаловски го наду лицето и задоволно се смешкаше.

Гоне Сливаров ги запали свеќите. Стоеше омагиен до свеќарникот. Му пријде Кољо Бочваров.

“Зошто, стрико Гоне! Ќе наведнеме глава пред секого?”

“Молчи и прави што ти велат. Не е време за самоубиства. Ќе дојде ден и ќе им вратиме со иста мерка.”

Заповедникот се накашла. Беше задоволен.

“Можете да си одите дома. Овој ќе остане цела ноќ во црквата. Утре ќе биде извршена казната над него. И секој да донесе по

две лири во црквената каса. Слободни сте”, им рече со поблаг тон заповедникот.

Гоне Сливаров со крената глава ги поведе селаните надвор од црквата. Го помина дворот молчешкум. Се разделија на крстопатот. Коста се поздрави со Гоне.

“Црно му се пишува на селото. И нам”, му рече Коста и воздивна тешко и болно.

“Не ломоти, дете, врви по патот, те чека мајка ти”, му рече Гоне и го потурна нежно да си оди дома. Самиот се упати кон својата куќа.

5.
Коста Попгонев мајка си Донка ја затече будна. Седеше на софрата замислена. И приjде уплашено и ја помилува по главата.

“Легни си, мајко! Доцна е”, и рече Коста. Ја подигна од столот и ја допрати до креветот. И помогна да легне и ја покри со козинакот. Потоа отиде во другата одаја и застана до прозорецот. Во темнината забележа три сенки кои се движеа по улицата. Ги препозна: заповедникот, Васил Дигаловски и попот.

“Проклети да сте! Се колнам, нема да го гледате светот долго време”, рече тивко и се кутна на креветт. Лежеше со отворени очи. Ноќта помина. Денот го дочека со незатворени очи. Повторно се залепи за прозорецот. Чекаше да види што ќе се случи средсело. Беше загрижен.

6.
Рано изутрината заповедникот со петмина џандарми влезе во црквaа. Џандармите го одврзаа Ичко Бонев и го поведоа пред пушките кон средселото. Коста Попгонев ги гледаше од прозорецот. Пукаше од мака што не може да му помогне на Ичко. Скоро ја скина завесата од нервоза. Џандармите застанаа средсело. Заповедникот му приjде на Ичко Бонев.

“Сега ќе видиш кој ќе замине од Костанерија”, му рече цинично.

Ичко Бонев го плукна в лице.

“Ова е моја земја и ти ќе заминеш од неа. Јас останувам”, му рече мирно.

Заповедникот збесна. Си го избриша лицето со дланката.

“Обесете го!”, им викна на џандармите бесен.

Џандармите ја префрлија ортомата преку дебелата гранка на костенот што фрлаше сенка на џамот на Ванковата меана и ја подготвија лачката. Му ја ставија на Ичко околу вратот. Ја прицврстија. Потоа донесоа од меаната маса и го качија на масата. Го врзаа другиот крај на ортомата за една гранка спротивно од онаа на која висеше лачката и потоа ја трунаа масата. Ичко Бонев остана да виси на лачката. Заповедникот лут влезе во кафеаната и си тури ракија во една од многуте чаши што стоеја на шанкот. Ја испи одеднаш ракијата и седна на една од масите.

“Што да правиме со обесениот?”, праша еден од џандармите што влезе во меаната по него.

“Нека виси се додека не почне месото да паѓа од коските. Да знаат со кого имаат работа”, му рече и си тури уште ракија во чашата. Џандармот ја напушти меаната. Внатре влезе Зинда Нијархос придружуван од Васил Дигаловски. Зинда Нијархос седна на масата спроти заповедникот и се насмеа неодредено.

“Што е, господине божји слуга? Зодоволен сте?”

“Сосема, господине заповедниче. Сега џганот знае дека во селото има власт. За ова монархијата ќе знае добро да ве награди. И јас ви благодарам и ве благословувам како добар син на неговото височество кралот Георги, таткото на земјата”, му рече попот, ја подигна раката и направи крст во воздухот. Потоа

промрморе нешто неразбирливо и го зграби шишето. Си тури ракија во чашата што му ја подаде Васил и ја испи.

“Од денес господ почна да оди по Костанерија”, рече и направи лице на мудрец.

Заповедникот молчеше. Васил Дигаловски се наклешти, одобрувајќи му на попот се што кажа. Потоа замолчаа.

7.
Коста Попгонев гледаше во телото што висеше на лачката. Не се одлепи од прозорецот. Нервозно чкрипеше со забите и се закануваше. Не излезе на улица. Ниту друг селанец се појави на селската улица тој ден. И маџирот Стефанос не го отвори дуќанот. Сите беа вознемирени и уплашени.

XI

1.
Деновите минуваа. Селаните се уште уплашено чекореа по улицата. Одеа во група на нивите. Набргу летото го наговести своето заминување. Почнаа првите дождови.

Децата безгрижно играа по прашливата селска улица. Само понекогаш уплашено се тргнуваа од играта зашто над нивните глави го забележуваа искривеното лице на Зинда Нијархос.

Селскиот кмет Васил Дигаловски не се одвојуваше од заповедникот. Секогаш играше ксира во меаната. Милкијадис почна да им се насмевнува на селаните. Некои му одвраќаа со кревање на раката. Напати го одбегнуваше друштвото на попот и заповедникот. Се почесто беше заедно со маџирот.

2.
Заповедникот, како секогаш, седеше во меаната, пиеше ракија и играше ксиреа со Васил Дигаловски и попот Зинда Нијархос. Во меаната влезе човек со средна височина, со залижани зулуфи и бубуличаво лице. Ги поздрави со кревање рака и застана крај шанкот.

“Една бира”, му рече непознатиот на Стефанос.

“Веднаш, господине”, му одврати Стефанос и му подаде бира.

Непознатиот ја испи бирата и седна до заповедникот. Му се вгледа во очите на попот.

“Не ме познаваш?”, рече непознатиот.

Попот зина од изнедадување. Го гушна новодојдениот.

“Господине Карахопулос, добре дојдовте во Костанерија. Простете, одвај ве препознав”, му рече, потоа се сврте накај заповедникот. “Господине заповедниче, ова е господинот Јоанидис Карахопулос и е учител. Него го одредија да ги учи децата во училиштето на Костанерија”.

Заповедникот се насмеа како да беше задоволен што го гледа Карахопулос. Му ја подаде раката. Се ракуваа.

“Се надевам, играте карти, господине Карахопулос?”, му рече заповедникот. “Повелете, седнете!”.

“Велат дека сум добар играч, господине заповедниче. Мило ми е што се запознавме и што ќе бидеме заедно со селото”, насмеано му рече Карахопулос. Седна на столот.

“Ова е селскиот кмет, господинот Дигаловски, наше дете”, му рече Зинда Нијархос и му го претстави кметот.

“Ме радува што сме заедно”, му рече Карахопулос и му кимна со главата. Не му ја подаде раката да се ракуваат.

Васил Дигаловски си ја повлече раката и ја симна насмевката од усните.

“Има време, господине даскале”, му пролета низ главата и им се врати на картите.

2.

Во меаната влезе Милкијадис. Попот побрза да му го претстави учителот. Милкијадис се поздрави со Карахопулос. Потоа заедно излегоа од меаната. Зачекорија по прашливата селска улица.

“Училишната зграда е сочувана. Едниот дел на зградата ќе го преуредиме во училница а другиот ќе го користите за живеалиште. Ќе ви бидо добро”, му рече Милкијадис.

“Каков е народот во селото?”, праша Карахопулос.

“Питом народ. Како секој народ. Добар е се додека не му згазнете на болното месо”, му одврати Милкијадис и го чукна по рамото.

Влегоа во училишната зграда. Внатрешноста на зградата беше исполнета со прашина. Клупите расфрлани по единствената училница. Потоа го погледаа другиот дел на зградата. Излегоа во дворот. Јоанидис Карахопулос ги спушти куферите на тревата.

“Не е лошо за почеток”, рече Карахопулос и воздивна.

“Ќе ви биде добро во селово. Сега морам да ве напуштам. Ќе наминам попладне. Морам да ве претставам на селаните. До тогаш одморете се, господине учителе”, му рече Милкијадис и се оддалечи од училишната зграда. Јоанидис Карахопулос остана некое време пред зградата. Потоа влезе внатре.

“Морам да одам кај попот. Некој треба да исчисти овде”, промрмори и ја напушти прашливата просторија.

3.
Попладнето Милкијадис го потегна јажето на камбаната и се пронесе ѕвонкиот звук на ѕвоното по целото село. Селаните уплашени стигнаа до црквата. Многумина не дојдоа. Се плашеа. Милкијадис застана пред нив.

“Не плашете се, луѓе! Лошото помина. Сакав само да се запознаете со учителот”, им рече Милкијадис и покажа на

Јоанидис Карахопулос. “Тоа е учителот. Се вика Јоанидис Карахопулос. Дојде од Трикала да ги учи вашите деца”.

“Како ќе ги учи децата? Знае ли тој македонски?”, праша Гоне Сливаров, изненаден што е учителот Грк.

Јоанидис Карахопулос не разбра што кажа Гоне Сливаров. Се насмеа, покажувајќи си ги ситните разретчени заби и се вглиби во погледот на Милкијадис.

“Децата ќе научат грчки. Учителот ќе се погрижи за тоа. Ваша должност е редовно да ги праќате на училиште”, скоро им заповеда Милкијадис. “Да не се пошегувал некој со училиштето?”, им дорече. Потоа им мавна со раката неволно. “Сега, одете си! Од понеделник децата на училиште. Сите да бидат измиени и дотерани”.

Селаните вознемирени се погледнаа диво. Никој од нив не проговори. Молкум го напуштија црквениот двор и се разотидоа по домовите. Милкијадис го потчукна по рамото учителот.

“Повели на вечера во мојот дом”, му рече Милкијадис. “Мојата Евридика готви одлично. Ќе ги запознаеш и дечињата. Ќе ти бидат ученици”.

Учителот кимна со главата. Тргнаа. Учителот замина во училишната зграда а Милкијадис во меаната на маџирот. Седна до заповедникот и им се придружи во играта.

III ДЕЛ

I

1.
Пено Попгонев газеше цврсто по калдрмата, но се до големата улица. Наиде на голема група луѓе со транспаренти на кои пишуваше:

“ДОЛУ ТИРАНИЈАТА” “СЛОБОДА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАТВОРЕНИЦИ” “САКАМЕ ДЕМОКРАТИЈА”.

Луѓето со голема врева се движеа меѓу големите згради. Толпата го повлече кон центарот на градот Пено Попгонев. Често им се загледуваше во лицата на луѓето и се чудеше што бараат. Го израмни чекорот со нивниот, но не успеа да ги следи.

“Вие имате сосема поинакви желби од мојата. Вашата е непривлечна за мене”, помисли Пено и застана до една поголема железна врата. Почека толпата да изврви и се упати кон кејот.

“Морам да го најдам тој пансион “Македонија” за кој зборуваше Кољо Бочваров. Пријателите на Ставре Наковски ќе ми помогнат. Ќе ме вработат”, мислеше. Не застануваше. Измина неколку улички и повторно излезе на големата улица.

“Се движам во круг, мајчината му”, помисли и се испоти од немоќ. Му пријде на еден брадест човек и го фати за ракавот. Човекот си ја тргна раката од неговата.

“Што е момче, каква е оваа шега?”

“Го барам пансионот “Македонија”. Не го познавам градот и тешко ми е да се снајдам. Помогнете ми!”

“По онаа улица одете до првата раскрсница, потоа свртете лево и одете по неа се до морскиот брег. Таму прашајте некого. Сите го знаат пансионот “Македонија”. Одете!”, му рече човекот и зачекори полека по улицата.

Пено Попгонев не му заблагодари. Потрча по големата улица. Само што излезе од последната улица и се најде на кејот, во редицата зградиˌ залепени една до друга забележа голема лимена фирма со натпис:

ПАНСИОН МАКЕДОНИЈА.

Влезе во пансионот. Приjде до шанкот. Му се внесе во лице на Стојос Панајопулос.

“Го барам Пондилаки. Ме испрати Ставре Наковски”, му рече Пено. Беше нервозен и одвај стоеше на нога.

“Велиш те испраќа Ставре Наковски!? Од кое село си?”, праша сомничаво Стојос Панајопулос.

“Од Костанерија. Ќе ми помогнете ли? Знам дека во овој пансион сите му се пријатели на Ставре Наковски”, замоли Пено.

Стојос Панајопулос се насмеа. Момчето му се стопи чесно.

“Седни на онаа маса! Кажи му на човекот дека јас сум те испратил. Ќе ти донесам нешто за јадење”, му рече Стојос весело и го чукна по главата нежно.

“А, Пондилаки?”, се побуни Пено.

“Седни таму и чекај! Слушај што ти вели Стојос. Биди умен!”

“Значи, ти си тој Критјанин што се борел во нашите планини?,” со воодушевување му рече Пено.

“Седни таму! Подоцна ќе зборуваме”, му рече Стојос строго.

2.
Пено Попгонев седна на масата на која се беше навалил Туши Гонев, триесетгодишен маж, со крупни очи, широки раменици, разбушавена коса префрлена на патец на левата страна од главата, со соборен поглед и истоштеност што му извираше од

закоравените плускавци на обете дланки, со кои, во поинакви времиња, со еден удар би можеле да усмртат мечка. Туши не беше брзозборник, тешко испушташе збор од устата. Пено беше нервозен. Подолго време молчеа. Потоа Туши ја подигна главата и му се вгледа во костенливите очи кои нервозно му играа.

“Судејќи по облеката не си од Солун. Од каде си момче?”

“Од Костанерија. Го барам Пондилаки. Го познаваш?”, му светнаа очите од љубопитност.

“Велиш од Костанерија си!”, испитувачки го погледна Туши.

“Од Костанерија сум”, рече гордо Пено. “Планинец”.

Туши Гонев замижа на левото око.

“Ме мамиш, момче!”

“Не, се колнам во најмилото, господине”, поцрвене Пено.

“За да стигнеш во Солун си морал да поминеш низ селото Тановци”, го праша Туши. Сакаше да слушне за Тановци, за своето родно село.

“Селото Тановци!?”

“Ќе ми кажеш или не?”, ги собра веќите Туши.

Пено се стресе. Помисли дека земјата се превртува наопаку.

“Селото Тановци е срамнето со земјата, господине. Кога поминав низ него, видов само една коза врзана за единствената ограда што не ја зафатил огинот. Ја одврзав козата и ја пуштив да се загуби во планината и покрај тоа што не сакаше да се одлепи од мене. Се плашеше од самотијата. Тоа беше се што видов во селото Тановци, господине.”

Туши Гонев замолча. Немаше желба да прашува. Зборовите на Пено му одекнуваа во главата и тој си ја бушавеше косата. Како да онеме. Потоа, воопшто не погледнувајќи во Пено скокна небаре во неговите прозирни очи ја виде својата смрт. Седна повторно на столот. Молчеше. Им пријде Стојос Панајопулос. Пено не знаеше грчки, а Стојос Панајопулос, освен грчкиот не разбираше друг јазик. Туши Гонев молчеше. Стојос му ја подигна главата од масата.

“Сакам да разговарам со момчето”, му рече Стојос.

“Разговарај!”, му рече Туши и ја спушти главата на масата.

“Момчето не разбира грчки а јас не знам македонски. Треба да преведуваш”, го подигна повторно Стојос.

Туши Гонев кимна со главата.

“Ти благодарам. Ставре ми остави убав впечаток. Знаеш, тој беше овде за време на војната и одржа убава претстава. Највпечатлива. Единствена... Почекај, момче, ќе ти донесам јадење. Од силно брзање заборавив”, му рече Стојос. “Преведи му!”, му рече на Туши.

Туши Гонев му преведе. Пено Попгонев се насмеа. Беше задоволен.

“Најпосле и мене среќата ми се насмевна”, промрморе Пено.

Стојос Панајопулос му донесе од кујната полна чинија ориз низ чии омекнати зрна се појави поголемо парче месо.

“Добар апетит!”, му рече весело. “Кажи ми за Ставре!”

Пено Попгонев гледаше во јадењето и молчеше.

“Кажи му за Ставре”, му викна Туши.

“За Ставре? Ох, секако”, се насмеа Пено. Добар е. Праќа поздрав за сите. Се весели во новата таткова куќа. Има близначиња. Живее скромно и целото село го почитува.

Туши Гонев преведе. Стојос Панајопулос му покажа со раката да почне со јадењето.

“Сигурно си гладен?”

Пено не му одговори. Туши Гонев не преведе. Стојос го удри нежно во слабината. Туши Гонев скокна.

“Преведи!”, му рече Стојос заповеднички.

“Јади!”, му рече Туши.

“Благодарам”, рече Пено.

Стојос Панајопулос се насмеа. Му покажа на манџата. Потоа се оддалечи од масата. Крај шанкот ја боцна Софија со прстот за да ги истави градите од очите на гостите кои зјапаа во нив. Софија мрзоволно ја искриви устата. Стојос ги подигна веѓите и се загуби во кујната. Пено Попгонев јадеше. Туши Гонев помисли дека ќе се задави од големите залаци. Ја крена главата и го виде Пондилаки. Му мавна со раката. Пондилаки не беше сам. Со него беа Јана Чакаларова и Стојан Џавалеков. Седнаа до Туши и сите тројца се вгледаа во Пено.

Пено мирно јадеше.

Крај шанкот, Софија се насмевна заводнички. Зграби едно од шишињата што стоеја на рафтот зад неа и три чашки. Ги однесе на масата кај Пондилаки и ги стави пред него. Долго гледаше во Јана Чакаларова. Се восхитуваше на нејзината убавина. Почувствува како про’ртува никулец на завидување. Благо руменило нафрли по лицето.

“На таков човек му приличи да има до себе таква убавица”, и пролета низ главата и вознемирена од присуството на Јана

Чакаларова одвај го пронајде седиштето на сопствениот задник крај шанкот.

“Девојката си замина. Не и се заблагодари”, рече Јана.

“Навикнат сум на Софија”, и одврати Пондилаки. Беше љубопитен. Ги наполни чашите со ракија и ги понуди Јана и Стојан. Тие ги прифатија чашите. Потоа се напија ракија. Пондилаки се смешкаше. Ги следеше големите залаци што ги пикаше во устата Пено.

“Твој роднина?!”

“Не, доаѓа од Костанерија. Ми донесе такви вести кои ме турнаа надвор од овоземието. Умот ми го смеле. Очите ми се затвораат. Господи боже, во кое време живеам јас?”, рече Туши Гонев.

Пондилаки се насмеа. И упати мил поглед на Јана Чакаларова и ги чукнаа чашите.

“На здравје!”, рече Јана.

Пено црпеше од манџата и го полнеше стомакот. Набрзо ја дојаде манџата и појде во кујната кај Стојос. Се врати оттаму придружуван од него. Стојос застана пред Пондилаки.

“Момчето тебе те бара”, му рече Стојос.

“Седни!”, му рече Пондилаки.

“Морам во кујната”, се извини Стојос. “Седни!”, му рече на Пено. “Тоа е Пондилаки”, и се врати во кујната.

“Седни!”, му рече Пондилаки.

“Како сум уморен не би можел долго да издржам на нозе”, му рече Пено и седна на столот.

“Како е Ставре?”, праша Јана.

“Добро се снаоѓа во Костанерија”, и рече Пено. Му се приближи на Пондилаки. “Морам да најдам работа. Ќе ми помогнете ли? Многу слушав за вас.”

“Секако, момче. Пријателите на Ставре Наковски се и мои пријатели. Не грижи се!”, му рече Пондилаки.

“Се можам да работам. Каква било работа да најдам ќе бидам задоволен. Нема да ве посрамотам”.

“Ќе најдеме работа. Не грижи се... Ќе се напиеш ли една ракија со нас?”

“Не, ракија не пијам. Но, ако вие кажете готов сум да се напијам и отров.”

“Тогаш, немој да пиеш! Ќе го правиш тоа подоцна”, се насмеа Пондилаки.

3.
По два часа Пондилаки го однесе во својот стан на Игнатиа. Во станот ги затекоа Христо Сотировски и неговата ќерка Параскева. Двајцата чудно го погледнаа Пено. Пондилаки се насмеа.

“Ова е Пено Попгонев. Од Костанерија е. Пријател на Ставре Наковски. Молам, да го примите да живее со вас додека го сместам во друг стан.”

Христо Сотировски му ја подаде раката на Пено.

“Добро дојде, момче! Ќе ми биде мило”.

Пено Попгонев се збуни. Потоа ја прифати подадената рака на Христо.

“Јас сум Параскева”.

“Седнете!”, им понуди стол до масата Христо. “Одамна не си свратил да испиеш едно кафе во нашиот дом”, му рече на Пондилаки.

“Во друга прилика, Христо. Морам да одам”.

“Зар толку бргу?”

“Одам и останете со здравје. Вардете го Пено!”, им рече Пондилаки и се загуби низ вратата.

Пено Попгонев стоеше среде собата и молчеше. Му беше непријатно.

“Ќе поставам за вечера. Седни! Сигурно си гладен?”

Пено седна на столот крај масата. По неколку минути вечераа. Потоа Параскева го смести во засебна одаја. Легна со насмевка на усните.

II

1.
Пондилаки седеше на масата во пансионот “Македонија” и си ја допиваше ракијата. Одвреме навреме ги набљудуваше неколкуте гости кои сркаа рибина чорба. Се смешкате гледајќи во Софија. Не забележа кога во кафеаната влезе Кољо Бочваров.

“Здраво, Пондилаки”, му рече Кољо и седна. Мафна со раката по Софија и кога таа се заврте и се насмевна умилкувачки.

“Ракија?”

“Ракија, кукло, ракија”.

Пондилаки ја крена главата.

“Што има ново во планината, Кољо? Многу често си во градот.”

“Немаме храна во селото. Мацирот ни ја дере кожата. Десетпати е поскапо да пазаруваш кај него отколку во Солун. Што да трошиме толку? Опинците не се кинат лесно. Нозете ќе навикнат”.

“Велиш дере? Копилиња, се радуваат на туѓата несреќа. Како е Ставре Наковски.”

“Лошо. Нема глас да ни дошепне. Се мачи Евангелија со дечињата. Голема рана стави власта на неговата душа. Го нема!”

“Како го нема!? Нели ми кажа: изградил куќа и се вселил во неа. Пиевме заедно за новороденчињата. Како го нема!?”

“Три месеци не се појавил во Костанерија. Можеби се појавува, но само кај Евангелија. Таа молчи. Којзнае?”

“Зашто не се појавува? Се случило нешто?”, се вознемири Пондилаки.

Кољо Бочваров се почеша по увото. Ја прифати чашата со ракија што му ја подаде Софија и испи голтка ракија. Си ги навлажи усните со ракијата.

“Донеси ми уште една ракија!”, и рече на Софија. Се загледа во нејзината задница што се кашкаше лево десно.

“Те прашав: што се случило со Ставре?”, удри по масата со тупаница Пондилаки.

На масата им се придружи Туши Гонев. Нарача ракија. Софија му донесе и се врати крај шанкот.

“Ќе ми кажеш ли што се случува со Ставре?”, викна бесен Пондилаки.

Кољо Бочваров се вознемири. Го погледна в очи.

“Полека. Се ќе ти раскажам. Вие во градот секој ден ги гледате. Ние во селото немаме што да видиме. Тоа не е правда.”

“Не те прашувам за задникот на Софија туку за Ставре Наковски”, нервозно му рече Пондилаки.

“Едно момче од Костанерија исчезна. Можеби дошло во пансионов”, наместо одговор праша Кољо и му се внесе в лице на Пондилаки.

“Момчето е во Солун. Работи, има љубовница, наскоро ќе стане татко. Ако му даде господ деца”.

“Ме прашуваш за Ставре? Тешко ќе ти кажам повеќе од она што веќе ти го реков. Не знам”.

“Како се случи, зборувај Кољо!”

“Во селото имаме поп, некојси Зинда Нијархос. Гад. Ставре му згазна на ногата. Се заинати попот и му врати со зло. Еден ден зашто не сакаше Евангелија да ги однесе децата в црква и да ги крсти-попот ја силуваше. Ставре не беше дома. Селото се крена против попот и тој заедно со полицаецот побегна. Се врати доцна вечерта со џандарми. Отидоа во куќата на Ставре. Во дворот ги дочека Ставре со секира во рацете. Заповедникот на полицијата го рани во ногата. Го врзаа за дебелиот костен во дворот. Потоа ја поведоа Евангелија со децата в црква да ги крстат децата. Ставре го оставија во дворот. Кога се вратија го немаше во дворот. Од тогаш со месеци не слушнавме ништо за него. Дали е жив или го јадат кучињата, не знам.”

“Значи, почнува војната”, воздивна Пондилаки.

“Што велиш?”

“Твојот Пено е на сигурно место. Порачај на неговите да не се грижат за него.”

“Ќе им порачам”, рече Кољо. Ја допи ракијата и стана. Се поздрави со Пондилаки и Туши и го напушти пансионот.

Излезе од градските улици со забрзан чекор. Набргу беше во шумата. Вечерта стигна во селото и скришум влезе во куќата на Донка Попгонева.

“Синот ти е во Солун. Ќе имаш внуци”, и рече весело Кољо.

Донка Попгонева скокна од креветот. Коста слезе по скалите од горната одаја. На вратата се појави Гоне Сливаров со Хрисанта и нивната ќерка Агапи. Седнаа околу софрата.

“Треба да честиш, Донке! Ќе имаш внук”, и повтори Кољо весело.

Коста Попгонев се изненади.

“Кој ќе и подари внук на мајка ми, стрико Кољо?”, буфна Коста.

“Како кој? Твојот брат Пено. Ајде, изнеси ракија да прославиме. Што си се здрвил како костенова лушпа. Вади ја ракијата!”

Агапи Сливарова пребледе. Се вкочани. Коста ја погледна за миг, но не ги вкрстија погледите. Хрисанта Сливарова си го покри лицето со тенките прсти. Коста се вознемири. Донка седеше мирно на креветот.

“Како мислиш, внук!? Не се шегувај, Кољо, стара сум!”

“Што ви е на сите?! Пено е оженет во Солун. Значи, имате снаа. Жената е трудна и тоа значи ќе имате внук. Добро, може да биде внука! Но, тоа не ја менува работата. Ќе бидеш баба!”

“Ќе го убијам!”, викна Коста и се искачи по скалите во собата.

Кољо Бочваров ги изгледа сите со ред. Почна од Донка. Се замисли. Не му се допадна нивното молчење. Погледот му застана на Агапи Сливарова. Го забележа нејзиниот надуен стомак.

“Господе боже, што направив?”, си ја гризна горната усна, потоа замислено се повлече до вратата. “Простете, но морам да си одам”, им рече и излезе низ вратата.

III

1.
Пено Попгонев го напушти докот. Уморен се врати дома. Не ручаше. Легна да се одмори. Околу зајдисонце стана. Подготви кафе.

“Ќе се напиеш ли, татко?”.

“Секако. Задоволство е да се пие кафе со зетот. Беше најубавиот младоженец. Така ми рече попот Иракало. Не венчал поубава двојка од вас. Тури ми кафе! Ќе се напијам”, му рече Христо Сотировски и седна на столот крај масата.

Пено му тури кафе во чашката. Потоа си стави и за себе си. Седна на столот спроти Христо и ја фати чашката со дебелите прсти. Голтна од црната течност.

“Напиј се, татко! Кафето е убаво додека е топло.”

Христо Сотировски се напи кафе. Се накашла грубо.

“Сува кашлица, лоша. Треба да внимаваш на здравјето!”

Христо Сотировски си ја избриша устата со марамче.

“Мене не ми гори под нозете. Внимавајте вие со вашата политика. Не сме гладни. Среќни сме. Што ќе ви е таа политика? На Параскева не смеам да и спомнам, но со тебе е поинаку. Разбран си, умен. Сакам да милувам внуче. Денот е долг и одвај го минувам. Животот се состои од убавини кои се многу далеку од политиката. Во мое време многумина ги загубија главите заради политиката. Сега...”, се напи кафе.

“Не грижи се! Секое време си има и своја значка...”

“Ако престанеш да одиш на тие состаноци и Параскева ќе си седне дома. Ќе роди. Сакам внуче да ми ги измочка пантолоните, синко. Со некого морам да доодам до смртта. Самотијата ќе ме убие предвреме. Седам како ут во куќава и чекам до доцна во ноќта да си дојдете дома.”

“Параскева не сака да имаме деца, татко”, му рече Пено и ја наведна главата засрамен. Потоа ја подигна. Во очите му се всели отворената врата и Параскева на прагот. Вратата се затвори. Параскева му пријде и го бакна во образот. Потоа го бакна и татка си.

“Се забавувате?”, праша љубезно и се насмевна. Влезе во другата соба и го соблече палтото. “Каде си ти на состанокот?”, му довикна на Пено и се врати во собата. Седна на масата.

“Сигурно си гладна како кучка?”, и рече Христо.

“Многу гладна, татко”, го зграби лебот од дрвената кутија и си тури маџа од тенџерето. “Васул?”

“Сакам да ми родиш дете”, и рече ненадејно Пено.

Параскева севна со очите. Го остави лебот и му се опули.

“Не, само тоа не! Детето ќе ме исфрли од борбата. Сакам да сум полезна за мојот народ. Зар сте слепи и не гледате? Новата влада им ги поништи дадените жртви и им го одзеде правото да си го земат ветениот подарок. Наместо среќа, владата ни понуди ропство. Не прогонува насекаде. Убива. Тоа ме доведува до лудило. Вечерва им реков на сите да одат во мајчината. Каква влада!? Па тоа се кловнови. Ја доведоа Англија во земјата за да ги штити нивните интереси. Верувам во победата на демократијата, но во тоа, во таа победа, ќе одиме заедно, целиот народ, организирано и секој со својата среќа а не како досега сите заедно во еден кош, а после ќе видиме. Ние, Македонците ќе се бориме за својата слобода.”

“Заврши состанокот?”, плесна со рацете Пено.

“Прво да го добиеме нашето право на живот а потоа ќе раѓам деца. Доста му е на светот еден роб. Не вознемирувај ме повеќе!”

“Дали сум будала што сакам деца или глупав, па не можам да видам појасно откаде изгрева сонцето?”

“Премногу си патеничен”, му рече Параскева и почна да срка од гравот.

“Животот е навистина тежок, но ние сепак преживуваме. Не се сите будали што раѓаат деца! Ни војната не го спречи светот да се размножува. И Ставре Наковски има деца!”

Параскева почна да крцка со забите.

“Ние двајцата сакаме дете. Ти велиш дека не е време. Двајца против еден. Со кревање на рака те надгласуваме. Со тоа сметам...”

Христо Сотировски се зарадува. Параскева збесна.

“Тоа не е демократски, треба сите тројца да се согласиме за да го задоволиме демократскиот принцип на одлучување, а не со надгласување. Така однапред во секакви околности битката ја губи оној што не е склон на групаштво и расипност. Но, кога веќе решивте, премногу ве сакам за да ве напуштам. Сметајте на мене!”, рече потиштено и продолжи да јаде.

Христо Сотировски од силната возбуда само што не се онесвести. Пено сакаше да се насмее за да го ублажи нејзиниот пад, но помисли дека е подобро да не ја гиба.

“Можеби ќе се премисли. Секој ден е се поинаква...”

Параскева го погледна под око. Се насмеа.

“Те знам јас тебе. Би го дал животот за мене, но не и за идеалите на демократијата...”

IV

1.
“Вечерва ќе се задржам подоцна.”

“Добро, синко, само внимавај!”

“Не грижи се, татко, возрасен сум.”

Пено Попгонев го испрати Христо Сотировски стотина метри понатаму од бродот што го растовараа, го поттчукнаа по рамото и го пушти да замине пред себе.

“Довидување, татко!”

“Чучвај се синко!”

Христо Сотировски бавно зачекори по докот. Пено се врати и ја нарами првата вреќа. Ја понесе од бродот кон бараката. Потоа уште многу вреќи понесе на грбот. Бродот го растоварија доцна вечерта. Со истите алишта со кои растовараше тргна дома. На Игнатиа се премисли и го смени правецот на движење. Набргу се најде во пансионот “Македонија”. Седна на масата со докерите кои пред него стигнаа во пансионот.

“Ние, работниците, сме чедата на оваа земја. И не само на оваа. Насекаде во светот со нашата пот си го купува лебот секој напудрен газда. Треба да се бориме. Да водиме класна борба. Има луѓе кои сметаат дека постојат и други вредности за кои треба да го положиме животот. Ние не сме го добиле животот за да му го подариме некому кој ќе направи од нив мека столица и ќе си го топли газот во неа. Се боревме еднаш за земјата. Го покажавме својот патриотизам! Но, за чиј патриотизам? На кралот и неговата свита? Ние, работниците, треба да ја имаме власта, но не за да ги уништиме другите туку за да живееме малку подобро и да не мислиме со страв за иднината. Секој нека се бори за своето кога не сакаат монархистите да ги соединиме силите и да живееме во благосостојба. Кога ќе имаш пари тешко некој да те собори. Можеш да правиш што сакаш па дури и да бидеш депутат во

владата”, зборуваше Пондилаки. Се напи ракија и ја остави чашата на масата. Го погледна Пено.

“Мораме да се бориме за да го симнеме ропскиот синџир од нас”, рече Туши Гонев.

Пено седеше замислен. Не сакаше да пие. Почесто гледаше во наредените шишиња со пијалоци на рафтот.

“Параскева се труе со политика во Македонската организација. Овде ме тепат со класната борба. Христо сака внук. Мене ми се живее. Млад сум и способен за работа. Би живеел добро, па нека биде тоа и во некоја непозната земја... Ќе заминам јас во Америка. Таму е животот. Ми се смачи од политики”, мислеше Пено. “Зборувајте вие и сечете глави! Се ќе ви биде попусто. Секогаш ќе има газди и робови.Таков е светот. Тоа е природата на човекот. Можеби грешам, но едно знам: сакам да живеам растоварен од мислата како ќе го поминам утрешниот ден: со политика и гладен; со крвави рани по телото и гладен; сит и весел; навистина како... Америка”, воздивна Пено и на изненадување на докерите, без поздрав замина. Улиците беа пусти. Чекореше полека. Се најде на докот. Гледаше долго во бродовите.

“Ќе заминам во Америка. Бедата ќе ме убие”, помисли и полека се одвлече од докот. Стигна дома доцна. Не вечераше. Беше нервозен. Легна во креветот и го почувствува на себе погледот на Параскева. Се сврте со грбот кон неа за да го одбегне нејзиниот поглед. Не можеше да заспие. Се вртеше во постелата. Заспиваше, но брзо се будеше. Зборуваше неразбирливо во сонот.

“Цел месец сон не те фаќа, мил мој. Што се случува со тебе?”, го праша загрижено.

Пено одмавна со раката.

“Спиј, ноќта е убава за сонување!”

Параскева го гушна нежно. Го помилува по косата.

“Сигурно си уморен?”, му рече и му го сврте грбот.

“Ќе заминам со првиот брод што плови за Америка”, помисли Пено, но не заспа, иако се мачеше да потоне во сонот. Утрото стана и не јавувајќи дека заминува, излезе од дома. Параскева беше изненадена. Христо потајно наслутуваше дека нешто чудно се случува со неговиот зет. Премногу го сакаше за да помислеше дека е поместен со умот.

2.
Пено два дена талкаше по докот. Не се врати во станот. Не намина во пансионот “Македонија”. На третиот ден цврсто решен да замине без поздрав, од страв да не го поколебаат, кој било, се искачи на големиот прекуокеански брод “Филаделфија” што пловеше за Америка. Бродот го напушти пристаништето и следен од многуте љубопитни погледи на докерите, кои го товарија со крзна од Костурските работилници, се загуби во синилото на Белото Море. Со него замина Пено Попгонев.

3.
Параскева го чекаше секоја ноќ будна. Ослабе. Не можеше да јаде. Секогаш плачеше. Најпосле помисли на најлошото.

“Сигурно полицијата го зграпчила и го одвлекла на некој остров во архипелагот”, мислеше.

Покрај неа секогаш загрижен беше Христо Сотировски. Кога загуби надеж дека повторно ќе го види Пено ја испушти првата солза во животот. Пено го потсетуваше на нешто одамна заборавено.

“Ќерка ми е виновна. Заслепена е од политиката. Заборави на сопругот... Ќерко моја мила”, мислеше често Христо.

Секогаш седеа на масата заедно. Параскева престана да оди на состаноците на Македонската организација. Не зборуваше за политика. Еднаш се расплака. Христо ја гушна и почна да ја утешува. Не знаеше зошто плаче.

“Ќе родам дете, трудна сум”, му рече Параскева и истрча во другата соба.

“Господ не ма заборави”, се израдува Христо. “Ќе имам внук. Ти благодарам, Пено, синко!”

V

1.
Коста Попгонев стана од креветот и набрзина се облече. Слезе од горниот кат на куќата и напрсти ја напушти собата во која спиеше мајка му Донка. Излезе во дворот, потоа на улицата и со забрзан чекор излезе од селото. Беше нервозен. Дишеше забрзано. Навлезе во шумата и го напушти селскиот пат. Се пробиваше низ густата шума одвај задржувајќи се да не се сопне на нерамниот терен. По шест часа спуштање низ падините на големата планина стигна во Солун. Се упати право во пансионот на Фоти Стерјов. Ги минуваше улиците на градот како да беше пораснал на калдрмата со кои беа послани. Набргу влезе во пансионот. Застана на шанкот. Очите му играа вознемирено.

“Ракија!”, му рече на Стојос.

“Веднаш, момче”, му одврати Стојос љубезно и му наполни чаша со ракија.

Коста Попгонев ја зграби чашата и испи неколку голтки од неа. Се сврте нервозно и ја разгледа просторијата. Потоа му се опули на Стојос.

“Брат ми Пено, доаѓа во овој пансион?” му рече Коста и испи уште една голтка од ракијата.

Стојос Панајопулос го погледна испитувачки. Се насмеа љубезно.

“Многу Пеновци доаѓаат во пансионот”.

“Еден е Пено во целата Костанерија. Се дружел со некој Пондилаки и некакви докери”.

“Смири се, момче! Јас само служам во овој пансион”, му одврати Стојос. Го врати шишето од кое му наполни ракија во чашата во горниот ред на рафтот. Замислено влезе во кујната. Потоа излезе насмеан.

“Ти си Стојос Панајопулос”, му рече Коста како да го познаваше многу одамна.

“Полека, момче. Ова е пансион. Смири се!”, му рече Стојос и се трудеше гласот да не му трепери од возбуда.

“Се викам Коста Попгонев. Пено ми е брат”, смирено му рече Коста. “Само што пристигнав од Костанерија”.

“Нервозен си”.

Стојос Панајопулос му го заврте грбот. Во пансионот влегоа Пондилаки и неколкумина докери. Седнаа на масата на која седеа секогаш.

“Донеси ракија, Стојос!”, му викна Пондилаки.

“Веднаш, Пондилаки”, му го препозна гласот Стојос. Се сепна.

Коста Попгонев ја остави чашката и приjде до масата.

“Ти си Пондилаки?”, го праша нервозно.

Пондилаки почека неколку мига.

“Седни, гледам ти врие крвта”.

“Го барам брат ми Пено Попгонев од Костанерија. Ти знаш каде е”, настојуваше Коста и чкрташе со забите.

Пондилаки се насмеа.

“Седни! И ние го бараме. Јас честам, ако го пронајдеш”.

Коста ги симна веѓите. Облаци му се спуштија над очите.

“Ќе ми кажете ли каде да го најдам?”, рече со инает.

Пондилаки не му одврати. Ја прифати чашата што му ја донесе Стојос и се напи ракија. Потоа ја спушти чашата мирно на масата.

“Значи, го криете од мене”.

Туши Гонев скокна од столот. Го зграби Коста за јаката и го натера сосила да седне на столот пред него. Потоа го остави а самиот седна до него. Му се опули во очите заканувачки.

“Цел месец го бараме брат ти. Што си наумил со твојот детски ум. Кој може да потврди дека Пено е твој брат!”

“Тој самиот. Одведете ме кај него и ќе ви потврди”, се побуни Коста.

“Тогаш, пронајди го! Донеси го во пансионот! Ние ќе те чекаме. Нека потврди дека сте браќа. Тогаш, ќе ти верувам”, му рече Туши и голтна од ракијата.

“Каде да го најдам? Кога би знаел не би ве прашувал вас”, се побуни Коста.

“Го нема Пено. Исчезна. Го бараме и ние.”

“Ви направил нешто лошо?”, праша наивно Коста.

Пондилаки се насмеа.

“Пено ни беше пријател. Сега ако си задоволен седи со нас, ако не врви си по патот по кој си дошол”, му рече Пондилаки малку налутено. “Никој не е должен да те слуша како попуваш”.

Коста Попгонев збесна. Очите му поцрвенеа од лутина. Стана од столот.

“Ќе се сретнеме повторно. Ќе го пронајдам дури и да се пикнал во змиска дупка. Порачајте му дека нема да куртули од мојата рака”, им рече и ја напушти просторијата.

Стојос Панајопулос воздивна.

“Момчето е спремно да убие”, му довикна на Пондилаки.

“Натаму оди целата земја. Не е чудо што сиот народ врие.Се е можно.”

Туши Гонев порача друга ракија.

“Весникот “Елефтерија” пишува за теророт на владината војска во Кукушко. Илјада луѓе побегнале во Југославија. Многу повеќе талкале по планините за да го избегнат апсењето”.

“Луѓето ќе гинат се додека правиме митинзи. Минатата недела се огласивме, но помина се како она на стадионот “Ираклеос”. Баравме да запре владата со теророт над македонското население и да ги почитува принципите на демократијата. И ништо. Десничарите од Етникис еносис приредија митинг, навистина малкумина собраа, бараа уништување на комунистите. Ги обвинуваа соседните држави со најпогрдни зборови, бараа од владата во Атина да ги ослободи територииите северно од Македонија, се до изворот на големата река и источно од Тракија. Сите пукаа во празно. Само зборови. Десните сакаат да не уништат нас, ние сакаме со нив заедништво. Јазелот си стои онака како го постави владата”, рече Пондилаки.

“Повторно зачестија штрајковите на работниците”, рече Туши.

“Што бараат тие?”

“Подобрување на условите за работа, поголеми надници. Бараа владата да го укине законот за принудна мобилизација и да престане политичкиот терор. Не знам како поминаа.”

“Жешко е. Летнава горештина е неиздржлива. Целата земја се вари. Не се знае дали е пожешко во политичкиот казан или под сончевата корона. Понекогаш помислувам, онака собрани, да тргнеме на градската управа и да ја срамниме со земјата.”

“По селата во Македонија војската ги присилува Македонците да потпишуваат дека се Грци. Кој не потпишува – го убиваат. Затоа има толку народ подбегнато во планините.”

“Владата е едно, грчкиот народ друго. Самиот знаеш дека владата не ги спроведува желбите на народот”, му рече Пондилаки. Алкохолот што го испи му загорчи и ја турна чашата понастрана.

Туши Гонев немаше желба да зборува понатаму. Си ја стегна главата со рацете. Се замисли. На масата настапи тишина. Во пансионот влезе Коста Попгонев. Пријде до нив. Стојос Панајопулос зина од изненадување.

“Ќе се видиме еден ден. Тогаш ќе прославувам јас”, им рече лут и го напушти пансионот.

Стојос Панајопулос ги затвори очите задоволен што не настана метеж во пансионот. Пондилаки се насмеа љубезно. Туши Гонев шеташе со црнките по пансионот. Беше возбуден. Повторно настана молк. Стојос влезе во кујната. Софија ги навали градите на шанкот и ја спушти главата на касата. Ги затвори очите. Задрема. Пондилаки ја забележа. Се насмевна. Стана од столот.

“Да си одиме! Вечер ќе дојдеме повторно”, им рече на докерите и следен од нив го напушти пансионот.

VI

1.

Коста Попгонев стигна во Костанерија. Ги слушна мрморењата на селаните. Не беа задоволни од однесувањето на учителот Јоанидис Карахопулос. Децата одеа на училиште. Карахопулос задоволно се смешкаше. Сепак не му поаѓаше од рака да се разбере со нив. Освен децата на Милкијадис другите не знаеја грчки. Јоанидис почна да ги накажува. Некои од дечињата со часови стоеја со колената зариени во пченкарни зрна. Плачеа. Учителот беше немилосрден. Само децата на Милкијадис безгрижно ги минуваа часовите. Девојчињата беа весели, но секојдневното казнување на нивните другарчиња чиј јазик почнаа да го зборуваат помалку им ги изврте цревата и почнаа да изостануваат од училиштето. Милкијадис не го знаеше тоа.

“Твоите деца не доаѓаат на училиште”, му рече Јоанидис.

Милкијадис ништо не му одговори. Појде дома. Ја изнатепа Евридика. Цели два часа плачеше. Потоа се се стиши.

2.
Децата на Милкијадис од тој ден редовно одеа на училиште. Јоанидис Карахопулос ликуваше. Секој ден измислуваше се пожестоки казни. Се повеќе се разлеваше детската крв по штиците на училницата, оставајќи темноцрвени дамки кои крпата на училишниот ѕвонар не можеше да ги избрише.

3.
Селаните се стуткаа во своите куќи. Излегуваа само кога одеа во полето.

4.
Васил Дигаловски го мафташе шкембето по калливата улица. Катавечер играше комар со Милкијадис и со Зинда Нијархос. Џандармеријата беше во селото. Сметаше дека никој не може да му напакости. Селаните му се тргаа од патот. Тоа му правеше задоволство. Почна да и се извикува и на родената мајка, која, како растеше кај него омразата така го бришеше од своите мајчински чувства. За тоа како да не му беше грижа, туку напротив и тој ја избриша од списокот на роднините. Почна да живее секогаш придружуван од попот, учителот, Милкијадис и џандармите. Нивните зборови за него беа најважни.

5.
Селото потона во страв. Евангелија Гаспарова Наковска загазуваше се подлабоко во беда. Секоја вечер очекуваше да се појави Ставре и да и донесе ронка среќе. Не излегуваше од дома. Последната вреќа брашно ја преточи во качамак и нешто мораше да стори за да се прехрани себеси и дечињата. Последните два дена, наместо со леб се хранеше со варени компири. Потоа гладуваа. Излезе од дома и замотана во црна шамија влезе во продавницата на маџирот. Купи прехранбени артикли и се врати дома. Внатре го затече Гоне Сливаров. Седеше на софрата. Дечињата весело мрдаа на креветот.

“Кое добро те донесе, Гоне?”

“Ќе одиме преку граница. Неколку семејства. До утре да кажеш дали доаѓаш” и рече Гоне и ја напушти собата. Отиде кај Попгоневи. Го затече Коста на софрата. Јадеше. Донка седеше на креветот.

“Добра вечер, стрико Гоне”, му рече Коста. “Повели да каснеме заедно!”

“Се преселуваме преку границата, Донке. Размисли ли! Еднаш веќе разговаравме. Ќе ми кажеш?”

“Каква граница, што зборуваш, стрико Гоне? Зар ќе ја напуштиме земјата, родната грутка?”, се вџаши Коста, скоро не веруваше во зборовите што му допираа до ушите.

“Мораме. Ќе не исколат како кучиња. Штом се смири времето во земјата повторно ќе дојдеме. Ова е наше, синко, и никој нема никогаш да стане стопан. Сега морам да одам. Доцна е. А вие како си милувате. Задутре на полноќ ќе ве чекаме кај Големата Стена. Ако не дојдете до 12 и 30 часот, заминуваме со мисла дека останувате во Костанерија. Збогум”, им рече и излезе. Се врати дома. Вечерта не можеше да заспие. Другиот ден го помина во подготовки. Пред полноќ со сопругата и децата излегоа кришум од куќата и низ бавчите влегоа во густата шума. По еден час стигнаа кај Голема Стена. Местото беше

скришно. Седнаа во една дупка над која се издигаше голема стена. Чекаа.

“Колкумина ќе останат на дофат на ножот на Зинда Нијархос?”, помисли Гоне и се накашла.Наслушна шум. Се скрија зад стената. Гоне ги напрегна очите. По миг ја забележа Евангелија Гаспарова Наковска со дечињата. Едното го носеше на грбот, другото отспреди. Уморна, не ги забележа и сакаше да седне на стената. Гоне излезе од темнината. Евангелија се уплаши. Не писна.

“Ние сме”, и рече Гоне тивко.

“Кога ќе тргнеме? Се плашам за дечињата. Тие се единствената причина што заминувам преку границата”, заплака Евангелија.

Гоне ја помилува по главата.

“Не е време за плачење. Ќе почекаме уште неколку минути и ќе тргнеме.”

Евангелија се смири.

6.
“Да тргнеме, луѓе!”, рече Гоне и ја пропушти Евангелија да појде прва.

“Идат Попгоневи”, извика Евангелија.

Попгоневи се придружија на групата. Молчеа. Грабеа низ шумата кон границата. Нозете ги болеа. Изминаа долг пат.

“Стигнавме!”, им рече Гоне. “Оттука натаму е слободата. Долу зад другиот рид е Гевгелија”, им рече и продолжи. Тргнаа и другите. Сите се свртија назад.

“Не гледајте назад толку таговно! Ќе се вратиме штом стивне бурата”, им рече Гоне и продолжи.

Луѓето тргнаа по него. Само дечињата на Евангелија и Ставре гледаа назад. Се насмевнаа нежно и носталгично.

VII

1.
Пондилаки седеше на еден поголем сандак на докот што го симна Туши Гонев од прекуокеанскиот брод. Читаше весник. Повремено се накашлуваше. Маноли Стрезовски му подаде цигара. Пондилаки ја прифати цигарата и ја стави во устата.

“Ти не пушиш?”, му рече Туши.

“Ќе истрошам едно цигаре. Да си ги смирам нервите”.

Туши Гонев се насмеа гласно. Пондилаки се насмеа уште погласно.

“Владата на господинот Вулгаракис падна”, им рече и продолжи да се смее. Неговата смеа ги зарази и докерите па и тие почнаа да се смеат.

“Да не ни преседне смеата. Не оди на арно кога многу се смееме”, престана да се смее Туши Гонев.

“Денес е празник. Ќе одиме на плоштадот”.

“Каков празник, Пондилаки?”, праша Туши.

Пондилаки се насмеа.

“Ослободување на Солун”, низ насмевка рече Маноли.

“Тогаш, да појдеме”, предложи Пондилаки и стана од сандакот. Стигнаа во центарот на градот и се слија со другите луѓе кои излегоа да го одбележат денот на ослободувањето на Солун. Толпата носеше транспаренти и извикуваше: САКАМЕ НОВА ВЛАДА и ЗА НОВА ДЕМОКРАТСКА ЗЕМЈА.

“Народот ќе тргне на државата. Ќе му се придружиме ли?”, праша Туши.

“Секако. Каква е оваа држава во која се прогонуваат луѓето што ја ослободија од хитлеристите. Од потпишувањето на договорот во Варкиза, според кој ние Еласитите го положивме оружјето и се согласивме да се спроведат слободни избори, убиени се 750 луѓе, 5.677 луѓе се ранети, 28.450 се малтретирани и 1.528 луѓе се уапсени. Зар се уште ќе прашуваме во каква земја живееме?”

“Каде го прочита тоа?”

“Во весникот. Новинарите пишуваат се. Ние треба само да прочитаме и ќе знаеме се. Да одиме во пансионот. Овие луѓе се луди. Го собрале народот како стадо овци. Власта се презема само со оружје”, рече и сврте на првиот агол. Вечерта ја поминаа во пансионот. Неколку вечери по ред последни го напуштаа пансионот.

“Веќе неколку дена си одиме последни. Да заминеме порано”, им предложи Маноли.

2.
“Кој има семејство нека оди! Ние што немаме можеме да се топлиме бесплатно во пансионот”, се насмеа Пондилаки. “Доаѓа Лазарос Пападоглу, нашиот новинар. Сигурно носи нови вести”.

Лазарос Пападоглу беше млад човек. Неговите весели очи ги познаваа сите што доаѓаа во пансионот. Насмеан приjде до масата на која седеа докерите.

“Почна војната. Во Ламија се судриле владините трупи и одредите на самоодбрана. Војската го извлекла подебелиот крај”, им рече тивко и седна на столот што му го понуди Пондилаки.

“Што ви реков”, им рече Пондилаки. Му подаде чаша на Лазарос. Лазарос си налеа ракија во чашата и ја цапна во устата

до капка. Потоа испи уште една не обрнувајќи внимание на докерите кои онемени ги следеа неговите весели движења.

“За демократија!”, им рече Лазарос и ја испи третата чаша.

“Што е со оној силен заем на владата што го зема од Англија?” праша Пондилаки. “Владата ветуваше стабилизација на земјата”.

“Каква стабилизација! Будали! Кој верува во стабилизацијата? За да се преживее, се потребни 400.000 драхми месечно. Работниците добиваат од своите работодавци одвај 30.000 драхми, а чиновниците 60.000 драхми месечно. Владата од Англија зема нов заем. Првиот заем го изедоа”.

“Кој?”, се зачуди Пондилаки.

“Волците. Новиот заем е за средување на војската. Се зборува дека новиот заем Лондон го дал за да се обезбеди и да не и ги врати на Грција златните шипки вредни два милиони фунти стерлинзи, кои беа однесени во англиските банки на чување во почетокот на војната со хитлеристите. Ти, Пондилаки, веруваш во она што го вели владата? Гладот се посигурно навлегува во Солун. Затоа има ката ден штрајкови. Има бунџии. Те видов на годишнината на ослободувањето. Не остана до крајот на прославата. Требаше да видиш што се случи.”

“Слушнавме. Дошла џандармеријата. Се пролеала крв на обете страни”.

“Секој ден се пролева крв. На секое барање леб, полицијата одговара со затвор. Луѓето се во недоумица. Во Солун има многу одбранбени групи. Народот се организира за да го сочува животот. Земјата пелтечи како заразена од чума”.

3.
“Новите избори се фалсификувани. Новата влада е монархистичка и аминува на Англичаните. Сабајлината се судриле кај Литохори војската и одредите. Крв ќе потече каква

до сега вековите не паметат не само во Грција и Македонија туку низ цел свет”.

“Ние не сме виновни”, му рече Пондилаки.

“Виновни или не јас морам во редакцијата. Збогум”, им рече шеговито и испратен од Стојос го напушти пансионот.

Стојос беше многу изненаден. Како да заборави на маѓосните очи на Уранија Папајоану. Се врати кај Пондилаки и докерите.

“Што е, Стојосе? Вознемирен си?”, се пошегува Пондилаки.

“Да ги исчистиме пушките. Не чека долг пат”, им рече на Пондилаки и докерите сосема сериозно и се врати во кујната.

На изненадување на сите во пансионот сврати Кољо Бочваров.

“Да го дополнам Лазарос”, им рече. “Се ми кажа. Во Костанерија и мртвите гласаа за монархистите. На списокот имаше имиња кои исчезнаа и умреа уште во 1908 година”, потоа ја прифати нивната молчаливост и замисленост, затворајќи го сосема видикот на своите очи.

VIII

1.
Пред пансионот улицата ја исполни мала поворка. Луѓето во поворката скандираа: МАКЕДОНЦИТЕ НАДВОР ОД ГРЦИЈА.

Лазарос Пападоглу седеше на масата во пансионот заедно со Пондилаки и докерите. Викањето на луѓето од поворката му ги распара ушните тапанчиња.

“И весникот пишува дека ние Македонците ќе бидеме причина за Третата светска војна. Грција сака да се ослободи од нас. Не тераат од огништето”, рече мирно Маноли Стрезовски.

Лазарос Пападоглу беше вознемирен. Гледаше во поворката што извикуваше пароли.

“Успокој се, Маноли! Тој гнасен весник не е грчкиот народ туку свртaлиште на националистите собрани околу Англичаните и Американците. Од вашата земја нема никој да ве изгони”.

“А овие надвор?”

“Не грижи се! Грчкиот народ нема да дозволи да се оствари желбата на грст луѓе.”

Маноли Стрезовски заврте сомничаво со главата. Гласот на Лазарос како да му беше прекршен на безброј парчиња кои вревата што допираше од улицата ги разнесе како пепел на ветер.

“Не верувам многу во силата на твоите зборови. Свикнав да ја гледам власта како си зема се што и се допаѓа”.

2.
Маноли Стрезовски и Лазарос се вратија во пансионот и седнаа до Пондилаки и докерите.

“Весели ви се очињата?”, им рече насмеано Пондилаки.

“Комунистите ја враќаат вербата во народот. На митингот говореа за обесправеноста на нас, Македонците, и желбата да живееме заедно во иста држава”.

“Тоа ми се допаѓа. Што мислиш ти, Лазаросе?”

“Никако поинаку, иако ми е желба да ве видам сите Македонци заедно. Само тоа би била друга приказна”, рече Лазарос и отпи голтка од ракијата.

3.
“Ти реков ли? Се договорија”, викна Лазарос.

Маноли Стрезовски се изненади. Диво се вгледа во неговото убаво лице.

“Што си ми рекол?”

“Македонската организација и грчките демократи се договорија заедно да ја водат борбата против владата”, му рече победоносно Лазарос.

Пондилаки се насмеа. На Маноли Стрезовски му олесна. Во главата му одекнуваа зборовите на Лазарос Пападоглу: “Грчкиот народ не го претставуваат група разјарени националисти”. Се почувствува посилен, готов да се бори и со ѓаволот.

“Готов сум да се борам”, викна гласно Маноли.

“Тоа не ги засега луѓето кои ја кројат судбината на земјата. Тие го фалсификуваа плебесцитот. Вчера за тоа зборуваа партиите на левицата и централистите. Велат, таква влада сакаат само Англичаните и монархистите. Ќе се врател кралот од Лондон”, рече Лазарос и се накашла.

“Не ми се допаѓа враќањето на кралот. Повторно ќе ми забранат да зборувам на мајчиниот јазик, исто како пред војната”, скршено рече Маноли.

“Внимателно! Доаѓа Пампас со неговата свита полицајци”, им рече тивко Лазарос.

“Не грижи се за Пампас! Се плашам единствено војската да не влезе во пансионот. Пампас се плаши од децата”, се насмеа Пондилаки.

“Се венчал со Софија Гелева. Жената и трите деца ги пратил во некое село близу Солун. Оди како прч”, рече Маноли.

“Дури сега Уранија нема да го извлече брата си Христо”, дофрли Туши.

“Зошто?”, се зачуди Пондилаки.

“Софија се омажи за Пампас само за да се ослободи од заканите на Уранија. Гледајте ја како оди! Ќе се сопне од возбуда”, додаде Маноли.

На подиумот излезе новата ѕвезда на Уранија. Светлата се угаснија. Повторно се запалија. Пампас се насмевна. Ја погледна Софија откосо.

“Сега си само моја и само јас можам да те гледам гола и да го мазнам твоето тело најубаво во светот”, и рече и се насмеа.

Софија Гелева не му одврати. Се смешкаше и гледаше во подиумот. Се појави Јани Ронков. Софија се насмеа и заплеска со рацете. Пампас се наоблачи. Софија полека го стиши ракоплескањето. Ја подигна чашата.

“Да наздравиме, мили!”

“На здравје, убавице!”, и рече Пампас.

Се напија. Светлата се запалија. Потоа одеднаш се угасија и одекна бузуката на Јани Ронков. Сите гости во пансионот се претворија во уво и око.

4.
Докерите седеа на истата маса. Во пансионот невообичаен џагор.

“Денес, заедно со големиот брод “Франклин Рузвелт” кој е укотвен во Пиреја, пристигна кралот”, му шепна Лазарос на Пондилаки.

“Значи затоа Хаш и монархистите се толку радосни. Се собра целото друштво. Значи, го прославуваат враќањето на кралот во земјата”.

“Зар не гледаш дека со нив се Англичаните и Американецот!”

“Им недостасува уште полицијата и шљамот од балканските држави. Го нема ни Алексеј Иванович Старовкин”.

“Полицијата доаѓа, Пондилаки. Внимавај како чекори!”, се насмеа Лазарос.

“Нека ни е на здравје новата власт во пансионот”, му рече Пондилаки и се напи од ракијата.

Пампас под рака со собориниот поглед на Софија Гелева го зеде местото резервирано за него и порача бренди за двајца. Дури тогаш ја забележа прославата на Хаш. Се насмевна задоволно што секој се поклонува на неговата полициска униформа и му отпоздрави на понизниот наклон на Хаш, на Англичаните и на Американецот Им даде истовремено знак да ја продолжат веселбата. Се загледа во убавината на Софија. Потоа лизна малку од брендито.

5.
Расим бег го подигна грубото лице. Им наздрави на неговите двајца набиени придружници. Пампас не го поднесуваше нивното присуство во пансионот, но се плашеше отворено да им се спротивстави. Им се насмевна и ја подигна чашата да му наздраваат. Хаш го забележа Албанецот и неговите придружници. Стана од столот на кој седеше. Им пријде.

“Придружи ни се, Расим! Имаме прослава.”

“Каква прослава? Празник?”

“Се врати кралот во земјата. Сега имаме крал”, му рече надуено.

Расим бег се почеша по увото.

“Ќе дојдеме. Не радува враќањето на вашиот крал.”

“Нашиот крал, Расиме. Нашиот”, му рече Хаш гордо.

Расим бег стана од столот и во придружба на Хаш дојде на масата на која го покани самиот Хаш. По нив зачекорија двајцата негови придружници.

“Здраво!”, им рече Расим бег на Англичаните и на Американецот.

“Халоу!”, му одвратија тие.

Расим бег седна. Му се придружија и неговите двајца пријатели. Хаш им подаде чаши и им налеа во нив џин. Се смееја.

6.
На бината се појави Јани Ронков. Почна да го испробува инструментот. Нежниот звук на бузуката ја исполни просторијата. Хаш му даде знак со раката да прије до неговата маса. Јани Ронков со бавен чекор пристапи.

“Свири нешто весело, нешто што ќе го круниса доаѓањето на нашиот крал во земјата”, му рече како на потчинет.

“Морам да се подготвам за вечерната претстава. Мене не ме плаќа кралот туку Уранија Папајоану”, му рече мирно Јани.

Хаш скокна од столот. Од устата му изби пена.

“Ќе свириш, инаку ќе те протерам во Скопје!”, му се закани и се сврти да види како го прифатија неговото заканување гостите. Се насмеа цинично.

Јани Ронков мирно го проследи неговиот циничен збор. Не засвире и самиот не знаеше зошто. На Хаш му избија искри од очите. Поцрвене во испиените и груби образи. Носните шуплини му се раширија. Лицето му се искриви од бес. Јани Ронков отстапи два чекори.

“Ќе свириш, мамичето твое Славомакедонско!”, му се закани Хаш. Извлече кама од појасот. Големото сечило блесна на слабата светлина и за миг му ги ослепе очите на Јани.

“Свири, копиле!”, грмна на него Хаш и му го приближи сечилото до очите.

Јани Ронков заигра со црнките на очите и се повлече уште два чекори. Тоа го предизвика Хаш уште повеќе да се настрви на бузукистот. Ги изврте очите, ја разбушави косата и го замагли погледот. Рикна неодредено како ранета sверка и замавна со ножот да го убоде бузукистот. Сечилото профуче покрај главата на свирачот. Хаш повторно замавна да убие. Јани Ронков не се вознемири. Со два скока се најде на бината. Смирено дофати една железна шипка што ја користеа како потпирач на големиот сандак во кој ги чуваа инструментите и зазеде одбранбен став. Не се појави во него желба да убие. Не љубеше ниту лигавење.

“Можеби ќе те развеселев и сите што сега немо го следите нашиот дуел и се повлекувате во аглите на пансионот, доколку не ја покажавте вашата лигавост. Мене ми е сеедно дали е кралот во земјата или во некој егзотичен предел некаде на земјината топка. Живеам од бузуката и таа ми е единственото мило што го имам”, мислеше и чекаше Хаш да нападне. Јани навистина, љубеше, една жена, но последната војна му ја одзеде оставајќи го самиот да броди по стапките на животот во големиот град. Му наметна самотија и сопствен режим на живеење и однесување со луѓето. Никого не мразеше ниту пак некого посебно сакаше. Сите луѓе му беа исти. Не се занимаваше со политика. Сметаше дека нема што да бара од луѓето. Исто така немаше ни што да земе од нив. Последната година се повлече толку многу што ништо освен неговата бузука не можеше да го покрене во акција. Сега кога Хаш посака да му го симне достоинството, се пробуди во него силна желба да го згазне под нозете и да го столчи, но неговата затворена природа, секогаш мирољубива, надвладеа со неговите сетила и го натера да премолчи, но не и да се предаде.

Го гледаше Хаш во подивените очи пред кое шеташе сечилото на големиот нож и светкаше повремено одземајќи му го виделото. Ја стегна цврсто шипката и реши борбата да престане додека еден од нив не умре. Како да се враќаше во детството и играше на Епатапиргон. Често со крајот на окото загледнуваше во докерите кои се двоумеа дали да ја сопрат крвавата пресметка.

Во пансионот одекна звук на бузука. Хаш се препоти. Се сврте и на бината го виде другиот бузукист што свиреше во оркестарот на Јани како одмерено удира по жиците на инструментот за по малку да почувствува како низ жилите му се леди крвта.

Пондилаки мирно го следеше двобојот. Докерите кои седеа околу него беа вознемирени.

“Оваа игра се вика балада за непобедениот. Често ја игравме како деца. Еден од двајцата мора да падне. Во случајов Јани е решен да се бори на живот и смрт”, им рече Пондилаки за да ги смири докерите. Но, не успеа. Напрегнати ги следеа движењата на Јани и на Хаш. Очекуваа што ќе се случи.

Јани Ронков ги разигра очите и го внесе во сопствените жили болниот звук на бузуката. Направи два чекори кон Хаш. Насмевка му заигра на тенките усни. Хаш се повлече. Јани повторно тргна кон него не испуштајќи го сечилото на големиот нож од видот.

Двајцата набиени придружници на Расим бег ги напуштија столовите и тргнаа накај него внимавајќи да не ја пореметат мелодијата што извираше од бузуката со некаков шум. Сепак едниот придружник на Расим бег не успеа докрај да ја сочува присебноста. Извлече кама со ребрасто сечило од футролата што ја носеше во близина на подмишките и на присутните им најави оти бузукистот доби нов соперник. Но, не беше негова среќа да убива бузукист. Чекореше полека и внимаваше да не се сопне од сопствениот страв или сигурност, само тој знаеше од што. Налета на подадената нога на Маноли Стрезовски и падна главечки на подот. Не успеа да види дали присутните со голема возбуда го проследија неговото паѓање. Успеа да се подигне од подот, но пиштолот што се најави во рацете на Туши Гонев го предупреди да не го напушта местото ако сака да преживее. Остана стаписан на подот.

Вториот придружник на Расим бег, од чии очи извираше необична носталгија по нешто не така одамна загубено, направи уште два чекора и исчезна зад шанкот незабележливо за очите

на присутните во пансионот. Само Пампас виде кога Стојос Панајопулос му го стегна вратот и силно го повлече зад шанкот.

“Стори нешто! Ќе се пролее крв”, му рече Софија.

Пампас се насмеа.

“Ако се тие будали не ми се оди мене во гроб”, и рече и ја потчукна нежно по раката.

“Ова е музика на смртта”, пламна Софија.

“Смири се, ‘лудо’! Што ти е грижа за шљамот”, ја смири Пампас.

Бузуката и понатаму испушташе топли звуци кои се влеваа во крвта на присутните и им го парализираа чукањето на срцето. Толку вешто ја разбиваше тишината што ни во најтемниот предел на земјата не можеше да се почувствува посовршен мир. Никој во пансионот не се осмели по двајцата придружници на Расим бег да ја разруши нејзината болка што извираше од жиците. Сите како да ги прикова за подот и аглите на пансионот. Дури и Пампас кој добиваше плата секој месец за да спроведува мир и љубов помеѓу жителите на големиот град.

Јани Ронков го стегна поцврсто железото и забележа како очите на Хаш отстапуваат пред музиката на смртта. Небаре почувствува земја над себе. Потоа го растресоа телото на Хаш и се појави несигурност на неговата рака во која острото блескаво сечило на големиот нож се олабави и покроце се повлече кон половината на шарената кошула во висина на џебот. Нешто ги вознемири неговите очи и почнаа да бараат помош, но наидоа на две револверски цевки, едната вперена во првиот придружник на Расим бег а другата кон масата на која седеа Англичаните, Американецот, Расим бег и монархистите. Го забележа скаменетиот придружник на Расим бег. Вториот не успеа да го пронајде. Му светна мисла да го заобиколи бузукистот, но музиката со три отсечни тонови му ја прекина мислата и го врати во природните немилосрдни води на езерата

на бузукистот. Се повлече два чекори назад. Тоа му го спаси животот.

Во пансионот кај скалите што водеа во одаите се појави Уранија Папајоану. Беше облечена во раскошна белузлава непросирна ноќница.

“Комедијата заврши, господа”, им рече строго и заповеднички, при што престана музиката.

Крвта на присутните повторно почна нормално да тече во нивните тела и тие се смирија. Појдоа полека и несигурно на своите маси. Хаш иронично се насмеа повеќе за да се прибере отколку некого да убие или понижи со насмевката. Се врати со несигурен чекор кај Англичаните, Американецот и Расим бег, и седна одвај погодувајќи го столот. На масата се врати и првиот придружник на Расим бег пропуштен од пиштолот на Туши Гонев. Вториот придружник не се појави. Од таа вечер никој повеќе не го виде. За среќа на Стојос Панајопулос никој не го побара, скоро како таква личност да не постоела.

Уранија Папајоану му пријде на Пампас. Со снисходливост го бакна во образот и откако беше сигурна дека не е пореметено нивното пријателство го ослободи од своето присуство и и го препушти на Софија, која не можеше да си дојде на себе. Избезумено гледаше во крвавите очи на бузукистот. Се смири.

“Ова е првпат играта на смртта да заврши без победник”, им рече Пондилаки на докерите.

“Не донесувај заклучок предвреме!”, му одврати загрижено Лазарос кој во меѓувреме се најде на масата.

Јани Ронков беше разочаран.

“По очите му читам силна желба да победи барем еднаш во животот”, изусти Пондилаки. Потоа забележа како Јани исчезна зад бината.

7.

По половина час се се смири. На осветлениот подиум се појави голото тело на новата ѕвезда што Уранија Папајоану ја доведе од Атина. Девојката почна да се разголува под налетот на музиката за која сите забележаа дека недостасува најдобриот тон. На бината го немаше Јани Ронков. Но, играта на новата ѕвезда од Атина успеа да влезе во сетилата на присутните и сосема да го истисне од нив виртуозното свирење на кралот на бузуката.

Докерите седеа на својата маса. Беа загрижени.

“Ветерот нема да мине без да остави крвава трага”, рече Туши.

8.
Новата ѕвезда на Уранија Папајоану појде зад бината. Се слушна пискот. Потоа девојката истрча во пансионот уплашена. Стојос Панајопулос ја дочека и ја гушна.

“Бузукистот е мртов. Лежи окрвавен зад бината”, низ плач му рече девојката.

“На хесо тон патера су”, викна Стојос. И помогна да седне на столот крај шанкот и истрча за бината. Се згрози.

“Ова е масло на Хаш и оние негови неранимајковци”, помисли. Гостите вознемирено очекуваа да се појави Стојос. Тој се појави и во рацете го носеше телото на Јани Ронков. Застана крај шанкот и го спушти пред нозете на новата ѕвезда. По скалите слезе Уранија Папајоану. Немаше болна нитка на очите.

“Истави го трупот од пансионот. Наскоро ќе дојдат гостите”, му рече со смирен тон што не беше вообичаено за неа кога му се обраќаше на Стојос. “И пронајди го Фоти! Веќе со недели го нема и немој да ми речеш дека не знаеш како ќе го сториш тоа”, потоа го потчукна нежно по рамото и по скалите се врати во одајата.

Стојос Панајопулос со помош на двајцата носачи што помагаа во пансионот, го свитка телото на Јани Ронков во два чаршафи

и им го препушти да го однесат на градските гробишта. Двајцата носачи без збор го понесоа чаршафот со телото на Јани Ронков и по три часа се вратија во пансионот. Стојос Панајопулос уредно им надомести за свршената работа. Ги почести со чаша ракија за душа на бузукистот со кого живееше добро. Ги остави луѓето да си ја допијат ракијата и се здружи со својот ум кој му наложуваше да го пронајде Фоти Стерјов зашто така сакаше Уранија. Излезе од пансионот и се упати по улицата. Големиот град имаше многу тајни места. На Стојос никако не му влегуваше во главата во кое се крие Фоти. Најпосле опцу по нејасната слика на тајните скривалишта и реши да не го бара, зашто и онака Уранија се уште не го ставаше во својот кревет туку наместо него го лижеше влакнестото тело на Алексеј Иванович Старовкин кој скоро и не излегуваше од нејзината постела во која свилата го потсетуваше на домашниот оџак и мирните води на големата река Дон. Се врати во пансионот и се пикна во кујната.

IX

1.
Пондилаки стоеше на перонот и гледаше во крупните очи на Јана Чакаларова. Напати очите му ги подземаше милото лице на Марија Ставридис.

“Ќе го поздравите од мене. Лозинката да не ја заборавите. Нема да ве прими без неа”, им рече Пондилаки.

Јана Чакаларова се насмеа. Марија Ставридис срамежливо го погледна.

“Не грижи се! Ќе внимавам на се”, му рече Јана.

Возот тргна и набргу ја напушти станицата. Пондилаки замислен го помина перонот, потоа и чекалната и излезе од станичната зграда. Низ улиците чекореше забрзано и не гледаше во луѓето кои понекогаш му го попречуваа патот. Кај Патера Хани му се придружи Маноли Стрезовски. Заедно појдоа кон улицата Вардарис.

“Собери ги луѓето и на полноќ кај гробиштата! Вечерва тргнуваме. Не можеме да ризикуваме повеќе”, му рече Пондилаки и го пропушти пред себе а самиот сврте во улицата Вардарис. По малку влезе во куќата во која живееше Ника Марија. Внатрешноста му беше позната зашто доаѓаше секој ден. Влезе во одајата и ја забележа на креветот. Ника Марија прилегаше на куп коски и кожа покриени со долга црна коса. Се бореше да го сочува она малку живот што го имаше во себе. Пондилаки сакаше да ја испрати преку граница, но кога ја виде сфати дека е доцна. Ника Марија влегуваше во другиот свет, оној за кој проповедаа поповите. Два часа седеше крај неа. Потоа се што требаше да стори беше пристојно да ја закопа на градските гробишта. Ја покри со чаршафот преку главата и излезе од куќата. Брзаше кон црквата. Улиците беа без шетачи и непречено стигна во црквата. Внатре го затече попот Иракло.

“Сигурно Ника Марија?”, му рече попот и воздивна.

“Да, попе, ќе ми треба ковчег и неколку свеќи. Ред е да ја закопаме според обичаите”.

“Вечер во десет часот на гробиштата. Сега оди!”, му рече попот.

“Ти благодарам, попе. Нема да заборавам што правиш за мене”.

“За секоја душа, синко. Сите сме ние чеда на бога и треба да се однесуваме така”, му рече Иракло.

Пондилаки замина. Се најде во куќата на Ника Марија. Штом се спушти ноќта го погледна часовникот. Беше рано и малку прилегна на другиот кревет. Се разбуди нешто пред десет. Го замота телото на Ника Марија во чаршавот и го нарами на грбот. Се движеше полека и внимателно да не го забележи некој. На гробиштата во темнината го препозна попот Иракло и му пријде. Покрај Иракло на земјата имаше сандак и врз сандакот неколку свеќи. Попот го отвори капакот на сандакот и Пондилаки внимателно го спушти телото на Ника Марија внатре. Го стави капакот и ги закова клинците па така го спои капакот со основата. Попот се насмеа.

“Се е подготвено. Уште да ископам дупка”.

“Има и дупка, Пондилаки. Само помогни ми да го спуштиме ковчегот во неа. Моите луѓе ги пуштив да заминат за да не те видат. Се може да се случи. Парите се примамливи за секого во денешно време”, му рече попот кротко и го дофати едниот крај на ковчегот. Пондилаки го зграби другиот и одвај, полека и внимателно го спуштија во дупката. Потоа попот кажа неколку реченици над гробот и ковчегот што самуваше во отворениот гроб. Пондилаки го затрупа ковчегот и кога дупката беше исполнета со земја, постави крст на крајот од гробот. На крстот пишуваше: ТУКА ПОЧИВА НИКА МАРИЈА. Беше задоволен.

“Да одиме, Пондилаки!”

Пондилаки кимна повторно со главата. Косата му се разбушави. Притаени од темнината стигнаа во црквата. Иракло забележа дека ги следат двајца непознати луѓе.

“Заборавив да ги запалам свеќите”, рече Пондилаки. “Ќе се вратам на гробиштата.”

Иракало се насмеа. Му беше мило. Заради луѓето што ги следеа и стојеа пред црквата. Иракало го изведе Пондилаки на задната врата. Се ракуваа без зборови. Пондилаки замина на гробиштата. Го пронајде гробот на Ника Марија и свеќите до крстот. Ги запали и ги стави покрај крстот. Стоеше некое време, потоа забрзано се упати во својот стан во кој живееше Христо Сотировски и неговата ќерка Параскева. Беше доцна. Сакаше да се поздрави со нив пред заминувањето од градот. Ги затекна замислени и со темни облаци на очите. И тие се изненадија кога го видоа. Пондилаки седна на столот.

“Што се случува со вас?”, ги праша сосема сериозно и си ги истри уморните очи со дланките.

“Ние заминуваме утре”, му рече Христо со глас на мртовец.

Пондилаки се вознемири.

“Зошто, по каква причина?”

“И самиот знаеш. Комунистите ги гонат, безмилосно ги убиваат. Полицијата трага по Параскева. Сакам да си ја сочувам ќерката и внучето.”

Пондилаки се замисли.

“Од твоите зборови наполно некоја непозната сила ми ја урна кулата што долги години ја градев како да е од шеќер. Многумина кои ги познавав и сметав на нив како на свои луѓе исчезнуваат од мојот видокруг, па дури и од земјата... Премногу бргу се одвиваат настаните за да можам да си ги средам мислите. Не знам што да ти кажам, единствено можам да се понудам за помош. Почна војната и ...”, не дореч Пондилаки, “Клучот оставете ми го кај соседите.”

“Лошо време, синко”, му рече Христо. “Ти благодариме за се што стори за нас. И тоа е премногу. Другото ќе го среди Македонската организација во која членува Параскева. Би сакал повторно и во поинакви услови да се состанеме. Овие години како да немавме смисла за такво нешто а време имавме.”

“Тогаш, да се збогуваме и да се надеваме на повторна средба”, им рече Пондилаки и им ја подаде раката да се ракуваат. Се ракуваа и потоа го напушти станот. По половина час се најде на гробиштата. Наиде на Маноли Стрезовски и Туши Гонев. Им се придружија на другите. Меѓу нив го забележа насмеаното лице на Вангелиос Котинарис. Му пријде и се ракуваа.

“Да тргнеме!”, му рече.

Вангелиос Котинарис само му ги покажа белите заби. Даде знак за тргнување. Една сенка ги запре. Сенката бешумно се движеше меѓу надгробните плочи и дрвените крстови. Се притаија следејќи го внимателно движењето на сенката.

“Кој е овој? Никого не очекуваме”, тивко рече Котинарис.

Молчеа и ја следеа сенката. Потоа пред нив се покажа Стојос Панајопулос. Сите се изненадија. Стојос Панајопулос највеќе.

“Простете, што задоцнив. Не можев да се извлечам од пансионот.”

Сите се насмеаја. Тргнаа. Имаа само една пушка. Неа на рамото ја носеше Стојос Панајопулос. Другите носеа пиштоли. Чекореа со забрзан од. Пред изгрејсонце стигнаа во Влашките колиби. Котинарис застана. Ја подигна раката високо.

“Стигнавме на целта. Можете да се сместите во колибите. По половина час сите да дојдете пред онаа колиба. Тоа ќе биде колибата на штабот. Сега повелете одберете си место.”

Докерите се растрчаа по колибите. Тоа траеше само неколку мигови. Потоа настана тишина. Само од некоја колиба излегуваше тешко ‘рчење и ја цепеше за миг глувотијата.

IV ДЕЛ

I

1.
Ставре Наковски долго време им се спротивставуваше на двајцата непознати кои го ослободија од дебелата ортома со која беше врзан за дрвото пред сопствената куќа. Сакаше да ги остави коските пред сопствениот праг. Непознатите беа упорни и сосила го одвлечкаа зад куќата, во густата шума. Не беше многу љубопитен. Едниот од двајцата сув и висок црномурест и со необично густи веѓи секогаш беше насмеан.

“Долго време лутаме пред пушките на монархистите. Можеш да ни се придружиш.”

Ставре Наковски молчеше. Мислеше Евангелија и дечињата.

Вториот непознат, на кого му беше оќоравено десното око, постојано молчеше. Се викаше Тодор Рисков.

“Како се случи тоа?”, го запраша Ставре. Седнаа на една висорамнинка да се одморат.

“Пред војната ни беше забрането да зборуваме македонски. Мене ме надушија во сопствената куќа. Влегоа внатре и затоа што зборував со сопругата и дечињата на македонски ме одвлечкаа в затвор. Таму ме тепаа. Еден од џандармите ме удри со дрвената палка по окото и престанав да гледам со него. Пет години бев затворен и кога ме пуштија да си одам дома ме предупредија повторно да не ја направам истата грешка.”

“И ти не ја направи?”

“Уште истиот ден. На пазарот во Солун сретнав еден мој соселанец. Како да не разговарам на мојот мајчин јазик. Тогаш на кој јазик ќе се разбираме ние. Грчки не знам. Арапски уште помалку. Го знам единствено мајчиниот, наш македноски. Зар е грев човек да зборува на мајчиниот јазик? Пред два месеци во моето село отседна една владина воена единица. Не тераа да потпишеме дека сме Грци. Успеав да се извлечам од селото и побегнав. На тројца, оние што први пријдоа до тефтерот во кој

требаше да потпишат, затоа што не потпишаа им ги исекоа јазиците.”

“Исто беше и во нашето село. Поминав долго време во Атина и сега сум повторно овде. Ќе другаруваме.”

“Ќе се извлечеме ли од овој пекол некогаш?”

“Се сомневам. Можеби ако си го напуштиме огништето и заминеме некаде во белиот свет подалеку од земјата... Зошто те викаат Кацар?”

Другиот човек се насмевна.

“Моето семејство изработуваше каци па така и го завикале луѓето”, му рече Кацар.

Ставре Наковски се насмеа гласно. Потоа му секна смеата и темни облаци му се појавија над веѓите.

2.
По неколку часа пешачење низ планината стигнаа во селото Парнарово. Влегоа во куќата на еден роднина на Тодор Рисков. Човекот ги пречека како свои луѓе. Им даде храна и зимска облека за Ставре.

“Не можете да останете во селото! Кучињата монархистички кружат и се закануваат со стрелање.”

“Не грижете се, домаќине! Ќе заминеме веднаш”, му рече Ставре и стана од креветот. “Да одиме!”, им рече на двајцата. “Ќе ноќеваме накаде во планината.”

Повторно се најдоа во планината. Ветерот беше студен и им ги затвараше очите. Пред зори стигнаа во напуштената куќа на Ципорјазовци. Влегоа внатре. Насекаде имаше прашина. Креветите и постелата не беа гибнати. Не ги истресоа ќебињата и рисаците туку се пикнаа уморни во креветите.

“Не поставивме стража”, рече Кацар.

“Нема зошто. Куќата е доста оддалечена од сечии очи. Спиј!”, му рече Ставре.

“Како ти е раната? Боли ли?”

“Спиј!”, го прекори Ставре и му го сврте грбот.

Наскоро потонаа во сон.

3.
Во дворот на куќата на Ципорјазовци внимателно и незабележливо од тројцата кои спиеја внатре влегоа седумнаесетмина луѓе. Се изненадија кога забележаа луѓе на креветите. Ставре ги отвори очите и ги погледна недоверчиво нивните испотени лица.

“Наши сме, не грижете се! Здраво Ставре! Светот е многу мал, нели?”, му рече човекот со жолта коса што стоеше до вратата.

“Здраво, Чонка!”, му одврати збунето Ставре.

“Не грижи се! Ние сме раководители на Македонската организација. Знаеме се за тебе”, му рече и се обрна кон другите. “Ова е Ставре Наковски за кого ни зборуваше Кољо Бочваров. Седнете, другари!”

Ставре Наковски стана од постелата. Згазна на болната нога. Офна.

“Ранет си?”

“Во десната нога. Куршумите не успеавме да ги извадиме.”

“Твоите другари тврдо спијат. Таквиот сон може да им се одмазди.”

“Сеедно. Кому му е грижа а нас! Ние сме како кучињата скитници. Секому му правиме добро и сите не тепаат. По

ѓаволите со зборувањето, ќе ви направам качамак. Сигурно сте гладни?", му рече и ги разбуди Тодора и Кацара.

"Што е, кои се ови луѓе?", буновно праша Кацар.

"Пријатели, наши луѓе. Гладни се. Ќе им приготвиме качамак додека одмараат", му рече и куцајќи на едната нога почна да го приготвува брашното за качамак. Му се придружија Тодор и Кацар. Набрзо качамакот беше готов и Ставре го стави котлето на софрата. Сите поседнаа околу софрата. Почнаа да јадат.

"Подоцна ќе го извадиме куршумот од твојата нога."

"Мислиш двата куршуми", се насмеа Ставре.

"Ако се два, тогаш два ќе извадиме", низ насмевка му рече Чонка и се закашла од качамакот што му влезе во душникот.

По јадењето Кацар и Тодор Рисков заминаа во планината да ловат дивеч. Ставре остана да седи пред куќата. Луѓето што дојдоа со Чонка легнаа да одморат. Чонка му се придружи на Ставре.

"Не спиеш?"

"Не сум уморен. Сакав да поразговарам со тебе."

"Во организацијата ви треба човек каков што сум јас", се насмеа Ставре. "Секако Чонка. Член сум на Партијата и на Македонската организација. Се зачленив во Македонската организација меѓу првите", му рече гордо.

"Тогаш, можеме да сметаме на тебе."

"Секако", му рече Ставре и воздивна.

"Не сме се виделе одамна, уште кога настапуваше во кабарето на Банко Будбаровски во Атина."

“Тоа беа добри времиња, иако беше војна. Тогаш можев да му опцујам мајката на кралот и сите да се насмеат. Сега е поинаку. Сакаат да не сотрат.”

“Не грижи се, Ставре! Времето ни оди на рака. Ќе видиш. И нас, Македонците ќе не огрее сонцето како што ги грее другите народи на светот. Имај доверба во мене!”

“Немој само да ми речеш дека со песна ќе ме вратиш во Костанерија.”

“Тоа не, но само засега. Иднината е наша. Млади сме и мораме да истраеме во борбата. Балканот се крена на нога заради нас. Ќе се створи балканска федерација во која ние, Македонците, ќе имаме своја држава и не ќе мораме да трпиме ничија тиранија.”

“Ти прикажуваш како сето тоа да ќе се случува во некоја ненапишана бајка. Сепак прифаќам да се бориме заедно. Така сме посилни. Што ќе добиеме ќе делиме.”

“Договорено”, му рече Чонка.

4.
“Збогум, Ставре! Борба е, можеби нема да се видиме поворно. Јавката ја знаеш.”

“Збогум, Чонка! Среќата нека ве следи!”

Ставре Наковски се сврте и следен од Тодор Рисков и Кацар го напушти дворот на куќата. Влегоа во густата шума и почнаа да се искачуваат по планината.

“Те боли ли ногата? Гледам, накривуваш малку”, праша Кацар.

“Се уште не е заздравена раната. Мораме полека да се движиме инаку отиде целата нога. Така рече докторот”, се насмеа Ставре.

“Со кого треба да се сретнеме?”, праша Тодор Рисков љубопитно.

“Со некои луѓе од Југославија”, му одврати Ставре.

Замолчаа. Ставре чекореше прв. Зад него одеше Тодор Рисков и најодзади Кацар.

5.
Осум часа чекореа по планината. Стигнаа на Бел Камен и како на договорен знак поседнаа на еден трупец да ги одморат нозете. Не поминаа десетина минути скокнаа од каменот изненадени. Околу нив со вперени пушки стоеја петмина добро оружени луѓе. Ставре, Тодор и Кацар ги кренаа високо рацете и воздивнаа тешко. Настана тишина.

“Кога паднавте за слободата”, им рече едниот од петминатa, но не покажа со ништо дека е готов да им го врати животот.

“Пред да зајде сонцето”, му одврати Ставре не поместувајќи брчка на лицето. Потоа се олабави.

“Сонцето е наше и нема никогаш да зајде”, му рече човекот и ги рашири рацете да се гушнат.

Ставре Наковски го гушна и го стегна цврсто околу рамениците. Кацар и Тодор Рисков зинаа од изненадување.

“Спуштете ги рацете! Меѓу свои сме”, им рече Ставре.

Кацар и Тодор Рисков ги спуштија полека рацете. Се уште беа збунети.

“Донесете ја вреќата и сандаците!”, им заповеда човекот на другите негови сопатници.

Луѓето без збор се оддалечија. Се вратија со една вреќа и пет сандаци. Ги ставија пред нозете на Ставре. Вреќата беше необично голема.

“Во вреќата има машински пушки а во сандаците муниција. Сега довидување до следната средба. Ќе се видиме по десет дена на ова место”, му рече човекот.

“Збогум и по десет дена повторно заедно”, му рече Ставре.

Се ракуваа. Петминатa заминаа. Ставре ја нарами вреќата. Кацар и Тодор Рисков земаа по еден сандак муниција.

“Скријте ги другите во онаа грмушка! Ќе се вратиме по нив”, им рече Ставре.

Тие ги спуштија сандаците. Ги засолнија трите сандака во грмушката и повторно ги нарамија сандаците кои веќе еднаш ги кренаа на рамењата. Долго одеа по планината. Нерамниот терен ги истоштуваше. Често одмараа.

“Од каде се луѓето?”, праша Кацар.

“Сигурно отаде границата? Кој би можел друг да ни даде оружје?! Знаеш дека Еласовото го предадовме по договорот во Варкиза”, му одврати Ставре.

Замолчеа. Се стемни. Влегоа во дворот на куќата. Пред вратата ги спуштија сандаците и вреќата. Ставре влезе прв. Застана онемен. Пред неговите очи се појавија измасакрирани човечки трупови. Ставре изброја девет. Телата беа толку унакажани што Ставре не ги препозна по ликовите туку по облеката заклучи дека се дел од групата на Чонка. Пријдоа Тодор и Кацар. Се стаписаа.

“Да бегаме одовде!”, им рече Ставре. “Ќе се засолниме во Влашките колиби.”

Ги нарамија вреќата и сандаците и се оддалечија од куќата. Пред полноќ стигнаа во колибите. Ноќеваа со немирен сон. Следните денови ги поминаа во очекување да се појави некакво животинче со кое ќе си ги исполнат гладните стомаци. Ништо не се појавуваше. Потоа земаа два автомати и муниција и појдоа да уловат нешто во планината. Долго време талкаа цапајќи во снегот додека не им застана на нишан млада срна. Кацар се двоумеше дали да стрела. Ставре Наковски ја застрела со

првиот куршум. Потоа се вратија во колибите. Ја испекоа. Беа толку гладни што одвај каснаа по некој залак месо...

6.
Самувањето во колибите им ги нагризуваше душите гладни за средба со други луѓе. По деветиот ден се подготвија за средба со петмината од отаде границата. Се сретнаа на истото место.

“Што има ново?”, праша човекот.

“Луѓето што не испратија кај вас во куќата ги измасакрирал некој. Не успеавме да дознаеме кој. Рекоа дека се раководители на Македонската организација. Останавме отцепени.”

Петмината со ништо не покажаа дека светот пропаднал.

“Скриј го оружјето на сигурно место и чекај го времето кога ќе бувне големата тиква!”, му рече човекот.

Се разделија.

7.
“Луѓето доаѓаат од Скопје. Ќе се борат со вас против монархистите. Имаат желба повторно да заживеат во своите неодамна напуштени домови”, му рече човекот и заедно со другите четворица замина во правец на границата.

Ставре Наковски ги гледаше љубопитно луѓето. Не познаваше никого од нив. Лицата им беа питоми а од очите им се читаше дека се подготвени за борба. Ги поведе кон колибите. Кога стигнаа ги распореди. Потоа почна нервозно да шетка меѓу колибите.

“Мораме да се снабдиме со храна. Сега сме тринаесетмина. Морам да се поврзам со Главниот штаб на демократската војска. Тоа е единствениот излез”, мислеше.

Следниот ден излезе од колибата што ја одреди за седиште на штабот на единицата.

“Сите во строј!”, викна гласно.

Луѓето излегоа од колибите и набрзина се построија. Сите беа оружени.

“Тргнете по мене во колона по еден!”, им заповеда и самиот тргна напред.

8.
Ставре Наковски по секоја цена беше решил да стапи во допир со главниот штаб за кој наслутуваше дека е во планините на западна Македонија. Долго време талкаа. Наидуваа на слични групи, но од штабот на демократската војска како да беше останало само името. Изморени по друг пат се враќаа назад во колибите. Кога се приближија, Ставре забележа присуство на луѓе околу нив. Застана. Потоа ги распореди борците и реши да чека. Денот стигна до пладне и кога сонцето побрза да влезе во темниот облак што се надвисна над нивните глави меѓу колибите. Ставре забележа позната човечка фигура. На изненадување на борците скокна од радост.

“Пондилаки!”, викна гласно и потрча да се здравува со човекот што шеткаше меѓу колибите.

“Ставре!”, се израдува Пондилаки кога го виде.

“Се гушнаа”, забележа еден од борците. Другите диво гледаа во нив и нејаснотија им ги матеше погледите.

“Ставре!”, викна Котинарис гласно и потрча кон него. Се гушнаа. Војниците со отворени усти зјапаа во нив. Беа збунети. Кога заминуваа од колибите не оставија никого. Им беше чудно присуството на новите лица. Но, магијата не ги држеше долго во своите прегратки и повторно се најдоа ведри и насмеани. Заборавија на очите што им се затвараа жедни за сон.

9.
Ставре Наковски одвај си дојде на себе. Го поведе Пондилаки и Вангелиос Котинарис во колибата на штабот на единицата во која имаше пристап само тој, Кацар и Тодор Рисков. Кацар веќе

беше внатре и ставаше карвана со чај да се топли на печката. Седнаа. Наскоро беше готов чајот. Пиеја и молчеа. Пондилаки и Котинарис отидоа на спиење. Ставре остана сам. Долго време размислуваше. Беше уморен и задрема на столот. Утредента се разбуди порано од другите. Набрзо во колибата влезе Котинарис. Му се појави насмевка на усните.

“Како во старите времиња”, му рече Котинарис.

“Само што сега не се бориме против хитлеристите”, му одврати Ставре, потоа го покани да се напие чај.

Котинарис го прифати лончето.

“Ова се оние исти лончиња од кои пиевме во 1943 година”, рече.

“Тие се. Ние не донесовме други”, му рече Ставре. Беше загрижен.

“Нешто те измачува?”

“Храната”, му отсече Ставре загрижено.

“Лесна работа.”

“Како лесна?”

“Ќе ловиме во планината дивеч. Ќе се снабдуваме како во војната против хитлеристите.”

“Мислам да ја освоиме Костанерија”, му рече нанадејно Ставре.

“Костанерија е изгорено до темел”, се зачуди Котинарис.

“Не е. Сите се вратија во селото и ги подигнаа куќите.”

“Тогаш да ја нападнеме и заземеме.”

“Ти ќе водиш, Котинарис. Војник си и искусен борец. Биди командант на единицата!”

Вангелиос Котинарис тој миг го загуби ликот на весело момче каков го паметеше Ставре од војната. Неговите руси коси беа уредно исчешлани а линии на принципиелна строгост и одмереност му го украсија белото лице. Сините прозирни очи што го отсликуваа неговиот цврст карактер, чесен и трпелив, не играа живо како некогаш, беа сосема мирни и впиваа се што зборуваше Ставре.

“Благодарам за довербата, Ставре! Но, се согласуваат ли другите?”

“Веќе се договорив со Пондилаки. Тој се согласува. Впрочем, ти си единствениот што имаш искуство во војувањето.”

“Тогаш, кога тргнуваме на Костанерија?”

Ставре Наковски се насмеа.

“Ти си капетаниос. Самиот реши!”, му рече и излезе од колибата.

Вангелиос Котинарис остана замислен со лончето во раката.

10.
Вангелиос Котинарис седеше во колибата на штабот на единицата. Ставре Наковски влезе во колибата. Котинарис му понуди лонче со чај. Ставре го прифати и голтна од топлата течност.

“Денес ќе ја заземеме Костанерија”, му рече Котинарис.

“Зошто денес?”, се зачуди Ставре.

“Зошто утре може да биде предоцна.”

“Не знам што си наумил, но ќе ги почитувам твоите наредби”, му одврати Ставре. Го испи чајот и излезе од колибата. Надвор

ги затекна борците построени. Се зачуди. Зад него Котинарис се насмеа.

“Војска е ова, не е шега”, му рече Котинарис и застана пред борците. “Во колона по еден!”, им рече. “Следете ме!” и тргна пред борците. По него зачекори Ставре. Зад нив борците. Најодзади одеше Пондилаки. По четири часа спуштање низ планината се распоредија околу селото. Полегнаа по влажната трева и чекаа команда да нападнат.

11.
Пондилаки имаше голема желба да ја посети Костанерија. Мислеше дека селскиот живот е достатно идиличен за да го помине човек животот спокојно.

“Твојата група ќе влезе прва во селото!”, му рече Котинарис.

Пондилаки се вознемири. Го турна со лактот во слабината Туши Гонев и му даде знак со главата да појде по него. На два чекори зад нив тргна Стојос Панајопулос следен од Стојан Џавалеков, Никос Зајкопулос и Маноли Стрезовски. Тивко забраздија низ првите куќи криејќи си ги телата од ненадејни погледи и фатија пусија зад куќата на Димитар Попгонев во која и ветерот не сакаше да влезе од страв да не го уништи самотијата.

12.
Зинда Нијархос изутрината не влезе во црквата. Седеше во дуќанот на маџирот Стефанос и во меаната со учителот Јоанидис Карахопулос, Васил Дигаловски и Милкијадис играше ксира. Нешто расправаше и повремено им ги покажуваше пожолтените коњести заби смеејќи со заразно и гласно.

“Да не мрднал никој од местото!”, им заповеда Ставре Наковски кој нечујно влезе во дуќанот.

Неговиот глас ги прикова за столовите. Ги подигнаа рацете над главите и станаа послушно извршувајќи се што очекуваа да им биде заповедано. Како да ги читаа мислите на Ставре.

Ставре Наковски ги изведе од дуќанот и му ги препушти грубо на Туши Гонев да ги чува. Испали куршум во височина. Котинарис се насмеа. Мирно со својата единица влезе во селото...

13.
Ставре Наковски со денови се подготвуваше да му ја скине главата на Зинда Нијархос. Го гонеше луда желба да го набие на колец и да го одере и таков да го остави да го изедат бубалките. Сега кога го имаше в раце, таквата желба се исели од него и самиот на знаеше како и зошто. Потрча дома. На патот го предсретна Кољо Бочваров. Се гушнаа.

“Ќе одам дома. Како се Евангелија и дечињата?”, праша задишан.

“Подобро, немој! Тие заминаа отаде границата со Гоне Сливаров и Попгоневи”, му рече Кољо. Го фати под рака и го поведе назад кон средселото.

Ставре Наковски почна да се бори со себе си. Не успеа да се извлече сосема од селскиот мирис кој се впика во него и му ги врати спомените. Се бореше со себе си и не успеваше да побегне од сликите кои му го слабеа телото и духот. Детски пискот му го одвлечка вниманието, но само за миг, зашто помисли дека халуцинира. Потоа се слеаа уште неколку и кога се заврте да види кој таму виска пред очи му застана со сета своја големина селската црква. Не ги затвори очите за да не ја гледа зашто во нив му се всадија Евридика Цакондас, сопругата на Милкијадис и трите дечиња. Пискаа пуштајќи глас до небото, небаре така господ ќе ги услиша нивните молитви за животот на домаќинот на семејството. Еден од војниците им покажа со прст во правец на Ставре.

“Тој е главниот. Нему молете му се!”, им рече војникот мирно.

Евридика Цакондас потрча кршејќи ги слабечките нозе. Ги остави дечињата да се капат во солзи и да го здивуваат погледот губејќи се во просторот. Онемуваа и повторно заживуваа во плачот трчајќи со ситните ноџиња желни да се дограбат до

нејзиниот долг фустан кој за нив беше единствената сигурност да се избават од страшниот сон што им се закануваше да им ги ораптави гласчињата и одземе просторот и времето. Најмалото често се сопнуваше по нерамниот пат. На нозете околу колената му се појави црвена течност. Крвавилото го натера уште потажно и уплашено да писка.

Евридика ги собираше нивните уплашени гласчиња, ги соединуваше со сопствениот, рикаше од несреќата што ја снајде и не го виде каменот, зашто очите и беа полни со солзи кои и го одзедоа видот, и наместо чистота, гледаше мрежесто ... не го виде каменот од болката и молбата што ја смислуваше за да ја ублажи душата на Ставре, да го скроти неговиот гнев и да и прости за судбината на Евангелија и близначињата, и да им го врати таткото на трите ќерки кои се гушеа заедно со неа во плачот. Не го виде каменот, но и да го видеше, не ќе беше поинаку. Се спрепна и го посла слабечкото тело на кое висеше широкиот фустан струкиран на половината. Земја и се зари во устата што и се тресеше немоќна да ја следи судбината што и ја одреди самиот Милкијадис. Падна пред нозете на Ставре Наковски. Плукаше земја од устата. Трите ќерки и се закачија за фустанот и и го топеа со солзи. Се прибра малку и ги собра ќерките околу себе, стана и ги состави очите со Ставревите. Престана да плаче. Си ја избриша крвта што и извираше од устата и некое време стоеше како омагиена.

“Знам дека е скот, но нема кој да ги храни дечињата”, му рече Евридика со мирен нежен лирски глас од кој извираше и молба и клетва. “Пуштете го!”

Ставре Наковски гледаше како си ги крши тенките ноџиња и собираше срџба и сакаше сета да ја истури врз неа. Потоа погледот го пресели на ќерките кои се топеа во солзи.

“Народот ќе реши за неговата судбина”, и рече не покажувајќи со ништо дека го вознемири судбината на нејзинте дечиња.

Евридика Цакондас врисна.

“Ако треба да му се плати на народот, можам својот живот да го дадам. Не можам да ги хранам децата. Лебот го носи тој. Тоа ти најдобро го знаеш.”

“Оди си дома, жено, и чекај ја судбината што ќе ти ја одреди народот!”, и рече низ стиснати заби Ставре, и влезе во дуќанот на маџирот Стефанос. “Налеј ми чашка ракија!”, му заповеда строго.

Стефанос му наполни една чашка со ракија. Му ја подаде. Раката мусе тресеше. Ставре ја прифати чашката. Се напи од ракијата и погледна низ прозорецот. Ја виде Евридика Цакондас како со бавен чекор си оди дома. Му ги натажија очите нејзините ќерки. Плачеа со солзи и уплашени често се вртеа назад за да го видат уште еднаш. Го стискаа со детските рачиња фустанот на Евридика. Многу подалеку од нив, пред селската црква, со напрегање го виде Туши Гонев како ги втера во црквата Милкијадис, Зинда Нијархос, Васил Дигаловски и селскиот учител Јоанидис Карахопулос.

“И смртта има свое достоинство”, помисли и плукна на подот.

14.
Во дуќанот на Стефанос влезе Вангелиос Котинарис. Беше задишан и вознемирен. Погледна во Пондилаки, потоа во Ставре.

“Што да правам со затворениците?”, праша Котинарис.

“Попот стрелајте го! Другите нека си одат дома. Кој од каде дошол таков правец да земе”, му одврати отсечно без размислување со глас од кој извираше горчина, љубов и омраза.

Вангелиос Котинарис поздрави војнички и замина кон црквата.

“Да не згреши! ”, му рече Пондилаки. “Стрелај ги сите! Ќе налетаме на бења кај своите луѓе.”

“Не можам да ги стрелам сите”, му рече Ставре. Пред очите му стоеше сликата на дечињата на Евридика што го стегаа

шареniот фустан и облеани во солзи цупкаа потсопнувајќи се по нерамната улица.

“Грешиш!”, му рече Пондилаки.

“Некои луѓе се родени под среќна ѕвезда”, му рече Ставре и ја допи ракијата. Ја спушти чашата и излезе од дуќанот. Со забрзан чекор стигна во црквениот двор.

“Изврши ја наредбата!”, му рече на Котинарис.

Котинарис поздрави војнички. Влезе во црквата и придружуван од двајца војници кои го носеа попот излезе. Војниците го ставија попот осамен крај ѕидот. Зинда Нијархос, кому како да му пресушија солзите и исчезнаа молитвите стоеше уплашено до ѕидот. Куршумите му ја запреа на усните молбата со која мислеше дека ќе си го спаси животот. Се струполи на тревата и остана да лежи безживотно. Вангелиос Котинарис воздивна лесно. Пондилаки му приjде на Ставре и го повлече за ракавот. Тргнаа кон дуќанот на маџирот Стефанос. Им се придружи Туши Гонев.

15.
Милкијадис и Васил Дигаловски излегоа од црквата следени од двајца војници. Нивната ѕвезда спасителка заигра тој ден и им подари еден живот зашто веќе се беа простиле со оној што го имаа. Поминаа молкум покрај војниците.

“Јас си ја видов сопствената смрт”, помисли Милкијадис и не погледна во Васил Дигаловски кој чекореше покрај него несигурно. Чекореа со наведнати глави. Слушнаа врискање и се свртеа уплашено. Го видоа Јоанидис Карахопулос како трчаше прекутрупа само да биде што подалеку од Костанерија. Не намина ни да си ги земе алиштата. Продолжија. Милкијадис се одвои, но набрзо се премисли и повторно чекореа заедно. Свртеа по селската улица. Влегоа дома. Милкијадис остана во приземјето на куќата а Васил Дигаловски се качи на спратот. Васил Дигаловски не беше сигурен дека се разминал со смртта. Помина покрај мајка си и го почувствува на себе нејзиниот поглед. Знаеше дека таа го презира.

“Родив кукумјавка, а не човек”, му рече.

Васил не се сврте. Викањето на мајка му беше далеку неопасно отколку излегувањето пред очите на селаните и луѓето што дојдоа во Костанерија со Ставре Наковски. Влезе во одајата и ја зари главата во креветот.

16.
Ставре Наковски седеше до доцна во дуќанот на маџирот Стефанос и со Пондилаки и докерите пиеше ракија. Кога ја испи последната ракија од последната чашка стана од столот.

“Ќе бидам твој гостин”, му рече на Кољо Бочваров.

“Ќе ми биде мило”, му рече Кољо и стана од столот.

“Ќе се видиме утре”, им рече Ставре на докерите и следен од Кољо Бочваров излезе од дуќанот. Набрзо стигна во куќата на Кољо. Не разговараа. Си легнаа. Ставре долго неможеше да заспие. Потоа уморен му се препушти на сонот.

II

1.
Во Костанерија животот се нормализира. Селаните почнаа слободно да ги вршат своите катадневни поледелски работи. Се движеа по прашливата улица опуштено, самоуверено и гордо. Лицата им станаа ведри и по многу години насмевката заигра на нивните усни испукани од студениот ветер што дуваше откај морето и ги брануваше големите лисја на костеновите дрва. Селаните сечеа дрва и ги полнеа дворовите за да имаат огрев за следната зима. Не гласаа за новата влада.

2.
Кољо Бочваров го држеше весникот во рацете и ги прочита имињата на луѓето што ја сочинуваа новата владина гарнитура во Атина.

“Во изминатите дванаесет влади кои стапија по војната со хитлеристите новите членови на владата заземаа високи функции. Сега се собрани на куп. Никој не може да ме увери во добрите намери на водачите на земјата”, рече Кољо и удри со тупаницата по масата.

“Весникот е стар”, се насмеа Пондилаки.

“Како стар?”, се побуни Кољо.

“Новата влада зеде заем од Соединетите Американски Држави и тоа сума од триста милиони долари. Господинот Труман ги уверил американските конгресмени дека доларите се наменети за уништување на комунистите во Грција. “Катемерини” пишува за новите газди во земјата, Англија и САД, и ги отфрли тврдењата на новата влада дека во земјата постои демократија е независна”, рече Ставре.

“Труман заемот го даде за да создаде база со која ќе и се заканува на Советската земја. Таков заем сигурно дал и на Турција, или ако не дал, ќе и даде. Ќе видите”, рече Пондилаки.

“По нашата победа се ќе им падне во вода”, рече Котинарис, толку убедено што сите помислија дека веќе ја гледа демократијата во топлите столови на атинскиот парламент.

“Простете, но денес имам средба со луѓето од отаде границата. Да одиме, Котинарис”, рече Ставре, стана од столот и излезе на селската улица следен од Вангелиос Котинарис. Набрзо со уште десетина луѓе се упатија кон Бел Камен.

3.
Чекореа тромо по козјата патека. Котинарис одеднаш застана и им даде знак со раката да запрат и тие. Наслушнуваше. Ставре Наковски му пријде.

“Доаѓа поголема група луѓе”, му рече загрижено Котинарис.

“Испрати човек да види кои се”, му рече Ставре.

“Ќе одам самиот”, предложи Котинарис и не почека да добие одобрение од Ставре. Се искачи на ритчето. Потоа се врати.

“Селани. Со покуќнината талкаат по планината”, му рече.

“Да ги пресретнеме.”

Им појдоа во пресрет. Запреа пред нив. Од групата стапи напред едно момче.

“Каде сте се упатиле?”, праша Ставре.

“Одиме на север преку границата”, му одврати момчето.

“Можете да останете во Костанерија. Ние ќе ве чуваме”, сакаше Ставре да ги одврати од намерата.

Од групата истапи постар човек. Од очите му течеа солзи.

“И во Костанерија ќе дојдат. Се ни изгореа, проклети биле. Не оставија без покрив. Уште ни рекоа да си одиме во Скопје кај нашиот крал.”

“Ако заминете ќе ни се сотре лулката. Ќе повлечете многу народ по вас”, му рече Ставре загрижено и сфати дека зборовите му одлетаа во ветер. Одреди петмина да ги придружуваат луѓето до границата. Се раздели од нив тажен. Групата замина. Тие стоеја уште неколку мига и тргнаа кон Бел Камен. Набргу стасаа. Се поздрави со луѓето од отаде границата.

“Кралот е мртов. Имате нов крал. Се вика Павле. Нека ви е со среќа новиот џелат”, му рече човекот од отаде границата што ги предводеше другите четворица.

V ДЕЛ

I

1.
Лазарос Пападоглу седна на столот зад редакцискиот коректор. Беше спокоен. Се навали на масата, потоа го зема пенкалото што стоеше на мастилницата и по кратко размислување почна да пишува:

“Улиците на Солун деновиве се полни со човечки трупови за кои никој од жителите на градот не знае како се нашле пред нивните врати. Управата на градот го ангажира погребалното претпријатие, па така секое утро нивните работници минуваат низ улиците и ги собираат труповите на убиените, изгладнетите и претепаните и ги закопуваат во голема јама на градските гробишта. Се шири низ жителите на градот кажувањето на некои припадници на левицата дека низ градот теророт го вршат неколку банди кои се заштитени како некаков раритет од новата влада. Некои граѓани кои се поплашливи престанаа да се движат по улиците. Луѓето од погребалното претпријатие се жалат на се пообемната работа. Улиците почнаа да мирисаат на мрша. Количките со кои луѓето од погребалното претпријатие товараат мртовци се премалку да за можат да ги соберат сите умрени. Нашиот град почна да ги губи своите жители и преку денот, така што многумина кои излегуваа да пазарат храна, зашто друго не сметаат за неопходно како да е луксуз од кој немаат потреба, се сопнуваат од труповите. Гладта го притисна градот. Жителите се почесто мислат на своите стомаци. И не е чудо што излегуваат на улица и бараат леб. Бидејќи никој не им дава леб, а и она што го има во градот се набавува по баснословни суми (златото вреди колку и калта), го свртеа својот гнев кон владата во Атина, обвинувајќи ја дека таа е единствен виновник. И замеруваат што се крие за грбот на САД и Англија. Со право народот бара од владата, таа да ги истера нивните војници од земјата и да воведе демократија.

Смртта на кралот Ѓорѓи II не ги трогна граѓаните на нашиот град, како и низ целата земја. Народот уште еднаш собран по улиците ја плукна владата и нејзината фашистичка политика.

Полицијата и џандармеријата истрошија многу железо. Трупови ја поплавија калдрмата на нашиот град. Сега на секој жител на градот му е јасно дека мора да се пролеат потоци крв за да се смени владата и да си одат од нашата земја англиските и американските војници. Народот се поотворено и посмело стапува во судир со полицијата и џандармеријата, сигурен дека пролеаната крв ќе им ја донесе саканата слобода и ќе им ги наполни стомаците: ќе им ја оттргне од скутот смртта.”

Го потпиша текстот со ЛАЗАРОС ПАПАДОГЛУ и се навали на столот. Потоа му го подаде на редакцискиот коректор. Човекот со крупно лице и очила го зема текстот и набрзина го прегледа. Не поправи ништо на него. Му го врати на Лазарос.

“Носи го во печатницата. Таму е уредникот”, му рече и се потпре со лактите на столот.
2.
Лазарос Пападоглу слезе во печатницата. Уредникот го прегледа текстот и потврдно кимна со главата. Беше задоволен од напишаното.

“Дај му го на Хронос да го сложи”, му рече тивко.

Лазарос се насмевна победоносно. Во печатницата влегоа неколкумина кои носеа шешири и долги мантили. Во рацете држеа пиштоли. Се наредија крај вратата и припукаа. Лазарос пребледе од страв. Се фрли на подот. Словослагачот Хронос се фати за градите и падна мртов на подот. Луѓето пукаа. Лазарос се искрадна помеѓу печатарските машини и влезе во другото одделение и оттаму низ задната врата уплашен се најде на улицата, што водеше кон пазарот. Трчаше по калдрмата и се држеше за десната града.

“Ме погодија, мамичето нивно фашистичко!”, промрмори и не престана да трча. Стигна до Агиос Екатеринис и застана. Потоа потрча со наведната глава. Не знаеше каде да се скрие. Му беше потребна лекарска помош.

“Пондилаки и докерите одамна ги нема во градов. Кому да му се обратам за помош?”, умуваше Лазарос. Почувствува како

удри со главата во нечие тело. Се скамени од страв. Ја подигна главата и пред себе ја виде Уранија Папајоану која се напрегаше да се додржи на нозете. Потоа го зграби Лазарос за половината. Успеа да се задржи за него и да не тресне на плочникот.

“Види, види па тоа е нашиот новинар!”, се насмевна топло.

Лазарос беше блед во лицето. Раната од куршумот го болеше. Уплашен гледаше немо во убавото лице на Уранија.

“Ме бркаат. Ќе разговараме во некоја друга прилика”, и рече и сакаше да се оттргне од нејзините раце.

Уранија се насмевна уште поблаго и потопло. Лазарос се уште вознемирен трепереше.

“Не грижи се, шкрабало. Ние, Македонците, не јадеме луѓе. Појди со мене! Ќе ти помогнам”, му рече и го повлече за рака. Појдоа по улицата. Скршнаа двапати и влегоа во едно сокаче. Уранија застана до една куќа приземница. Лазарос ја препозна куќата.

“Ова е твојата куќа?”

“Да. Во неа нема никој да те побара. Ќе бидеш на сигурно место”, потоа го внесе внатре. Се држеше за десната града. Се плашеше. Очите му шараа загрижено по внатрешноста на собата во која го внесе Уранија.

“Легни на креветот! Смири се!”, му рече Уранија и излезе од собата. Лазарос несигурно се спушти на креветот.

“Морам да си одам. Уранија е човек на власта. Ќе ме предаде”, умуваше Лазарос.

Уранија се врати во собата. Се појави во друга облека. Во деколтиран фустан со процеп на десната нога. Чекореше мирно и со сигурност во држењето.

“Раскомоти се! Што се случило? Сметај дека си дома”, го уверуваше. Седна до него на креветот. Му помогна да го соблече палтото. На сината кошула забележа голема црвена дамка. Се вознемири.

“Ти си ранет!”, му рече и му ја раскопча кошулата. Пред нејзините очи се појави засеченото месо на телото на Лазарос. Се насмеа.

“Само те закачил мерецкиниот куршум. Ќе ти ја превиткам раната со чиста крпа”, стана од креветот и извади од шифоњерот шише ракија и чиста бела маичка. Му ја исчисти раната со ракија и му ја преврза со крши, што ги направи од маичката.

“Легни си! Сонот ќе ти ја поврати силата”, му рече нежно и замина во другата соба да си легне и да го смири немирното прекрасно тело што и поигруваше нервозно од заморот. Легна на креветот и се покри со две шарени ќебиња. Беше замислена.

“Проклета судбина. Еден ден ќе завршам во некој валкан каллив трап, прободена од нечие остро сечило какви што носат многумина во овој град со кои ката ден сечат глави без да постават прашање кому му припаѓаат. И нема никој да ги гони заради тоа, напротив ќе добие награда. Какво лудо време”, помисли Уранија и ги склопи големите клепки на очите. Се разбуди наредниот ден на пладне. Подготви јадење и појде во другата соба во која спиеше Лазарос Пападоглу. Го разбуди.

Лазарос Пападоглу скокна уплашено.

“Не плаши се! Лежи и не станувај! Нека заздрави мерецкината рана, потоа ќе видиме што ќе правиш”, му рече и му го подаде големиот послужавник во кој имаше чинија со пржени јајца, малку сирење и чај.

Лазарос полека го прифати послужавникот. Ја гледаше чудно.

“Не ми веруваш? Не ти се лутам заради тоа, иако во твоите очи забележувам колку многу се сомневаш во мојата чесност... Не

те кријам и негувам зашто си ми мил, или ми треба нешто од тебе. Ме потсетуваш на брат ми Христо. Тој е причината што ти помагам", му рече смирено.

"Го познавав брат ти Христо. Го испратија со една група комунисти во Акронафплија" и рече Лазарос. Гласот не му трепереше. Почна да јаде и брзо го изеде појадокот.

Уранија гламјоса во лицето од она што и го кажа Лазарос. Потоа ја заврте главата и му даде до знаење на Лазарос дека не му верува.

"Сега ти не ми веруваш. Јас го однесов списокот со имињата во Македонската организација."

Уранија почувствува како и ги сече нешто колената и го губи долниот дел од прекрасните нозе. Се струполи на подот и исчезна во некој нов свет, познат само на оние кои паѓаа во бесознание. Лазарос Пападоглу и покрај болката што го стегаше во пределот на десната града, стана од креветот и ја довлечка Уранија на свилената постела. И стави малку алкохол под носот и ги всели нејзините очи во своите, среќни што се отворени и оживуваат. Се насмеа победносно и ја истри со ракија по високото убаво чело.

"Уххх", воздивна Уранија болно и полека стана од креветот. "Веќе е доцна. Морам да ги соберам парите во пансионот. Ти биди спокоен. Овде нема никој да те бара. Ако немаш доверба во мене, оди си!", му го подаде од полицата големиот клуч. "Понеси го со себе, јас имам друг", му рече и влезе во другата соба. Се облече и излезе низ излезната врата.

Лазарос Пападоглу се вознемири. Срцето почна да му чука. Се уште не и веруваше. Си ги заплетка мислите така што успеа да ги отплетка дури кога на вратата повторно се појави високата става на Уранија Папајоану.

"Тука си?", го поздрави насмеано Уранија и појде во другата соба да се раскомоти. Се врати растоварена од облеката. Тоа предизвика немир кај Лазарос. Уранија забележа.

“Не мислам да те дојам со храброст, момче. Не те посакувам во мојот кревет. Сакам да те набљудувам од далеку. Ми ги враќаш спомените на брат ми Христо. Би поднела се само тој да живее”, му рече и го растресе убавото тело. Му приготви јадење и му го принесе на креветот. Лазарос го прифати јадењето.

“Јади! Вестите од печатницата “Агонистис”, стигнаа во пансионот. Владините луѓе убиле тројца а седмина раниле. Целата печатница ја демолирале. Се плашам дека си ти осмиот и дека не ќе смееш да се појавиш во градот на јавно место. Трагаат по тебе. Ако те најдат ќе те убијат. Твојата крв им влегла во жилите и душкаат насекаде”, му рече Уранија.

Лазарос не проговори. Погледот му стана бистар, но од очите му изби загриженост. Уранија седна до него на креветот и му ја размрси косата.

“Не грижи се! Ќе те пратам на сигурно место. Таму нема да те најдат” му рече смирено. Ја прифати големата тацна од неговите раце и стана од креветот.

“Биди спокоен! Ако те пронајдат во мојата куќа ќе страдаме заедно” му рече и појде во својата соба. Лазарос се истегна мрзоволно на креветот и по половина час потона во сврцт сон.

3.
Уранија Папајоану му донесе нова облека, скромна за нејзиниот вкус. На Лазарос му се виде премногу богата. Уранија му помогна да се облече. Донесе една торба од другата соба и му ја даде. Го бакна во челото.

“Мораш да заминеш. Мене ме следат луѓето на Пампас. Ќе одиш во Костанерија и ќе го побараш Ставре Наковски. Кажи му дека те праќам јас, и внимавај по патот зашто се зборува дека војската, џандармеријата и полицијата прво убивале а потоа поставувале прашања. Секогаш биди засолнет од шумата”.

“Сум бил близу до Костанерија. Ти благодарам. Не знам како да ти се оддолжам”, промрморе Лазарос.

Уранија Папајоану го погледна мило со убавите очи. Го испрати до вратата и го поттурна да излезе. Лазарос зачекори по калдрмата и набрзо се загуби меѓу ниските куќарки скриен од антаријата на ноќта.

Уранија се врати во собата. Стоеше загрижена во просторијата што некогаш била нејзина најубава приемна одаја, и замислена излезе надвор, оставајќи ја вратата незаклучена. Завиткана во долга волнена шамија и со тажен поглед стигна во црквата Света Катерина. Внатре беше само попот Иракло. Не ја познаваше. Ги ококори очите кога виде колку пари Уранија остави до иконата на света Богородица. Дојде во искушение да и пријде и да го тргне црниот превез, за да види какво лице се крие зад него, но се уплаши да не го предизвика нејзиниот гнев и да си натовари каква било бељa што можеше да му ја одземе службата која му носеше се што другите жители на Солун немаа: храна и облека а и многу пријатели како и заштита од власта. Остави случајот да му открие кој се крие зад црниот превез.

Уранија запали две поголеми свеќи. Воопшто не мислеше на попот. Таа и се молеше на Богородица за животот на нејзиниот брат Христо како да беше последната сламка за која се закачи и да го спаси.

Иракло не издржа и и пријде. Не се осмели да и го тргне црниот превез.

“Многу пари оставивте. Црквата ви благодари за подарокот”, и рече Иракло и љубезно се поклони.

“Дај им ги на комунистите, попе! Секој ден ќе добиваш по толку. Нека купат пушки и нека пукаат. Нека ја преземат еднаш веќе власта за да си го спасам братот”, му рече Уранија и без поздрав го напушти а потоа и црквата.

Попот остана зачуден. Се вознемири.

4.
Уранија се врати во пансионот, но не се задржа со гостите, туку отиде во одајата и се испружи на креветот. Уморнината ја совлада и заспа.

Долу во ресторанот немаше гости. На една од масите седеше Хаш со монархистите, Расим бег и неговиот придружник. Во скутовите им седеа полупијаните девојки кои Уранија ги донесе да ги забавуваат гостите. Не ја забележаа Уранија кога влезе и се искачи по скалите. Ги лигавеа девојките среќни што можат безгрижно да го силуваат денот. Два часа пред полноќ, изгаснаа светилките. За миг загосподари тишина. Потоа се појави сноп светлина на подиумот. Салата ја исполни нежниот плачлив звук на бузуката. Свиреше само еден бузукист. Под снопот светлина се појавија три полуоблечени танчерки. Почнаа да ги виткаат телата, следејќи го ритмот на музиката.

Расим бег во скутот држеше една од девојките и и ги лигавеше големите гради со јазикот. Со едното око ги голташе мазните простомати тела на танчерките кои не ја напуштаа музиката како да беа заинатени докрај да и служат.

“Спушти ги ролетните на прозорците!”, му рече Расим бег на придружникот заповеднички.

Скендер само ја наведна понизно главата и по неколку мига за очите кои од улицата сакаа да видат што се случува во пансионот глетката беше прекината. Расим бег задоволно се насмеа и ја тргна девојката со големите гради од скутот. Им пријде на танчерките и се замеша во нивната игра. Хаш се насмеа гласно. Монархистите почнаа да плескаат со дланките во ритмот на музиката. Расим бег задоволен што танчерките го прифатија и што не е принуден сосила да ја бара нивната покорност ги погали по голите тела. Танчерките се пикнаа во него и го удираа со колковите. Тој одвај се додржуваше на нозете. Цел час бузуката не престана да испушта звуци. Потоа се се стиши. Танчерките со насмевка, љубезно го оставија Расим бег на снопот светлина.

“Вратете се!”, викна по нив Расим бег.

Танчерките не го слушнаа неговиот пригушен повик. На вратата на пансионот се појави Алексеј Иванович Старовкин и ја исполни просторијата со својот пештерски глас. Со него влегоа двајцата Критјани. Вратата зад нив се затвори со силен тресок и како да ја најави точката на новата ѕвезда на Уранија и пансионот “Македонија”. Бузуката екна и таа го извитка своето еластично тело. Алексеј Иванович Старовкин си ги излижа усните со јазикот и испушти сладострасен крик. Настана тишина во која само се слушаше бузуката.

“Април е мој месец и отсекогаш ми бил најомилен”, му рече грубо на Хаш и го пушти пештерскиот глас да ја затресе просторијата. “Донесете виски од шанкот!”, им рече на Критјаните и седна на една маса близу до Хаш и монархистите. Критјаните донесоа шише виски од шанкот и го ставија на масата пред Алексеј Иванович Старовкин.

Алексеј Иванович Старовкин го голташе телото на новата ѕвезда на пансионот “Македонија” и пиеше виски. Голото тело на девојката го измами да го посака за себе. Го зграби шишето од масата. Сакаше да стане. Над главата почувствува нечие тешко дишење. Ја крена главата и го виде лицето на Расим бег.

“Оваа е моја вечерва. Ќе буричкам во неа како во ниедна друга досега и ќе истурам во неа се што имам во себе”, рече Расим бег. Го бакна Украинецот во челото и му го излигави.

Алексеј Иванович Старовкин го изгледа по целото тело. Му се згнаси од лигавиштината на Расимбеговото пијано лице и грубо го турна. Расим бег се струполи во масите, немоќен да застане на нозете. Не почувствува болка. Го избриша окрвавеното лице, ја протресе силно главата и бесен тргна накај Алексеј Иванович Старовкин да го усмрти.

Едниот Критјанин молскавично стана од столот и му се иступори на Расим бег. Не стигна да му се опули во едното око. Придружниот на Расим бег, Скендер без предупредување,

незабележливо му го зари ножот во грбот и додека Критјанинот офна од болката Скендер му го пресече грклан от.

Вториот Критјанин подиве од глетката. Беше збунет од брзината на Скендер. Стана од столот и му појде во пресрет на Скендер. Го извлече ножот со големото ребрасто сечило и му се закани. Почнаа да се гледаат како петли. Си ги испитуваа силите. Потоа се скачнаа. Од првиот судир Скендер се извлече со окрвавена десна рака. Во вториот судир Критјанинот го расече по градите. Потоа почнаа пак да се надмдруваат одалечени еден од друг толку колку што беше потребно за да се наденат на острите ножеви.

Алексеј Иванович Старовкин се насмеа толку гласно што затреперија чашите и шишињата на шанкот. Се исправи и со еден удар го испрати Расим бег повторно под масите. Потоа го зграпчи Скендера и со голи раце го задави и како ништо да не се случило се најде под снопот светлина под кој спокојно ја докрајчуваше својата точка на разголување новата ѕвезда на пансионот “Македонија”.

“Продолжи да свириш!”, му викна на бузукистот грубо. Го подигна кревкото тело на девојката што се виткаше голо под светлото и го понесе низ пансионот.

“Помини си убаво со убавицата, Алексеј, и пробај да ја задржиш убавината подолго време во себе. Утре заминуваме од Солун. Одиме во планините да ловиме комунисти”, му рече Хаш и плесна со рацете за да му донесат пијалок.

5.

Алексеј Иванович Старовкин се искачи по скалите. Во неговите големи раце уплашено мируваше новата ѕвезда на пансионот “Македонија”. Поминаа покрај собата на Уранија Папајоану. Алексеј Иванович Старовкин не се сврте како никогаш да не постоела таа соба а ни нејзината сајбијка, со која знаеше да ужива и по неколку дена не излегувајќи меѓу луѓето. Се буфна во одајата во која престојуваше и со се ѕвездата на пансионот“Македонија” која на себе немаше никаква облека се џитна на креветот. Штиците попуштија под налетот на

горостасното чудовиште во човечки облик и со тресок полегнаа на подот. Алексеј Иванович Старовкин прсна во смеа. Новата ѕвезда на пансионот "Македонија" притисната од тромоста на Украинецот за малку што не го испушти зврцките. Одвај го задржа воздухот во себе. Почуствува силна болка во стомакот, но не испушти глас. Украинецот и ја зари устата во градата и немилосрдно ја гризна за пупулката од што новата ѕвезда на пансионот "Македонија" врисна до небото.

"Колку пари треба да платам за вечерва?", рече Алексеј Иванович Старовкин сериозно.

"Пет илјади", му рече девојката како навиена.

Алексеј Иванович Старовкин се насмеа толку гласно од што се потресе целиот пансион.

6.

Уранија Папајоану се разбуди. Ја накриви устата мрзоволно и стана да ја заклучи вратата на одајата. Тоа го направи за првпат откако е во пансионот. Се почувствува осамена и се уплаши од силната смеа на Украинецот. Цела ноќ не заспа очекувајќи некој да ја скрши вратата на нејзината одаја и да и нанесе големо зло. Луѓето со кои до вчера какетираше и ги вртеше околу малиот прст престанаа да ја посакуваат. Никако не можеше да сфати зошто настапила таква промена во нивните глави. Стана од постелата и си го погледа ликот во големото огледало. Забележа брчки на челото и околу очите. Го виде во огледалото што извираше од нејзиниот скршен поглед. Сето црнило на лицето и се иструи во умот. Помисли на староста, но ја отфрли брзо таквата мисла зашто не и беше пријатна. Потоа неволно и тромо се фрли на креветот. Го слушаше грубиот глас на Алексеј Иванович Старовкин и врескањето на новата ѕвезда на пансионот "Македонија" што самата ја повика од Атина по наговор на Дастин Бровн. Утрото, со широко отворени, зацрвенети очи ја пречека во постелата. Иако стомакот и кркотеше од глад не слезе во ресторанот да јаде, од страв да не налета на Украинецот, или на некои од неговите пријатели посебно на Расим бег и на Хаш. Слегна многу подоцна, уверена дека си заминале. Сакаше нешто набрзина да фрли во устата и

да изчезне каде, било само да не е во пансионот кога тие ќе се вратат. Некој чуден страв се всели во неа, нешто што и велеше дека ноќта нема да ја дочека жива. И се чинеше дека повремено гледа сеништа што доаѓаат со бела кочија покриена со црни прозирни чаршави, и ја повикуваат да се качи за да ја однесат кај нејасно оцртаната фигура, што неколкупати и се закани дека ќе ја окова во своето царство. Не гледаше страст во неговите очи кои едноставно јасно можеше да ги види и за кои повремено мислеше дека му припаѓаат на Хаш. Нешто нејасно, магливо, искреше од нив и се впикуваше во неа, внесувајќи и несогледлив страв што ја доведуваше до границата на лудилото.

"Ќе го напуштам пансионот засекогаш", помисли. "Вака налудничава ќе го загубам авторитетот како сопственик на пансионот", потоа набрзина испржи јајца со сирење. Изголта се и се качи во собата. Долго време ја бараше тапијата. Не ја пронајде. Собра сува храна во една поголема торба и го напушти пансионот. На улицата си спомна за златниците што ги држеше под душекот. Се врати назад во пансионот. Застана крај шанкот. Нешто зашумоли. Се стресе од страв. Полека се сврте, се успокои и ги забележа солзите што и го влажнеа лицето и ја правеа погрда одошто беше. Скоро не личеше на девојката што ја доведе од Атина. Беше тоа новата ѕвезда на пансионот "Македонија".

"Ме осакати онаа грдосија. Сега сум готова. Отиде во мајчината мојот занает. Еве, види што ми направи тој скот", мрмореше немоќна да зборува од липањето и ги откри малите гради пред Ураниите очи.

Уранија мирно го погледна црвенилото што царуваше на местата на кое требаше да бидат пуполките.

"Не си само ти со одгризнати пуполки", и рече мирно Уранија, но не за да ја успокои туку некому да го исповеда сопственото црнило што и ја стискаше душата и и се закануваше со препукнување на жолчката. Гледаше во унакажаните гради на новата ѕвезда на пансионот "Македонија" и не тажеше по нејзините пуполки. Не знаеше Уранија каде да најде цели пуполки кои ќе и ги красат сопствените гради за кои сите во

градот што имаа вкус за убаво мислеа се најубавите на светот. Уранија повеќе не можеше да се гордее со нивната убавина. Ги криеше од себе си за да не се самоубие.

“Оди си назад во Атина! Ќе ти дадам доволно пари за да започнеш некоја нова работа што не е зависна од играта и разголувањето. Отвори некој киоск за мекици или бутка за цигари. Занимавај се со што било само не со соблекување, зашто можеш и животот да го загубиш” и рече и ја поведе по скалите во одајата. Ги извади златниците и и ги даде на девојката. Таа ги зеде парите.

“Како ти е името?”, праша Уранија.

“Се викам Ирина”, рече девојката со блага срамежлива насмевка. Потоа лизна покрај Уранија во ходникот. Се врати. Застана на вратата.

“Хаш, Украинецот, Расим бег и монархистите ќе бидат подолго време отсутни од градот. Отидоа во војна далеку од пансионот. Ако има господ нема да се вратат”, и рече девојката и се загуби во ходникот.

“Сирота девојка”, промрморе Уранија и ја затвори вратата. Легна на креветот и ја зари главата во перницата. Заплака. Потоа долго време се превртуваше во постелата. Најпосле заспа. Се разбуди по полноќ. Слезе во ресторанот и касна суво месо. Се качи во собата. Легна и продолжи да спие. Попладнето, следниот ден, сонлива излезе да му отвори на човекот што тропаше на влезната врата на пансионот. Излезе во ноќница и неизмиена. Очите и беа потечени од спиење.

“Влезете!” му рече Уранија.

Човекот беше млад и калеш со убаво лице и стројна става. Ја потсетуваше на брат и Христо. Влезе во пансионот. Во рацете носеше торба. Уранија ја препозна торбата.

“Земете ја торбата! Ми ја даде една млада девојка пред да умре”, и рече мирно човекот и и ја подаде торбата.

Уранија ја зеде торбата. Некоја непозната сила за неа ја присилуваше да го гледа човекот.

“Што се случило со Ирина? ”, праша мирно.

“Мртва е. Некои момчиња се дрзнаа да ја силуваат во возот. Таа се опирала. Седев во соседното купе и слушнав врискање. Истрчав и стигнав доцна. Момчињата побегнаа. Девојката лежеше со нож зариен во вратот. Успеа да ми каже да ви ја предадам торбата доколку сте вие Уранија Папајоану”, рече човекот мирно.

“Јас сум Уранија. Понекогаш господ казнува невини души”, рече Уранија. “Сепак благодарам”.

“Простете, но морам да одам. Имам обврски”, рече човекот.

“Нема да се напиете една ракија со мене?”

“Благодарам, не пијам алкохол” рече човекот и и ја подаде раката да се ракуваат.

Уранија ја прифати неговата подадена рака и му ја стегна цврсто.

“Повелете, кога сте слободни. Ќе ми биде мило да празговараме”, му рече Уранија и му ја пушти раката.

“Довидување и благодарам за поканата. Се надевам дека ќе ни се вкрстат повторно патиштата”, и рече човекот и излезе од пансионот.

Уранија Папајоану стоеше како онемена. Иако се заколна гола пред никого да не се соблече и да го открие срамот на нејзиното прекрасно тело, посака да го има непознатиот во своја близина. Се понадева дека непознатиот повторно ќе ја посети. Се врати во одајата. Ја заклучи вратата и легна на креветот.

“Гадовите отидоа во војна, но зошто ги нема Англичаните и Американецот?”, се зачуди. Ги склопи очните капаци и се заврте кон ѕидот. Се вртеше повеќе пати во постелата се додека не заспа.

II

1.
На дваесетина километри југозападно од Солун, Питер Макдоналд смирено и со насмевка на усните шеташе меѓу војниците. Имаше нова униформа. Чизмите му се зариваа во тревата и корнеа тревки од земјата. Влезе во штабот на единицата. Внатре ги затекна Хаш, Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег.

“Напиј се бренди!”, му рече Хаш, “Одличен е”, и се насмеа диво.

Питер Макдоналд седна на столот што му го понуди Расим бег ја симна капата од главата. Хаш наполни една чаша со жолтеникава течност од шишето на кое пишуваше БРЕНДИ и му ја подаде.

“Да наздравиме, господине полковнизе.”

Питер Макдоналд ја прифати чашата со брендито и ја подигна високо. Се насмеа гласно.

“За уништувањето на комунистите!”, рече дрско и се напи бренди.

“За уништувањето на комунистите! Да живее Англија!”, викна воодушевено Хаш и го испи брендито воеднаш. Си ја наполни чашата повторно. Лицето му поцрвене од алкохолот. Очите му светнаа диво.

“Кога тргнуваме, господине полковниче? Одвај чекам да стапам во акција.”

“Тргнувате попладне. Ќе бидете сто луѓе. Имате оружје, облека и храна. Од вас се чека задачата да ја извршите беспрекорно.”

“А коњи?”, праша зачудено Хаш.

“Коњите ќе ги добиете на десет километри северно од Воден.”

Алексеј Иванович Старовкин се насмеа заразно и брендито му се истури од чашата.

“Ќе добиеме војнички коњи?”, праша заинтересирано.

“Војнички. Првокласни. Најдобри”, му рече Питер. “Се надевам ќе ги оправдате средствата што ги потрошивме за оваа акција.”

“Не грижете се! Ќе пресечеме повеќе комунистички глави и од самиот Хитлер.”

“Добро, Алексеј, се надевам така ќе биде”, им рече Питер, стана од столот и излезе од зградата, мала селска куќа со неколку соби. Надвор му пријде едно високо забрадено момче со реденици на градите. Момчето се насмеа и Питер му го забележа златниот заб на горната вилица.

“Како си, господине Ковачевиќ? Те слуша ли твојата војска”, му рече Питер шеговито.

Владета Ковачевиќ се насмеа срамежливо. Повеќе од страв. Питер не можеше да си објасни од каде кај Владета страв, иако се напрегаше се му беше попусто.

“Подготвени сме за борба. Моите десет луѓе чекаат”, му рече Владета.

“Добро, Владета. Се надевам, ќе се борите подобро отколку што тоа го правевте во Србија против комунистите на Тито”, се воозбили Питер Макдоналд. Извлече кутија со цигари и го понуди со цигара.

“Благодарм, пушам качак”, му рече Владета.

Питер Макдоналд извади цигара од кутијата. Ја врати кутијата во џебот на палтото. Ја штракна запалката и со сивкастиот пламен ја запали цигарата. Повлече дим и во долг интервал го испушти.

“Пристигнува полковникот Бортас. Ќе се видиме подоцна, господине Ковачевиќ”, му рече пријателски и му појде во пресрет на човекот со необично големи мустаќи што јаваше на коњ.

“На ваша заповед, господине полковниче”, му рече Бортас и слезе од коњот. Се ракуваа.

“Моето почитување, господине полковниче”, му рече љубезно Питер. “Владата ни го испратила најдобриот офицер на грчката армија. Комунистите против вас немаат никакви шанси.”

“Партали ќе летаат од нив, господине полковниче. Каква војска ми подготвивте да водам?”, праша заинтересирано Бортас.

“Најдобра. Сите се проверени и прекалени борци. Војната против комунистите ја посакуваат многу. Ќе се уверите сами на фронтот.”

“Мислите дека немаат друг избор? Господе, каква војска ќе бидеме? Од каде се?”

Питер Макдоналд се насмевна дискретно.

“Од соседните земји. Комунистите им понудиле јаже околу вратот и тие побегнале. Секој од нив има по стотина животи на совеста. Оваа земја е за нив Елдорадо. Се надевам ќе знаете да го цените тоа и најдобро да го исползувате се разбира во наша корист.”

“Секако, господине полковниче. Кој офицер не би посакал војска за која не треба да се грижи дали ќе ја уништат во правата борба”, се насмеа гласно Бортас.

“Не ме разбравте, господине. Тоа се изроди, очајници и луѓе без никакви шанси да почнат нов живот. За нив ништо не значат еполетите на вашата униформа. Ќе ве убијат ако им застанете на патот. Во земјите од каде се дојдени ги третираат за злочиници од прв ред и за нив нема враќање во татковината...”

“Тогаш, ќе приредуваме забава секој ден”, се насмеа повторно Бортас.

“Кланица, полковниче, кланица. Нека потече крв. Никој не смее да биде поштеден. Се од ред под сечилото на ножот”, рече сериозно Питер и тргна кон зградата од која пред малку излезе. По него зачекори Бортас. Влегоа во собата.

“Ова е командантот на единицата, господинот полковник Бортас”, рече Питер со строг глас.

Хаш, Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег станаа од столовите на кои седеа.

“Седнете!”, им рече љубезно Бортас.

Хаш наполни чаша со бренди и му ја подаде на Бортас.

“Напијте се со нас, господине Бортас!”

Бортас се наоблачи. Не ја прифати чашката со бренди. Го погледна Хаш строго.

“Господин полковник сум за тебе, момче”, викна Бортас строго.

Хаш се насмеа цинично. Повторно му ја подаде чашката со бренди.

“Напијте се со нас, господине полковниче”, рече понизно.

Бортас се насмеа дискретно. Ја прифати чашата.

“Благодарам, момче. Ќе бидеш добар војник.”

“И служам на монархијата, господине полковниче”, му отсече Хаш.
Бортас се насмеа. Ја крена чашата.

“За монархијата и нашите пријатели од Англија!”, рече и се напи.

“Напијте се и вие!”, викна Хаш.

Сите се изненадија. Бортас се закашла. Питер Макдоналд се повлече два чекори кон прозорецот. Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег се воозбилија.

“Наздравете му на кралот!”, викна повторно Хаш.

Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег му ги подадоа чашите. Хаш им ги наполни со бренди.

“За здравје на кралот!”, викнаа в глас.

“Така треба секогаш да пиете. Да знаете кому му служите”, се исклешти Хаш задоволно.

Бортас издиша длабоко. Се успокои. Питер Макдоналд си ја проголта плунката и полека се олабави.

“Да одиме господа!”, им рече Бортас и ја голтна течноста од чашата. Ја стави чашата на масата покриена со мушама и излезе надвор. По него во дворот се најде Питер Макдоналд. Зад нив зачекорија Хаш, Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег.

“Собери ги луѓето! Време е да тргнеме”, му заповеда Бортас на Хаш.

“Веднаш, господине полковниче”, одврати Хаш и се одвои од групата. Довлечка еден војник кој во рацете држеше труба до средината на дворот и строго го погледна. Војникот се вознемири.

“Ние сме војска, бре”, му рече заканувачки Хаш.

Војникот се олабави. Му се внесе в лице.

“Каква војска, лепешкару. Немаме ни униформи. Тука сме за да си ги откупиме животите”.

“Тогаш, свирни со трубата да се соберат луѓето!”, му рече смирено.

Човекот свирна со трубата. Набргу се створи троен ред. Потоа, испратени од погледот на Питер Макдоналд, се загубија во шумата.

III

1.
Денот догоруваше. На железничката станица во Бојмица, Јорго, првиот човек на железницата во гратчето, ја крена палката со која ги сопираше и испраќаше возовите. Големата парна локомотива го покри местото околу себе со голема магла и испушти неподносливо чкрипење. Запре неколку десетици метри, подалеку од Јорго.

“Бојмица!”, викна гласно Јорго и ја стави палката под мишка. Чекаше цела минута и повторно ја крена палката. Парната локомотива повторно направи голем облак од пареата и си ги покри големите железни тркала, кои ослободени од кочилата направија круг и ги повлекоа вагоните. Јорго ја држеше палката високо кренатa. Помина пред него последниот вагон на долгата композиција. Ја спушти палката и мижурна со очите. На перонот забележа две жени со дробни дечиња. Едната калеша и ситна погрда од другата, но со симпатично лице и слабички нозе, во рацете држеше детенце.

“Детето е се уште цицалче”, помисли Јорго и им пријде. Се насмеа љубезно.

“Добар ден!”, ги поздрави Јорго и не ја симна насмевката од усните.

“Секое добро, чиновнику на државната железница!”, му рече Јана Чакаларова. “Го бараме Герман Гелебешев. Можете да ни кажете каде живее?”

Јорго ја исфрли на лицето сета своја доброта.

“Ќе ви покажам”, им рече љубезно. “Појдете со мене!”, и тргна кон станицата. По него одеа Јана Чакаларова, нејзиниот син а зад нив Марија Ставридис со бебето в раце. Влегоа во чекалната. Низ вратата излегоа на другата страна на станицата.

“Ќе завртите во втората уличка и во третата куќа ќе го најдете Герман. Домаќин човек е”.

“Благодарам на помошта господине!”, му рече љубезно Јана и појде по улицата. Зад неа зацупкаа нејзиниот син и Марија.

“Среќен пат!”, им довика Јорго. “Каква убавица?”, помисли за Јана и не се врати во канцеларијата туку ги следеше со погледот се додека не се загубија зад аголот на втората улица. Една дождовна капка го олади неговото ќелаво главче и го принуди да влезе во чекалната.

2.
Јана Чакаларова прва стигна до портата на Герман Гелебешев. Портата беше отворена и влезе во дворот. Внатрешноста на дворот не беше уредена по нејзин вкус. Гледаше зачудена во расфрланите сандаци и исушеното цвеќе. Потоа се искачи по скалите. Тропна во вратата на двокатната куќа. Малку почека. Потоа пред неа се појави жена постара од четириесетина години, забрадена со темнокафеава шамија, наместа извезена со копринен конец, со испиено лице, очи пропаднати во шуплините, нос правилен, уста распукана на повеќе места.

“Влезете дома!”, ги покани.

“Благодариме. Го бараме Герман”, рече Јана.

Жената не и одговори. Ги смести во една поголема одаја украсена со килими на кои се протегаа нијанси на повеќе

видови боја и сочинуваа некаква чудно убава топла шара. Седнаа на креветот покриен со темноцрвена јамболија и воздивнаа, истерувајќи го привремено заморот од долгото патување.

“Герман ќе се врати вечер”, им рече жената на чие чело се уште се оцртуваше моминска нежност и привлечност. Јана Чакаларова заклучи дека некогаш жената била многу убава. Жената беше ведра, иако одаваше сосема поинаква природа.

“Се викам Неда и Герман ми е сопруг. Сега простите, морам во кујната. Подготвувам јадење”, им рече и се загуби зад вратата.

Марија Ставридис со малечкиот Коста се навали на креветот и заспа. До неа, пикнат во јаболијата, дремеше Ристо, синот на Јана. Единствено Јана беше со отворени очи.

Во собата влезе Неда. Ги забележа заспаните. Се насмеа нежно.

“Уморни се”, и рече Јана.

“Нека спијат! Ти не спиеш?”

“Сон не ме фаќа неколку дена”, воздивна Јана.

“Тогаш дојдете во кујната! Ќе ручаме. Тие нека јадат кога ќе се разбудат”.

3.
Ручекот беше скромен. Неда излезе во дворот. Јана се навали на миндерот и замина. Се разбуди по три часа. Приквечер се врати Герман. Јана не можеше да ги тргне очите од него. Таков убав маж немаше видено дотогаш. Герман имаше благ збор. Во неговиот глас се чувствуваше блаженство. Јана ги впиваше неговите зборови од неговата добрина.

“Пондилаки ми помогна многу. Му го должам животот. Пред три години ме извлече од Павлос Мелас. Германците ќе ме стрелаа. Многумина наши луѓе не излегоа живи од логорот”, рече Герман.

Јана молчеше. Го голташе со очите неговото убаво лице и се наслaдуваше од таквиот прецизен збор. Доцна во ноќта Герман ја напушти нивната соба. Утредента стана многу рано. Го напои добитокот и испече леб во фурната. Јана Чакаларова спиеше до десет часот. Герман ги дочека во кујната нивните нерасонети очи. Ги понуди на трпезата со топол леб и млеко. Појадуваа.

“По два дена треба да префрлам поголема група отаде границата. Со нив ќе одите и вие.”

Јана Чакаларова немаше зборови за гостопримливоста. Секој што можеше да и го подземе погледот ќе забележеше како со него го голта лицето на Герман. Молчеше. Повремено воздивнуваше среќна што планот за префрлање отаде границата не им го попречува некоја сила од која најмногу стравуваше. Герман внесе во неа голема надеж.

Марија Ставридис се уште трепереше за судбината. Блееше во устата на Герман зашто не знаеше македонски. За неа остануваше тајна натамошниот развој на нивното збегство.

4.
По тродневниот престој во куќата, Јана Чакаларова со синот Ристо, Марија Ставридис со својот син Коста, придружени од Герман Гелебешев ја напуштија куќата и се упатија во шумата. Пешачеа два часа. Високо во планината наидоа на поголема група на луѓе, кои исплашено самуваа на една ливатка. Герман им пријде насмеано. Беше љубезен. Со некои од луѓето се ракуваше.

“Стигнавме”, рече Герман.

Јана Чакаларова уморна кимна со главата. Во пресрет и појде еден средновечен човек со црно шајачно палто и со очила.

“Според описот што ми го дадоа во Костанерија, вие би требало да се викате Јана”, и рече човекот и и ја подаде раката. “Јас се викам Зисо”.

Јана Чакаларова се вознемири. Му ја подаде раката на Зисо и се ракуваа. Јана беше збунета. Не го познаваше однесувањето на овдешните луѓе. Мислеше дека човекот се шегува.

“Се викам Јана Чакаларова”, и рече Јана со строг глас.

“Токму така ми рекоа. Ве поздравуваат Пондилаки и Ставре Наковски од Костанерија”.

Јана се насмеа задоволно. Исчезна црвенилото од нејзиното лице Зисо и го сврте грбот. Му пријде на Герман.

“Ќе чекаме уште пет минути. Кој дојде-добродојде, потоа тргнуваме”, му рече Зисо.

Герман му кимна потврдно со главата. Пет минути подоцна Зисо погледна на часовникот.

“Тргнуваме, луѓе”, викна Зисо гласно.

Герман тргна напред. Другите по него. Се упатија по сртот на планината, кон врвот, зад кој Јана насетуваше дека е нивната цел. Планината беше дива и теренот нерамен. Тоа им го забавуваше одењето. Сите беа облечени во меки обувки. Стапалата почнаа да ги болат и колената да им се сечат. Заморот набргу ги совлада, и седнаа да се одморат. Тревата беше влажна. Се задржаа малку. Мекиот глас на Герман ги поведе по скрките.

Марија Ставридис почна да се тетерави. Падна од заморот. Успеа со грбот да ја допре тревата и да не го повреди детето кое и го стисна стомакот и ја принуди тивко да офне. Јана Чакаларова притрча, го зеде детето, и и помогна да стане.

“Ќе го носам јас”, рече Јана.

Марија Ставридис ги насолзи очите. Колоната од стотина луѓе застана. Набрзо тргна. Сонцето немилосрдно почна да ги бие по главите.

“Одмор!”, викна Герман гласно да го слушнат сите. Застана.

Луѓето поседнаа на тревата. Герман им дозволи да јадат, некако незадоволен од темпото на движење.

“Не оставајте никаков траг дека сме престојувале овде. Ако не откријат владините трупи или злосторничките банди од нас ќе останат само партали”, ги предупреди Герман загрижено и строго.

“Подобро да се засолниме во шумата и да патуваме ноќе”, му рече Зисо.

“Нема што да се засолнуваме во шумата. Ние сме во шумата. Ќе останеме овде додека се стемни. Потоа ќе продолжиме. Близу сме до граничниот појас и опасно е. Можеме да налетаме на граничната патрола”.

“Договорено!”, му рече Зисо и легна на тревата.

5.
Скриени под големите костенови крошни денот го поминаа со исчекување на месечината. Зисо беше задоволен. Герман мижуркаше нервозно со очите. Јана Чакаларова немирно седеше на тревата. Марија Ставридис јадеше леб и сирење.

Денот измина. Повторно забраздија низ шумата. Зисо чекореше прв. Почнаа да го искачуваат вториот врв на планината. На Зисо насмевка му заигра на усните. Влегоа во граничниот појас. Загазија во еден подлабок трап исполнет со врежовина. Грмушките им ги покриваа телата скоро до градите. Малечкето на Марија Ставридис заплака. Страв заигра во очите на луѓето. Јана Чакаларова го полулка на рацете, но плачот не му го истави од устата. Герман го смени руменилото на лицето. Стана жолт како восок. Од очите му избиваше лутина. И приjде на Јана.

“Затни му ја устата!”, и рече луто.

Јана се вознемири.

“Може да се загуши”, му одврати со ист тон.

“Подобро еден да замине отколку сите да умреме овде. Затни му ја устата! Ти наредувам!” и се закани.

Јана Чакаларова се двојумеше. Луѓето почнаа да мрморат.

“Зар сакаш сите да не убиеш?” и викна една жена што беше близу до неа, “Задави го ако не сакаш ние да го сториме тоа!” и се закани.

Марија Ставридис пребледе од страв. Иако не го разбираше јазикот на кој зборубаа Јана и жената, насети дека нејзиниот син Коста е причината за нивниот бес. И пријде на Јана и и се загледа уплашено во очите. Солзи и потекоа. Насети во телото како нешто се издвојува од него.

Луѓето стануваа се понервозни. Детето не престануваше со плачењето. Јана Чакаларова го лулкаше. Герман и го грабна на Јана детето од раце. Марија Ставридис врисна. Се втурна во Герман и му го истргна од раце.

“Убијте ме мене! Тоа треба да живее! Не е виновно што луѓето немоќни да се разберат меѓу себе почнаа да се убиваат”, му рече нервозно на Герман. Го раскопча фустанот и на месечината ја покажа десната дојка. Му ја стави со тенките прсти пуполката во устата на детето и му го истави плачот.

“Ќе не откријат со тоа дете!”, викна жената што беше близу Јана.

Јана и се втури во очите. Слушна топот на коњи. Замолча. Тоа го сторија сите. Се мушнаа тивко во честакот. Беа немирни во душите. На сите мислите им беа свртени во детето. Се плашеа да не писне. Марија Ставридис го покри лицето на синчето. Беше готова да го жртвува. Ги подзеде неговите очиња и го чекаше нивното смирување. Топотот на коњите исчезна во далечината. Воздивна длабоко и болно. Скоро се онесвести. Беше среќна. Излезе од честакот придржана од Јана и од

Герман. Им се придружија и другите. Тргнаа. По десетина минути го поминаа граничниот превалец. Марија Ставридис наполно се смири. Беше сигурна дека нејзиниот син Коста ќе ја надживее.

6.
Групата бегалци, предводена од Зисо, се спушти по падината. Еден час подоцна влегоа во мал град. Улицата по која врвеа беше тесна и калдрмисана со ситна камена коцка. Застанаа пред една поголема зграда. Зисо влезе во зградата и по неколку минути излезе заедно со еден човек облечен во кожна виндјакна и имаше долга коса. Застанаа пред групата бегалци. Непознатиот им ги набљудуваше љубопитно уморените лица и постојано ги подигнуваше веќите. Зисо му пријде.

“Каде да се сместиме, другар Божин?”

Човекот се сврте накај Зисо и повторно го врати погледот на групата. Очите му застанаа на убавото лице на Јана Чакаларова. Се замисли.

“Сместете се во училишната зграда! Ќе ви покажам каде е тоа”, му рече Божин и го завлече за ракавот.

Зисо тргна по Божин. Чекореше уморно. По нив тргнаа другите. Јана Чакаларова го носеше во рацете детето на Марија Ставридис. Нејзиниот син Ристо прусаше покрај неа, бришејќи си го лицето од потта. Марија Ставридис одвај се додржуваше на нозе. Набргу стигна во училиштето и се сместија во училниците. Уморни поседнаа на клупите и задремаа. Божин се раздели со Зисо и заедно со Герман го напушти училиштето.

IV

1.
Јана Чакаларова и Марија Ставридис излегоа од зградата на Одборот и се упатија на адресата што им ја запиша службеникот на едно ливче. Набргу стигнаа до една двокатна куќа, обоена со сива фасада. Јана тропна на дрвената врата. Од внатре се огласи машки баритон.

“Веднаш доаѓам. Само да се облечам”.

Се погледнаа. Марија Ставридис испушти солза од очите. Јана ја помилува по косата. Вратата се отвори и на прагот-човек. Лицето му беше насмеано. Подолго време не беше избричен. Имаше питоми очи и правилно обликуван нос.

“Ве испратија од одборот? Влезете!”, ги покани човекот. Ги пропушти крај себе да влезат во собата. Го помилува по косата синот на Јана и влезе по нив. Внатре ги пречека неговата сопруга. И ја подаде раката на Јана. Се ракуваа.

“Се викам Трајанка. Седнете, ќе ве почестам слатко”, им рече Трајанка и се поздрави со Марија Ставридис. “Сигурно сте уморни?”

“Како ти е името?”, праша човекот.

“Јана Чакаларова”, му одговори Јана. “Ова е Марија Ставридис”, му рече и поткажа на Марија која во скутот го нишкаше Коста.

“Лошо е долу. Пукањето се слуша до овде. Градот е полн со бегалци. Што му сторивте на господ, та така ве прогонува?”

“Не знам. Простете, но не можам да ви го кажам тоа што и самата не го знам”.

Трајанка се врати во собата. Во рацете носеше послужавник и слатко во една поголема тегла. Го стави послужавникот на креденецот и извлече од полицата три плитки мали чинии. Ја отвори теглата и со мало лажиче тури од теглата во чинивчињата. Потоа ги стави на послужавникот. Ги понуди сите.

“Ќе живеете во онаа соба”, и покажа човекот.

Јана Чакаларова зеде слатко.

“Како те викаат?”

Ристо, кому му беше упатено прашањето, срамежливо ја погледна Јана. Таа се насмевна.

“А како те викаат тебе, чичко?”

“Мене ме викаат Кочо”, му рече низ насмевка.

“Мене ме викаат Ристо”, му рече испитувајќи ја неговата намера.

“Ме мамиш, а?”

“Не те мамам, чичко”, му рече Ристо зачуден што не му верува. “Прашај ја мама!”

“Добро, малечок. Одмори се! Подоцна ќе те одведам во бавчата. Ќе собереме јаболки. Сакаш?”

“Сакам. Можеме да појдеме веднаш. Многу сакам јаболки. Не сум уморен”.

“Сепак да го оставиме тоа за подоцна”, му рече нежно Кочо и излезе од собата.

2.
Трајанка ги собра малечките чинивчиња од нивните раце и ги стави на креденецот.

“Ќе ви ја покажам собата. Уморни сте. Подоцна ќе ручаме”, им рече Трајанка. Ги одведе во другата соба до која се стигнуваше по еден мал ходник и ги остави да се одморат. Марија Ставридис го легна Коста на креветот и го покри со старата куверка. Потоа легна до него. Јана Чакаларова се оптегна на другиот кревет. Ристо остана среде собата, загледан во трошните ѕидови.

“Легни си!”, му рече Јана. Гласот и трепереше. Очите и се насолзија.

“Ќе излезам во дворот. Не ми се спие”, и рече Ристо и излезе од собата. Јана лежеше замислена долго време. Потоа уморна заспа. Се разбуди доцна попладнето. Марија Ставридис се уште спиеше. Во собата sирна Трајанка. Забележа дека Јана е будна.

“Треба да одите во Одборот. Ќе ви дадат купони за храна. Овде се добива храна само со купони. И леб”, и излезе.

Јана Чакаларова стана од креветот и загрижена ги облече обувките и истрча во дворот. Надвор го виде Ристо покрај оградата. Го завлече за ракавот по себе. Набрзо беа во зградата на Одборот. На шалтерот ги поздрави весело едно човече со орловски нос.

“Еве ви купони за три дена. Потоа ќе видиме дали ќе останете или ќе заминете на друго место.”

“Каде ќе не носат? Господе зошто не си останав во Солун? Каде сега?”

“Не грижете се! Ќе ве сместат во некое село во околинава”, и рече љубезно човекот.

“Секако”, промрморе Јана Чакаларова. Го зграби нервозно Ристо за раката и го повлече накај вратата. Излезе и задишана стигна дома. Влезе во собата. Марија Ставридис се уште спиеше. Малиот Коста беше буден.
Легна на креветот. Ристо излезе во дворот. Јана безгласно заплака.

“Проклето време!”, помисли. “Враг да те земе!”

3.
Јана Чакаларова се најде пред шалтерот зад кој седеше човечето со орловскиот нос.

“Добро утро!”, и викна весело човечето. “Вие ќе одите во селото ... проклето му било името ... го заборавив. Впрочем овде

пишува. Близу е селото. Одете, подгответе се! Ќе ве однесат со камион.”

Јана Чакаларова го зеде големиот лист од неговите раце. Погледна во напишаното. Ништо не разбра.

“На кое писмо е напишано ова?,” му рече зачудено на човечето.

“На кирилско писмо”, слушна глас зад себе Јана. Се сврте. Ги отвори широко очите од изненадување.

“Евангелијо! Од каде ти овде?”, ја гушна цврсто и заплака.

“Одамна сум овде. Кога дојде?”

“Пред три дена. Како е Ставре? Тука ли е?”

“Тоа сакав јас да те прашам. Ставре не сум го видела неколку месеци. Тука сум со дечињата. Имаме близначиња, знаеш?

“Нека ти се живи и здрави! А Ставре, велиш, го нема. Да појдеме кај мене! Таму ќе позборуваме повеќе”.

“Да појдеме”, и рече Евангелија и тргна по неа. По патот се расплакаа. Потоа се смееја и пак плачеа. Насмеани влегоа во куќата.

“Проклета судбина! Ќе се вратиме ли назад?”, рече Јана и влезе во собата. По неа на дрвениот под згазна Евангелија.

Марија Ставридис направи необична гримаса. Евангелија се изненади. Потоа пиеја чај. Го испија чајот. Евангелија стана.

“Морам да одам. Денес патуваме. Судбина”, рече и замина.

Јана и Марија набрзина се подготвија за патување. Се поздравија молкум со Трајанка и Кочо и појдоа во Одборот. Таму ги дочека човечето со орловски нос.

“Камионот е надвор. Ве чека вас”, им рече. Се извлече од зад шалтерот и ги допрати до камионот. Јана и помогна на Марија да се качи во кабината на камионот, потоа и го подаде детето. По нив во кабината се искачи Ристо и најодзади Јана. Возачот го стави големиот клуч во контакт бравата, камионот забрмче и тргна полека. Јана му мавна со раката на човечето со орловскиот нос.

Патот беше џомбаст. Еден час подоцна го поминаа мостот на големата река и скршнаа десно по патот за селото. Набрзо камионот со силна бучава застана пред зградата на селскиот одбор. Слегоа. Им појде во пресрет висок сув човек со поминати педесет години, неизбричен неколку дена.

“Добре дојдовте!”, им рече човекот насмеано. “Чувствувајте се како во своја куќа! Ова е наша држава”, потоа ги одведе во училишната зграда и, извинувајќи се што мора да ги напушти, излезе низ вратата.

“Зар овде ќе го поминеме животот?”, се зачуди Марија Ставридис и заплака.

V

1.
Есента почна да работи училиштето. Јана и Марија се преселија во една куќа на крајот од селото. Беа задоволни. Ристо тргна на училиште. Седеше до доцна во ноќта под газиена ламба и голташе од читанката. Учителот Иван Томовски доаѓаше и му помагаше во совладувањето на лекциите. Се појавуваше се почесто во куќата. Почна да ја подучува и Јана. Селото почна да зборува за неговото одење во куќата на Јана Чакаларова. Учителот одмавнуваше со главата. Потоа се случи се: се разви љубов меѓу него и Јана. Учителот се вовлече во нејзиниот мирис на костен и не му се излегуваше од постелата. Низ селото се расчу гласот на непознатиот сведок: учителот и Јана голи во креветот се валкале. Учителот немаше каде. Призна. Ја сака и ќе се сврши со Јана.

На Јана и годеше неговата изјава. Учителот ликуваше. Селските ергени му завидуваа. Јана се повлече во себе. Размислуваше долго. Почна да го одбегнува учителот. Тој сосила се пикаше во нејзината соба. Јана го одвраќаше, но никако не и појде од рака да ја запре неговата ненаситна душа по костеновиот мирис. Така ја затекна пролетта. Почна да крои планови за собирање на храна.

Во селото дојде непознат човек и влезе во селскиот одбор. По дваесетина минути, претседателот на селскиот одбор ги повика Јана и Марија Ставридис. Во Одборот ги дочека непознатиот.

“Се викам Георгиос Кокојанис. Барам доброволци за болницата во Катланово каде лежат борците на Демократската армија. Потребни се болничарки”.

Јана Чакаларова се пријави доброволно.

“Јас ќе дојдам во болницата. Знам да приврзувам рани”.

“Благодарам, другарке. Борците ќе знаат да ја ценат вашата помош”.

Марија Ставридис го дофати погледот на Јана.

“А Ристо?”, праша Марија.

“Ќе биде со тебе Марија. Морам да помогнам во болницата. Ристо е возрасен и бистар. Ќе ти помага. Ќе доаѓам и јас повремено”.

Марија Ставридис молчеше.

“Тргнуваме за половина час. Подгответе се!”, рече Кокојанис.

Јана кимна потврдно со главата и придружена од Марија излезе од собата на претседателот на селскиот одбор. Дома набрзина приготви некои алишта и го грабна куферот.

“Каде ќе одиш мамо? Ќе ме земеш мене?”

“Не, синко. Ти ќе останеш со тетка ти Марија. Мораш на училиште. Мама ќе оди на работа малку подалеку. Ќе се гледаме поретко се додека смогнам сили да те земам кај себе”.

“Добро, мамо. Кога мораш, ќе издржам сам”.

“Благодарам, синко. Мама роди умно дете”, го зеде куферот и излезе надвор. Ристо остана во собата замислен.

“Заминуваш?”

Јана се сврти да види кој и зборува. Брчки се појавија на нејзиното лице. Погледот и се изостри. Строго гледаше во учителот.

“Заминувам, Иване. Морам.”

“Заради мене?”

“Мојот народ крвави по планините. Ти тоа не можеш да го разбереш. Подобро да не ти објаснувам”.

“Лажеш! Го правиш тоа за де не се омажиш за мене”.

Јана го прошета погледот по околината, потоа го спушти на очите на учителот. Го помилува со раката по образот.

“Народот ми го уништуваат, човеку. Заврши нашата љубов. Ме вика татковината”.

“Зар ова не е твоја татковина?”

Јана збесна. Погледот и се смрачи. Ги подзатвори очите. Ги стегна цврсто вилиците.

“Слушај, Иване! Ако ти треба женка додека да се вратам, побарај ја на друго место. Мојот народ не го заменувам за твојот...”, му рече грубо и го одмина. Се спушти прудолу по патот. Не се сврте да му упати прштален поглед на учителот.

Застана пред зградата во која беше сместен селскиот одбор. Го остави куферот пред вратата и влезе внатре. Оттаму излезе со Георгиос Кокојанис, тројца луѓе што го придружуваа и претседателот на селскиот одбор. Кокојанис и помогна да го стави куферот во џипот. Потоа влегоа и тие. Јана седна на задното седиште. Кокојанис до неа Тројцата луѓе, кои не и се претставија, седеа на предните седишта. Тргнаа.

2.
Патот ги водеше кон Скопје. По три часа ја поминаа реката Пчиња и свртеа десно. Појдоа по течението на реката. Патот беше кривулест и нерамен. Потскокнуваа во седиштата. Потоа пред нив се покажаа луѓе кои се движеа со помош на потпиралки. Блегоа во болничкиот круг. Џипот застана и слегоа. Кокојанис ја одведе во приемното одделение. Застанаа пред еден импровизиран пулт.

“Оваа е нова болничарка”, рече Кокојанис.

“Слободен сте, Кокојанис”, му одврати жената од зад пултот.

Јана Чакаларова се сврте да види на каде отиде Кокојанис. Потоа воздивна.

“Како ви е името и презимето?”, праша жената од зад пултот.

“Јана Чакаларова”.

“Година на раѓање?”, повторно се огласи жената.

“1917 година”.

“Место на раѓање?”

“Солун”, рече Јана и се загледа во тефтерот во кој жената ги запишуваше податоците.

“Мажена ли сте?”

“Да!”, рече Јана. “Сопругот ми го убија во Втората војна”.

“Беше комунист?”

“Да! беше член на КПГ”, рече гордо Јана.

“Имате деца?”

“Едно. Машко”, рече Јана и се натажи. Помисли на Ристо.

“Каде се наоѓа? Адреса?”

“Во Марвинци, Валандовско”, рече скришно Јана.

Жената заврши со пишувањето. Ја подигна главата. Стана од столот и излезе од пултот.

“Појдете со мене! Ќе ви покажам каде ќе работите, спиете, јадете. Прво треба да подигнеме облека за тебе и да се искапете”.

Јана молкум тргна по неа. Влегоа во една потесна соба. Жената ја изгледа Јана и извлече од рафтот на големата полица една бела чиста постелина. И ја подаде. Јана ја прифати. Потоа извлече бел долг мантил и и го подаде.

Излегоа од собата. Се качија на спратот. Застана до една ишарана врата. Жената влезе внатре. По неа Јана. Собата беше малечка. Имаше два железни кревета и врз нив стари душеци.

“Оваа е твоја соба. Кога ќе дојде другата девојка ќе бидете две”, и рече жената и ги намести душеците. “Искапи се во бањата и слези да каснеш нешто во кујната!”

Јана молчеше. Жената излезе од собата. Јана остана сама. Долго гледаше во душеците. Потоа го спушти куферот на подот. Ќебињата и белиот чаршав како и навлаката за перница ги стави на креветот. Мантилот го задржа во рацете. Воздивна тешко и болно и отрча во бањата. Се соблече. Ги испра алиштата. Потоа се искапи и се избриша со крпата. Го облече белиот мантил на голото тело и со алиштата под мишка се врати во собата. Го

отвори пенџерето и ги рашири алиштата да се сушат. Го намести креветот и легна. Заспа. По еден час ја разбуди жената што ја доведе во собата. Со жената влезе млада девојка. Јана стана од креветот и им кимна со главата.

“Простете, сум задремала”, им рече.

“Оваа ти е колешка. Од Бапчор е. Се вика Марија. Ќе ви биде добро заедно”, и рече жената и ги напушти.

“Седни! Јас се викам Јана. Од Солун сум”.

“Најнапред ќе се искапам. Потоа ќе разговараме”, и рече Марија. “Целата сум вошлива”.

“Како си милуваш”, и рече Јана и си легна. Марија замина во бањата. Се избања и се врати во собата. Јана веќе спиеше. Марија седна на креветот. Потоа се навали на железните прегради и задрема необлечена.

VI

1.
Јана Чакаларова често беше сама во собата. Мислеше се почесто на синот. Некоја непозната сила ја тераше да го види. Кај некои болни гледаше фотографии, на кои беше присутно целото семејство. Кај некои само сопругите. Во болницата имаше еден помлад човек. Беше од Драма. Фотографијата на своето синче ја чуваше на градите и им ја покажуваше на сите во болницата. И ја покажа и на Јана. Се спријателија. Човекот постојано ја гледаше фотографијата. Тоа кај Јана предизвикуваше болка. Почна да се надева дека ќе и дадат слободни денови да го посети синчето во малечкото село покрај големата река, но војната беснееше и секој ден се зголемуваше бројот на ранетите во болницата. Некои, кои беа полесно повредени, се излекуваа и заминаа назад на фронтот, но малкумина беа такви.

Приказните од фронтот, што и ги кажуваа ранетите борци, сосема и ги одвлекоа мислите од синчето и болницата сакаше да помага во борбата, да пука со пушка.

Ноќта спроти Новата година седеше во собата сама. Вратата се отвори и внатре влезе Георгиос Кокојанис. Беше црвен во лицето и возбуден. Љубезно и се насмевна. Седна на другиот кревет.

“По два дена да бидеш подготвена. Ќе заминеш во татковината.”

Јана Чакаларова се вознемири. Го погледна остро Кокојанис.

“И ова е моја татковина, господине Кокојанис”, помисли Јана, но не му рече. “Ќе бидам подготвена, господине Кокојанис. Не грижи се!”

“Тогаш, по два дена”, и рече Кокојанис.

“Можам ли да го видам синчето пред да заминам?”

“Жалам, но јас не издавам команди. Ќе прашам во штабот и ќе ти јавам благовремено”, и рече Кокојанис. Стана од креветот и замина од собата.

2.
Јана Чакаларова се качи во камионот. Седна на дрвената клупа под церадата. Се загледа во лицата на младите кои одеа на фронтот. Камионот тргна. Набрзо излезе од долината на Пчиња и се упати кон Гевгелија. Јана се понадева дека ќе си го види синот. Кокојанис не беше под церадата.

“Господи ќе го одминат селото и нема да си го видам детето!” се вознемири Јана.

Камионот брефташе по патот. Јана и младите луѓе потскокнуваа од штицата на која седеа и повторно се враќаа со задниците на неа. Некои негодуваа мрморејќи. Јана молчеше и мислеше на Ристо.

По три часа камионот застана. Момчињата ја подигнаа церадата и пред очите на Јана се покажа бледото лице на Кокојанис.

“Слегувајте! Натаму ќе одите пешки!” им рече Кокојанис.

Јана Чакаларова слезе од камионот.

“Зошто не ми дозволи да си го видам детето”? му рече Јана.

Кокојанис поцрвене. Му беше непријатно. Се вознемири. Јана го одмина молкум и со презир кон него. Лецето и потемне. Загриженост и се појави на очите.

“Смртта е лош сопатник, но љубовта е поголема од се”, помисли Јана и зачекори по момчињата и нерамниот терен.

3.
Набрзо ја поминаа границата, тивко, без некој да ги види или слушне. Застанаа кај Бел Камен. Чекаа. По извесно време во далечината на снежното белило забележаа неколку силуети. Се затскрија зад камењата и ги подготвија пушките. Гледаа збунети и вознемирени во малечката колона. Јана го препозна челниот на колоната. Истрча од зад каменот. Сите се збунија.

“Ставре!... Ставре!”, викаше и трчаше Јана. Стигна до челниот на колоната и му се фрли на вратот. Се залепи за него и го стегна цврсто околу вратот.

Колоната застана. Луѓето од зад камењата ги откачија пушките. Ставре Наковски заплака од среќа.

“Јано, од каде ти овде?” и шепна.

“Ставре! Пријателу! Господ те прати во мојата близина”, заплака Јана.

“Да тргнеме, луѓе!”, рече еден од борците.

Ставре Наковски се одлепи од Јана.

“Да тргнеме, кумо! Долг пат не чека до Костанерија”, и рече Ставре и ја поведе под мишка по козјата патека низ планината. По нив тргнаа борците и момчињата што дојдоа со Јана. Нерамниот терен им ги превиткуваше стапалата. Нозете им се зарива во снег таму каде што беше подлабак. Молчеа. Не починуваа. Вечерта стигнаа во Костанерија. Првите стражи ги пропуштија и забраздија во селската улица. Неколку кучиња почнаа да лајат по нив. Не се вознемирија. Застанаа пред дуќанот на Стефанос. Ги распоредија новодојдените борци по куќите. Јана ја сместија во домот на Кољо Бочваров. Беше уморна и веднаш заспа.

Ставре Наковски уморен седна во дуќанот на Стефанос. Маџирот му донесе ракија. Ја испи ракијата и замина на спиење.

VII

1.
Лазарос Пападоглу уморно чекореше по падината и се приближуваше до првите стражи. Се сопна од еден подаден корен и се стркала на снегот. Лежеше миг два на снегот, потоа стана го истресе снегот од облеката и продолжи. Двајца оружени луѓе се појавија од зад дрвјата. Лазарос застана. Се вкочани од страв.

“Бараш некого пријателу?”, му викна кривоногиот човек и му се закани со пушката.

“Одам во Костанерија. Не сум во војна со никого”, - рече Лазарос вознемирено.

“Имаш роднини?”, праша кривоногиот.

“Имам. Одам кај Ставре Наковски.”

Кривоногиот се насмеа гласно. Ретките заби му се подадоа од усната шуплина.

“Претреси го!”, заповеда кривоногиот.

Вториот оружен човек му приjде на Лазарос и внимателно го пребара по џебовите и пазувите. Се истави од Лазарос.

“Нема ништо. Како да тргнал на свадба”.

“Тргнувај пред нас!”, заповеда кривоногиот. Со пушката му покажа да врви напред.

“Но јас одам во Костанерија”, се побуни малку наивно Лазарос. Беше збунет и сакаше да се извлече од канџите на двајцата оружени луѓе.

“Ние сме од Костанерија”, му рече кривоногиот и го буцна со бајонетот во грбот. “Тргнувај!”

Лазарос Пападоглу зачекори пред нив. Нозете му тежеа и се движеше бавно. Кривоногиот го потчукна со бајонетот повторно. Лазарос го забрза одењео. Стигнаа на селската улица. Наидоа на други вооружени луѓе. Лазарос гледаше зачудено во нив. Среде селото Лазарос малку подзастана.

“Застани!”, му заповеда кривоногиот. “Чекајте ме овде! Одам по командантот. Веднаш се враќам”.

Лазарос Пападоглу го проколна денот кога ја послуша Уранија Папајоану и појде во Костанерија. Се прекоруваше што се излаја пред двајцата оружени луѓе и го спомна името Ставре Наковски. Сега можеа да го стрелаат без да му судат. Почна да очајува. Размислуваше да го удри во слабината човекот што го чуваше и да побегне. Сепак, реши да чека. Кривоногиот се врати. Му приjде на Лазарос.

“Капетанот го нема. Како рече дека се вика твојот роднина од Костанерија.”

“Ставре Наковски”, отсече Лазарос.

“Веднаш ќе проверам. А, како се викаш?”

“Се викам Лазарос.”

“Добро. Веднаш ќе проверам дали Ставре Наковски е во роднинство се тебе.”

“Би сакал јас да го видам”, се сепна Лазарос од помислата дека Ставре Наковски не го познава и може лесно да се случи да го стрелаат.

“Нели сте роднини?”, се зачуди кривоногиот. Можеби нешто криеш?

“Да го затвориме во подрумот додека дојде командантот”, рече мирно другиот оружен човек. “Зошто да се мачиме со него?”

“Ве молам, одведете ме кај Ставре Наковски”, замоли смирено Лазарос.

Кривоногиот размислуваше подолго време. Потоа го турна со бајонетот.

“Тргнувај!”, му рече строго.

Лазарос зачекори. Дваесетина метри погоре по улицата кривоногиот застана. Влезе во дуќанот на маџирот Стефанос и по неколку мига излезе придружуван од Ставре Наковски. Кривоногиот му покажа на Ставре со раката кон Лазарос.

Лазарос се насмеа. Потоа гласно викна.

“Пондилаки! Пондилаки, братко, спасувај ќе ме убијат!”, и покрај оруженият човек што го чуваше и кривоногиот потрча по улицата. Му се фрли на вратот на Пондилаки кој му појде во пресрет.

“Откаде ти овде, Лазарос?”, се насмеа Пондилаки.

“Господи, каква среќа! Ќе ме убија двајцата”, рече Лазарос, се отргна од вратот на Пондилаки и покажа кон кривоногиот.

Ставре Наковски се закикоти гласно. Пондилаки ја прифати неговата смеа. Лазарос се вознемири. Кривоногиот се збуни. Другиот оружен човек ја спушти пушката и ја префрли преку рамото.

“Одете на своето место! Човеков е наш”, им рече Ставре.

Кривоногиот поздрави војнички и со својот совојник се оддалечи во правец на долната маала на селото од каде што дојдоа. Ставре Наковски му приjде на Пондилаки. Гледаше во Лазарос.

“Ова е Лазарос Пападоглу, новинар од Солун”, рече Пондилаки и го чукна по рамото нежно.

“Мило ми е”, рече Ставре весело. “Ти си демократ?”

“Комунист!”, рече гордо Лазарос.

“И војниците кои те доведоа се комунисти. Во иднина, внимавај! Ќе се истребите сами меѓусебно”.

“А, ти си Ставре Наковски?”

“Да, јас сум”.

“До тебе ме испрати Уранија Папајоану. Животот ми беше во опасност”.

“Уранија Папајоану?!”

“Да, токму таа”, рече гордо Лазарос.

“Одлично момче... Уранија Папајоану!”, промрморе Ставре и се насмеа. “Еве ја, доаѓа Јана Чакаларова. Вистинска убавица”.

Пондилаки се израдува. Лазарос ги рашири очите и не можеше да се нагледа на убавината што им идеше во пресрет. Јана им

прије. Му ја подаде раката на Пондилаки. Наместо да се ракува Пондилаки ја гушна.

“Калос иртес”, и посака добре дојде. “Сега сме комплетни”.

“Да седнеме во дуќанот!”, предложи Ставре. Потоа појде кон дуќанот. Пондилаки ја поведе Јана под рака. Лазарос тргна сам. Ставре седна на дрвениот стол и ги покани да му се придружат. Седнаа сите.

“Убав ден. Се надевам дека ќе помине мирно”, им рече Ставре и се накашла.

“Дај по чашка ракија!”, порача Пондилаки.

Стефанос им донесе ракија. Се врати кај шанкот. Маноли Стрезовски ја донесе поштата од врховната команда. Ги стави писмата пред Ставре.

“Од штабот?”

“Од штабот. Рекоа важни пораки”, му рече Маноли.

Ставре Наковски ги отвори писмата и одвнатре извади листови, пишувани на машина. Ги прегледа набрзина. Едно издвои. Го прочита внимателно и свирна силно.

“Новата влада бара да бидеме поактивни”, му дофрли на Пондилаки. “Ни наредува да отвориме бесплатно училиште, да спроведеме аграрна реформа, да ги понародниме шумите и пасиштата и да ја почитуваме рамноправноста на малцинствата”.

“Тоа се државни работи. За такво нешто може да одлучи само владата во Атина!”, рече изненаден Лазарос.

Пондилаки се насмеа.

“Сега имаме две влади во една држава. Минатата година донесовме документи за прогласување на Грција за слободна, демократска и неврзана република. Каде си живеел ти?”

Лазарос Пападоглу поцрвене во лицето.

“Новиот претседател на твојата влада се вика Маркос Вафијадис.”

Лазарос не можеше да се изначуди.

“Ни бараат двајца во врховната команда. Што мислиш, кого да испратиме?”, се обрати Ставре до Пондилаки.

“Јана Чакаларова и Лазарос Пападоглу. Двајцата се умни, писмени и големи демократи”, се насмеа Пондилаки.

Јана и Лазарос се изненадија. Ставре продолжи да го прелистува писмото. Потоа ја крена главата.

“Мислев, тебе да те пратам”, рече Ставре.

“Тие се помлади и иднината сами си ја кројат. Ако скројат лоша за себе, не ќе можат да не обвинуваат”, му одврати Пондилаки и испи голтка од ракијата.

“Договорено! Утре по појадок нека тргнат”.

Јана и Лазарос се погледнаа збунети.

VIII

1.
Маноли Стрезовски ги разбуди Јана и Лазарос. Двајцата набрзина се облекоа и му се приклучија во дворот. Ја поминаа селската улица и забраздија во планината. Шумата беше наместа многу густа и одвај се пробиваа низ гранките. Теренот беше нерамен и уморот ги совлада бргу. Маноли Стрезовски им дозволи да се одморат. Повторно продолжија. Повремено погледнуваа околу себе. Се плашеа да не налетаат на некоја од

владините единици што крстосуваа по селата и планината. Два пати јадеа. Ранците им се испразнија. Слегоа во едно помало село. Маноли Стрезовски, скриен од темнината, се довлечка до една куќарка и тивко чукна на вратата. По миг во куќарката се запали ламба и слабата светлост се проби низ пенџерето до нив.

“Кој е?”, викна човек одвнатре.

“Краставата риба”, му одврати Маноли тивко.

“Одете во племната! Ќе ви донесам храна”, им рече човекот.

Маноли ги поведе во племната. По неколку минути го видоа човекот што му се одзва на Маноли. Му подаде на Маноли храна замотана во една шарена крпа.

“Нема повеќе. Ако ноќевате, морате пред да стапи зората да заминете. Секој ден не посетуваат владините војници. Ако ве најдат во племната, ќе страда целото село. Останете со здравје и среќен пат!”, им рече и се врати во куќата.

Јана го прифати мирисот на шталата сосема рамнодушно. Лазарос напати го стискаше носот. Маноли го посла шинелот врз сламата, и додека тие одбираа место каде да легнат, заспа. Потоа легнаа и тие. Јана долго не можеше да заспие. Во мислата и доаѓаше синот. Sастрината ја дочека будна. Денот стигна во селото порано одошто планираа. Беше доцна за бегање. Селото вриеше од владини војници. Лазарос му подлегна на стравот. Јана ги забележа неговите немирни очи и за да го смири го помилува по косата. Му ја размрси и за миг го натера да ги истави владините војници од главата.

Маноли Стрезовски шараше со очите како лисица кога влегува во кокошарник уплашена да не ја забележи стопанот на живината. Гледаше низ пукотинката. Пред очите му стоеја војниците распоредени во слободни стрелци. Им се приближуваа на куќите.

“Следете ме!”, рече тивко Маноли, и излезе од племната. Јана го турна Лазарос пред себе. Се провлекоа низ дворовите сосема

незабележано и влегоа во густата шума. Над селото застанаа да починат. Потоа очите им се наполнија со крвави слики.

“Како се викаше човекот што ни даде храна?”, праша Лазарос.

“Христо Сотировски”, му одврати тивко Маноли. “Зошто прашуваш?”

Лазарос не му одговори. Гледаше во војниците кои ги извлекуваа селаните од домовите и ги собираа средсело. Го виде последниот селанец што го довлечкаа до куќата каде што им дадоа храна. Селанецот беше стар човек со повиен грб. Едниот војник го удри силно со кундакот по главата и го ничкоса покрај патот.

“Не го гледам Христо меѓу селаните собрани средселото. Сигурно побегнал?”, рече Лазарос.

Јана Чакаларова пребледе.

2.
Во куќата на Христо Сотировски влегоа двајца војници. Беа на средна возраст. Христо внимателно ги дочека. Им понуди да седнат. Војниците не му обрнаа внимание. Неговото гостоприемство како да не им требаше. Едниот војник грубо го турна и тој се струполи на подот. На вратата на другата одаја се покажа Параскева. Беше убава и горделива. Војниците нејзината појава ги збуни. Параскева стоеше мирно, одбегнувајќи секакво движење или мимика што можеше да ги предизвика. Војниците тргнаа кон неа. Параскева изли страв од очите.

“Моја е”, викна војникот со брунка на образот.

Другиот војник немо ја проследи неговата реч. Не можеше да ги откачи очите од силното дишење на Параскева. Војникот со закривени нозе и брунка на образот појде да ја внесе убавината во себе. Како да знаеше дека таа нема да влезе во него мирно и покорно.

Параскева се повлече два чекора назад. Потоа ненадејно тргна напред и се судри со војникот. Беше повисока од него за цела педа. Тој се навали и и ја зари главата во стомакот. Параскева падна на подот и се стркала по душемето. Удри со главата во ѕидот. Погледот и се замати. Сакаше да ја истави маглата што не и дозволуваше да ја гледа одајата и да ги распознава предметите во неа. Се силеше да си ја поврати силата, но не успеа. Силен удар ја врати уште подлабоко во маглата. Полусвесна го слушна звукот што го испушти фустанот. И го расцепи војникот со закривените нозе и подиве. Гледаше како и скокаа градите на виделината. Параскева се напрегна повторно. Ја растера маглата, не сосема, но доволно да го види војникот врз себе. Се уплаши смртно. Го турна од себе, но само за кратко. Војникот стана од подот. Повторно и ја зари главата во стомакот. Параскева падна на подот. Крв и потече од носот. Војникот со закривени нозе се фрли врз неа и и ги стегна цврсто градите. Се насмеа. Силен удар му го истави видот од очите. Рикна од болката и се стркала по подот. Од очите му потече крв. Другиот војник се уплаши од глетката. Параскева ги стисна очите на кривоногиот со рацете и ги пушти да му висат над образот со брунка. Потоа стана и со крвавите раце појде на другиот војник. Војникот се воспаничи. Потоа се смири. Ја тресна со кундакот на пушката по главата. Немоќна да се задржи на нозете, Параскева тресна на подот и се онесвести. Војникот појде накај неа решен да и го зарие бајонетот во стомакот. Жилите на главата му скокаа од лутина. Рикањето на неговиот совојник со закривените нозе го воведуваше во лудилото. Одеднаш застана. Се сврте. Зад него беше Христо. Молскавично го изви бајонетот и му го зари во стомакот. Христо се навали и полека се спушти на подот.

“Сега ти си на ред. Ќе те наполнам со семе за да родиш бивол што ќе ти ја скрши главата кога ќе порасне. Вечно да се сеќаваш на овој ден”, и рече низ заби. Се соблече. Легна врз неа. По неколку мига се истави. Си ги закопча панталоните. Го подигна од подот кривоногиот војник и излезе низ отворената врата. Се сврте да види дали Параскева се освестува. Не забележа ништо. Продолжи кон средселото.

3.

Предводникот на владините војници го забележа војникот со извадените очи. Збесна. Го потера коњот поблизу до него.

“Кој го стори ова?”, му викна на другиот војник. “Целото село ќе го запалам. Сиот џган под бајонет!”, викна по војниците. “Наредете ги сите покрај ѕидот!”

Коњот под него се креваше на предните нозе. Војниците со закана ги построија селаните пред училишната зграда. Селаните беа исплашени.

“Кој го стори ова?”, викна предводникот.

“Ги убив, господине. Мртви се, проклети да бидат!”, му одврати војникот.

Предводникот го потера коњот.

“Формирајте стрелачки строј! Брзо!”, заповеда.

Војниците се построија. Нанишанија со пушките.

“Пукај!”, командуваше предводникот нервозно.

Се огласија истрели од пушките. Селаните паднаа покосени од куршумите.

“Само куршум за овој џган. Ќе ве истерам јас од Грција сите, мајката ваша смрдлива!”

Војниците од стрелачкиот строј ги спуштија пушките. Предводникот им пријде.

“По мене! Се што ќе сретнеме ќе ставиме под нож! Ќе го запаметат тие капетаниос Теофилос”, викна и го зботна коњот. По него тргнаа војниците. Го напуштија селото и се загубија далеку по патот.

4.

“Да слеземе! Можеби има преживеани?”, рече Маноли скршено.

IX

1.
Јана, Маноли и Лазарос се спуштија низ падинката. Влегоа во куќата на Христо Сотировски. Маноли и пријде на Параскева. Ја подигна од подот и ја стави на креветот.

“Жива е?”, викна Јана.

“Да, жива е”, рече мирно Маноли.

“Да ја попрскаме со вода”, рече Лазарос и почна да бара ѓум. Го пронајде во кујната и се врати во собата. Ја попрска Параскева во водата по образот. Параскева ги отвори очите.

“Детето”, викна Параскева.

“Какво дете?”, се зачуди Јана.

“Долу е, под креветот”, рече Параскева.

Јана Чакаларова го подигна покривачот и во голема кошница го забележа бебето. Устата му беше врзана со шамија. Се гушеше. Го извлече и му ја одврза устата. Детето почна да плаче. Јана го подигна од кошницата. Потоа го спушти на креветот. Му го изми лицето со вода. Бебето се смири и почна весело да мрда со рачињата.

Параскева полека се подигна од креветот. На подот го забележа мртвото тело на Христо. Не заплака. Слезе од креветот и застана пред Маноли.

“Да одиме одовде! Се плашам од ова место”, му рече Параскева.

“Облечи нешто подебело!”, и рече Јана.

Параскева влезе во другата соба и оттаму излезе со црно дебело палто. Го зеде в раце бебето и го замота во ќебето што го симна од креветот на кој лежеше.

“Да одиме!”, замоли вознемирена.

2.
Шумата низ која чекореа беше ретка. Нозете им се удираа во камењата и ги болеа. Не починуваа. Параскева беше уморна. Лазарос го носеше бебето. Во штабот на врховната команда стигнаа ноќе. Стражите ги спроведоа до канцеларијата на офицерот за безбедност. Офицерот ги смести во една од неколкуте куќи. Потоа Параскева ја префрлија во друга куќа. Легнаа уморни и заспаа.

Следниот ден претпладнето Јана ја посети Параскева. Влезе во одајата и се зачуди. Имаше многу жени со мали деца. Параскева го доеше бебето. Се насмевна болно. Јана седна на крајот од креветот. Долго молчеа. Потоа нагло стана. Ја помилува по косата Параскева и излезе. Во ходникот и се придружи една жена малку постара од неа.

“Здраво, Донке!”, и викна весело жената.

Јана Чакаларова се сврте. Не ја познаваше жената.

“Простете”, се извини жената. Мислев дека си Донка од Лерин. Ми беше добра пријателка. Не сум ја видела со години.

“Се бидува... Каде е сместен штабот?”

“Одиш во штабот?”

“Да.”

“И јас одам во штабот. Да појдеме заедно”, и рече жената. “Јас се викам Софија Грнчарова. Од Лерин сум.”

Софија ја фати под рака и појдоа заедно. Се смееја. Влегоа во куќата во која беше сместен штабот. Потоа во една од собите. Беше празна.

“Седни! Офицерот ќе дојде. Наш е. Селанец од Поздивишта.”

Јана седна на дрвениот стол покрај прозорецот. Се загледа низ џамот.

“Имаш ли семејство?”, праша Софија.

“Немам. Останав сираче на дванаесет години. Ме одгледаа роднините. Подоцна се омажив. Мажот ми го стрелаа како антифашист во Еди Куле. Имам едно машко дете. Го оставив со пријателката во едно село во Југославија каде бевме евакуирани. Не знам што се случува со него. Не успеав да го видам кога доаѓав наваму.”

“Го остави детето и дојде ваму?”

“Првин бев во Катлановo. Таму има болница за ранетите борци на Демократската армија.”

“Беше ранета?”

“Не. Работев како болничарка.”

“Го остави детето со пријателката за да можеш да учествуваш во борбата?”

“Да. Ова е моја борба.”

Софија се замисли. Вратата се отвори и внатре влезе висок човек со бујни мустаќи. Ги поздрави со кимнување на главата и седна на дрвената клупа крај масата.

“Оваа е нова другарка. Доаѓа од Солун”, рече Софија.

Јана Чакаларова поцрвене во лицето.

“Доаѓам од Костанерија на барање од штабот.”

Офицерот се насмеа пријателски.

“Ќе се напиете чај?”

Јана и Софија одмавнаа со главите.

“Тогаш, да поминеме на главното... Во дванаесет часот е конгресот на жените. Ќе се одржи во зградата покрај куќата во која е сместено раководството на ДАГ. Затоа ве викнавме. Сега сте слободни. Верувам дека сте подготвени за конгресот.”

Софија испушти тешка воздишка. Јана се насмеа. Излегоа од канцеларијата. Се разделија. Јана беше возбудена. Многуте војници што ја опкружуваа и внесуваа немир во душата. Шеташе во кругот и ги набљудуваше уморните лица на војниците. Во дванаесет отиде во конгресната сала. Беше тоа мала зграда наменета за училиште. Салата беше украсена со пароли: ДА ЖИВЕЕ ДАГ! ДОЛУ МОНАРХОФАШИЗМОТ!

Седна на едно дрвено столче. Салата се исполни со жени. Ја виде Софија седната на бината на посебна маса. Конгресот почна. Многу жени зборуваа. Потоа се се стиши. Стана Софија.

“Ја предлагам Јана Чакаларова за член на потесното раководство. Молам, да гласаме”, рече гласно Софија.

“Нека стане да ја видиме”, викна една жена од претпоследниот ред. “Треба да знаеме за кого гласаме.”

Јана Чакаларова стана. Сите жени се свртеа да ја видат. Некои испуштија тивка воздишка.

“Јас сум Јана Чакаларова”, рече Јана возбудено.

“Јана Чакаларова е сопруга на предвоен комунист кој беше стрелан од фашистите во затворот Еди Куле. За да го продолжи неговото сфаќање за човековата слобода, таа го остави своето дете во Југославија да се грижат други за него и дојде да се

бори заедно со целиот слободољубив народ и на тој начин да го докаже своето убедување за оправданоста на нашата борба", рече Софија гласно да ја слушнат сите.

Жените почнаа да креваат раце. Миг подоцна.

"Според гласовите закучувам: Јана Чакаларова се прима за член на потесното раководство на АФЖ. Јана Чакаларова е првиот кандидат за член на претседателството на АФЖ на земјата", рече Софија. "Сега да продолжиме со изборот а на Јана да и испратиме многу честитки за изборот и да и посакаме да истрае во борбата за конечна победа на демократијата во земјата."

По Софија многу жени зборуваа. Јана понекогаш ја подигаше раката високо. Гласаше.

Конгресот продолжи и следниот ден. Јана мирно ги следеше излагањата на жените. Во ушите и одзвонуваше гласот на Софија. Конгресот заврши доцна вечерта и таа побрза да се види со Маноли и Лазарос. Беа во собата.

"Ти си сега функционер. Тоа е голема чест за секој од нас", и рече Лазарос весело.

"Да ја посетиме Параскева. Не е убаво од нас, да заминеме без да се поздравиме со неа", го сврте разговорот Јана.

"Параскева Сотировска е евакуирана со групата која замина за Полска", и рече Маноли.

Лазарос Пападоглу се зачуди. Гледаше во Јана збунето, потоа во Маноли.

"За каква евакуација зборуваш?", викна Лазарос избезумено.

"Смири се, момче. Евакуација! Илјадници луѓе ја напуштаат земјата и одат на север. Некои од нив ќе останат во Југославија, други во Романија трети во Унгарија, четврти во Полска, петти во Чехословачка... Бројот на луѓето, кои заминаа преку границата на север пешки, со само едно веленце во раката,

според проценките на Врховната команда, е многу висок. Македонија се испразни. Нашите луѓе далеку од своите домови, уморни и гладни, уплашени, во друг свет почнуваат нов живот, живот на тркала. Каде ќе запрат и дали ќе sирнат повторно во домовите што ги напуштаат пред пламенот на владината војска, џандармеријата и полицијата, никој не се осмелува да го предвиди. Никој не знае! Господ нека ни е на помош... Одам до командата и, ако нема нови задолженија, се враќам во Костанерија. Таму ми е барем мирна душата", рече Маноли. Стана од креветот и излезе низ дрвената врата.

Јана и Лазарос самуваа со вџашените погледи од кои им искреа молњи и предизвикуваа немир во нивните млади души. Како да го гледаа ѓаволот како им се потсмева.

3.
Јана, Лазарос и Маноли го напуштија селото во кое беше сместен штабот. Планините им станаа дом. Маноли грабеше силно по нерамниот терен. Јана прусаше покрај него задишана. Лазарос се жалеше на болката во глуждот. На педесетина километри пред Костанерија се тргнаа од козјата патека и се пикнаа во честакот.

"Малку недостасуваше да им влеземе во челуста", рече Јана.

"Молчи и моли се да не одминат", и рече Маноли.

Лазарос Пападоглу гледаше вџашено во воената единица. Војниците јаваа на коњи.

"Каква е оваа војска? Нема униформи ни ознаки. Сигурно е една од оние банди што ги плаќа владата за да не уништат", рече Маноли.

"Хаш, Алексеј Иванович Старовкин и Расим бег", промрмори Лазарос.

"Што велиш?", се одзва Маноли.

“Тоа се монархисти. Ги гледав секој ден во пансионот “Македонија.” Ги познаваш и ти.”

Маноли Стрезовски го избестри погледот. Пред неговите немирни очи јасно се оцртаа трите познати лица.

“Копилиња! Кој знае колку им плаќа владата за да убиваат”, промрморе Маноли и плукна.

Чучнати во честакот замолчаа. Чудната војска ги одмина. Излегоа од честакот и продолжија. Маноли беше нервозен.

“Ќе си го продадат сопственото дете за американски долари. Ѓубриња! Копилиња!”, се нервираше Маноли.

“Во штабот зборуваа дека владината војска во борбите со нашите борци, кај Костур употребила бојни отрови. Владата воАтина не одбира средства да не уништи”, рече Лазарос.

“Собирај информации, момче! Ти знаеш да пишуваш. Еден ден седни на некој удобен стол и напиши се! Нека се знае...”, не дореч Маноли.

Влегоа во атарот на Костанерија. Одеа внимателно. Јана Чакаларова потрча.

“Застани!”, викна по неа Маноли.

Јана застана. Се сврти. Беше изненадена.

“Зошто?”

“Сега ќе наидеме на стражарите. Треба да внимаваме.”

“Но, тие се наши стражари”, се побуни Јана.

“Долго време сме отсутни. И нашите стражари ќе пукаат во нас. Од каде знаат дека се враќа во Костанерија убавата Јана Чакаларов. Или мислиш целиот свет знае за твоето враќање во селото.”

Јана Чакаларова ја наведна главата.

“Не обвинувај се! Борбата бара искуство”, и рече Маноли.

“Да одиме!”, предложи Лазарос.

“Само внимателно!”, ги предупреди Маноли. Тргна.

Влегоа во селото незабележани од стражарите. Тивко покриени од темнината се вовлекоа во куќите во кои беа сместени.

4.
Јана Чакаларова стана порано од креветот. Слезе во дуќанот на маџирот Стефанос.

“Здраво, Ставре!”, викна весело од вратата Јана.

“Добре дојде, кукло! Како помина во Врховната команда?”

Јана Чакаларова седна крај него.

“Сега сум функционер. Голема sверка.”

“Кого ќе ловиш?”, се пошегува Ставре и се напи ракија.

“Жени. Ќе ловам жени. Ти се бендисува?”

Ставре Наковски се замисли. Влезе Маноли Стрезовски. Се ракуваа. Маноли седна на слободниот стол.

“Донеси една ракија за Маноли!”

“Дај ми и мене уште една! Ќе се напиеш ти?”

“Ќе се напијам. Нека се знае”, рече Јана и прсна во смеа.

“Стана голем човек. Раководител”.

“Тоа ми се бендисува. Јана е умна жена”, рече Ставре.

Маџирот Стефанос им донесе две чаши со ракија. Ги стави на масата.

Ставре Наковски ја подигна чашата и ја испи одеднаш течноста. Стана од столот.

“Морам да одам. Ќе се видиме подоцна”, им рече и излезе од дуќанот.

Јана и Маноли полека пиеја ракија. Маџирот повремено љубопитно гледаше во нив и ги ловеше нивните зборови.

“Лошо време”, мислеше Стефанос. “Само да преживеам. Војната веројатно нема долго да трае. Ќе одам далеку кај што нема луѓе и ќе останам таму цела година. Што подалеку од овој пекол.”

X

1.
Маноли Стрезовски влезе задишан во дуќанот на маџирот Стефанос.

“Големиот Сталин се кара со Југославија. Лоша работа. Настана неред во Врховната команда. Комата го подржува мислењето на Сталин. Сега сме готови”, рече скршено Маноли.

“Имај верба во луѓето, Манолисе!”, му рече Ставре мирно.

“Го суспендираа целото македноско раководство. Ги нарекоа фракционери... Секој ден испраќаат апели до владините војници да се братимат со нашите борци”.

“Слушнавме за тоа на радиото од Кољо Бочваров. Секој ден не ранат со ново овошје, зашеќерено. Треба да се бориме а не да водиме политика. Нож на нож, заб за заб, инаку повторно ќе не јавнат и ќе ни се сотре трагата”, се напи ракија Ставре. Го погледна Пондилаки.

“Не велам ништо”, му рече мирно Пондилаки.

“Треба да формираме народна милиција во Костанерија”, му рече мирно и излезе од дуќанот. Грабеше по селската улица. Умот му беше матен. Влезе во куќата што ја подигна самиот. Му се вратија спомените за Евангелија и децата. Легна на прашливиот покривач на креветот и замижа. Тој ден не излезе. По толку време спиеше во куќата што ја подигна од пепелта.

XI

1.
Ставре Наковски излезе од дома и по кратко време стигна кај Кољо Бочваров. Го затекна покрај радиоприемникот.

“Седни!”, му рече Кољо и му покажа со раката на креветот. “Слушам вести.”

Ставре седна на креветот и се навали со грбот на ѕидот. Гледаше во малечката кутија од која излегуваше гласот на спикерот.

“Демократската армија бара прекин на братоубиствената војна. Владата во Атина бара безусловна капитулација”, рече Кољо загрижено.

“Копилиња!”, промрморе Ставре. Стана од креветот. “Да одиме во дуќанот! Сакам да го видам Пондилаки.”

Излегоа од куќата. По улицата се разминаа со неколкумина војници. Влегоа во дуќанот на Стефанос. Пондилаки седеше со Јана Чакаларова и Туши Гонев. Пиеја ракија.

“Ќе се предадеме ли?”, праша сериозно Пондилаки.

“Кому му е грижа за нас? Ние сме отпишани од светот”, рече шеговито Ставре.

“Главешините почнаа да се служат со нова тактика.”

“Каква тактика, Пондилаки? Зар не гледаш дека праат место во владата? Бараат интервенција од Обединетите Нации за отстранување на Америка и Англија од земјата. Па ние не тргнавме сами во братоубиствена војна! Да не беа Америка и Англија ќе живеевме убаво. Победивме во војната со хитлеристите. Ќе формиравме демократска влада и толку ќе беше. Зар нашите водачи не го знаеја тоа кога излегоа во планина?”

“Знам само дека летото изминува и ќе стапи есен. Подобро да не зборуваме за тоа. Се плашам дека ќе изгориме во огинот што сами го запаливме. Гори мерецкиниот и се мислам како се шири и ја зафаќа Костанерија. Ќе биде тешко. Колата почна да се тркала надолу. Сега може да зборува кој како сака.”

“Да се напиеме, луѓе! Нека си ебат мајката монархистите! Земјата е наша и не ја даваме”, рече Туши Гонев и ја испи ракијата.

XII

1.
Кољо Бочваров влезе вознемирен и задишан во дуќанот на Стефанос.

“Радиото јави дека еден баталјон од владината војска преминал во нашите редови. Војниците го убиле командантот.”

“Тие ќе повлечат и други баталјони. Ќе никисаме. Верувам”, рече Ставре. Потоа се сврти и на вратата ја виде Јана Чакаларова.

“Кога се врати? Што се случило?”

Јана Чакаларова полека се дограби до масата и придржувајќи се за Ставревото рамо седна на столот.

“Дајте ми чаша вода!”, рече Јана. “Грлото ми е суво од горештина.”

Стефанос и принесе чаша со вода. Јана ја прифати водата и се напи малку. Потоа ја спушти чашата на масата.

“Зборувај! Што се случило?”

“Полека, Ставре, не брзај! Се оди во мајчината!”, рече Јана скршено.

“Не држи ме во неизвесност! Кажувај!”, се вознемири Ставре.

“Имаме нов претседател на привремената влада и нов командант на војската. Маркос Вафијадис е сменет. Суспендиран е и исклучен од членството на Политбирото на Партијата.”

Ставре Наковски ја гледаше збунет. Се смири.

“Зошто го смениле? Кому му пречи?”

“Не знам. Има и друго. Главниот штаб заповеда на подрачјето на планината Вич да се мобилизираат сите машки и женски глави, од седумнаесет до триесет и пет години. Мириса на лошо, Ставре”, му рече низ длабока воздишка што и излета од устата од загриженост по судбината на сите. “Голема кавга имаше меѓу раководителите за односите со Југославија. Оние кои сметаа дека треба да одржуваме добри врски со северните соседи, ги снема од раководните места. Го снема и Вафијадис со нив. Иако не е официјално разрешен, набргу и тоа ќе го сторат”.

“Глупчовци! Кому му е грижа за Сталиновата војна? Кокодакаме по Москва. Го чекав јас тој Сталин во првата војна. Во затворот ме уверуваа дека ќе дојде. Си го избриша газот со нашите молби... Децата ги собираат сосила за да им го чуваат газот. Македонците ќе бидат последниот бедем сосидан од мртовци што ќе ги чува. Ќе ни се сотре семката”.

“Селаните се обезбедија за зимата, Ставре. Ние почнавме командантите да си ги стреламе а не да се грижиме за обичните борци”, рече Кољо Бочваров.

“Кој стрела команданти? Каде? Зошто?”, збунето праша Ставре. “Мене никој ништо не ми кажува. Се дознавам последен”.

“Командантот на XIV бригада на ДАГ, Георгис Горгадис, војниот суд го осудил на смрт и го стрелале веднаш. Не успеал да го заземе Воден. Во борбата загубил многу борци”, рече Кољо.

“Солун. Треба Солун да го заземеме а не Воден. Еден ден ќе одам во таа команда за да им кажам како се води војна. Политиканти! Затоа го нема човекот и неговите пријатели што ни носеа оружје... На хесо тон патерасас, ја заебавме војната. Ќе се бориме сега со камења”, рече и нервозен излезе од дуќанот. Со трчање ја напушти селската улица и се искачи високо во планината. Почна да испушта неартикулисани гласови.

“Ја посравме работата”, промрмори и седна на тревата. Се загледа во коријата и ги затвори очите.

XIII

1.
“И оваа година измина. Владата повторно не храбри дека ќе победиме. Петминатa од отаде граница што ни носеа оружје, муниција, храна и облека ги нема да се појават. Мора да е голема кавгата штом не доаѓаат. Кој знае каква каша е ова? Во последно време само обвинувања слушам. Не ме интересира дали водачот го обвинуваат за десна ориентираност во политиката, или за опортунизам. Што ми е грижа? За мене сето тоа е лош знак. Се ќе отиде во мајчината. Јана е на Вториот пленум на народноослободителниот фронт на Македонците и ќе донесе нови вести. Само какви? Ќе ја изменат ли програмата на борбата и политиката?”, мислеше Ставре и пиеше полека од ракијата.

Во дуќанот влезе Туши Гонев.

“Стигна Јана Чакаларова. Сигурно носи нови вести од Врховната команда?”, рече Туши.

“Викни ја! Веднаш да дојде ваму!”

Туши Гонев се токмеше да седне, но наместо на столот да го смести својот задник излезе низ вратата. Се врати по неколку минути заедно со Јана Чакаларова.

“Здраво, Ставре!”, му викна Јана и седна крај него. “Многу си се замислил?”

“Не мафтај ме, зборувај!”, и рече Ставре нестрпливо.

“Не ми дозволуваш да се одморам. Ќе се жалам”, се пошегува Јана.

“Зборувај, Јано, инаку ќе пукнам! Се прели чашата”, и рече сериозно.

“Главешините предлагаат борба за обединување на Македонците во единствена независна македонска држава. Што велиш на тоа?”

“Главешини... Зошто сами не ја уништат владата во Скопје, туку не тераат сега нас во братоубиствена војна во која ќе се уништиме самите меѓусебно. Мисли ли тој пичован дека ние не знаеме колку време си го топлеше газот во Белград, пиејќи странски пијалаци во владините кабинети? Не ја заборава Ставре Втората војна. И тогаш сакаа да не турнат меѓу себе да се истребиме. Само тогаш ветерот дуваше од Берлин. Кому му пречиме? На Балканот? Во светот? Кому? Нека удрат сами на Скопје. Јас не им помагам. Напротив, би требало да им ги скршам главите за тоа... Пушти го радиото, Стефанос! Можеби ќе слушнеме уште некоја шега од врховната команда. Можеби ќе бараат да си ги убијам сопругата и децата...”

“Зошто си толку малодушен? Наше е што ќе правиме”, му рече Туши.

Радиото се огласи. Третата вест беше: ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА ККЕ ГИ ДЕМАНТИРА ВЕСТИТЕ ДЕКА

ПОСТИГНАЛА СПОГОДБА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА БАЛКАНСКА КОМУНИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА И МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ШТО ЌЕ ГИ ОБЕДИНУВА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕДНА ДРЖАВА. ТАКВИТЕ ВЕСТИ ГИ ШИРИ АТИНА.

“Ете ти ја твојата конференција.Политиканти! Војната бара човечки животи, а не политиканти. Ова нема да помине тукутака. Некој треба да даде отчет пред народот”.

Јана молчеше. Туши Гонев си го допи пијалакот и ја напушти просторијата. Ставре Наковски гледаше во една точка од ѕидот. Јана помисли дека е луд.

XIV

1.
Јана Чакаларова и Маноли Стрезовски повторно се најдоа во Преспа, во Врховната команда. По краткиот престој тргнаа назад во Костанерија. По патот брзаа. Јана беше нервозна. Маноли се напрегаше да ја следи. Во Костанерија стигнаа ноќе. Јана бувна во селото. Маноли потрча по неа. Не успеа да ја стигне. Не стравуваа да не ги запре стражата или по грешка ги убие. Јана влезе во дуќанот на Стефанос. Ставре седеше со Пондилаки, Туши Гонев, Стојан Џавалеков и пиеше мирно ракија. Очите ќе му излетаа од шуплините кога ја виде Јана нервозна и задишана. Сакаше да ја покани да седне, но...

“Ова е нечуено! Ќе збудалам!”, викна Јана.

“Што е? Секогаш кога доаѓаш од Преспа си нервозна и решена сите да не стрелаш”, и рече Пондилаки сериозно.

“Не ми е до шега.”

“Тогаш, изјасни се!”, и рече Ставре. “Седни!”

Јана Чакаларова се смести во столот крај Пондилаки.

“Не одам повеќе во Преспа. Испратете кого сакате!”

“Полека, Јано! Што се случило?”, рече Ставре загрижен.

“Само мамат. Се колваат. Измислуваат. Впрочем, да ви кажам се што се случи. Само да се напијам чај. Донеси ми чај, Стефанос!”

“Веднаш, госпоѓице млада”, викна понизно Стефанос.

Јана Чакаларова се насмеа.

“Ќе зборуваш ли?”, праша Пондилаки.

“Се жалат на нас, Македонците. Многу сме дезертирале од редовите на армијата. Велат сме бегале гас преку глава”.

“Кој вели така?”, праша збунето Ставре.

“Новиот командант. Македонската организација отпечати леток во кој се осудува паролата за слободна и единствена држава на Македонците во составот на балканската федерација на комунистите со напомена дека била штетна за грчкото и македонското демократско движење. Тоа е новината. По патот наидовме на пекол. Ги раселуваат селаните. Селата ги уништува монархистичката војска. За малку што не залутавме. Среќа наша што го познававме патот. Никаде жива душа. Само еднаш јадевме. Нема село што си остана на местото. Ни луѓе. Се случи она што не се надевавме. Каде исчезнаа селата и селаните господ знае. Среќа”.

“Ме зафркаваш”, и рече Ставре и сомничаво се насмевна.

“Основавме Комунистичка партија на Егејска Македонија. Се надевам голема новост ви кажувам. Од пред некој ден престанавме да живееме во Македонија. Сега сме жители на Егејска Македонија.”

“Значи, колата тргна прудолу. Но, барем правилото е сочувано: ниедна љубов не завршува среќно. Исто како во античките драми. Се е трагично како во трагедиите... Каква каша стана

нашата желба? Ни највидовитиот човек на светот тешко ќе го предвидеше ова. Колата се скрши и ја однесе нашата надеж... Секој ден пиштат за збратимување на војските. Каква каша... Кажи нешто, Пондилаки! Само молчиш како да не те засега тебе кашата".

Стефанос и донесе чај на Јана. Го стави на масата. И донесе и шеќер во сад од керамика.

"И да ме засега, свршено е. Што можам јас во целата оваа бркотница да сторам? Немам маѓосно стапче", рече Пондилаки и си ја допи ракијата од чашата.

"Тогаш, да запееме!", рече Ставре и солза му лизна од окото. Запеа. Пееше за Апостол војводата. Неговиот лирски длабок глас ја исполни просторијата. Мелодијата ги проби ѕидовите на дуќанот и излезе на селската улица, ја подигна прашината што се беше наталожила од врнежите и ја понесе кон полето.

Пондилаки не можеше да и одолее. Песната му ја разбудинка крвта. Го спои својот глас со Ставревиот. Им се придружија и другите. И Јана Чакаларова запеа со нив. Песната го исполни селото. Гласовите стигнаа до Вангелиос Котинарис. И тој почна да пее. Се огласија гласови од сите страни на селото. Ечеше коријата. Плачеа планините. Песната не стивнуваше.

2.
Евридика Цакондас, сопругата на Милкијадис ја покажа својата ситна глава на пенџерето. Песната и внесе немир. Се уплаши да не се повтори денот кога господ и го спаси сопругот од куршум. Покрај неа застана сиот растреперен Милкијадис. Очите му играа уплашено. Ги зграби дечињата и пеши да ја чека смртта.

3.
Васил Дигаловски лежеше во креветот. Трепереше. Знаеше дека Костанеричани ја пееја песната со години наназад најповеќе во комитлакот и само кога требало да се случи нешто големо. Во другата соба неговата мајка ги прифати зборовите на песната.

“Ти си бивол! Само ти испадна изрод од Костанерија. Куќата ми ја осрами, семето да ти секне. Со таков срам и говедата не сакаат да живеат”, му рече гневно.

Васил Дигаловски не и одврати. Знаеше дека неговиот живот лежи во нејзините старечки раце.

“Не те уби Ставре од страв да не си ја испогани душата со твојата крв. Благодари му за тоа на мојот покоен татко Јован за кого целиот крај пееше песни и го слави до небеса. Секогаш ги бранеше бедните и угнетените. Го положи животот за Македонија. Затоа не те уби Ставре. Те остави самиот да си прострелаш куршум во главата. Ако не се срамиш пред твојот сој, живеј, но нема пород да раѓаш. Не го продолжувај сопствениот срам. Ќе ги покажуваат твоите деца, внуци и паравнуци, со прст поколенија нанапред. Јуда го предал Христос во стариот свет и ние во новиот го паметиме. Таква судбина те стигна и тебе, синко”, му рече и солза и лизна по образот. “Подобро господ да ми ја земе душата и да ме куртули од тебе. Зошто ми го фрли достоинството на буниште кучињата да играат со него?”

Васил Дигаловски молчеше. Песната и го распаруваше телото. Сакаше да слезе и да ги помилува сите војници. Немаши сили да им погледне во очите.

Се довлечка до пушката што висеше на ѕидот и ја зграби. Го тргна чкрапалото и го притисна петлето. Одекна пукот. Пламенот бувна и куршумот се зари во градите на Васил кој потоа полека се спушти на подот и легна неподвижен.

Старицата заплака. “Прости, синко, тоа е посилно од мене”, промрмори и истиот миг падна на подот.

4.
Истрелот ги надвиши гласовите и песната стивна како пресечена со нож. Ставре Наковски скокна од столот. Излезе на улицата и потрча кон куќата на Дигаловци. По него се стурија и другите. Влегоа внатре. Глетката ги вознемири сите.

“Нека ти прости господ, мајко”, рече гласно Ставре. Го крена најзиното кревко тело и го положи на креветот. “Утре ќе ја закопаме на селските гробишта со сите воени почести”, му рече строго на Вангелиос Котинарис.

“А него?”, рече Котинарис и покажа на мртвото тело на Васил Дигаловски.

“Него фрлете го на буништето да го растргнат кучињата талкачи и дивите sверки. Не заслужил да биде со Костанеричани”, му отсече и застана над креветот, загледан во лицето на старицата. “Оставете не насамо!”, им рече и почека да ја напуштат собата, потоа го врати погледот на старицата. Седна на креветот крај нејзините нозе. Цела ноќ ја помина без да помести жила по телото. Ја дочува како своја мајка.

5.
Долу во одаите, Милкијадис Цакондас трепереше како лист. Евридика си ги кршеше нервозно тенките прсти. Само дечињата спиеја. Стравот што се всели во Евридика и Милкијадис од пукањето ги стегаше цела ноќ и ги остави будни. Се надеваа небаре така нема да дојде проколнатата смрт.

6.
Изутрината старицата ја закопаа на селските гробишта. Ставре од гробиштата појде кај Пондилаки. Седна на другиот кревет покриен со козинак.

“Владата во Атина повела општа офанзива за уништување на се што се движи по планината и полето а припаѓа на Демократската армија”, му рече загрижено Пондилаки. “Каков ти е планот?”

“Немам никакви планови. Поточно, се планира Вангелиос Котинарис. Тој е командант”.

“Разбирам... Во градот борбата се води поинаку...”, рече Пондилаки и само ја заниша главата како да имаше намера да си ја поврати бистрината.

7.
Туши Гонев лежеше на ритчето и гледаше низ двогледот. Пондилаки стоеше до него. Ставре Наковски кашлаше суво. Туши Гонев му го подаде двогледот.

“Види си ги одблизу пријателите! Како да не можат без нашето присуство да живеат”, рече Туши.

Ставре Наковски го зеде двогледот и погледна низ малечките кругчиња низ кои се гледаше далеку.

“Идат право на нас”, рече Ставре. Му го подаде двогледот на Вангелиос Котинарис кој се чешаше по брадата со рапавата дланка.

Котинарис се насмеа.

“Нашите животи се во твои раце. Исто така и на селаните од Костанерија. Решавај побргу за да не биде доцна!”, му рече Ставре мирно.

Вангелиос Котинарис погледна низ двогледот. Свирна од изненадување.

“Ги има преку пет илјади. Каде ли ја собраа? Да одиме, луѓе!”, рече Котинарис и тргна кон селото. По пат собра неколкумина војници. Тие од врата на врата ги собраа селаните и нивните совојници средселото. Вангелиос Котинарис застана пред нив. Беше мирен.

“Луѓе!... Кон селото забрзано се движи голема војска. Мораме да отстапиме веднаш. Кој сака може да остане во селото. Оние што сметаат дека нема да бидат безбедни ќе ги евакуираме отаде границата. Јасно!”, викна гласно Котинарис.

Сите молчеа. Потоа се разотидоа по домовите и се подготвија за патување. Секој носеше што може да држи в раце. Селаните со една група од десет војници тргнаа по сртот на планината за да ја преминат границата.

“Зар не знаеш дека ја расипавме калимерата со Југославија?”, праша Ставре зачуден и не го симна погледот од селаните и војниците кои го поминаа превојот и се загубија зад него.

“Политиката си е политика, Ставре, но народот си е народ. Каква да е политиката, народот си го наоѓа патот. Не грижи се, тие ќе стигнат на безбедно место”, му рече Котинарис и се сврте кон војниците. “Тргнувајте!”, им рече.

Војниците тргнаа. Ставре и Котинарис зачекорија по нив.

“Ние сме нешто друго, затоа мораме да и робуваме на политиката и да одиме во сосема друга насока”.

“А каде”?, праша Ставре.

“Мораме кон Преспа. Таму е Врховната команда. Барем се надевам дека е таму.”

На првата височинка Котинарис погледна низ двогледот. Се насмеа.

“Можеш да бидеш задоволен. Војската тргна по нас. Твоите соселани безбедно ќе стигнат отаде границата”, му рече Котинарис. Појде по борците.

Ставре Наковски се насмеа. Тргна по него.

“Ќе ни се сотре коренот”, промрморе и го забрза чекорот. Го стигна Котинарис и зачекорија заедно кон врвот на планината.

XV

1.
Вангелиос Котинарис испотен чекореше пред бригадата. До него полека се движеше Јана Чакаларова и почесто се придржуваше за рамото на Ставре. Молчеа. Вангелиос Котинарис застана и ги пропушти борците да изврват по козјата патека. Го подигна двогледот и зирна низ тркалезните стакла.

По лицето му везеше заморот. Му го подаде двогледот на Ставре Наковски.

“Два дена и две ноќи не следат. Одат мирно зад нас сигурни дека ќе не фатат. Можеби знаат каде одиме?”, рече Котинарис загрижено.

Ставре Наковски го истави двогледот од очите. Му го подаде на Котинарис.

“Зошто не пукаат по нас?”, рече Стојан Џавалеков.

Пондилаки се насмеа.

“Кога ќе почнат да пукаат петиците ќе ни ги помодрат газовите”, се пошегува. Го зграби силно Стојан за рака и го погледна в очи. “Дојде од Скопје да го положиш животот за нас. Можеби нема да ми се укаже друга прилика да ти се заблагодарам, затоа прими искрена благодарност за се што правиш, не само за нас туку за доброто на сиот македонски и грчки народ”.

Туши Гонев се расплака. Му ја стегна цврсто раката на Стојан Џавалеков.

“Не е време за плачење”, ги прекори Јана. “Да појдеме!”

Вангелиос Котинарис ја погледна чудно. Јана му одврати со строг поглед.

“Да побрзаме, луѓе! Штабот е далеку”, рече Котинарис и појде по колоната. По него тргнаа другите.

2.
Уморни се искачуваа по сртот на планината. Влегоа во густата шума. По еден час папсани седнаа да одморат. Се стемни. Далеку во подножјето светна огин. Вангелиос Котинарис го дојаде парчето леб и стана од студениот камем.

“Тргнуваме!”, рече строго.

Борците станаа од тревата и се подготвија за тргнување. Вангелиос Котинарис ги поведе низ темнината. Зашумолеа нивните чекори по нерамниот терен. Се искачија на врвот на планината.

“Владините трупи не идат по нас”, му рече Пондилаки.

“Зошто би иделе? Според мојата проценка ние сме пет километри оддалечени од Врховната команда... Не можам да сфатам што се метка по главата на нивниот командант? Зашто не не нападнаа? Сиргурно имаат некаков план!?”

“Не си ја тепај главата, Котинарис! Погледни околу себе и се ќе ти биде јасно”, му рече Ставре.

Вангелиос Котинарис се сврте околу себе. Свирна од изненадување. Се вознемири.

“Ние стигнавме во центарот на огинот... Да побрзаме инаку ќе не печат на ражен владините трупи”, рече Котинарис и побрза кон челото на колоната. По него запруса Јана Чакаларова. Беше вознемирена.

“Внимавај кога приоѓаш до нашите стражи! Имаат наредба од Врховниот командант да пукаат на се што се движи пред нивните очи... Подобро јас да одам пред сите зашто ја знам јавката”.

Вангелиос Котинарис стануваше се позагрижен. Почесто гледаше во големите огнови што ја опкружуваа планината. Почувствува како срцето посилно му чука. Се движеше со последните сили. Ги поведе борците преку една рамнинка што им се испречи на патот и влезе во шумата. Почека неколку мига и продолжи.

“Стој! Кој иде?”, слушнаа сите строг глас.

Вангелиос Котинарис застана. Се израдува. Се опушти сосема и го откопча горниот дел на блузата. “Најпосле”, промрмори.

Потоа куршум му пролета над главата. Јана Чакаларова го турна во смреката а самата падна врз него. Борците полетаа зад дрвата. Се засолнија. Вангелиос Котинарис излезе од честакот. Ги рашири рацете.

“Наши сме. Борци на Демократската армија”, викна гласно.

Настана молк. Јана Чакаларова си го слушаше сопственото дишење. Вангелиос Котинарис гледаше во темнината.

“Не пукајте! Наши сме”, викна повторно Котинарис.

“Од која единица сте?”, се одзва строгиот глас.

Вангелиос Котинарис ја погледна Јана.

“Кажи му што било! Мораме да поминеме инаку ќе се печеме на два огна”, му рече тивко.

“Од 114 дивизија. Овде е баталјонот на капетан Котинарис”, викна гласно Котинарис. Се трудеше да не му затрепери гласот.

“Капетанот Котинарис напред, другите стој”, се одsва строгиот глас.

Вангелиос Котинарис ги подигна високо рацете. Пушката ја пушти и кундакот се зари во тревата.

“Одам”, рече Котинарис.

“Чекај, можеби не се наши!”, викна тивко Пондилаки.

“Навистина, можеби не се наши?”, рече Ставре.

“Сепак, одам! Немаме друг избор. Ако не се вратам по вас, снаоѓајте се како знаете и умеете”, им рече и полека тргна кон местото од каде што до нив допираше строгиот глас.

“Чекај! Ќе смислиме нешто поумно”, му викна Јана возбудено.

Вангелиос Котинарис не се сврте да и ги види уплашените очи. Се искачи по нерамнината и застана.

“Натаму, капетане”, му викна строгиот глас.

Вангелиос Котинарис зачекори внимателно.

“Стој!”, викна строгиот глас. “На хесо тон патерасас... Котинарис, мој стар пријателу”.

Вангелиос Котинарис се изненади. Стоеше возбуден и се напрегаше да си спомне каде го слушнал гласот на човекот што му се обраќаше.

“Котинарис, мој...”

Вангелиос Котинарис гледаше збунето. Пред него од темнината изникна висок човек со реденици на градите.

“Ти...”, викна изненаден Котинарис.

“Да, јас, побратиме. Дојди да те гушнам.”

Вангелиос Котинарис му пријде. Се гушнаа. Заплакаа.

“Од каде ти овде, Вангелиосе?”

“Долга приказна, побратима. Ќе ти ја раскажам во друга прилика”, се олабави сосема Котинарис.

“Не пукајте! Тоа се наши борци”, им довикна човекот на другите стражари и придружуван од Котинарис се искачи до стражарското место.

“Ти го препознав гласот”, му рече човекот. “Инаку немаше да ти поверувам”.

“Како? Зашто?”, се збуни Котинарис.

Човекот се насмеа гласно.

“Ние сме од 114 дивизија”, му рече весело. “Викни им на твоите борци да дојдат ваму.”

Вангелиос Котинарис се замисли.

“Ќе ги викнеш или да го сторам тоа самиот.”

“Нема да дојдат. Ти зборуваш дека пушката не сум ја оставил да мирува цели девет години. Оваа е десета ако не се лажам. Морам да појдам самиот по нив.”

“Оди, потоа ќе поразговараме. Сега е мигот да разменime по некој збор. Наскоро ќе почне пеколот”.

Вангелиос Котинарис се насмевна болно. Се спушти низ падинката. Во темнината ги побара борците. Не можеше да забележи ништо.

“Ставре!”, викна пригушено. “Јас сум Котинарис.”

Од зад едно дрво излезе Ставре Наковски. По него одеше Јана Чакаларова.

“Готово е. Можеме да се качиме горе кај нашите”, им рече Котинарис.

“Успеавме. Браво Котинарис!”, му рече Јана.

“По мене!”, викна Котинарис и тргна назад кај стражите.

Се искачија по падинката. Вангелиос Котинарис забележа дека не се тоа стражарски места туку ископи во кои имаше војници.

“Влезете во ископите! Наскоро ќе почне борба. Веќе неколку дена се бориме со владините трупи. Ги има како плева.”

Вангелиос Котинарис влезе во ископот. По него долж целиот ископ се распоредија војниците. Јана Чакаларова уморна се навали на Котинарис.

“Како ти се гледа местово?”

“Се уште не можам да се снајдам”, и рече и го турна со кундакот на машинската пушка Стојос Панајопулос. “Не спиј! Само буден можеш да го видиш денот што ќе пристигне и можеби за последен пат во животот”.

Ставре Наковски се насмеа гласно. Сите се вознемирија. Го погледнаа строго.

“Ние сме на крајот на светот. Ако излеземе од оваа дупка, нашата земја за нас е загувена. Ќе ни се загуби дирата”, рече Ставре.

Вангелиос Котинарис се збуни. Пондилаки го потчукна Ставре по рамото.

“Што велат твоите политичари, Јано?”, праша Ставре.

“Политичарите ја обвинуваат Југославија. Велат дека се збратимила со владата во Атина и им дозволува да не удрат од грб”.

“Тоа ви го кажаа на последниот состанок?”

“Да. Немав време да ти кажам”.

“Лажат! Ние четири дена одевме покрај самата гранична линија. Ти беше со нас. Впрочем, многу пати чекореше покрај границата. Зошто не им кажа дека нивната лага е измислена. Им треба жртвен јарец за да си го покријат газот. Денес Југославија, а утре? Кого ќе обвинаата утре?”

“Не знам. Можеби нема да има утре. И можеби е така најубаво”.

“Чувај се, Јано! Лошо време наидува. Раженот е подготвен и огнот е запален. Се чека само пристигнувањето на овците”

“Ти си уверен дека ќе има утре?”, се зачуди Јана.

“Ќе има за многумина од нас. Огинот не може сите да не голтне. Историјата вели дека мора да остане некој и да им ја раскаже приказната на поколенијата. Секогаш било така. Не гледам зошто сега би било поинаку”.

Јана Чакаларова молчеше. Немаше сили да го продолжи разговорот.

“Ех, живот”, промрморе Ставре.

Тресок на гранати го исполни ридот. Им ги заглуши ушите. Ставре ја зари устата во земјата и ја покри главата со рацете. Насекаде околу него летаа парчиња од железо помешани со земја. Небото се наоблачи од авиони. Во подножјето на планината се појави непрегледна војска. Навираше од сите страни кон врвот. Авионите поминаа над нив и оставија пустош и оган. Околу Ставре Наковски имаше многу камења. Почнаа да горат. Се издигаше од нив пламен висок и до три метри.

“Господи боже, што е ова? Какво е ова чудо? Зар е можно каменот да гори?”, промрмори и погледна во Јана.

“Ние сме последни. Зад нас е пропаста на светот”, му викна Јана збунето.

Три гранати едноподруго паднаа во ископите. Војниците се разбегаа. Вангелиос Котинарис излезе од ископот и почна да мафта со машинската пушка.

“Да одиме, луѓе! По мене!”, викна и потрча повисоко во планината. По него тргнаа оние што беа во ископите. Се искачија на врвот и се спуштија на другата страна на планината. Фрлаа се што им го сопираше брзото напуштање на пеколот.

Пондилаки преку чистиот простор се стркала низ падината. Запре дури во подножјето. Стана и не си ги исчисти пантолоните и блузата од прашината и калта. Се сврте неколку пати околу себе. Ги бараше докерите. Не забележа никого од нив. Се упати по стапките на другите војници. Стигна на една

голема ливада. Немаше пушка. Приjде до еден мустаклест војник.

“Каде се наоѓаме?”, го праша Пондилаки.

“На Билешко Поле. Ова е Албанија. На сигурно сме се додека не се вратиме назад на Грамос”, му рече војникот.

“Повторно назад?”, се зачуди Пондилаки.

“Така рекоа главешините од Врховната команда”, му рече војникот и се спушти до колибата што беше оддалечена од нив неколку десетина метри.

Пондилаки се упати по војникот. Се надеваше да ги најде докерите. Кај колибата наиде на Јана. Продолжија да бараат заедно. По десетина минути се собраа.

“Го нема Ставре Наковски”, им рече Пондилаки загрижено.

“Морам во штабот”, им рече Јана. “Ставре е можеби со некоја друга група”, се поздрави со сите и исчезна меѓу војниците. Пондилаки и докерите диво загледани еден во друг не знаеја што да преземат.

“Ќе чекаме. Сигурно ќе издадат наредба за враќање на фронтот”, рече Котинарис и седна на тревата.

По него седнаа сите. Чекаа.

VI ДЕЛ

I

1.

Во пансионот “Македонија” влезе Алексеј Иванович Старовкин, придружуван од Хаш. Седнаа на една од масите покрај прозорецот. Крај шанкот стоеше млада, убава девојка. Лицето и беше бело и и го покриваа русите коси што е се спуштаа до рамениците. Алексеј Иванович Старовкин се насмеа со пештерскиот глас. Хаш удри со тупаницата по масата. Русокосата девојка потскокна. Се уплаши.

“Ракија, девојче! Донеси ракија!”, викна по неа Алексеј.

“Две големи чаши и едно шише!”, рече Хаш и се закикоти.

“Убаво им запрашивме на комунистите”.

“Така им требаше, Алексеј”.

Русокосата им пријде. Го стави шишето и чашите на масата.

“Турете си сами! Сигурно доаѓате од војна?”, им рече наивно.

“Од борба. Војната ја добивме. Победници сме”, и рече гордо Хаш.

Го отвори шишето и тури ракија во чашите.

“Знам”, рече русокосата, “Радиото го објави поразот на Демократската армија. Од тогаш секој ден има демонстрации во градот”.

Алексеј Иванович Старовкин се насмеа гласно. На вратата на пансионот се појавија Питер Макдоналд и Дастин Бровн. Униформите им беа побелени од прашина, косите пепелави, челата испотени, очите згуросани, зацрвенети, огрубени, наместа жолтеникави. Светеа од задоволство. Седнаа на масата до Алексеј и Хаш.

“Донеси уште две чаши!”, викна Хаш.

“Веднаш ќе донесам, господине”, им рече русокосата и појде кон шанкот.

“Како те викаат?”, викна по неа Алексеј.

Русокосата се заврте. Блага насмевка и се појави на усните.

“Ева Зузелска, господине”, рече со нежниот глас.

“Ева Зузелска! Од каде си?” праша Хаш.

“Од Полска. Од Краков”, гордо рече Ева. Се сврте и појде кон шанкот. Зеде две чаши од рафтот и ги однесе на масата. Се наведна понизно и се врати крај шанкот.

Хаш им ги наполни чашите на Дастин Бровн и Питер Макдоналд. Потоа ја подигна високо својата чаша.

“За победата!”

“За победата!”, му одвратија на здравицата тројцата.

“За американските авиони и нивните пилоти без кои Вич и Грамос немаше да паднат. И за англиските офицери. И американските. Мојата татковина вечно ќе им биде благодарна”, рече Хаш и ја искриви устата во насмевка.

Алексеј Иванович Старовкин сосема незаинтересирано ја крена чашата и му наздрави. Лицето му беше бледо, потемнето од жешкото сонце и замор се оцртуваше на него. Почна да пие прекутрупа. Се трудеше да се опијани. Ева Зузелска го набљудуваше љубопитно.

“Сака да се опијани. Да заборави на главите што ги пресече со неговата салосана рака”, помисли Ева и си тури ликер во чашата. Се напи и си ја навлажи правилната уста. “Кој знае колку пари им даде владата за да сечат глави?”

Алексеј Иванович Старовкин стана од столот и прије до шанкот. Ја пригмечи Ева Зузелска на штицата.

“Убава си. Ќе го купам пансионот. Мене ќе ми робуваш а не на онаа вошлива курва Уранија”, и рече тивко и заводнички.

Ева Зузелска не се збуни. Уранија слегуваше по скалите. Се загледа во неа.

“Пансионот е на Фоти Стерјов, Алексеју. Тој ги има тапиите”, му рече Уранија.

Алексеј Иванович Старовкин се олабави. Се тргна од Ева Зузелска. Строго ја погледна Уранија.

“Ќе се вратам за еден час. Потоа ќе видиме”, и рече Алексеј и излезе од пансионот на изненадување на сите.

Уранија влезе во кујната. По неколку мига излезе. Застана пред Ева Зузелска.

“Од денес ќе ми носиш храна секој ден горе во собата”, и рече заповеднички. Помина покрај неа и се искачи по скалите.

Ева Зузелска гледаше во неа се додека не се загуби во вратата што водеше во одаите. Потоа се напи од ликерот. Го сврти погледот кон кујната и стана од барскиот стол. Влезе во кујната.

2.
Хаш молскавично скокна од столот. Питер Макдоналд и Дастин Бровн зачудено го погледаа.

“Простете, господа, имам малку работа”, им рече Хаш. Потрча низ масите. Се искачи по скалите и застана пред вратата на одајата во која беше Уранија. Бувна внатре сиот задишан.

Уранија Папајоану седеше на креветот и јадеше месо испечено на скара што го донесе од кујната. Се сврте и го изгледа задишаното лице на Хаш, потоа продолжи да јаде. Хаш

иронично ја рашири устата во насмевка. Му се оцртаа расекотините и брунките на бузите. Стоеше мирно до вратата и гледаше во Уранија.

Уранија го голтна последниот залак леб. Го изџвака полека. Стана од креветот. Со одмерени движења го соблече фустанот. Пред очите на Хаш се појави прекрасно тело со обли гради и изгризани пуполки на кои зараснуваа раните.

“Ако сакаш да ме имаш, чекај да оздравам сосема. Ваква може да ме има само скот.”

Хаш се двоумеше. Го голташе нејзиното прекрасно тело и си го лигавеше искривеното лице.

“Нека биде по твое, но до тогаш јас ќе заповедам со пансионот и ќе ги собирам парите”, и рече грубо.

Уранија не му одговори. Го крена фустанот и со бавни движења си го покри голото тело. Пријде до вратата и ја отвори. Со раката му покажа на Хаш да ја напушти собата.

Хаш го искриви лицето од насмевка што му се појави на устата. Замавна иронично со главата и ја напушти собата. Уранија повлече свеж воздух во градите и го задржа кратко време во себе. Си го поврати нормалниот крвотек.

“Сака да стане стопан на пансионот! Ех, курвино потомче! Пансионот е сопственост на Фоти Стерјов. Земи го, но ќе го вратиш кога ќе се појави Фоти. Времето се менува. Само повели, земи го!”, помисли и ја развлече устата во блага победоносна насмевка. Потоа се насмеа гласно и ја наполни собата со заразна смеа. Се олабави толку многу што одвај успеа да го смени правецот на паѓањето на своето тело па така наместо на креветот падна на подот...

3.

Вратата на пансионот со силен тресок се отвори и на неа се појави Алексеј Иванович Старовкин. Помина покрај масата на која си го допиваа алкохолот Хаш, Дастин Бровн и Питер

Макдоналд и се искачи по скалите. Влезе во одајата на Уранија Папајоану.

“Поаѓај пред мене!”, и рече грубо.

Уранија Папајоану се вознемири. Алексеј ја зграби за раката и ја повлече кон себе грубо.

Уранија Папајоану не се препираше. Си ги облече чевлите и појде по Алексеј. Излегоа од пансионот. По неколку улици застанаа пред една адвокатска канцеларија. Алексеј грубо ја отвори вратата што водеше во внатрешноста на канцеларијата и уште погрубо ја турна Уранија внатре. Уранија одвај успеа да се задржи на нозете.

“Ова е адвокатот Микис Порфирогенис. Тој ќе ти каже се околу продажбата на пансионот”, рикна Алексеј со пештерскиот глас.

Уранија молчеше. Адвокатот почека неколку мига да се смири Уранија. Отвори една папка. Извлече од неа два листа ситно испишани на машина за пишување и и ги подаде. Уранија ги прифати листовите. Ги разгледа внимателно.

“Како законска сопруга на вашиот исчезнат сопруг сопственик сте на пансионот. Треба само да потпишете барање за да го избришеме од живите. Можете и да не го сторите тоа. Располагате со една идеална половина. Другата што му припаѓа на вашиот исчезнат сопруг можете да му ја продадете на Алексеј”, и рече Микис Порфирогенис и погледна во Алексеј испитувачки.

Уранија Папајоану молчеше. Алексеј Иванович Старовкин ја извлече камата од појасот.

“Ќе потпишеш!”, и се закани Алексеј.

“Не ми преостанува ништо друго. Во ред, господа. Ќе го задржам преноќиштето за себе а ресторанот му го препуштам на Алексеј. Секој ќе си ја собира печалбата од својот дел”.

Микис Порфирогенис го погледна испитувачки Алексеја.

“Се согласувам”, рече Алексеј. И ја подаде раката на Уранија. Се ракуваа. Алексеј извади ќесе и и го подаде. “Земи, внатре има триста златници. Владата ми ги даде. Морав да пресечам многу глави за да ги заработам. Твои се”.

Уранија го зеде ќесето со златници. Го стави во црната чанта.

“Со среќа да се служиш со ресторанот”, му рече.

Алексеј направи понизен наклон.

“И ти со златниците”, и рече.

Уранија Папајоану ги потпиша документите. Микис Порфирогенис ги зеде и ги стави во папката.

“Со здравје да се служите обајцата со печалбата”, им рече и си ги помилува кратките црни мустаќи кои му го правеа лицето подебело. Стана од столот и и помогна на Уранија да се исправи. Ги испрати до вратата на канцеларијата и ги пушти за зачекорат по Игнатија.

Алексеј и Уранија одеа нервозно. Поминаа двеста метри.

“Прости, но имам некои неодложни работи”, и рече Алексеј.

Уранија Папајоану му се насмевна иронично. Му го заврти грбот и продолжи по Игнатија да чекори полека и предизвикувачки. Алексеј тргна кон пристаништето.

II

1.
Уранија Папајоану влезе во пансионот како фурија. Не обрна внимание на Ева Зузелска и гостите што седеа во пансионот. Се искачи по скалите и нервозна влезе во собата. Се изненади. На креветот седеше Ставре Наковски.

“Те очекував. Здраво!” и рече Ставре.

Уранија изненадена го гледаше љубопитно и испитувачки неговото убаво лице. Му пријде. Се поздравија.

“Добре дојде во пансионот “Македонија”! Колку дена остануваш во градот?”

“Те загрижува моето присуство? Не знам. Војната ја загубивме. Власта ме гони. Мислев да се кријам кај вас. Каде е Фоти?”

Уранија Папајоану му ги провлече тенките прсти низ бушавата коса. Се насмеа нежно.

“Првин дотерај се! За другото не грижи се! Ќе биде како во деновите пред војната, не онаа што заврши пред четири години. Ќе разговараме подоцна. Ќе ти донесам храна. Сигурно си гладен? Изгледаш како питачите пред Агиос Димитриос”.

Ставре Наковски се насмеа. Уранија му мафна со раката и излезе од собата. Слезе во кујната. Наполни една чинија со печено месо. Стави и леб. Се врати по скалите во собата. Ја стави чинијата на масичето и почна да се огледува во огледалото.

Ставре излезе од бањата. Околу половината имаше замотано розева крпа за бришење.

“Не си загубил ни грамче од убавината и привлечноста. Да не сум ти снаа ќе те оборев во креветот... Ти донесов храна.”

Ставре седна на столчето покрај масичето.

“Не ми кажа каде е Фоти Стерјов?”, праша и голтна залак од печеното месо.

“Фоти исчезна пред две години и се уште нема глас од него ... како се твоите? Слушнав имаш близначиња”.

Ставре Наковски се замисли.

“Да не ги убиле во војната?”, праша загрижено Уранија и си ја зграби главата со рацете.

“Не, здрави се, живи. Во Југославија се. Така ми рекоа”, и рече скршено. Престана да јаде.

“Јади! Јас честам”, се пошегува Уранија.

“Не можам. Кога ќе помислам на децата полудувам. Проклета судбина! Ќе има ли ден за мене? Да си поиграм со нив како татко со свои деца или и понатаму ќе им се восхитувам и ќе им подарувам љубов на туѓите”.

“Како влезе во собата? Скоро заборавив да те прашам. Те виде ли некој?”

“Не, влегов од задната врата. Внимавав. Заради себе”.

“Легни си! Ќе прошетам малку по градот. Ќе ти купам нова облека”.

“Не троши се за мене. Скапи работи се тоа. Кога ќе ти вратам?”

“Има време. Животот е доволно долг за да си ги вратиме борџовите. Легни си!”, му рече Уранија и излезе од собата.

Ставре Наковски се насмеа љубезно. Го остави јадењето и легна на креветот. Ги затвори очните капаци и по миг заспа...

2.
Уранија Папајоану изби на улицата Венезелос и влезе во четвртиот дуќан. Го погледна продавачот заводнички.

“Спакувајте ми еден костум број 52 и кошула број 43. Само побрзо. Ме чекаат гости дома”, му рече Уранија љубезно.

Продавачот излезе од зад тезгата и од рафтот извади еден темнокафеав костум. Го стави на шарената хартија што стоеше

на тезгата. Потоа извлече од рафтот кошула, крем боја, и се заедно спакува во хартијата. Уранија му подаде еден златник.

“Доволно е?”, му рече.

“И премногу”, и одврати продавачот.

Уранија го зграби пакетот и намигна. Продавачот се насмеа збунето. Уранија излезе од продавницата. Продавачот потрча по неа. Застана на вратата и долго гледаше во нејзиниот задник што се загуби во мноштвото народ.

3.
Уранија Папајоану брзаше. Забележа зад себе двајца како ја следат. Потрча и се скри во една голема зграда. Луѓето поминаа покрај зградата и потрчаа кон улицата. Уранија излезе од зградата и потрча кон пансионот. На вратата се судри со Хаш.

“Си го продала ресторанот”, и рече Хаш заканувачки.

“Морав. Немав друг избор. Тебе те немаше да ме одбраниш”, му рече грубо. Го турна од вратата и зачекори меѓу масите.

“Преноќиштето е мое. Моите луѓе те бараат. Ќе те најдат...” се насмеа заразно Хаш и си ја стави раката на грклanот, “Кврц”, и рече и излезе на улицата.

Уранија ги одмина масите. Се искачи по скалите. Влезе во собата. Ставре спиеше. Го стави пакетот во аголот на собата.

“Господи, полудувам. Заборавив да купам чевли... Кој број ох боже?”, помисли. Зеде конец од фиоката на масичето и полека внимателно му го измери левото стапало на Ставре. Го скина кончето и го пикна во чантата. Излезе од собата по скалите во ресторанот. Помина покрај Ева Зузелска, но не погледна во нејзините бистри очи. Турна еден стол со нозете и се најде на улицата. На ќошот на улицата имаше чевларски дуќан. Влезе внатре.

“Ми требаат машки чевли. Еве ти ја мерката на ногата”, му рече.

Продавачот беше пристар човек. Го зеде конецот. Го одмери со строгиот поглед.

“Побрзај, Танаси!”, му рече Уранија.

Танас извлече од рафтот. И ги подаде. Уранија ја зграби кутијата. Му подаде еден златник.

“Тоа е доволно?”, му рече Уранија и излезе од дуќанот. По неколку мигови влета во ресторанот и се искачи по скалите во одајата. Застана пред креветот. Ставре сипа изненаден. И се вгледа во уплашените очи.

“Што се случува со тебе? Лицето ти е како на мртовец!”

Уранија успеа да се прибере.

“Станувај ти купив облека. Мораме да бегаме... Впрочем, ти не мораш да бегаш. Можеш да останеш во собата”, му рече и излезе.

Ставре Наковски рипна од креветот. Набрзина се облече и потрча по неа. Ја стигна и ја зграби за раката.

“Ќе ми објаснеш ли?”

Уранија молчеше и трчаше. Сврте на аголот и силно го повлече. Ставре се збуни. Не се противеше. Потрча. Изминаа неколку улици. Уранија застана.

“Успеавме”, му рече и исфрли страв од очите.

“Објасни ми, те молам!”, настојуваше Ставре нервозно.

“Мораме да се скриеме. На некои луѓе им пречи моето присуство”, му рече Уранија и го повлече за ракавот.

Ставре молкум тргна по неа. Брзаа по улицата послана со ситна камена коцка. Стигнаа во старата трошна куќа на Уранија Папајоану. Внатре Уранија се струполи задишана на креветот.

“Овде сме безбедни. Седни! Смести се каде милуваш. Куќата е голема. Клиентела немам. Девојките ги отпуштив од работа. Овде никој нема да не бара”.

“Ќе ми објасниш ли што се случува?”

“Седни, човече!”

“Не седнувам додека не ми кажеш што се случува со тебе. Каков е овој циркус?”, се налути Ставре.

“Сакаат да ме убијат! Задоволен си?”

“Кој сака?! Зошто? Како?”, збесна Ставре.

Уранија Папајоану се насмеа нежно.

“Повеќе од тоа нема да ти кажам. Подобро е да си понастрана од играта. Ако можам самата да се снајдам, добро, ако не, ќе ме изедат кучињата талкачи на големото градско буниште. Нема да имам дури ни обичен закоп каков што имаат најголемите смртници во овој град полн со трулеж и смрдеа на расипано месо”, му рече Уранија и се насмеа. Ги покри очите со солзи.

Ставре се збуни. И ги избриша солзите. Ја помилува по косата.

“Бевте другари со брат ми Христо?”, го праша Уранија ненадејно.

“Добри другари. Каде е тој?”

“Го убија луѓето на Пампас. Некој го предаде. Толку многу се грижев за неговата безбедност. Копилиња, ќе ми платите за се!”, викна.

“Одмори се! Ќе побарам некои пријатели во градот”.

Уранија ја зари главата во перницата. Ставре излезе од куќата. На лицето му се оцрта загриженост. Брзаше по уличките и не се осврнуваше на луѓето со кои се разминуваше или одеше во иста насока. Стигна до една петокатница и влезе внатре. Се искачи по скалите и застана до вратата на која со мали букви имаше натпис: ДОНЕ БИНДОВ. Чукна неколку пати и никој не му се одзва. Се замилсли. Една стара жена скромно облечена се појави на спротивната врата. Го гледаше уплашено. Ставре и приђе.

“Бегај, синко, што подалеку од оваа куќа! Доне го одведоа полицајците. Секој ден доаѓаат и проверуваат дали некој од неговите пријатели се сместил во станот. Бегај!”

Ставре Наковски ја гледаше љубопитно старицата. По миг се спушти по скалите и излезе на улицата.

“Не и заблагодарив на жената”, помисли. “Сега е доцна, подобро да внимавам да не ме забележал некој полицаец и тргнал по мене. Ќе биде лошо за мене”.

Шеташе два часа по улиците.

“Сега можам да се вратам кај Уранија. Сигурен сум дека никој не ме следи”, помисли и тргна кон приземницата.

III

1.
Во старата куќа на Уранија. Ставре Наковски седеше на креветот. Уранија Папајоану подготвуваше вечера. Беа нервозни.

“Зашто не се врати во Костанерија? Таму би бил дома”.

“Солун е посигурно место за бегалец. Во селото ќе ме уапсат. Кога тргнавме за Преспа, сите селани го напуштија селото. Барем така мислев зашто ги следев лично како заминуваат кон границата. Потоа се најдов на Грамос. Каменот гореше таму.

Сите ја поминаа границата. Не сакав да ја напуштам родната грутка. Се надевав ќе се престрои војската и ќе се врати на боиштето. Засолнет во планината чекав. Се ми беше попусто. Потоа се вратив во Костанерија. Се изненадив кога забележав луѓе во селото. Се спуштив до куќата на Кољо Бочваров и внатре ја затеков неговата сопруга Магда. Се уплаши кога ме виде. И се тргна наопаку...”

“Зошто не заминале преку граница?”, се зачуди Уранија.

“Кољо Бочваров се уплашил да не си го загуби седелото засекогаш и се вратил. По него тргнале и другите. Но, по неколку дена во селото дошла војска. Во исто време дошол и селскиот учител Јоанидис Карахопулос. Тој го поткажал Кољо и војниците го стрелале... Сакав и јас да заминам отаде границата. Сепак останав”.

“Мислиш дека брзо ќе заврши бркотницава?”

“Се надевам. Не може вечно да трае”.

“Никој не е луд да стане од столот. И да сака кралот, Англичаните и Американците нема да дозволаат”, му рече Уранија. Го истави тенџерето од шпоретот и го стави на масата. Донесе чинии и лажици и ги остави на масата.

“Стани да каснеме! Сигурно си гладен? Мене ми кркорат цревата од гладот”.

Ставре Наковски стана мрзоволно и седна на масата. Уранија му тури од тенџерето манџа. Ставре се насмеа.

“Гравот е мошне хранлив”, му рече Уранија.

Ставре Наковски молчеше. Сркаше од манџата. Гледаше во Уранија и почувствува како и се губи нејзиниот лик од пред очи, но само повремено.

“Имам чувство дека еден од нас бргу ќе го напушти светот”, и рече сериозно Ставре.

Уранија Папајоану се насмеа гласно. Залакот и застана во грклanот. Одвај се поврати.

“Не биди злобник! Животот е пред нас”, му рече и повторно прсна во смеа.

2.
Вечераа. Уранија Папајоану ги крена чинииte, тенџерето и лажиците и ги смести во еден поголем лонец што стоеше врз шпоретот.

“Така! Сега би можеле малку да прошетаме”, му рече Уранија.

“Опасно е. Полицијата е насекаде”.

“Сепак, да прошетаме. Ќе облечеме стари парталави алишта и ќе појдеме до кејот”, му рече Уранија весело.

“Ја предизвикуваш смртта”.

“Седум дена седам затворена во овие четири ѕидови. Не можам повеќе да издржам. Ќе полудам.”

“Оди, јас не излегувам”.

“Се плашиш?!”

“Не се плашам. Треба да издржиме уште малку. Бркотницата ќе се стиши. Потоа можеме да излегуваме колку ќе ти се посака.”

“Се плашиш!? Ќе излезам сама”, му рече и го наметна палтото. Пријде до вратата и го погледна уште еднаш. “Одам”, и излезе низ вратата.

Ставре Наковски рипна од креветот. Ја облече старата виндјакна и потрча по неа. Ја стигна и зачекорија заедно по калдрмата. Набрзо излегоа на кејот. Морето им ги смири душите. Дуваше тивок ветер. Изодеа долг пат и се враќаа. Мирис на рибина чорба допре до нив и им ги измами сетилата

за мирис. Се упатија кон пансионот “Македонија”. Влегоа внатре од задната врата. Кујната беше празна и во неред. Уранија прије до вратата што водеше во ресторанот и sирна. Го забележа новиот готвач. Стоеше навален до шанкот и и беше свртен со грб. Од длабочината на ресторанот допираше звук на бузуки. Салата се смрачи. Нежен удар по жицата, потоа два остри и отсечни и повторно нежен. Уранија се напрегна да види што се случува, забележа на средината на ресторанот голо тело. Ја препозна Ева Зузелска. Девојкиното тело се лелееше на звукот на бузуката и им ги мамеше страстите на присутните гости. Потоа се се стиши. Ева Зузелска си ги собра парталчињата од подот и под слабата светлина им го покажа издигнатиот задник на гостите и се загуби зад бината.

Уранија го забележа Питер Макдоналд. Седеше со една од нејзините девојки. Нешто разговараа залепени еден до друг. На соседната маса, до Питер ја забележа Софија Гелева како му го трие лицето со градите на Дастин Бровн.

Хаш седеше најблизу до подиумот за стрип-тиз.

“Го нема Украинецот. Зошто грдосијата не вмимава на својот дел од работата”, помисли Уранија. Погледот и го измами масата на која секогаш, пред да го уапсат, седеше нејзиниот брат Христо. И се натажи душата од помислата на братот. Во грклано и застана голтка и плач полета од душата. Не испушти солза. Ги стегна цврсто забите и додржа да не гукне.

3.
Ставре Наковски стоеше зад неа. Се уплаши да не ги забележа некој од луѓето што седеа во ресторанот. Ја зграби за раката Уранија и ја повлече кон себе. Потоа скоро сосила ја извлече на улицата. Надвор темнината ги стори нежни нивните замислени лица. Заодеа повторно по кејот прегрнати и спокојни како да се сами на светот. Дувна топол ветер и им ги избушави косите. Уранија ја допре главата на Ставревите гради и полека отшетаа до трошната куќа на Уранија на чија врата се уште се нишкаше црвениот фенер. Само што не гореше светилката под скршените стакла. Влегоа внатре и легнаа на креветот. Уморни заспаа.

4.
Утрото ги разбуди тропање на количка со дрвени тркала што се движеше по калдрмата. Не станаа веднаш. Количката ја одмина старата куќа на Уранија. Ставре Наковски стана и се облече се истегна мрзоволно на креветот.

“Каде?”

“Ќе одам да купам нешто за каснување. Гладен сум”.

“Не задржувај се многу! Внимавај некој да не те забележи и да не тргнал по тебе”.

“Не грижи се!”, и рече Ставре и излезе низ вратата.

Уранија се сврте накај ѕидот и повтроно заспа.

5.
Ставре Наковски застана пред црквата Света Катерина. Се двоумеше. Влезе внатре. Ги гледаше фреските и иконите и незабележано вмимаваше да не го види попот Иракло.

“Како да пропаднал в земја. Можеби отпатувал и залудно си го трошам времето”, помисли и излезе од црквата. На улицата го повлече голема толпа луѓе. Викаа грлесто: САКАМЕ МИР! НАДВОР АМЕРИКА! ДОСТА СО КРВОПРОЛЕВАЊЕ!

Ставре ги одмина луѓето и замислен по четири улици се најде на гратскиот пазар. Тезгите беа празни. Имаше само неколкумина продавачи. Забележа по облеката дека се селани. Приjде до една тезга.

“Овогодишен ли е гравот?”

“Друг немам”, му рече човекот од зад тезагата.

“Половина килограм”.

Човекот кимна со главата. Стави во тасот на вагата три грста грав и на другиот тас стави драм од половина килограм. Потоа дотури грав во големиот тас.

“Точно половина килограм, господине”, му рече човекот од зад тезгата.

Ставре Наковски го подаде кожното торбуле и човекот го истури гравот од големиот тас во торбулето. Го врати тасот на вагата. Ставре извади неколку банкноти од џебот и му ги подаде. Човекот ги зеде парите и си ги стави во џебот.

“Со здравје да го јадете гравот!”

“Благодарам. Со здравје и ти да ги трошиш парите”, му рече Ставре и се оддалечи од тезгата. Излезе од пазарот и тргна кон старата приземница на Уранија. Беше весел. Трчаше по калдрмата. Влезе во куќата. Внатре се стаписа. Пред неговите очи се покажа искасапеното тело на Уранија. Голотијата не го измами. Крвта што извираше од телото му ги изврте цревата. Ја спушти нервозно торбата и се наведна над нејзината глава.

“Жива е!”, му пролета низ главата.

Уранија Папајоану ги отвори очите. Ставре Наковски го почувствува топлиот здив со мирис на костен.

“Не грижи се! Се ќе биде во ред”, и рече Ставре.

Уранија Папајоану ја развлече устата. Настана тишина во собата.

“Во другата одаја... во долапот покрај пенџерето... има... торба со пари... и... ќесе... со... Златници... Земи ги...” му рече, се насмеа и издиша.

“Умре сирота”, поуми Ставре. Го подигна нејзиното разголено тело и го стави на креветот. Ги забележа двете изгорени пуполки на нејзините убави гради. Ја покри со чаршафот и седна до неа на креветот.

“Колку крв треба да потече за да се засите душата на насилникот! До кога ќе се криеме уплашени да не ни зарие нож во грбот некој непрокопсаник или платеник на полицијата или пак самата полиција? Кој е виновен за сето тоа?”, мислеше Ставре. Во главата му се мешаа многу слики. Помисли на Евангелија Гаспарова и близначињата. Потоа се вгледа во меките сочни усни на Уранија и крвта што се засируваше на нив. Му навираа во главата слики на распарталени трупови распрчкани по планината и го заглушуваа неподносливи одзвонувања на крушуми, силни експлозии на гранати и бомби што ги испуштаа авионите. Му се мешаа слики на луѓе кои гореа заедно со камењата. Пот му се сливаше по телото и чувствуваше како го обвиткува студ. Изморен од толкувањата низ мачните слики заспа. Половина час подоцна. Силен тресок на вратата го потресе неговото тело. Скокна од креветот. Гласови што допираа однадвор му го поматија умот.

“Тука е нејзиниот придружник. Тој е комунист”, слушна глас.

Појде во другата соба. Ја извлече од долапот кожната чанта и ја отвори.

“Не ме излажа Уранија. Овде има цело богатство”, помисли. Го отвори прозорецот и скокна низ него. Потрча меѓу куќите и за неполни пет минути се најде на Игнатија, обиколен со многу непознати лица. Успеа да си го смири погледот. Тргна кон железничката станица.

IV

1.

Возот бревташе кон Атина. Ставре Наковски седеше во последниот вагон. Купето беше празно. Се навали на пенџерето и задрема. Спиеше долго. Кондуктерот помина и не го забележа. Завесата на купето беше спуштена и светилката угасната. Доцна во ноќта се разбуди. Непознати луѓе влегоа во вагонот и тој им направи место. Напати им ги погледна загрижените лица. Светилката на машината што ги влечеше вагоните го расече ноќното бунило и пред очите на патниците

се покажаа многу светилки. Ставре Наковски стана од седиштето и го напушти купето. Во рацете ја стегаше рачката на кожната торба. Застана до излезната врата на вагонот и почека возот да застане. Чкрипењето на тркалата на вагоните го заглушија и тој ја отвори вратата. Слезе од вагонот и со брзи чекори го одмина перонот. Влезе во станичната чекална, но не се задржа. Излезе на другата страна на станичната зграда и потрча по улицата.

“Ќе одам во кабарето на Ванко Будбаровски. Тој ќе ме скрие”, помисли и се скри во една куќа за да не се судри со двајца цивили што му идеа во пресрет. Цивилите се загубија по темната улица. Ставре излезе од куќата.

“Полицајци! Сигурно има полициски час? Доцна е”, му прелета низ главата и повтроно потрча. Улиците беа темни и тесни заградени од високи згради. Само понекаде на пенџеријата се забележуваше светлина. Стигна пред кабарето на Ванко Будбаровски. Се стресе од глетката. Пред него на неколку десетина метри самуваше срушена зграда.

“Кабарето го нема. Се е уништено. Сега каде? Дома кај Ванко Будбаровски?”, помисли и почна на размислува. “Можеби кај Ксантина Периклис? И помогнав да стане глумица и да заработува за животот. Но, таа живее на Пелопонез... Можеби е најдобро да појдам на Пелопонез? Во тоа село покрај Средоземното Море никој не ме познава. Кога ќе помине ветерот ќе можам повторно да се вратам во Костанерија”, помисли и насмевка му заигра на испуканите усни. “Но, како се викаше селото на Поликсена? Ох господи боже, како се викаше? Проклет да сум, зар сега да заборавам? Сепак, да појдам кај Ванко Будбаровски”, реши и тргна по темната улица. Потрча. Измина неколку улици и излезе кај големата фонтана и сврти лево кон патот што водеше во подземните ходници. Изби на една чистинка и застана неколку метри подалеку од една камена плоча. Полека, внимателно влезе во една висока куќа. Тивко ги одмина скалите до вториот кат и застана. Го запре дишењето. Тропна на вратата. Чекаше. Никој не се одзва. Повторно тропна. Тишина. Се вознемири. Уплашено погледна во другите четири врати. Тропна уште еднаш. Никој не се одзва.

Сепак остана да наслушне уште миг. Една врата на горниот спрат се отвори. Ставре се уплаши. Ја стегна цврсто кожната торба и потрча по скалите. Излезе низ вратата и се загуби по улицата. Трчаше задишан и не се свртуваше да види од што бега. Ги одмина последните куќи на градот и престана да трча. Зачекори полека. Одеднаш се разведри.

“Ќе одам во старата трошна приземница”, му пролета низ главата, “Не е далеку. Можеби половина час”.

Скриен од дрвата што беа расфрлени десно од патот Атина-Пиреја, наближи до стара куќа сместена во внатрешноста на малата шумичка. Внимателно влезе внатре. Не ја запали ламбата туку уморен се струполи на прашливиот кревет. Прашина му се наполни во устата и тој исплука плуванка на подот. Не се покри со ќебе. Ја стисна кожната торба до градите и заспа.

2.

Ставре Наковски се разбуди. Се изми на бунарот со студена вода и се избриша со палтото. Прошета околу куќата. Се врати внатре и легна на креветот. Почувствува глад. Се силеше да заспие. Но, остана буден се до спуштањето на ноќта. Темнината го окружи и тргна по патот кон Пиреја. Во пристаништето стигна доцна во ноќта. Беше уморен и одвај се движеше. На едно бротче забележа човек. Внимателно му пријде.

“Качи се на бротчето! Знам што сакаш”, му рече мирно бродарот.

Ставре Наковски размислуваше.

“Ајде, човеку, може да наиде полицијата или некој џандарм. Качувај се или тргнувам!”.

Ставре несигурно ја стави ногата на палубата на бротчето.

“Добре дојде на “Агамемнон”. Ове е мое бротче. Сум префрлил на другата страна на Коринтскиот залив многумина како тебе. Десет златници и ќе те пренесам до другата страна”.

“Во ред”, рече Ставре. “Кога тргнуваме?”

“Веднаш!”

“Тогаш, тргнувај!”

Бродарот се насмеа тивко.

“Првин златниците, момче”.

Ставре Наковски се посомнева во чесноста на бродарот. Го погледна испитувачки. Бродарот се насмеа.

“Можеби немаш златници. Еден мој земјак го убија тројца што ги префрли на другата страна. Такво е времето, момче”.

Ставре ја отвори кожната торба. Го извлече одвнатре ќесето во кое беа златниците и извади десет златници. Му подаде пет.

“Другите пет ќе ги добиеш на другата страна на заливот”, му рече и ги врати другите пет златници во ќесето. “Ќе ми продадеш и еден пиштол.”

“Немам пиштол”, рече бродарот мирно.

“Ќе ти дадам десет златници за пиштолот”, настојуваше Ставре.

“Договорено?”, му рече бродарот и се насмеа тивко. “Мора да си многу богат”.

“Со пиштолот ќе ми дадеш и муниција”.

“Една кутија куршуми”, му рече бродарот.

“Три кутии муниција”, му рече Ставре. “Десет златници се многу. Треба да работиш десет години за да ги заработиш.”

“Ке ти дадам три кутии”, му рече бродарот. “Сега влези во кавината”.

Ставре Наковски внимателно слезе во внатрешноста на бротчето.

“Дај ми го пиштолот и муницијата!”

Бродарот се насмеа. Го активира моторот на бротчето. Зацепија низ водата. Бродарот со едната рака го придружуваше кормилото на бротчето и управуваше. Со другата рака извади од еден долап три кутии. На картонската амбалажа беа нацртани куршуми. Ставре воздивна. Бродарот му ги подаде кутиите.

“Пиштолот”, рече Ставре нервозно.

“Пиштолот ќе го добиеш на другиот брег”, му рече мирно бродарот и се насмеа.

Ставре Наковски го погледна испитувачки. Бродарот му кимна потврдно со главата.

“На другиот брег, момче”, му рече мирно и се загледа во недогледаното темносиво мирно море.

3.
Другиот брег беше пуст. Ставре Наковски му даде петнаесет златници на бродарот.

“Еве ти го пиштолот, момче! Внимавај твојата глава во оваа земја не вреди ни скршена драхма. Секој посакува да ја има зошто за неа се добива цело богатство. Внимавај!”, му рече бродарот и му мафна пријателски со раката. Моторот на бродарот забрмче. Ставре Наковски се накашла и си го покри лицето со раците.

“Добар човек. Колку ги има вакви во земјата? На Пелопонез? Проклето име! Никако да си спомнам како се вика селото”, помисли. Погледна во бротчето, но го немаше на брегот. Успеа да ги забележи неговите црти далеку на воденатa површина. На другиот брег се гледаше Пиреја. Гореа светлата во

пристаништето. Тргна полека. Набргу го заболеа нозете од нерамниот терен. Заморот не го чувствуваше. Гладта го тераше да се превиткува од болки во стомакот. Стигна во подножјето на едно ритче. Здогледа светлост.

“Сигурно е тоа куќата за која ми зборуваше бродарот”, помисли и го забрза чекорот.

Куќата беше ниска, cosидана од кал и покриена со слама. Чукна на вратата. Почека. Се појави жена ненормално дебела. Џвакаше леб.

“Влези”, му рече жената грубо.

Ставре Наковски влезе внатре. Просторијата беше малечка. Таванот низок. Ставре се наведна да не удри во гредите на таванот. Лево од вратата имаше сламарица фрлена врз тврдата земја, а отспротива залепен за sидот, дрвен кревет покриен со грубо закрпено ќебе.

“Ќе спеиш на сламарицата”, му рече дебелата жена грубо. “Ако сакаш да јадеш, храната чини заедно со спиењето еден златник”.

“Ќе платам”, рече Ставре.

“Плати веднаш!”, му рече дебелата жена.

Ставре извади од торбата еден златник. И го подаде. Жената го зеде златникот и го пикна во закрпениот џеб на извалканиот фустан од чоја. Извади чинија од еден сандак и со големата дрвена лажица тури чорба во неа. Се истави од котлето што висеше среде собата на ченгел и му ја даде чинијата на Ставре.

“Леб нема”, му рече грубо.

Ставре ја прифати чинијата. Сркна од чорбата со големата лажица. Се намршти. Дебелата жена се насмеа. Ставре ја дојаде чорбата.

“Сега на спиење. Наскоро ќе се раздени. Мене ми треба одмор”, му рече дебелата жена, ја изгасна лоената свеќа и тромо се спушти на креветот.

Ставре Наковски легна на сламарицата. Заспа.

4.
Утрото стана рано. Дебелата жена не излезе да го испрати. Тргна по сувата каменеста земја.

“Ќе одам во овој правец. Само господ може де ме одведе до Ксантина Периклис... Ох, господи ти, благодарам”, се израдува Ставре и гласно се насмеа. “Селото се викаше Периклисис”.

Одеше и се надеваше да наиде на човек. Студот го принудуваше да се замота со палтото. Еден стар човек му идеше во пресрет. Застанаа двајцата. Почнаа да се испитуваат со погледите.

“Ти си полн со вошки”, рече човекот.

Ставре Наковски се насмеа.

“Мора да си спиел кај слатката Мелина”, се насмеа и човекот.

“Кон каде е Периклисис?”, праша ненадејно Ставре.

“Таму има само камења. Што ќе правиш таму? Оди во Спарта, таму бараат овчари”.

“Сакам да посетам еден пријател. Ми вети работа”.

“Периклисис е на другата страна од островов, чевлите ќе ги искинеш додека стигнеш. Оди кон запад!”

“Ти благодарам”, му рече Ставре.

“Ништо, синко. Само врви по патот. Внимавај, има многу потери”, му рече загрижено старецот.

Ставре Наковски ги рашири очите од изненадување.

“Не грижи се, синко. Пелопонез нема да те предаде. Синот ми загина во војната”, заплака старецот.

“Збогум, старче!”

“Збогум, синко! Чувај се!”

Ставре се поздрави со старецот и продолжи по каменестиот пат кон запад.

V

1.
Ставре Наковски долго талкаше по островот. На седмиот ден стигна во Периклисис. Застана пред куќата, за која едно кривоного дете му покажа со раката дека и припаѓа на Ксантина Периклис. Куќата во долниот дел беше sидана со камени блокови, а во горниот дел со штици. Од предната страна имаше чардак до кој се стигнуваше по дрвени скали. Ставре се искачи по дрвените скалила внимателно. Штиците беа премногу скапани. Чукна на дрвената врата. По миг му отвори едно девојче со сплетени прцлиња на симпатичното високо чело.

“Калимера, кир Ставро”, му викна насмеано девојчето. Се поклони пред него понизно и театрално и го пропушти да влезе внатре. Потоа потрча по него. “Седнете, кир Ставро!” му рече љубезно и му покажа да седне на дрвениот кревет.

Ставре Наковски се збуни. Седна на креветот не симнувајќи ги очите од девојчето.

“Мајка ми не е дома. Ќе се врати за половина час. Отиде да собере круши”, и седна спроти него. Лицето и стана сериозно. “Ти си Ставре Наковски од Атина”, го изненади уште повеќе. “Имаме слика од тебе. Мајка ми често раскажува за тебе. Јас се викам Поликсена”.

Ставре зина изненаден. Девојчето со прцлињата стана од столот и влезе во соседната одаја. Се врати. Во рацете држеше една стара пожолтена фотографија.

“Мама ја чува под перницата”, му рече гордо.

Ставре не знаеше што да одговори. Гледаше во сликата збунето. Го погледна девојчето нежно.

“Ќе ми дадеш ли чаша вода?”

“Секако, кир Ставро. Мама одамна ни рече дека еден ден ќе дојдете и ќе не посетите. Ни рече да ви дадеме се што ќе посакате”, му рече, слезе во дворот и се врати со чаша полна со бунарска вода.

Ставре Наковски се напи вода. Извади од џебот неколку банкноти, и и ги подаде.

“Земи купи си што си милуваш!”

Девојчето ги зеде банкнотите. Кимна понизно со главчето во знак на благодарност.

“Мора да си многу уморен, кир Ставро. Ќе те оставам да спиеш а јас ќе ја чекам мама на скалите”, му рече весело и излезе од собата.

Ставре Наковски поседе уште неколку мига на креветот. Вошките почнаа да го касаат. Излезе надвор. Седна на скалите малку подолу од Поликсена. Му беше непријатно од неа да се чеша и отиде зад куќата. Почна да гребе по косата. Го чешаше целото тело. Го слушна гласот на Поликсена и се вознемири.

2.
Поликсена затропа по скалите.

“Мамо, тука е кир Ставро, твојот пријател од сликата. Таму е зад куќата”.

Ксантина Периклис потрча зад куќата.

“Ставре!”, викна радосно. “Ставре!”, повтори и заплака. Му се фрли на широките рамења и го стегна со рацете околу вратот. Плачеше.

Ставре Наковски ја прегушна околу половината и го истера од себе бунилото кое го гонеше да се посомнева во пријателските чувства на Ксантина.

До нив пристапи Поликсена. Го гледаше вознемирено секое нивно движење. Им ги виде насолзените очи и го слушна плачот на мајка си. Заплака и таа. Ксантина ги олабави рацете, нежно се истргна од прегратката на Ставре.

“Мамино дете, немој да плачеш! Мама плаче од радост”, и рече Ксантина и ја помилува по косата. Сакаше да ја крене во раце, но прцлето беше тешко за нејзините кревки мускули. Не успеа. Ставре ја помилува Ксантина по косата и ја крена Поликсена високо над главата.

“Многу си умна и убава”, и рече Ставре во блага насмевка.

Поликсена престана да плаче. Си ги избриша солзите. Ставре ја гушна со другата рака Ксантина и по неколку мига влегоа во куќата насмеани. Ставре ја спушти Поликсена на креветот. Ксантина ја спушти главата на неговите гради. Стоеја неколку мигови. Поликсена се збуни. Ставре и Ксантина се насмеаја. Поликсена им се придружи.

“Мора да си гладен. Ќе ти подготвам нешто за јадење”, рече тивко Ксантина и се извлече од неговата прегратка. Ставре седна на креветот. Поликсена излезе во дворот.

“Уморен си. Нечист. Ќе стоплиме вода да се искапеш. Само да го подготвам јадењето”.

“Не брзај! Се плашев дека ќе стигнам до тебе”.

“Како ме пронајде?”, праша заинтересирано Ксантина и стави компири во едно големо тенџере. Го наполни тенџерето со вода и ги стави компирите на шпоретот да се варат.

“Првин не знаев како се вика селово. Сепак тргнав. Бев сигурен дека ќе ми текне...”

“И...”, се насмеа Ксантина.

“Ми текна. Инаку не би бил овде со тебе.”

“Некогаш беше поинаку. Тогаш јас бев во неволја. Се сеќаваш ли на денот кога ме најде на железичката станица смрзната и расплакана? Ох господи боже...”

“Беше добра глумица. Не ме измами носот”.

“И добра курва”.

“Каде ти е другото дете? Колку што ми е познато ти имаше две деца?”

“Главена е кај двајца старци во соседното село. Таа е голема и умна девојка. Знаеш, немаме доволно храна за да преживееме. Ќе дојде во недела... Колку ќе останеш кај нас?”

“Се зависи од времето. Не знам колку ќе потрае.”

“Значи, куќата може да смета на домаќин?”, се насмеа Ксантина.

“Секако. И тоа каков домаќин”.

Се насмеаа двајцата заразно.

VII ДЕЛ

I

1.
Ставре Наковски стана утрото порано. Се облече набрзина и излезе во дворот. Кратко време размислуваше. Тргна по патеката што водеше до брегот. Два часа талкаше покрај големата вода. Се врати уморен. Седна на скалите. Му пријде Ксантина. Го помилува по косата.

“Многу си се замислил, кир Ставре? Ќе те боли главата”.

“Нешто мораме да работиме. Аргатлакот е лоша работа. Што мислиш да правиме?”

“Не знам. Еве доаѓа Дионис, можеби тој ќе знае.”

Дионис Влахос полека се искачуваше по нагорнинката. Косата му се бушавеше на ветерот што дуваше откај морето. Застана до скалите.

“Калимера Ксантина!”

“Калос иртес!”

“Како си, добар човеку?”, му рече Ставре. Стана од скалилата и му појде во пресрет.

“Многу сте замислени. Нешто големо ве измачува.”

Ставре Наковски го фати под рака и го завлечка кон ридот. На врвот на ридот застанаа.

“Сакам нешто да работам. Ајлак не ми се седи.”

“Лесно за тоа, кир Ставро. Покрај морето има доста трски. Има и вреж покрај реката. Можеш да почнеш да изработуваш разни предмети од трска и вреж.”

Ставре Наковски се замисли. Долго гледаше во синилото на Средоземното Море.

“Да, но јас не знам да плетам, ниту што било да правам од вреж и трска.”

“Ќе плетеш кошови, кошници и други предмети и така ќе заработуваш. Тоа ќе ти обезбеди пристоен живот. Вие сте тројца во семејството што можете да работите. Размисли”.

“Кој ќе не научи да плетеме?”

“Се во свое време кир Ставре”.

Ставре Наковски се насмеа гласно. Потоа слегоа кај куќата. Влегоа внатре. Дионис седна на креветот. Ставре на еден од столовите. Ксантина ги понуди ракија.

“За плетењето!”

“За плетењето!”, му одврати Ставре.

Дионис испи две чашки ракија едноподруго.

“Утре би можеле да собереме трски и вреж. Наредните денови ќе работиме”.

“Договорено, кир Дионис! Ќе те чекам рано изутрина да појдеме до брегот”.

“Тогаш, да заминам. Ќе ми дојдат на гости некои мои стари пријатели”, му рече Дионис и стана од креветот.

Ставре Наковски го испрати до дворот.

“Ќе те чекам, кир Дионис”.

“Довидување до утре, кир Ставро!”

2.

“Собравме доволно трска. Можеме да почнеме со плетењето. Тоа е лесна работа”, рече Дионис. Зграби неколку трски и почна да ги преплетува една со друга.

Ксантина и Ставре ги следеа неговите вешти движења. Ставре зеде неколку трски и почна да ги вкрстува една преку друга. Дионис се насмеа.

“Бргу учиш. Трската треба да се држи некое време во вода за да се смекне, потоа полесно ќе се витка под прстите”.

“Да ја однесеме кај потокот и да ја потиме во водата”, рече Ксантина.

“Секако”, рече Дионис. Прегради сноп и зачекори кон потокот.

Ставре Наковски со друг сноп појде по него. Ксантина зграби колку што можеше да носи и зачекори по нив. По Дионис и тие ги спуштија сноповите во водата. Дионис ги притисна до пропаднат во вирот и стави врз нив големи камења за да останат на дното и за да не ги однесе водата.

“Сега е се во ред. Можете мирно да спиете. По два дена ќе почнеме со плетењето. Сега назад да испиеме по една ракија”.

Ставре Наковски се насмевна задоволно. Почесто отскришум го погледнуваше питомото лице на Дионис и му се восхитуваше. Се вратија во куќата. Ксантина ги послужи со ракија.

“Вечерва ќе направам сарајлија. Остани на вечера!”

“Кога би можел, со задоволство”.

“Тогаш, ќе ти чувам неколку парчиња и ќе ти ги дадам кога ќе дојдеш да плетеме.”

Ставре Наковски се насмеа гласно.

“Дојди утре! Ќе биде дома Алики. Недела е”.

Дионис Влахос ја допи ракијата од чашата.

“Време е да појдам”, им рече. Стана од креветот и со насмевка си замина. Ставре го испрати до вратата.

“Прекрасен човек”, рече Ксантина.

“Прекрасен”, воздивна задоволно Ставре. Легна на креветот и задрема.

3.
Алики Периклис, поголемата ќерка на Ксантина имаше дванаесет години. Беше облечена во нов жолт струкиран фустан со високо затворено деколте. Се приближи до Ставре Наковски и срамежливо му ја подаде раката да се ракуваат. Потоа ја гушна Ксантина и заплака. Ксантина ја помилува по долгата руса коса. Следени од Ставре и Поликсена влегоа во куќата. Масата беше поставена. Алики си ги изми рацете и седна на столот крај масата.

“Да ручаме. Денес е свет ден, недела”, рече Ксантина.

“Јас сакам сарајлија. Не ми се јаде”, рече Поликсена.

Сите се насмеаја. Ксантина и извади в едно чинивче три парчиња сарајлија и го стави чинивчето на масата. Се прекрсти и седна да јаде. Поликсена ги изеде трите парчиња сарајлија, стана од столот и замина во другата соба. По неа од масата стана Алики. И таа појде во другата соба.

Ксантина ги раскрена остатоците од ручекот. Ја исчисти масата и влезе во собата да прилегне. Внатре Алики и Поликсена лежеа на креветот и спиеја. Излезе од собата. Во кујната на креветот лежеше Ставре. Излезе за миг на терасата. Потоа се врати во кујната.

“Зар ти не спиеш?”

Ксантина се насмеа тивко. Седна на креветот до него.

“Ми го зафатија местото”, се насмеа.

Ставре Наковски се насмеа гласно.

4.
Ксантина Периклис легна до Ставре Наковски. Потајно и заблагодари на Алики што и даде можност да остане сама со Ставре. Алики просто ги принуди да спијат заедно. Како да знаеше дека потребата за топло тело ја чувствуваа обајцата.

Лежеа и се милуваа. Иако беше пладне никој не стануваше од креветот. Во кујната девојчињата не се појавија ниту за време на вечерата. Ксантина Периклис се разбуди сосема случајно. Го слушна звукот на бунарската кофа и стана. Набрзина се облече. Слезе во дворот и се изми. Го побара со поглед Ставре. Потоа се насмеа. Ставре и доаѓаше одзади со сноп трска во рацете.

“Нестрплив си”.

“Без работа нема леб”, се пошегува Ставре и го спушти снопот на земјата.

“Како ќе плетеме кога трската е мокра? Не верувам дека нешто ќе испадне од сето тоа”.

“Подобро е да веруваш. Секој што не верува оди во пеколот”, се насмеа Ставре и се загуби кон потокот.

II

1.
Сонцето заоѓаше. Ставре Наковски слезе по скалилата и се упати по патот кон морето. Чекореше полека. Внимаваше да не се сопне по патот преполн со камења. Ги одмина последните куќи од селото и забразди покрај брегот. Често погледнуваше во недогледната морска површина во која се отсликуваше зајдисонцето. Тропна на вратата на малата куќа и почека да му отворат. По миг на вратата се појави Дионис. Ставре се насмеа тивко. Дионис му одврати на насмевката и го покани внатре. Влегоа. Седнаа покрај малата софра. Дионис запали цигара.

Извади едно полупразно шише ракија и го стави на софрата. Потоа донесе и чаши. Тури ракија од шишето во нив и едната му ја подаде на Ставре.

“Не знам што би правел без тебе”.

“Би живеел, кир Дионис, што друго би правел”, се насмеа Ставре.

“Би живеел, но не вака. Војната ме истошти. Се кријам како ретка sверка пред ловците што ја гонат и сакаат да ја внесат во кафез. Со тебе времето ми минува многу по содржајно. До пред две години да ми речеше кој било: слушај ти, Дионисе, не будали се, фрли ја пушката и седи си мирно на газот, ти се колнам во најмилото – ќе му ја скршев главата. Сега гледам колку наивно постапив. Проклето време! Се отиде во мајчината!”

“Не очајувај, кир Дионисе!”

“Времето ме тера. Полудувам”.

“Се каеш што излезе со пушка в планина?”

“Само понекогаш, во миговите на малодушност. Тргнав во војната за преку трупови да си го остварам убавиот живот, оној што го извојував во борбата против хитлеросите и нивните слуги во Грција. Наместо да се радувам попаднав во бунар без дно. Не гледам никаков знак што ќе ми ја стопли душата. Моето се сврши. Што е важно сега дали се кајам или не. Кому му е грижа за тоа? Цел Пелопонез стана и тргна во борба против монархофашизмот. Не можевме да ја издржиме тортурата што ја спроведуваа кситосите над селаните. Убиваа, палеа, пљачкаа. Владата ги поддржуваше и храбреше. Тие сечеа глави по островот...”

“Би тргнал ли повторно во борба?”

Дионис отпи голтка од ракијата. Внимателно ја врати чашата на софрата.

“Јас немам што да загубам. Двата сина ги загубив во 1944 година. Островот беше преполн со англиска војска. Тие беа во првите редови. Се бореа како лавови. Англичаните беа подобро вооружени и помногубројни. Кога се вратив ми кажаа некои луѓе со кои војував против хитлеристите и кситосите. Немав во очите солзи за да ги исплачам. Дојдов во Периклисис. Куќата срушена од бомбардирањата на англиските авиони. Сопругата убиена од кситосите. Што можев да правам? Се сместив во оваа мала куќа што ја користевме само кога доаѓавме да работиме на лозјето. Сам сум на светов, кир Ставро, сосема сам и осамен. Подобро да загинев во војната. Барем немаше да се измачувам мислејќи на минатото... Тебе ти е полесно, многу полесно. Покрај Ксантина и девојчињата полесно ти минува времето. Од плетењето кошови и кошници заработувате убави пари... Не си сам. Самотијата те убива”.

“Животот е далеку од Периклисис, кир Дионисе. Некогаш работев во Атина. Бев артист. Доаѓаа сите да ме гледаат на сцената. Заработував убаво. Ми недостасува таквиот живот. И мене ми е тешко. Само со тебе разговарам, како да не постојат други луѓе во селото. Се плашам да не ме поткаже некој на полицијата... Ќе ме осудат најмалку дваесет години. Живеам со страв. Живот ли е тоа?”

“Не грижи се, кир Ставре! Луѓето од Периклисис нема да те предадат на власта. Од секоја куќа на селото отиде по една жртва. Некои загинаа во борбата против хитлеристите. Многу паднаа во војната со монархијата. Народот е питом и цврст. Не треба да ги одбегнуваш луѓето од селото. Овој народ знае да почитува, да плаче и да се радува. Никогаш не и се покорил на тиранијата”.

“Ми влеваш храброст”.

“Плети кошови и кошници и не грижи се! Периклисис е тврдина на демократијата. Сиромаштвото ги одржува селаните заедно. Нивната солидарност е надалеку позната...”

“Се плашам, кир Дионисе. По се што поминав овие неколку години тешко ми е да решам некому да се доверам”.

“Не плаши се, кир Ставро! Имај доверба во човекот! Приближи му се и тој ќе ти врати десетпати повеќе.”

Ставре Наковски се насмевна и ја допи ракијата. Стана од триножното столче.

“Морам да одам, Дионисе. Доцна е”.

“Како си милуваш, момче. Намини повторно. Поздрави ги Ксантина и децата. Дојдете сите!”, му рече Дионис и солза му се појави на очите.

Ставре Наковски му мафна со раката. Ја отвори вратата и излезе надвор.

“Ќе се потрудам да му се приближам на човекот, Дионисе, но дали се сите како тебе. Ако не се што ќе стане со мене мојата желба да живеам?”

2.
Ставре Наковски по истата патека се врати назад. Во дворот, иако беше доцна ги затекна Ксантина и Алики како плетат кошници. Седна на тврдата земја крај нив.

“Време е да престанете со работата. Доцна е. Ќе оќоравите”.

“Кога ќе почнеме со изградбата на новата куќа? Цела година измина. Само зборувате со мама за градење на новата куќа”, рече Алики. Гласот и трепереше. Го гледаше Ставре право во очи.

“Зашто прашуваш? Ќе почнеме со градбата кога ќе бидеме подготвени”, се зачуди Ксантина.

“Ми здодеа да живеам во старата куќа. Сакам да се почувствувам како човек. Имаме доволно пари да подигнеме нова куќа. Зошто да не подигнеме нова куќа?”

“Секако дека ќе подигнеме нова куќа, Алики. Мислам да почнеме идната недела. Се согласувате?”

Ксантина се зачуди. Алики скокна од радост.

“Сега оди да се измиеш и на спиење”, и рече Ставре.

“Навистина ќе почнеш со sидањето на новата куќа?”, праша се уште изненадената Ксантина.

“Зошто да не? Имаме се што е потребно да почнеме да живееме пристојно”, и рече Ставре. Стана од земјата и и подаде рака на Ксантина. “Да појдеме на спиење. Веќе е доцна”.

Ксантина се фати за неговата рака и се подигна од земјата. Ставре извади вода од бунарот и и помогна да се измие. Се искачија по скалилата и влегоа во кујната. Ксантина носталгично ја разгледа просторијата и предметите во неа.

“Ќе ми биде жал за куќава”.

“Нема зошто. Оваа куќа ќе ни служи како работилница”, и рече и легна во креветот.

“Зар нема да се пресоблечеш?”

“Вечерва ќе спијам облечен. Ме тера да го направам тоа, нешто што е посилно од мене”.

“Тогаш и јас ќе спијам со овие алишта”, му рече Ксантина и бувна во креветот.

Лежеа и молчеа. Ставре почна тивко да ‘рчи. Ксантина му го сврте грбот и по кратко време заспа.

III

1.

Зимата во Периклисис се појави ненадејно и нешто порано. Го покри селото со снег. Поликсена му се израдува на снегот. Алики стана многу посериозна. Ката ден маршираше низ новата куќа. Му се восхитуваше на новиот убав мебел. Имаше засебна соба и во неа големо огледало. Почна да си ги крие колената од Ксантина и Ставре. Стана повнимателна кон нив. Наутро почна да се излежува до доцна а навечер легнуваше порано. Ксантина и Ставре беа се почесто сами. Поликсена одеше в училиште.

2.

Ксантина седеше на креветот и плетеше џемпер за Поликсена. Ставре Наковски го поправаше шпоретот. Им се придружи Поликсена. Заврте неколку кругови околу Ставре. Се врти во својата соба. Ставре ја стави големата плоча на шпоретот и воздивна задоволно. Си ги изми рацете и излезе на терасата. По него на терасата излезе Ксантина. Стоеја потпрени на оградата. Не зборуваа. Ксантина се загледа во собата на Алики. Ставре појде по нејзиниот поглед. Се погледнаа зачудено. Пред нивните очи, внатре во собата, осветлена од слабата газиена ламба пред огледалото стоеше гола Алики. Ксантина поцрвене во образите. Ставре се претвораше како да не го забележа руменилото. Двајцата гледаа во Алики. Таа стоеше пред огледалото и си ги триеше бујните гради и телото. Забележаа кога почувствува сладотија од тоа. Алики имаше бујни гради, мазни голи нозе, мека кожа на телото, убави црти на лицето и сочни меки усни. Мирисаше на расцутен багрем.

Ксантина и Ставре молкум ги иставија главите од пенџерето. Слегоа по скалите во дворот и се упатија кон ритчето зад куќата. Го одминаа вирот во кој ја мокреа трската. Ја поминаа шумичката и се искачија на врвот на ридот. Ставре Наковски чекореше по тромо од Ксантина. Беше замислен. Голото тело на Алики му ги врати спомените за Евангелија Гаспарова и близначињата. Газеше по снегот и не можеше да ги отстрани од мислата. Стануваше се позагрижен.

Ксантина Периклис ја забележа неговата отсутност. Не му рече ништо. Сакаше да открие што го измачува. Имаа доволно пари. Можеа да купат се што ќе посакаат. Може да се валка постојано в кревет со неа. Сепак нешто му недостасуваше? Ксантина

молкум го следеше. Се спуштија од врвот на ритчето. Ја поминаа шумичката. Се искачија по скалилата. Влегоа во собата. Ксантина облече ноќница и си легна. Ставре седеше замислен на столот крај масата до доцна. Потоа нерасоблечен си легна до Ксантина. Утрото стана рано. Беше замислен. Излезе во дворот. Се изми на бунарот. Околу десет часот облече нови алишта и чевли. Ја извлече ташната што му ја даде Уранија Папајоану пред да умре. Го извлече кожното ќесе и извади од него десет златници. Ги стави во џебот на палтото. Го врати кожното ќесе во ташната и ја стави во аголот на шифоњерот. Ксантина му пријде. Го гледаше испитувачки. Ставре го одбегнуваше нејзиниот поглед.

“Ќе одиш некаде?”, Му рече љубезно Ксантина.

“Да. Ќе бидам отсутен неколку дена. Прости, но мора така да биде”.

“Твоја желба е. Строи премногу за мене. Не те задржувам, иако чувствувам дека те губам. Во вакви услови би требало да се борам за да те задржам. Премногу добро те познавам за да ти застанам на патот. Оди каде што си наумил”.

Ставре Наковски ја бакна во челото. Излезе низ врата. Слезе по скалилата и низ дворот зачекори по улицата. Снегот крцкаше под неговите тешки длабоки чевли кои се спуштаа длабоко во белилото.

Ксантина стоеше на балконот и гледаше со тажен поглед во неговата силна правилна силуета што се губеше на хоризонтот. Очите и се насолзија. Влезе во собата. Се фрли на креветот и ја нурна главата во перницата. Плачеше.

IV

1.
На железничката станица во Атина имаше многу народ. Ставре Наковски стоеше на перонот и го чекаше возот за Солун. Беше нервозен. Погледот му беше тап и отсутен. Возот се појави на перонот и со силна бучава застана. Ставре се качи во првиот

вагон и влезе во едно купе. Седна на седиштето до прозорецот и замислен се загледа во багремите. Возот тргна. Во купето влегоа и се сместија на празните седишта две постари жени, една млада девојка и еден средовечен маж. Ставре молчеше и гледаше низ прозорецот. Успеа да задреме. Пред Солун се разбуди. На железничката станица слезе од возот и нервозно зачекори по перонот. Очите му грабеа од околината уплашено. Со брзи чекори се упати кон пансионот "Македонија", со надеж да најде некој познат. Во близината на пансионот застана. Кратко време размислуваше- потоа влезе внатре. Порача ракија и седна на барските столици крај шанкот. Девојката што стоеше зад шанкот чудно и испитувачки го погледна. Му наполни чаша и му ја стави под носот.

"Вашата ракија, господине", му рече љубезно.

Ставре Наковски кимна со главата неодредено. Ја испи ракијата и и плати на девојката за пијалокот. Излезе од ресторанот. Одеше полека и размислуваше. Не погледнуваше во луѓето со кои се разминуваше по улиците. Влезе во црквата Света Катерина. Го побара попот Иракло низ просториите. Не го најде. Излезе уште позагрижен. Помина две улици и излезе на Венизелос. Се упати кон Одос Вардарис. Го забрза чекорот. Се размина со неколку униформирани луѓе. Срцето му затупка посилно. Помина неколку куќи и влезе во старата куќа на Уранија Папајоану.

"Добро е што го задржав клучот", помисли. Се оптегна на креветот и долго време лежеше на постелата со отворени очи. Се напрегаше да заспие, но не му успеваше. Стана од постлата. "Ќе поминам илегално во Југославија", помисли.

Ги облече чевлите и излезе на улицата. Се упати кон излезот од Солун. Набргу задишан се искачуваше по планината. Пред Костанерија сврте десно. Потоа искачи уште неколку ридови. Се насмеа задоволно. Стоеше пред влашките колиби. Влезе во колибата. Внатре имаше суварки. Запали огин и се стопли на печката. Седна на столот и измамен од топлината, уморен заспа.

2.

Наредниот ден се упати кон границата. Стигна кај Бел Камен. Си спомна за луѓето кои доаѓаа отаде границата и му носеа оружје. Му се стори дека тоа било многу одамна.

“Навистина, колку години поминаа? Пет или десет? Можеби повеќе? Не си спомнувам... Како да беше сон... Не, не беше сон. Сигурно не беше сон”, мислеше. Седна на камењата и долго време размислуваше. Замислен се врати во Влашките колиби. Беше гладен. Свари чај со старите лончиња. Се напи од топлата течност. Цревата му раскркореа.

“Подобро да се вратам. Можеби Евангелија и дечињата не се во Југославија. Можеби се во некоја друга земја. Најдобро да прашам во југословенската амбасада во Атина. Ќе прашам кришум и никој нема да знае!”, помисли. Не запали огин. Излезе од колибата и згазна во снегот. Се искачи на првиот рид и застана. Долу во подножјето на ридот пред неговите очи се шириле Костанерија. Се плашеше да слезе во селото. Слезе по ридот прудолу и исчезна во шумата. Мракот го стаса во Солун. Повторно се најде во трошната куќа на Уранија Папајоану. Легна на креветот и заспа.

3.
Се разбуди рано. Ја заклучи вратата над која се нишкаше црвен фенер и забрзано зачекори кон железничката станица. Не чекаше долго на возот. Гломазната парна машина ги оглуши сите патници што чекаа воз за Атина. Влезе во вагонот зад поштенскиот. Се смести во едно празно купе. Во очите му се оцртуваше замор и очај, некаква носталгија. Во Атина побрза во југословенската амбасада. Пополни формулар и го предаде во една од службите. Излезе од зградата на амбасадата порасположен. Се упати назад во Периклисис.

Дома стигна навечер. Ксантина седеше покрај шпоретот и готвеше моркови. Алики истрча од собата да го поздрави. Ставре истоштен од заморното патување легна на креветот. Набргу заспа. Ксантина го покри со ќебе и јорган. Седна до него на креветот замислена.

“Се би дала да знам што го измачува”, помисли и се навали на неговиот колк. Потоа стана и ја постави масата за вечера.

Алики и Поликсена ја изедоа супата од моркови и се вратија во своите соби. Ксантина не касна ништо. Се навали на масата и замислена заспа.

V

1.
Деновите во Периклисис поминуваа бавно. Луѓето немаа никаква забава. Ставре Наковски стануваше се понедружељубив за Ксантина, Алики и Поликсена. Се почесто ја набљудуваше скришно малечката Поликсена како на дрвената табла учеше да ги пишува научените букви. Нејзината безгрижност во Ставре предизвикуваше огнена љубов спрема Евангелија и дечињата. Повторно отиде во Атина. Потоа двапати во Солун. И повторно во Атина. Напиша писмо до југословенската влада во Белград. Пулсот му се зголеми. Стана нервозен. Навечер се будеше испотен и го бараше поштарот што му го носи писмото од Југославија. Потоа не можеше воопшто да заспие. Се лутеше што не добиваше никаков одговор на писмата што ги испрати. Ноќите почна да ги поминува во дворот. Често заспиваше покрај запалената печка во старата куќа. Престана да плете. Рацете му се тресеа од нервоза. Испрати писмо во Скопје до владата. Престана да се бричи. Косата секогаш му беше разбушавена. Облеката му мирисаше на пот. Не се одзиваше на молбите на Ксантина да се пресоблече. Еден ден се искачи на ридот. Отиде за да се изнавика непречено.

2.
Тој ден стигна писмо од југословенската влада, од Белград. Писмото го прими Алики. Не и го покажа на Ксантина. Се скри во собата и го отвори. Го прочита двапати внимателно. Ништо ни и кажа на Ксантина.

3.
Ставре Наковски слезе од ритчето. Отиде во старата куќа. Алики појде по него. Го затекна седнат на креветот. Му го

подаде писмото. Седна до него. Ставре го отвори писмото. Голташе од буквите нервозно и љубопитно. Рикна како ранета sверка. Го искина писмото на ситни парчиња. Алики го гушна. Ја прифати неговата бушава коса на своите јадри гради, кои скокаа од возбуда, и го пушти да се смири.

“Ќе напишеме ново писмо. Не си единствениот што си ја бара сопругата и дечињата. Има луѓе на островов кои напишале стотина писма”.

Ставре Наковски зина од изненадување. Полека ја одлепи бушавата коса од нејзините гради и и се вгледа со сините бисерни очи.

“Ти знаеш? Како?”

Алики ја крена високо главата.

“Утре ќе одиме во Атина. Не грижи се! Од твојата болка боледува скоро целата земја”.

“Господи боже!”

“Ќе и кажеме на мама дека одиме во Атина да го испитаме теренот за продажба на кошници и кошеви”.

Ставре Наковски не знаеше што да и рече. Ги затвори очите.

“До утре”, му рече Алики. Стана од креветот. Му ја разбушави уште повеќе косата и излезе од старата куќа.

Ставре Наковски легна на креветот. Цела ноќ не заспа. Утрото со поцрвенети очи го затекна Алики.

“Одиме кир Ставре! Измиј се и облечи се убаво! Ќе посетиме места каде треба да се појавиме убаво облечени”, му рече нежно и му помогна да стане од креветот. Го извлече од старата куќа. Ставре се изми на бунарот. Потоа се облече. Алики го исчешла. Тргнаа. Во Атина стигнаа уморни. Отседнаа во една петокатница која нудеше соби за спиење. Беше доцна и

административните згради беа затворени. Излегоа да се прошетаат. Вечераа во една таверна и се вратија во петокатницата.

Ставре Наковски долго се мачеше да заспие. Најпосле ги затвори очите и потона во сонот. По неполн половина час скокна уплашено од креветот. Алики се разбуди и се вознемири. Забележа солзи на лицето на Ставре. Тивко липање и се всели во ушите. Стана од креветот и се пикна во Ставревиот кревет. Го гушна нежно. Почна да го мазни со тенките долги нежни прсти по косата. Ставре Наковски заспа. Алики воздивна задоволно и му се препушти на сонот. Алики немаше татко и не знаеше што е татковска љубов, но имаше меко и големо срце.

4.
Рано изутрина Алики стана и побрза да се облече. Го разбуди Ставре.

“Мораме да одиме, кир Ставре. Побрзај!”

Ставре Наковски се облече. Потоа појдоа. Влегоа во зградата на Црвениот крст. На еден од шалтерите ги пречека слабичок човек со ретки наместа бели мустаќи, облечен во кафеав гратски костум, бела чиста кошула и шарена вратоврска.

“Сакаме да пополниме еден од формуларите. Бараме некои наши роднини што исчезнаа во Граѓанската војна”, му рече Алики.

Човекот им подаде еден од формуларите. Алики го зеде и на една од масите кои се наоѓаа во широкото приемно одделение му го даде на Ставре да го пополни. Потоа му го подаде на човекот зад шалтерот.

“Сега одете си дома и чекајте известување!”, им рече човекот.

Алики го фати под рака Ставрета и тивко незабележано излегоа од приемното одделение на Црвениот крст. Појдоа на

железничката станица. Вечерта стигнаа во Периклисис. Уморни, не вечераа туку се клапнаа во креветите.

VI

1.
Ксантина и Алики ја товарија запрежната кола со кошници и кошеви. Се качија на колата. Ксантина ги зеде дизгините в рака и ги потера магаријата. Застанаа пред куќата на Томазос Карајанопулос. Во дворот ги дочека Томазос со својот син. Алики му мавна весело со раката на момчето и тоа се качи на колата. Седна покрај неа. Го погледна мило татка си и ги зеде дизгините од рацете на Ксантина.

“Довидување, татко!”, му рече момчето весело.

“Среќен пат”, им рече Томазос.

“Ќе се вратиме брзо”, му рече Ксантина. “Не грижи се, Томазос!”

“Ќе го чуваме како свој Димитри, кир Томазос. Довидување!”, му рече Алики низ насмевка.

Димитри ги потера магаријата. Алики се сврти и му мавна со раката на Томазос. Колата се загуби зад аголот и набрзо излегоа од селската улица.

“Убав ден за патување”, им рече Димитри. “Ќе можеме да се капеме во Пилос”.

Ксантина се насмеа гласно. Ја заврте главата сомничаво.

“Ако сакате да се искапете во Пилос, тогаш да одиме во Каламата. Тоа е поголем град и побрзо ќе ги продадеме кошниците и кошовите. Од таму ќе се вратиме во Пилос и капете се колку сакате”.

Димитри се насмевна. Алики кимна потврдно со главата. Предното тркало на запрежната кола пропадна во една дупка и

тие се навалија и запаѓаа. Успеја да се додржат да не паднат. Тркалото излезе од дупката и колата повторно заоди по џомбастиот пат. Молчеа тројцата. Сонцето се појави на хоризонтот. Колата, влечена од двете магарињa, бревташе по нерамниот пат. Се оддалечија од морската ширина и навлегоа во еден честак. По пет часа стигнаа во Пилос. Местото беше малку поголемо од Периклисис. Ги растоварија кошниците и кошовите од колата. Се собра народ околу нив. Ксантина продаде неколку кошници. Народот се разотиде. Се стемни. Влегоа во еден пансион. Се сместија во една соба со пет кревети и уморни легнаа. Уртото стана порано. Ксантина се изми и излезе. Димитри се пикна во креветот на Алики.

“Немој, Димитри, може да се врати мама!”

“Само малку, Алики.”

“Не!”, викна Алики и скокна од креветот.

Димитри удри со тупаницата во постелината. Гледаше во нејзините бујни гради и заоблена задница. Алики го облече фустанот. Се изми. Димитри стана од креветот. Излегоа. И се придружија на Ксантина.

“Да одиме во Каламата! Овде нема многу купувачи”.

“Како ќе кажеш, мајко”, и рече Алики. Го погледна откосо Димитри и се насмевна.

2.

Следниот ден околу пладне стигнаа во Каламата. Малото гратче ги плени со својата убавина. Ксантина им се восхитуваше на ниските шарени куќарки. Пазарот беше во центарот на градот и појдоа таму. Се сместија на една од последните тезги и чекаа. Луѓето од гратчето купуваа се само не кошници и кошеви. Ксантина почна да очајува. Алики и Димитри гледаа еден во друг се почесто. Пазаришното ѕвонче отчука два часот. Продавачите по тезгите ја собраа стоката. Неколкумина и пријдоа на Ксантина. Купија дваесетина кошници. Ксантина си ги протри дланките задоволно. Потоа не и пријде никој.

Пазариштето се испразни и останаа сами. Ги спакуваа кошовите и кошниците. Влегоа во еден пансион и капарисаа соба. Ксантина легна на едниот од четирите кревети и уморна заспа. Алики и Димитри излегоа да го разгледаат градот. Ги поминаа тесните улички и излегоа од градот. Се спуштија до морскиот брег. Седнаа на карпите. Молчеа и гледаа во синилото што се шириле пред нивните очи. Алики се соблече гола и скокна во водата. Димитри изненаден се двоумеше.

“Дојди, водата е прекрасна! Иста е како кај нас во Периклисис”, му викна Алики и се нурна под вода.

Димитар ги соблече панталоните и кошулата. Зазеде поза да скокне во водата.

“Соблечи ги и гаќите! Кој ќе ти ги пере?”

Димитар скокна во водата.

“Зошто не ги соблече гаќите? Мокар не можеш во пансионот. Ќе помине цела вечност додека се исушат”.

“Се срамам да се капам гол”, рече Димитри и заплива по синилото.

Алики го стигна и му се фрли на грбот. Димитри пропадна во водата. Успеа да ја отфрли од грбот Алики и да земе воздух. Алики повторно го нурна во водата. Тој повторно успеа да излезе на површината на водата. Алики тргна по трет пат по него. Димитри заплива силно и набргу се најде на брегот. Легна на карпите.

Алики се брчкаше во водата весело. Излезе од водата и легна покрај Димитри.

“Зошто си лош? Водата е прекрасна за капење”.

Димитри молчеше. Алики се насмеа. Се доближи до него. Го допре со голото тело. Димитри почувствува како му лазат морници. Алики почна да го мазни по косата полека се префрли

со целото тело врз него. Димитри нежно го допре нејзиното тело. Рацете му трепереа. Алики го бакна. Димитри се згрчи. Алики му ја подигна главата од карпата и го гушна околу вратот. Го бакна уште еднаш. Потоа го пушти и почна да го милува по телото. Димитри почна да и возвраќа. Со десната рака си ги соблече гаќите. Алики стана од врз него. Беше возбудена.

“Немој ќе останам трудна! Првин да се венчаме”.

“Тогаш, зошто се задеваш?”

“Ми се сака, ете тоа”, му рече Алики и си ги истри градите и пупулките на нив предизвикувачки.

“Кога ќе се вратиме ќе му кажам на татко. Вака неможам повеќе”.

Алики се насмеа гласно. Легна до него.

“Соблечи ги гаќите и стави ги да ти се сушат на оној камен! Инаку ќе седиме на камењава до доцна. Ќе не чека мајка”.

Димитри ги соблече гаќите. Ги стави на каменот крај себе. Потоа ги подаде рацете да ја фати Алики. Таа се истргна и стана. Потрча по карпите.

“Ако ме фатиш, твоја сум”, викна весело.

Димитри стана од карпата и потрча по неа. Ја стигна и ја собори во песокот. Ја бакна. Почна да ја мазни со раката по телото. Ја бакнуваше нежно и долго. Алики му одвраќеше. Почна да црвенее по лицето. Издиши задоволоно. Потоа почувствуа топлина како и влегува во телото. Ги отвори широко очите, најнапред од изненадување а подоцна од сладотија. Беше задоволна. Димитри исто така. Станаа од песокот и се фрлија во бистрата вода. Долго се брчкаа во водата. Излегоа и повторно се најдоа на песокот. Доцна вечерта појдоа во пансионот. Алики влезе прва во собата. Ја забележа Ксантина на креветот. Ксантина спиеше. Алики се насмевна. Легна несоблечена на

другиот кревет покрај пенџерето. Молчеа. Алики беше замислена. Димитри размислуваше до доцна.

3.
Ксантина стана порано. Се облече и се изми. Ги погледна нежно Алики и Димитри и излезе од собата. Со трчање отиде до пазарот. Ги изнесе кошниците и кошовите на тезгата и седна на еден кош. Набргу се појавија и други продавачи. Еден постар човек, продаваше портокали наспроти неа. Ја остави тезгата и и приjде.

“Ќе земам дваесет кошови и десет кошници, ако ми ги продадеш по поволна цена”, и рече испитувачки.

“Договорено!”, му одврати Ксантина низ насмевка.

“Ќе земам триесет кошови”, рече човекот и и ја подаде раката да склучат договор.

“Земи и триесет кошници!”, му рече Ксантина. Не му ја подаде раката.

Човекот размислуваше.

“Ќе земам”, и рече. “Договорено!”

Ксантина му ја стегна раката. Беше задоволна. Човекот и даде пари и таа замина во пансионот. Влезе во собата насмеана. Алики и Димитри уште спиеја.

“Станувајте!”, викна гласно.

Алики мрзоволно се протегна во креветот. Димитри скокна изненадно.

“Што е мајко? Што се случува?”, рече буновно Алики.

“Си одиме, деца!”

“Како си одиме? А кошовите и кошниците?”, се збуни Димитри.

“Ги продадов. Сите ги продадов утринава. Станувајте и да тргнеме!”

Алики и Димитри станаа од креветите. Се измија на малата чешма во ходникот. Ксантина слезе во приземјето на пансионот и му плати на газдата за ноќевањето. И се придружија Алики и Димитри. Излегоа на улицата и свртеа зад пансионот. Колата и магаринјата беа во дворот. Димитри ги впрегна магаринјата. Се качија сите во колата и тој ги збодна двете животни. Тие ја повлекоа колата и со трчање ја напуштија градската улица.

Ксантина беше задоволна. Алики постојано го погледнуваше Димитри и насмевка го мамеше да ја бакне. Димитри молчеше и ги удираше со прачката магаринјата.

“Кога ќе стигнеме дома ќе направиме голема гозба”, им рече Ксантина. Запеа. Мелодијата се пренесе низ пустиот предел.

“Кога ќе стигнеме дома, мајко?”

Ксантина престана да пее.

“Утре околу пладне”.

VII

1.
Ставре Наковски седеше во старата куќа и плетеше кошници. Беше замислен. Рацете му трепереа. Пот му се сливаше по мазното високо чело. Вешто ги вплетуваше една во друга трските и се трудеше да го смири треперењето на рацете. На вратата слушна тропање. Стана од подот и широко ја отвори вратата. Пред него стоеше Томазос Карајанопулос. Лицето му беше мирно.

“Добар ден!”

“Умре стариот Дионис. Бевте пријатели. Ќе дојдеш ли да го закопаме?”

“Веднаш, само да се подготвам”, му рече возбудено Ставре. “Повелете во куќата!”

Слегоа по скалилата. Влегоа во другата куќа. Ставре Наковски се облече во други алишта. Потоа излегоа заедно со Томазос. Со брзи чекори стигнаа до колибата на Дионис. Внатре имаше многу народ. Ставре се изненади. Имаше и поп. Телото на Дионис лежеше во сандак. По кратко време го подигнаа и го понесоа на селските гробишта. Ставре и Томазос одеа најодзади на поворката. Се погледнуваа испитувачки. Томазос беше побогат од Ставре. Имаше два дуќани.

“Децата се сакаат, кир Ставро”.

“Големи се. Ксантина ми кажа дека се љубат. Нека им е со среќа!”

“Што мислиш, да направиме веридба сега, по бербата на грозјето и свадба?”

Ставре Наковски му ја подаде раката. Томазос ја прифати.

“Договорено!”, му рече отсечно Ставре. “Алики има се што е потребно. Ќе и дадеме и пари.”

“Договорено, кир Ставро! Нека им е со среќа!”

Чекореа полека. Стигнаа на селските гробишта. Четворица луѓе го спуштија сандакот покрај ископаниот гроб. Попот застана до сандакот и кажа неколку редови од црната стара книга. Потоа четворицата го спуштија сандакот во гробот. Двајца гробари, селани, го покрија ковчегот со земја.

“Да одиме, кир Ставро! Покојникот, нека му е лесна земјата, ми раскажуваше многу за тебе”.

Ставре Наковски се вознемири. Не рече ништо. Зачекори по нерамната каменеста земја. Томазос тргна по него. Молкум се спуштија до селото.

Томазос го фати под рака.

“Да се напиеме по една лута во кафеаната”.

Ставре Наковски молчеше.

“Одамна си во селово и не си влегол во кафеаната. Поминаа старите лоши времиња. Хунтата на чело на владата не е така лоша. Има и добри страни. Нашето помина. Животот останува на младите. Сами нека си го средат и по своја желба”, му рече Томазос и го завлече по уличката што водеше до селската кафеана.

Влегоа во кафеаната. Седнаа на една од петте маси. Газдата беше мрзоволен човек. Им донесе две чаши полни со ракија. Томазос ја подигна чашата.

“За здравје на децата, кир Ставро!”

“За иднината на нашите деца!”, му одврати Ставре. Очите му се наоблачија. Лицето му поцрвене. “Зошто не ми испратија писма од амбасадата и Црвениот крст?”, помисли. “Господ знае каде се моите деца? Можеби Евангелија некаде со некој човек разговара за нивната иднина исто како и јас и Томазос”, помисли Ставре. Се напи од ракијата и ја врати чашата на масата.

“Какви ти се плановите за иднината?”

Ставре Наковски се накашла. Го погледна Томазос во очите.

“Да си ја почекам умирачката, кир Томазос. Изградив куќа. Децата пораснаа. Ми преостана мирно да ги проживеам годините што ми ги даде господ да ги поминам на земјата”.

“Ќе изградам нова куќа. За Алики и Димитри. Млади се и нека се радуваат”.

“Ако ти требаат пари кажи ми! Имам”.

“Не е потребно, кир Ставро. Тоа ќе им биде мој подарок за свадбата”.

“Тогаш, да таксам и јас. Мебелот нека биде од мене”.

“Ако е тоа твоја желба, нека биде!”

Ставре Наковски си ја допи ракијата.

“Да одиме, кир Томазос. Имам уште троа работа”.

Томазос ја испи ракијата од неговата чашка. Стана од столот.

“Пиши на моја сметка, кир Телиос!”, му викна Томазос на газдата на селската кафеана.

“Биди здрав и жив, кир Томазос! Има време за плаќање”, му одврати газдата.

Ставре излезе од селската кафеана. Се поздрави со Томазос и по угорнинката се врати дома. Легна на креветот несоблечен и задрема.

2.
Во дворот се слушна тропање на запрежна кола. Ставре ја истави дремката од очите. Се протегна мрзоволно на креветот. Наслушнуваше, Ксантина влета во собата весело.

“Се продадовме”, викна.

“Умре кир Дионис. Денес го закопавме”.

“Како?”, се натажи Ксантина.

“Сега се вративме со Томазос од закопот”.

Ксантина седна на креветот крај него. Го помилува по косата.

“Нека му е лесна земјата! Беше добар човек”.

Ставре ја гушна. Полека ја доближи до себе. Му надојде силна желба да ја преврти. Пушти рака по нејзините гради. Потоа легна врз неа.

“Полека, Ставре. Трудна сум, можеме да го повредиме бебето”.

VIII ДЕЛ

I

1.
Пондилаки седеше покрај колибата на Билешко Поле. Некои војници ги ставаа пушките на еден куп. По половина час му дадоа сува храна. Го изеде сендвичот и стана од тревата. Се прошета меѓу војниците и повторно се врати кај докерите. По две недели поминати на полјанката Пондилаки и докерите се качија во камионот што застана близу до нив и чекаа да тргне. Молчеа. Камионот тргна. Седеа на штиците и размислуваа. По некое време камионот застана и еден албански војник ја подигна церадата. Им покажа со раката да слезат. Пондилаки скокна прв на тревата. По него слегоа сите. Камионот замина. Се погледнаа изненадени. Седнаа на тревата.

Полето на кое ги остави камионот беше големо. Немаше куќа во близината. До вечерта не дојде никој да ги посети. Следниот ден заврна дожд. Ги намокри до гола кожа. Вечерта дождот стивна. Заспаа на мократа трева. И наредните шест дена врнеше дожд. На седмиот ден Пондилаки се качи во еден камион.

“Внимавајте! Ќе одам во Бурели. Чекајте ме овде! Ќе се вратам”, им рече на докерите.

2.
Кон квечерината стигна во Бурели. Градот вриеше од војска. Им се загледуваше во лицата на сите на кои наидуваше. Го бараше Ставре Наковски. Доцна во ноќта се навали на едно дрво. Една силна рака го размрда. Се сврти и се насмеа.

“Од каде ти, Вангелисе?”

“Немам време, Пондилаки. Ако ја видиш Јана, кажи и да не оди на состанокот. Ќе биде жешко за Македонците”.

“Зошто, Вангелисе Котинарис? Што треба да значи тоа?”

“Не прашувај ме! Не пуштај ја таму!”

Пондилаки збесна. Вангелиос Котинарис исчезна во темната уличка. Пондилаки се истави од дрвото и возбуден тргна да ја пронајде Јана Чакаларова. Пред една висока зграда ги забележа докерите. Стоеја на ѕидот. Им пријде сиот задишан.

“Ја видовте ли Јана Чакаларова?”

“Не. Сите се во салата. Има некаква кавга во раководството. Да влеземе”, му рече Туши Гонев.

“Зошто дојдовте? Ќе се вратев”.

“Сите дојдоа. Не донесоа со камиони.”

“Да влеземе во салата”, рече Пондилаки.

Влегоа низ вратата. Салата беше голема.

“Колку народ! Сигурно има две илјади војници”, рече Пондилаки.

“Можеби и повеќе”, му одврати Туши Гонев.

Пондилаки се поткреваше на прсти да види што се случува на другиот крај на салата. На бината седеа десетина луѓе и мрдаа нервозно со рацете. Еден од десетината луѓе стана. Пондилаки се поткрена на прсти и ги начули ушите да слушне што ќе рече. Слушна како човекот покажа на толпата со прстот и рече: “Леси, микро скулики!?”, и потоа виде како го плука човекот што седеше најблизу до него. Некој го поттурна Пондилаки и немоќен да се додржи на прстите на стапалото се заниша. Една група војници се пробиваше во внатрешноста на салата и го истуркаа. Испотен се извлече меѓу војниците и излезе надвор. Застана покрај ѕидот и воздивна длабоко, дури болно.

Никос Зајкопулос излезе по него. Му се придружи. Беше нерасположен.

“Да не беа советските офицери ќе ги стрелаа македонските раководители. Нив ги стави Врховната команда и КПГ да се печат на раженот. Каква гнасотија!”

“Значи, старата песна”, рече Пондилаки и си ја подигна косата од врз челото.

“Војна е, Пондилаки. Песните, впрочем, секогаш се исти, само мелодијата се менува.”

3.
Пондилаки и докерите ноќта ја поминаа крај зградата. Пондилаки мислеше на Ставре Наковски. Се прекоруваше што не се врати назад во планината да го побара. Не му беше грижа што цела вечер гласноговорниците од Агитпропот на Демократската армија го пренесуваа гласот на раководството: “Само да се престроиме и ќе се вратиме назад”. Му беше јасно дека војската невооружена не оди на фронтот. Подоцна од Дирахио товарени на советски брод тргнаа во непознат правец. Пондилаки и докерите седеа под палубата и молчеа. Беа збунети. Диво се загледуваа еден во друг. Поминаа долг пат. До нив допре глас на оџа. Се напрегнаа да дознаат уште нешто. Но, ништо. Потоа бродот застана. Слушнаа тропање на многу нозе на палубата. Пондилаки по говорот на луѓето кои чекореа по палубата свати дека се работи за државни службеници. Луѓето зборуваа турски. Пондилаки знаеше турски. Го разбираше секој нивни збор. Сепак молчеше. Потоа ги снема гласовите. Бродот тргна. Пондилаки знаеше воздивна. Долго пловеа...

Ги симнаа од бродот. Лицата им беа згуросани. Очите замижани. Усните залепени. Ги потераа кон пристаништето и ги качија на воз. Пондилаки седна во истото купе во кое се сместија докерите. Патуваа долго време. Молчеа замислени. Близу еден голем град слегоа од возот. Потоа пешачеа. Стигнаа во една касарна. Се сместија во касарната. Гласноговорниците од Агитпропот на Демократската армија го разнесоа гласот на раководството: “Се наоѓаме во Советскиот Сојуз во Близина на градот Ташкент. Нашиот престој овде е привремен”. Некои војници веруваа. Пондилаки се помири со судбината. Почна да голта поголеми количини воздух, готов да се соочи со новата

клима и средина. Докерите го следеа во чекор. Првата вечер се изненадија од белите чисти чаршафи и удобните кревети.

“Што ќе правиме сега, Пондилаки?”, праша Туши Гонев.

“Ќе чекаме”, му одврати мирно Пондилаки.

II

1.
Пондилаки појде во управата. Малото човече со скршен нос ги запиша во еден голем тефтер. Пондилаки се насмевна. Ги прими од човечето рублите. Ги изброја. Точно петстотини. Човечето му даде нова бунда. Излезе од канцеларијата без поздрав. Попладнето отиде на часот по руски јазки. Кога заврши часот по руски јазик заедно со докерите се најде во друга сала. Седнаа на дрвените столови. Чекаа. По миг, на вратата се појави висок човек со питомо лице.

“Здраствујте товариши!,” им рече љубезно.

“Денес повторно ќе зборува за големите победи на Советите, големиот патриотизам. Сепак, убаво раскажува.”

“Не биди злобен, Никосе! Човекот си ја врши својата должност”, му рече Пондилаки.

“Црвениот комесар Пјотр Семјонович Габиров”, рече Никос и се насмеа гласно.

Пондилаки му упати прекорлив поглед. Пјотр Семјонович Габиров се насмеа пријателски.

“Драги пријатели, Грци...”, почна Пјотр Семјонович Габиров.

“Не сме сите Грци, товариш Габиров!”, викна Туши Гонев.

Пјотр Симјонович Габиров ги сокри тенките нерви некаде длабоко во внатрешноста на своето крупно тело и испитувачки го погледна Туши Гонев.

“Како? Станете, товариш! Објаснете ми!”, му излета од устата на Пјотр Семјонович Габиров.

Туши Гонев стана од столот. Многу погледи го следеа неговото крупно тело.

“Ние сме Македонци. Словени како и вие, товариш преподавател! Ве молам, во иднина да ни се обраќате со зборот Македонци”, потоа седна.

Пјотр Семјонович Габиров не можеше да го сокрие изненадувањето.

“Харашо... Товариши Грци и товарише Македонци!”, почна Габиров и кришум погледна во Туши Гонев.

“Така , другар Габиров, треба да се знае кој е кој, ако сакаме да бидеме пријатели. Ќе ме побараш ти мене подоцна. Го знам јас тоа”, помисли Туши Гонев.

2.
Пјотр Семјонович Габиров го заврши предавањето точно во определеното време. Ги поздрави и излезе од предавалната. Пондилаки и докерите се вратија во собите. Не разговараа. Туши Гонев се надеваше дека ќе се сретне повторно со Габиров.

3.
Наредниот ден ги напуштија касарните, облечени во нови градски алишта. На Пондилаки му годеше влегувањето во градот. Го сместија во една соба во двособен стан во кој живееше едно помало семејство. Со него во собата се најде и Стојан Џавалеков. Тргнаа на работа. Пондилаки и Стојан почнаа да работат во големиот завод “Ташелмаш”, каде што се произведуваа машини за берење памук. Пондилаки не можеше да го запамети името на заводот. Со Стојан тргнаа на обука. По кратко време станаа машински бравари. Заработуваа добро. Исто како и тамошните.

Стојан Џавалеков се излежуваше на креветот. Беше загрижен. Пондилаки дојде нешто подоцна Седна на другиот кревет.

4.
“Слушна ли дека македонските раководители ги накажале строго.”

Пондилаки скокна од креветот.

“Што? Зошто? Како?!”, викна збунето.

“Јана Чакаларова е накажана со строг затвор од пет години за предавство на интернационалното комунистичко движење. Другите повеќе. Но, зашто?”

“Лошо време. Чувај се, Стојане! Имаш ли пари? Моите летнаа брзо”.

“Немам ни јас. Знаеш дека половината од платата ми ја зема КПГ.”

“Тоа е грабеж, Стојане. Нека ми земаат мене, можеби некој ќе го оправда тоа, но зошто ти земаат тебе? Ти не си член на КПГ и немаш никаква врска со нејзиниот раководен кадар кој седи во Москва и си го грее газот во големите ресторани и ужива во приемите на господинот Сталин. Војната заврши. Останува да чекаме да се смири светот и да се вратиме дома”.

“Ако е тоа можно”, додаде Стојан разочарано.

Си легнаа. Утрото ги разбуди тропање на вратата. Пондилаки стана и буновен ја отвори вратата.

5.
Во собата влезе ниско човече со орловски нос и очи кои шараа непрестано. Работеше заедно со Пондилаки во “Ташелмаш”. Пондилаки го пушти да седне на креветот.

“Нешто си вознемирен”.

“Мораш да ни помогнеш. Ќе подготвиме една претстава”.

“Кој? Кога? Каде?”, се збуни Пондилаки.

“Ние од драмската секција на дванаесетото гратче”.

“И што треба да направам за вас?”

“Ни требаат костуми и реквизити за претставата”.

“Добро”, му рече Пондилаки. “Дај ми список!”

Човечето се насмеа задоволно. Му даде еден лист на Пондилаки.

“Ти благодариме сите, ќе подготвиме убава претстава”, му рече човечето и замина без поздрав.

“Нови задолженија. Тоа ти е животот, Стојане”, му рече Пондилаки. Се облече и излезе низ вратата. Отиде во комитетот на дванаесетото гратче. Го дочека еден црномурест мустаклија.

“Здраво, Гаврас!”

“Кое добро, Пондилаки?”

Пондилаки му го даде списокот.

“Ни требат костуми и реквизити за претставата”.

“Веќе беа кај мене. Не можам да ви помогнам”, му рече човекот и поцрвене.

“Не можеш или не сакаш”, мирно му рече Пондилаки.

“Не сакам. Таа претстава нема да се постави на сцената”.

“За тоа ќе видиме”, му рече Пондилаки и излезе трескајќи ја зад себе силно вратата. Тргна по улицата. Одеднаш се насмеа. Зачекори побрзо. По неколку минути се најде во фоајето на

“Театар новој”. Потоа во канцеларијата на управата. Го пречека средновечен човек со мирен израз на лицето.

“Повелете, товариш! Со што можам да ве услужам?”

“Имаме еден мал проблем. Сакаме да поставиме една претстава и ни требаат костуми и реквизити”.

“Лесно за тоа. Ќе ви дадеме. Ќе морате сами да одберете што ви е потребно од фундусот на театарот... А како се вика драмата што ќе ја поставите?”

Пондилаки се збуни. Погледна во папката што ја држеше. Полека ја отвори. Го прочита насловот неколку пати внимателно.

“Македонска крвава свадба,” товариш Лебедеов.

“Не сум слушнал за таков драмски текст. Ве молам, да ми го позајмите да го прочитам”.

Жалам, товариш Лебедеов, но напишан е на македонски јазик. Се плашам, нема да разберете ништо.

“Ќе го преведеме, товариш Пондилаки. Ако е добар ќе го поставиме на нашата сцена”.

“Секако, товариш Лебедеов. Спасиба”, рече Пондилаки. Стана од фотељата. Се поздрави и излезе од канцеларијата. Со трчање отиде во менза-клубот. Таму ги затекна активистите на драмската секција од дванаесетото гратче. Седна на масата.

“Пондилаки, кажувај!”, викнаа гласно сите.

“Се е подготвено. Костуми и реквизити ќе ви дадат во театарот само ќе морате сами да си одберете зашто тие не знаат што ви треба. Ќе му се јавите на Лебедеов”, им рече. Им го подаде списокот и текстот. Се поздрави со нив и тргна да си оди.

“На 2 август, те чекаме на премиерата”, му викнаа весело.

III

1.
Туши Гонев излезе од големата железна врата на заводот “Ташелмаш” и се упати кон центарот на градот. На половина пат се премисли и замина дома. Беше доцна. Пондилаки беше се уште буден. Туши влезе во собата. Го соблече палтото и го закачи во шифоњерот. Седна на креветот.

“Каде се Стојан Џавалеков? Не сум го видел неколку дена”.

“Се пресели. Живее во седмото гратче. Вчера бев кај него. Ја гледавме претставата “Македонска крвава свадба”. Ја изведуваа активистите на драмската секција од нашето гратче”.

“Убаво е кога се слуша својот мајчин збор... Сталин умре. Треба да внимаваме. Кога се менуваат владарите времето е матно”.

“Не грижи се! Нас не не засега смртта на Сталин. Ние сме гости во оваа голема земја и така треба да се однесуваме”.

“Добро велиш, Пондилаки. Така треба да се однесуваме”, рече Туши. Ги соблече панталоните и кошулата и се пикна во постелата. Му го сврте грбот на Пондилаки и набрзо заспа.

Пондилаки седеше уште неколку мига, потоа и тој се пикна во постелата. Набрзо заспа.

2.
Утрото стана порано. Го стави ѓезвето со кафе на шпоретот и влезе во бањата. Се изми и се избриша со шарената крпа за бришење лице. Се врати во собата. Кафето се подигна готово да излезе од ѓезвето. Пондилаки го тргна ѓезвето од плочата што се црвенееше и го стави на масата. Го исклучи шпоретот. Тури кафе од ѓезвето во една порцуланска чаша. Седна на столот и по миг се напи од топлата црна течност. Погледна во Туши Гонев.

“Сакаш кафе?”

“Зошто да не”, рече Туши и скокна од креветот. Ги облече панталоните и кошулата. Се изми во бањата и седна на масата. Пондилаки му наполни кафе во друга порцуланска чаша. Му ја подаде.

“Си спомнуваш ли на пансионот “Македонија” Туши?”

“Секако. Понекогаш сонувам како седам внатре и ја слушам бузуката на Јани Ронков. Се занесувам... Што е со Стојос Панајопулос? Одамна не сум го видел.”

Пондилаки се насмеа гласно.

“Зошто се смееш, Пондилаки?”, се зачуди Туши.

“Стојос Панајопулос се ожени за една Монголка. Убаво му е и не жали по пансионот “Македонија”. Ме замоли да не му го спомнувам повеќе”.

“Така, Критјанинот засновал семејство. Нека му е со среќа”.

Пондилаки се напи кафе. Долго гледаше во чашата и го мазнеше порцуланот со прстот.

“Не можам да го прежалам Ставре Наковски”, рече Туши Гонев и си ги покри очите.

“Кој знае можеби е жив. Не закопувај го додека не му ги затвориш очите. Го извлековме од Еди Куле мртов... Оживе. Бев готов да им го вратам неговото тело и да си ги земам назад златниците... Оживе човекот. Самиот си сведок”.

“Туку, не ти кажав. Се шушка за враќање назад во земјата. Што мислиш за тоа?”

“Ништо. Будалштини. Се уште не е време. Биди спокоен, Туши! Ќе ти кажам кога ќе тргнеме повторно да го освоиме пансионот “Македонија”. Засега мирувај!”

Туши Гонев кимна потврдно со главата и си ја разбушави косата. Го испи кафето од порцуланската чаша. Стана од столот. Го поздрави Пондилаки војнички и театрално и излезе од собата. Потоа се врати.

“Заборави нешто?”

“Вечерва ќе се сретнам со Лазарос Пападоглу во менза-клубот. Поканет си да дојдеш. Лазарос те кани”, му рече и излезе.

Пондилаки се насмеа. Го испи кафето. Ги собра чашите и ѓезвето и ги стави во мијалникот. Ги изми со топла вода и ги стави на масата. Легна на креветот. Се загледа во распуканиот таван. Воздивна тешко. На вратата нечија рака тропна нежно. Пондилаки стана од креветот и полека ја отвори вратата. Пред него стоеше Евангелија Гаспарова Наковска. Немаше солзи по лицето, но скоро и висеа на белилото. Се гушнаа. Пондилаки ја подигна на раце и ја однесе на креветот. Самиот седна на столот крај масата.

“Ќе ти сварам кафе”, рече Пондилаки. Стана од столот. Го наполни ѓезвето со вода, стави две лажички шеќер и две кафе и го стави на шпоретот.

“Каде е Ставре?”, ненадејно праша Евангелија низ насмевка.

Пондилаки ја наведна главата. Очите му се собраа. Срцето почна посилно да му тупка. Евангелија стана од креветот и му пријде. Го допре со раката.

“Нешто се случило? Остана во планините? Кажи ми!”

Пондилаки молчеше. Кафето беше готово. Истури од црната течност во порцуланските чаши. Едната и ја подаде на Евангелија.

“Земи, напиј се кафе!”

“Зошто молчиш и ме измачуваш?”

Пондилаки се напи кафе. Ја погледна право во очи.

“Испиј го кафето! Ќе разговараме подоцна”.

“Мораш да ми кажеш. Како можам да пијам кафе во ваква состојба? Кажи ми каде ми е сопругот?

Пондилаки воздивна длабоко.

“Не знам”, рече низ воздишка.

“Загинал”, рикна Евангелија.

“Никој од нас не виде каде исчезна. Кога се најдовме на албанска територија, него го немаше. И во бродот го баравме, но залудно. Претпоставувам дека остана во планините, но дали загина, не знам. Не сакам да си ставам рана на душата велејќи ти дека е загинат.”

“Значи, жив е. Господи, половина Европа ја пропатував за да го пронајдам и ништо”, заплака Евангелија.

“Среќна жена си, Евангелијо! Не плачи! Ставре е сигурно жив. Си спомнуваш ли кога го извлековме од Еди Куле. Среќна жена си”.

“Да бев среќна ќе живеев на своето огниште и немаше да талкам по светот. Ги оставив децата во Унгарија. Сега морам назад по нив”.

“Не плачи! Не можам да издржам солзи сами ми идат на очи. Ако продолжиш да плачеш ќе излезам надвор”.

“Излези, Пондилаки. Остави ме сама да се изнаплачам над сопствената судбина”.

Пондилаки се најде во недоумица. Сепак го нарами палтото и излезе низ вратата. Евангелија Гаспарова Наковска легна на креветот и заплака гласно.

3.
Пондилаки долго време шеташе по улиците. Влегуваше во некои ресторани, но веднаш излегуваше. Не наоѓаше никого од познаниците. Отиде во менза-клубот и таму го најде Туши Гонев. Седеше во ќошот и пиеше вотка. Седна до него на дрвениот стол. Туши Гонев му порача вотка. Келнерот му донесе вотка.

“Загрижен си?”

“Евангелија Гаспарова ми дојде на гости. Го бара Ставре Наковски. И рекле дека е во Ташкент”.

“Затоа си загрижен?”

“Сакам да се вратам во Солун. Таму ми е местото. Душата ми плаче од болка по родниот град”.

Туши Гонев отпи од вотката.

“Ќе си одиме, Пондилаки. Не верувам Советите да не држат овде вечно”, воздивна.

“Нашето сврши, Туши. Сега треба државите да се договорат за нашата судбина. Тоа е висока политика. Секој ќе трга на своја страна и се ќе биде на наша штета”.

“Што ќе правиш со Евангелија?”

“Ќе ја испратам во Комитетот на нашето гратче. Тие ќе знаат што да прават. За сега ќе остане кај нас. Ќе и ја отстапиме кујната.”

“Мислиш ли дека смртта на Сталин ќе измени нешто во земјата?”

“Ако мислиш што ќе се случи со нас, побрзо ќе пцовисаш. Накриви ја капата и чекај! Нешто мора да се промени во државата. Да се надеваме ќе има нешто добро и за нас”.

“Евангелија ја остави сама?”

“Да сама. Не можам да поднесам кога некој плаче”.

“Можеби е гладна. Да и однесеме нешто да касне”.

“Препушти ми мене да се грижам за неа. Навикнав на семејството Наковски да му помагам”, му рече Пондилаки. Ја допи вотката од чашата и стана. “Довидување, Туши, ќе се видиме вечер”.

“Господ нека е со тебе, Пондилаки. Ако ти затребам ќе бидам овде”.

Пондилаки го напушти менза-клубот и се упати кон центарот на градот. Во големата продавница близу театарот купи леб, половина килограм салама, неколку конзерви, едно шише природен сок и се врати дома. Евангелија лежеше на креветот. Не плачеше. Беше замислена. Пондилаки влезе во сосдната просторија што ја користеа како кујна и ја остави торбата со купените производи. Се врати во собата и седна крај масата.

“Сигурно си гладна?”

“Цревата ми кркорат од глад. Леб не ми се става во устата. Проклета судбина!”

“Не си единствената што доживеала таква судбина. На десетици илјади македонски семејства се растурени по светот. Се ќе биде само здравјето да си го сочуваме... Децата, велиш, ги остави во Унгарија? Ние мислевме дека си во Гевгелија! Така ни кажа Јана Чакаларова”.

“Не останав долго во Гевгелија... Мене со неколку семејства ме префрлија во Скопје и оттаму во Унгарија. Ни самата не знам како се случи тоа. Сепак, се најдов во Унгарија”.

“Таму сигурно има многу наши?”

“Илјадници луѓе. Секој ден плачат. Мајките на една страна, децата на друга. Татковците не се знае каде се наоѓаат. Секој ден пристигаат возови и носеа нови пратки луѓе...”

“Сакаш ли да каснеме малку? Купив топол леб”.

“Не можам да јадам, Пондилаки, душата ми гори од мака. Сега мислам на дечињата. Ги оставив со Сливарови. Морам назад во Унгарија”.

“Не грижи се! Ќе средиме децата да дојдат ваму. Утре ќе одиме во Комитетот. Не грижи се!”

“Лесно е да се рече. Да не си во мојата кожа”.

“Ако не сакаш да каснеме, тогаш да прошетаме малку. Градот е убав и ќе се успокоиш малку. Ајде да прошетаме!” и рече Пондилаки, и стана од столот. Ја зграби за рака и ја подигна од креветот.

Евангелија неволно тргна по него. Надвор по улицата имаше многу народ. Тргнаа кон центарот на градот. По два часа се стемни. Полека, уморни од пешачењето, се вратија дома. Вечераа. Чекаа да се врати Туши Гонев. Него го немаше и Пондилаки и подготви на Евангелија во кујната за да си легне. Евангелија ја напушти собата и се префрли во кујната. Легна на креветот и уморна заспа. Пондилаки седеше уште малку време во собата, навален на масата, потоа се соблече и си легна. Сонот го измами и заспа.

Утрината Пондилаки стана порано. Чекаше половина час да се разбуди Евангелија. Потоа заедно појадуваа. Се напија кафе и отидоа во Комитетот на дванаесетото гратче. Евангелија ја заведоа во големиот список на Комитетот. Човекот беше љубезен. Пондилаки ја одведе во менза-клубот. Таму пиеја чај. Се вратија дома. Евангелија приготви ручек. Пиеја кафе. Ручаа. Пондилаки се облече.

“Каде?”, се зачуди Евангелија.

“На работа, Евангелијо. Од понеделник и ти ќе појдеш на работа. Така рече човекот од Комитетот”, и насмеан излезе од собата.

Евангелија остана сама. Ја прибра масата и ги изми чиниите и лажиците. Легна на креветот и ги затвори големите клепки.

“Нека ми е на здравје престојот во Ташкент”, промрмори. “Можеби сонцето овде ќе ме огрее”.

IV

1.
Евангелија Гаспарова Наковска работеше во текстилната фабрика. Имаше нов стан во седмото гратче. Пондилаки често одеше кај неа. Пиеја чај. Во градот зачестија кавгите меѓу дојдениците. Се почна во раководството на Партијата. Се створија четири групи и секоја имаше свој кандидат за водач на Партијата. Настана затегната состојба. Секој ден имаше тепачки меѓу групите. Пред куќата на Евангелија најдоа мртов човек. Им припаѓаше на дојдениците. Евангелија немаше да дознае доколку не се скараа Стефана Макеларова и Ванко, нејзиниот сопург, кои живееја во другиот дел на станот. Вечерта беше и Пондилаки кај неа. Слушнаа караница и ненајавени влегоа во собата на Макларови. Мажот и жената се тепаа. Собата беше свртена наопаку. Насекаде расфрлани алишта и постелнина.

“Тоа го сторија твоите Маркосовци, гниди, проклети да сте сите!”

“Повлечи си го зборот, жено!”, беснееше мажот и ја држеше за косата.

“Да црknете сите, да даде господ!”, врискаше жената.

Ванко ја турна грубо и таа падна на подот. Од носот и потече крв. Врисна уште посилно.

“Оди си!”, и рече Ванко.

“Ќе си одам. Зар ќе живеам со Маркосово копиле?”

“Ни твоите не се подобри. Држете го Захаријадис за...”

Пондилаки гледаше вџашено во нив.

“Полека, луѓе! Не ви личи да се карате. Имате дечиња”, им рече Пондилаки мирно.

“Зар го личи него да се држи за палтото на Маркос? Гниди, вошки!” викаше Стефана.

“Полека, Стефано! Размислете...”

“Нема што да мислам. Или нека помине на страната на која сум јас или ќе го оставам”, рече Стефана и почна да полни една поголема торба со алишта што ги вадеше од шифоњерот.

“Не поминувам во твојата група ни мртов”.

“Тогаш, цркни!”, рече Стефана и со торбата в раце излезе од куќата.

Ванко седна на масата. Беше нервозен.

“Не си тактичен. Се однесуваш како дете. Зар не ти е жал за дечињата? За нив треба да се воздржувате од кавга. Да ви ебам политиката. Да беа добри, немаше да ја загубиме војната и да чмаеме во туѓа земја. Ќе си бевме во седелото”.

Ванко молчеше. Евангелија Гаспарова Наковска си ги кршеше прстите од нервоза. Пондилаки и приjде и ја фати под рака. Излегоа од собата и низ ходникот се вратија во кујната на Евангелија.

“Глупав народ! Ќе се испотепаат за некаква политика”.

“Не е народот глупав, Пондилаки! Таква ни е судбината”.

“Каква судбина? Зар не гледаш дека се колваат за други? Што ми е грижа кој ќе биде на чело на партијата? Сакам да се вратам дома и да се топлам на своето огниште. Другото може да оди во мајчината”.

“Сите сакаме да се вратиме на огништето, Пондилаки. Со денови и ноќи не спијам. Мислам на Ставре, на дечињата. Ќе се приберем ли еднаш сите заедно да ручаме. Проклета судбина!”

“Морам да си одам. Доцна е. Се надевам, нема да ми забележиш што те напуштам”.

“Оди, Пондилаки! Дојди кога ќе имаш време. Кога сум сама ми навира во главата лудилото и мислам дека ќе споулавам”

“Довидување, Евангелијо! Ќе наминам повторно”.

“Довидување, Пондилаки и дојди!”

Пондилаки исчезна низ вратат. По половина час стигна дома. Туши Гонев спиеше. Не го разбуди. Внимателно се пикна во креветот и по кратко време заспа.

V

1.
Пандура Наковска пристигна во Ташкент сосема ненајдено. Ја придружуваше една постара жена. На железничката станица се качија во еден од многуте такси возила. Пандура му ја подаде адресата што беше напишана на едно ливче и возачот појде. По половина час застана до една еднокатница со двор. Пандура и постарата жена слегоа од автомобилот. Постарата жена му плати на возачот и тој замина. Влегоа во куќата. Во собата седеше Евангелија Гаспарова Наковска и везеше чаршав за малото масиче. Рипна од креветот попарена.

“Ќерко, злато мое мајкино!”

И потекоа солзи. Ја гушна Пандура и ја стисна цврсто на градите нејзината убава малечка глава. Заплака и Пандура. Постарата жена стоеше отстрана и молчеше.

“Мајкино дете!” викаше Евангелија и почна да бара со погледот низ собата. Исплашено се тргна од Пандура.

“Каде е Пено?”, праша уплашено.

“Пено остана во Будимпешта. Не го пушти учителот по музика. Но немој да се грижиш! Тој е добар. Мене...”

“Тебе мајка не те пушта никаде. Ќе останеш со мене овде. Ќе го викнеме и Пено. Како можел тој учител да му забрани да си ја види мајка си?”, се лутеше Евангелија. Солзи и течеа од очите. Повторно ја гушна црвсто Пандура.

“Простете!”, и рече Евангелија на постарата жена и се тргна од Пандура. “Заборавив на вас. Повелете, седнете! Ќе ви сварам кафе.”

“Се викам Анастасија. Ви ја донесов ќерката. Прекрасно дете. Умно и бистро. Благодарам за поканата, но морам да одам. Моите ќе ме чекаат.”

“Не ве задржувам. Како милувате”.

“Одам. Довидување!”, им рече постарата жена и излезе од собата.

“Која е женава ќерко?”

“Не знам, мајко. Заедно патувавме. Се понуди да ми помогне. Не знам”.

“Проклета судбина! Не се ни запознавме со жената”.

“Гладна сум, мајко.”

“Сега мило мое, сега”, збунето рече Евангелија. “Седни на масата ќе ти ставам манџа да каснеш”.

Пандура седна на столот крај масата.

“Не ми кажа за Пено. Што прави тој. Учи, ми велиш! Проклет учител, не ми го пушти детето да си го гушнам. Проклета судбина! Други станаа стопани на нашите деца”.

“Не лути се, мајко! Пено е добар. Учителот го задржа за негово добро. Ќе дојде следната година”.

Евангелија и стави манџа во чинијата.. И даде леб.

“Јади дете мое, касни!”, и рече Евангелија и седна спроти неа. Не ги симнуваше очите од неа. Ќе летнеше од радост.

Пандура заврши со јадењето. Седна на креветот. Се гушнаа. Плачеа заедно. Вечерта излегоа да прошетаат. Евангелија ја однесе во менза-клубот и ја запозна со многу колешки. Се вратија дома уморени. Долго не заспаа. Утредента спиеја до доцна. Беше недела. Излегоа на прошетка. Евангелија ја одведе во зоолошката градина. Се радуваа двете на малите животни затворени во кафезите. Потоа се вратија дома. Ручаа. Легнаа да се одморат.

“Вечер ќе одиме в театар”, и рече Евангелија. “Ќе гледаме опера”.

Пандура се насмевна нежно и и го сврте грбот.

“Спиј, чедо мое! Мајка нема да се раздели од тебе цела војска да дојде по тебе за да те одведат назад во Унгарија”, и рече и нежно ја гушна.

Пандура ја почувствува мајчината рака и повторно се насмевна нежно. Ја стегна мајчината рака и задрема.

Евангелија не можеше да заспие. Се загледа во една точка на таванот и така остана.

VI

Пандура во Ташкент го заврши основното училиште. Потоа и средното. Се запиша на Технолошкиот факултет и по четири години дипломираше. По завршувањето се вработи во големиот завод, каде што работеше Пондилаки. Отпрво помагаше во лабораторијата, потоа почна самостојно да врши експерименти. Вешто ги вртеше во тенките долги прсти епруветите. Иако Пондилаки неколку пати ја посети во лабораторијата, никако не му влезе во главата каква работа врши Пандура. Но, не си ја цепеше главата заради непознавањето на технолошките процеси. Често ги посетуваше и дома. Понекогаш ги придружуваше во кино. Еднаш го поканија да гледаат некоја многу фалена претстава во "Театар новој" и се согласи, но ги остави сами да влезат внатре кога разбра дека претставата е опера. Им помагаше во се, дури кога беше во прашање и поправка на електричната и плинската печка. Поретко почна да се сретнува со докерите. Туши Гонев и Лазарос Пападоглу, мораа да наминат неколку пати во неговиот стан за да се поздравт пред заминувањето во Москва.

"Летнавте во високо друштво", се пошегува Пондилаки. "Убав помин во престолнината".

Тоа беше нивно последно видување. Му останаа во очите нивните сериозни лица. Го потсетуваа на црвениот комесар Пјотр Семјонович Габиров. Ги испрати дури до крајот на улицата. Се разделија со ветување повторно да се видат.

2.

Следниот ден намина во менза-клубот и го затекна Маноли Стрезовски. Додека го допиваа кафето им се придружи Стојан Џавалеков. Во рацете држеше весник. Пондилаки се насмеа. Му беше чудно што Стојан купил весник. Кога погледна подобро успеа да прочита неколку збора и скокна од столот.

"Па тоа е "Нова Македонија", рече Стојан Џавалеков. "Ја добив од Скопје".

Пондилаки го грабна весникот и долго гледаше во големите црни букви, со кои беше испишано: “Нова Македонија” и како да не им веруваше на сопствените очи.

“Значи не било лага дека Македонците имаат своја држава”, рече Пондилаки.

Го прелистуваше весникот и повремено свирнуваше од чудење.

“Вистински весник и се напишано на македонски јазик”, мрмореше задоволно.

3.
Есента го чекаше ново изненадување. Пондилаки беше замислен. Стигнаа и првите учебници од СР Македонија, наменети за учениците. Но четивата ги голтаа и возрасните. Ги вадеа буквите и се богатеа со сознанијата за сопственото потекло. Историските текстови најмногу ги читаа. Не затоа што беа напишани како приказни, туку зашто во нив се раскажуваше за македонските маки и големите подвизи на комитите. Така, Пондилаки со помош на Стојан Џавалеков и Пандура Наковска научи да чита и пишува македонски и по две години со сопствената рака ја напиша молбата и го пополни формуларот што го прими од југословенската амбасада во Москва, во која изразуваше желба да се пресели во Скопје. Во истиот плик ги ставија документите и на Евангелија Гаспарова Наковска, Стојан Џавалеков и Пандура. Ги испратија по пошта до амбасадата и со нетрпение ги чекаа.

Не беа први што сакаа да се преселат во Македонија. Пред нив заминаа повеќе семејства а многу се готвеа да поднесат барање за враќање во татковината. Се радуваа како мали деца. Евангелија Гаспарова Наковска доби писмо од синот Пено. И се јави од Канада. Радосна отрча да му го покаже на Пондилаки. Во неговиот стан ги затекна Стојан Џавалеков и Маноли Стрезовски. Не беа многу за разговор. Нешто ги мачеше. Не чекаше да се смилуваат и да отворат уста за добредојде. Намириса дека нешто се готви.

“Кога заминуваш? ”, праша Маноли Стрезовски.

“Не сум ги добила документите”, рече Евангелија. “Ми се јави синот Пено од Торонто”, потоа се вознемири. “Каде е Пондилаки?”

“Отиде во пошта. Поднесе нови документи. Заминува за Грција”, рече Стојан Џавалеков.

“Како?”, се зачуди Евангелија. “Нели оди со нас во Македонија?”

“По повлече носталгијата по пансионот “Македонија” и Белото Море. Негово е каде ќе оди. Убавина со сила не бива”, рече Стојан Џавалеков. “Ќе патуваме заедно. Скопје е мој град. Ќе те запознаам со се што е вредно во него. Имам пријатели, соседи. Не грижи се!”

“Не сум загрижена за сместување”, рече Евангелија. Се насмевна. Ги помести брчките по лицето на кое се уште беше присутна убавината.

“Нека ми се јави кога ќе дојде”, и ги напушти. Ги остави вчудовидени еден во друг.

4.
По еден месец се поздравија со Пондилаки кој замина за Грција. Кога замина возот Евангелија се сети на Ставре. Илјадапати го проколна денот кога господ ги расели Македонците по сите држави во светот и им го зеде умот. Се прекоруваше што не му порача на Пондилаки да го побара Ставре и да и јави, но беше доцна. Возот бревташе кон Москва. По петнаесет дена кај Евангелија дојде Стојан Џавалеков и и ги покажа документите што му ги испрати југословенската амбасада. Очите му светкаа од радост. Успеа да и каже дека Маноли Стрезовски замина за Софија, разочаран што доби негативен одговор од владата во Атина.

5.
Пандура Наковска му прийде на претпоставениот раководител во фоајето на управната зграда и му се насмеа.

“Довидување, тавариш Саворкин. Примете го мојот отказ”, и си замина оставајќи го замислен и збунет од нејзината постапка. Сакаше да ја праша зошто заминува од фабриката, но Пандура беше излегла од фабричкиот круг. Не знаеше дека момата со попладневниот воз заминува за Москва, од таму со авион за Белград. Кога стигна Стојан Џавалеков во нивната куќа куферите им беа спремни. Му преостана да повика такси. Се пикна во волгата. На железничката станица кондуктерот ги смести во вториот вагон.

“Добар пат!”, им рече Стојан.

Возот тргна и лицата им се разведрија уште повеќе. До Москва не разменија ниту збор. Секој кроеше сопствена приказна за средбата со татковината. Стојан Џавалеков не размислуваше за постапката од пред три дена. Не го интересираше медот што остана на настрешницата на пенџерето. Сакаше да ги види родителите и пријателите со кои порасна. Цели дваесет и пет години го делеа од нив. Кога ја помина границата и се најде во Солун, имаше нешто повеќе од дваесет. Се враќаше со Скопје, со нагрбени четириесет и пет години. Мислеше дека неговите другари се задомиле и имаат куп дечиња. Некои можеби и внуци. Мислата го влечеше се посилно и поблиску до саканите ликови со кои во годините на војната го делеше залакот леб. Често ги разгледуваше разиграните очи на Пандура кој скоро целиот пат до Москва го помина покрај пенџерето, покажувајќи го сето нетрпение што го предизвикуваше во нејзината млада душа средбата со непознатиот град и народот на кому му припаѓа се што е нејзино. Само Евангелија Гаспарова беше чудно збунета. Како да ја измачуваше напозната силна горчина. Седеше замислена до пенџерето, покажувајќи ја сета отсутност од купето.

Возот најпосле влезе во Московската станица. Прва изрипа на перонот Пандура. Ги прифати куферите што и ги подаде Стојан Џавалеков низ прозорецот и почека да слезат од вагонот. Се товарија со куферите и ја напуштија железничката станица.

6.

Утрото им ги заплиска со студенило образите и ги натера да се замотаат подобро со шаловите. Стигнаа на време на аеродромот, но поради густата магла летот за Југославија беше откажан. Тоа малку ја потисна радоста во нив, но по половина час им ја врати средбата со Јана Чакаларова, која како и тие требаше да замине со авионот за Југославија.

Стојан Џавалеков забележа бели влакна на нејзината коса. Длабоки брчки по челото и околу очите. Лицето и беше сосема испосничко, од меките сочни усни немаше никаква трага. Се чудеше каде ја загуби убавината. Кога ја сретна во Костанерија не можеше да се изнагледа на нејзината убавина. Сега пред себе имаше жена со уморно тело, малку подвиткано и со соборен поглед.

Евангелија Гаспарова Наковска се поздрави со Јана Чакаларова, потоа ја престави Пандура.

“Беше цицалче кога ја видов последен пат”, рече Јана Чакаларова и и се насолзија очите. Си спомна за синчето што го остави во домот на Марија Ставридис.

“Сега сигурно е мажиште? Можеби се оженил и има дечиња”, помисли Јана. Му ја подаде кревката рака на Стојан Џавалеков, но како да се премисли. Му се фрли на вратот и долго останаа прегрнати.

“Си поигра со нас времето”, рече тивко Јана. “Како да ни е семето колнато”.

“Подобро молчи!”, и рече Стојан. “Нашата одисеја се уште трае”.

Замолчаа. Само Пандура нервозно шеткаше во чекалната нестрплива да го слушне гласот на спикерот. Седна на удобните фотелји. И се придружија и другите. Го слушнаа гласот на спикерот.

“Патниците за Југославија да се подготват”.

Маглата од аеродромот не беше сосема замината.

Се вивна железната птица во небесната шир и ги понесе кон Белград.

7.
Кога се спуштија на аеродромот со првиот такси се најдоа на железничката станица и со вечерниот воз тргнаа кон Скопје. Гласот на кондуктерот го најави Куманово. Стојан Џавалеков излезе на пенџерето. Иако беше неразденето ги препознаваше терените по кои врвеше возот. Срцето почна силно да му чука. Ја разбуди Јана Чакаларова.

“Стигнавме”, рече Стојан.

Јана Чакаларова се насмеа. Возот влезе во железничката станица. Чкрипењето им ги оглуви тапанчињата и ги отвори широко устите за да не им пукнат тапанчињата на ушите. Неочекуваното кочење ги разбуди Евангелија и Пандура. Ги отвори очите и нарасонети се насмеаја.

“Стигнавме во Скопје”, им рече весело Стојан. “На станицата има многу народ. Можеби нашите пријатели се тука?”

Сликата што се покажа пред него му го пресече радосниот врисок во грлото. Се што гледаше за него беше непознато, освен преполовената зграда на железничката станица на која уште имаше нетстранети урнатини и стариот хотел “Бристол”.

Слезе од возот возбуден од големата промена на градот. Замајан во новата слика заборави на сопатничките. Бучните гласови на групата што доаѓаше до вагонот и ги подаваше рацете спрема Евангелија го врати од сонот. Дури тогаш забележа дека жените сами ги слегуваат големите куфери. Полета по нив и ги прифати преполнетите куфери. Ги пропушти жените напред и кога тие слегоа виде прегратка на две жени од што му потекоа солзи. Евангелија Гаспарова Наковска цврсто ја стегаше околу вратот Марија Ставридис. Двете жени плачеа. Никој од присутните кои го усмерија своето внимание од нив не можеше да процени дали плачат од радост што се гледаат по толку години, или од

тага по загубените соништа. Се гушкаа и бакнуваа и како да не можеа да се разделат. Најпосле се смирија и Евангелија Наковска и ја покажа на Марија девојката што слезе од возот.

Марија Ставридис ја гледаше девојката и се чуденше која може да биде. Никако не можеше да си спомне дали некогаш го видела нејзиното лице.

Ја погледна Евангелија зачудено, како да бараше од неа објаснување.

“Тоа е Пандура, ќерка ми. Зар не ја препозанваш?”, и рече низ плач.

Марија Ставридис го пушти до небото пискавиот глас и ја гушна Пандура. Ја стегна толку силно што девојката мислеше дека ќе и пукнат коските.

“Чедо на мајка!”, зарида. “Беше бебенце кога последен пат те лулав во лулката. Колкава мома, каква убавица!”

Се одлепи од Пандура и налета на прегратката на Јана Чакаларова.

“Плачи колку што можеш”, и шепна Јана. “Мене ми ги собра солзите студот во московската келија”.

Стојан Џавалеков се ракуваше со Марија Ставридис. Јана Чакаларова се плашеше да праша за синот. Стравуваше да не ја стресе на перонот тешкиот збор. Често ги бараше очите на Марија Ставридис за да го добие саканиот одговор и да си ја смири душата. Најпосле кога тоа не помогна не издржа.

“Зошто Ристо не дојде да ме пречека?”

Марија Ставридис се разведри.

“Не знае дека ќе дојдеш. Ако знаеше, ќе дојдеше да те пречека. Имаш две внучиња. Ќе ги видиш, златни се”.

Јана Чакаларова нафрли насмевка на усните и ја гушна повторно Марија Ставридис. Потоа тргнаа кон станот на Марија во Автокоманда.

Марија Ставридис имаше двособен стан, пристојно уреден со старински мебел. Сите се собраа околу масата.

“Добре дојдовте во татковината!”, им рече Марија. Ги почести со слатко од дуњи и кафе. “Децата се на работа и ќе дојдат полпадне”.

Сите гледаа по големите фотографии врамени и закачени уредно по ѕидовите. Го испија кафето.

“Можете да си прилегнете и да се одморите”, им рече Марија. “Подоцна ќе разговараме. Сега времето ќе работи за нас”.

8.
Стојан Џавалеков како да не беше скроен за такви средби. Никако не можеше да се вклопи во нивните разговори. Помисли дека е најдобро да замине дома и да се сретне со родителите. Се поздрави и покрај поканата да остане уште малку побрза дома. Куќата ја затекна неуредна и закатенчена. Му се стегна душата. Ги остави големите куфери пред вратата и појде кај соседот. Не се надеваше дека соседот ќе го препознае, но не наиде на ликот во куќата со шарена порта што го остави во 1941 година. Сосема нова лика се појави зад шарената врата.

“Барате некого?”, праша човекот рамнодушно.

Стојан Џавалеков се насмевна тажно.

“Барате некого?”, повторно праша човекот.

“Соседите”, рече отсутно Стојан. “Соседите од куќава, Митре и Натка, нив ги барам”, одвај промрмори Стојан.

“Умреа пред седум години”, рече човекот мирно. “Сигурно доаѓате од далеку?”

“Од многу далеку. Од Советскиот Сојуз”, одврати Стојан. “Ми беа родители”, му потекоа солзи. Се сврти и без поздрав се најде пред закатанчената врата. Некое време размислуваше што да прави и бидејќи не смисли ништо подобро го откорна катанецот од вратата и влезе внатре. Наиде на стариот добар се уште употреблив креденец од кој како дете ги симнуваше качен на стол, теглите со ајвар. Се беше како што остави оној ден кога замина во партизаните. Дури и светилката му се стори истата од пред триесет години. И завесите на малечките пенџеринја. Седна на креветот и си го покри лицето со дланките. Како да исчезна од него сета моќ што му влеваше храброст да истрае во животот далеку од својата земја. Се почувствува многу слаб. Легна на креветот и заспа.

ЕПИЛОГ

ЕПИЛОГ

1.

Куќите во Солун заплиснати од синилото на големата солена вода му подлегнаа на времето и полека исчезнаа пред подивената градежна машинерија која, изразувајќи им благодарност за долгогодишната дружељубивост, ги заменуваа со огромни велеубави згради кои на големиот град му втиснаа белег на светската метропола. Преку ноќ исчезна дузината згради послани на Бариатиа заедно со пансионот "Македонија". Залудно Ставре Наковски ја бараше старата трошна приземница, сопственост на Уранија Папајоану. Црвениот фенер престана да виси над големата дрвена порта денот кога избија големите демонстрации на студентите. Ни пансионот "Македонија" не го најде на местото кое се векови наназад беше негово. Талкаше по улиците, но чувството на човек што крие нешто страшно од другите луѓе не го напушташе, иако монархот, новите луѓе во атинската владина палата го избркаа и му забранија да се врати во земјата.

Новите згради и широките цветни плоштади му го одвлекуваа вниманието, но тој секогаш мислеше на времето од пред дваесет години. Како да му беше сопрел часовникот што го отчукуваше неговото живеење. Таквото чувство не го напушташе ни по доаѓањето на новата власт која се прокламираше како слободна и демократска. Ставре се сомневаше во се што можеше да се пробие подалеку од вообичаениот поздрав и му го загрози и она мало парче слобода што го имаше. Се трудеше да прикаже што помирно лице пред минувачите кои ја исполнуваа улицата што водеше до кејот. Често се прекоруваше. Разумот му велеше да чекори со крената глава и неоптоварен од страв. Новата влада беше демократска! Зар тој не се бореше за демократија? Но новата влада не им го признаваше правото на Македонци и затоа не веруваше во нивната стратегија. На кејот приседна на една клупа. Некое време молчалив го следеше бранувањето на големата солена вода. Си спомна за Еди Куле и деновите поминати во зандана без леб и вода.

Не сретна никого од луѓето со кои тргна во новата војна, ниту од оние со кои се бореше против Хитлеровите војници.

“Можеби се уште гнијат по затворите... Оние кои преминаа во Албанија, сигурно се здрави и живи... Еднаш морам да појдам во Костанерија...”, мислеше. Се плашеше од Милкијадис Цакондас. “Ќе ме предаде на полицијата и потоа долгогодишен затвор...”

2.
Еднаш дојде до над самото село. Цел ден седеше на височинката и ги гледаше селаните како ползат по прашливата селска улица. Си ја виде куќата. Беше како што ја остави, иако во неа дваесет години никој не стави нога. Само покривот, така му се стори, на едно место имаше пукнатина, нешто како помала дупка, и бидејќи беше многу далеку, заклучи дека дупката е многу поголема и дека сигурно пропушта вода во таванот. По тоа наслутуваше дека внатрешноста на куќата мириса на скапано овошје.

3.
Ги тргна од пред очи брановите на Белото Море. Стана од клупата и мешајќи се со жителите на градот се најде на железничката станица. Во Периклисис стигна слидниот ден на пладне. Го дочека синот Пено, мажиште кое тој ден полнеше дваесет години.

“Еднаш ќе мораш и мене да ме поведеш во Солун. Се знам за тој град и се од твоите раскажувања. Чувствувам голема желба да зачекорам по неговите улици... Сакам да ј посетам и Костанерија.”

“Има време, синко! Има време”.

Пено беше возрасно момче. Желбата за средбата со минатото го измачуваше. Ги немаше предрасудите што го измачуваа Ставре. Со крупните раце можеше да стопи камен и тоа го правеше да се чувствува храбар. Плетеше по цел ден во старата куќа и понекогаш остануваше покрај виртуозно сплетените кошови до доцна во ноќта, немоќен да сопре со работа. Сакаше да стане

многу богат. Некоја непозната сила го влечеше како магнет и му ветуваше живот на велепоседник. Лесно ја поднесуваше Ставревата главоболка, иако го врзуваше со поголема одговорност кон работата. Уживаше да располага со работата. Посебно задоволство му причинуваше раководењето со триесетминатa работници кои од утро до мрак плетеа кошови. Работниците се плашеа од него. Беше строг, иако гласот му беше мирен и сталожен. Секое нивно забошотување го казнуваше со намалување на нивните примања. Ставре Наковски последен дозна со колкав жар Пено влегол во политиката. Му се лутеше. Го преколнуваше да не влегува во огнот. Но никогаш не му кажа дека во неговото лице се огледува младоста поминатa во крвавите војни. Го одвраќаше, иако потајно милуваше што детето му е бистро и има некаква цел во животот. Секогаш го чекаше на вратата со цигара во устата да се врати од состанокот на социјалистите. Не разговараа многу. Ставре секогаш се повлекуваше на спиење, правдајќи се дека го боли главата. Влегуваше во креветот во кој го чекаше со отворени очи Ксантина Периклис Наковска и долго лежеше не придавајќи им внимание на нејзиното избрчкано тело, проседената коса, и собраните усни и потемнетите очи кои го чекаа со нетрпение да ги помилува со сладок збор. Често остануваше со несклопени клепки до утрината. Потоа уморен го преспиваше денот. Неколку вечери го одбегнуваше враќањето во креветот. Ксантина го загуби некогашниот жар со кој му ја гореше душата и го внесуваше во креветот. Ставре Наковски падна во ново царство. Се почесто мислеше на минатото. Сакаше наполно да му се врати. Таквото вриење во него го разгоруваше уште повеќе син му. Повеќе не го одвраќаше од политиката. Му препушти да ги води работите во манифактурата и наполно се оддалечи од Ксантина и од нејзините ќерки. Алики често го задеваше кога доаѓаше на гости и му ги туткаше во скутот дробните дечиња, две мали девојчиња, но нејзините две последни навраќања и предочија дека со него нешто чудно се случува.

“Не забележувај му, се шекнува”, и рече Ксантина.

Алики, иако Ставре не и беше вистински татко, го љубеше многу. Не го задеваше повеќе. Дури и Поликсена ја предупреди да внимава на однесувањето спрема него.

4.
Ставре Наковски без да им најави ги напушти и се најде во Солун. Го влечеше непозната сила што самиот не можеше да си ја објасни, иако сакаше да ја оттргне од себе и да се ослободи од синџирите со кои таа го приклешти за градот и за надежта дека ќе наиде на времето од пред дваесет години. Можеби поминаа повеќе од дваесет години? Не водеше сметка за времето.

Отседна во хотелот "Медитеран" и ги врати спомените кога во него влезе првпат. Страшното што се случи тогаш не сакаше повторно да го извлече од минатото. Седна во летната бавча на хотелот и си порача дупло кафе со кисела вода. Немирно ги шеташе зениците меѓу минувачите. Бараше познат лик. Келнерот му го принесе порцуланскиот филџан исполнет со темнокафеава горчлива течност и појде да ја послужи средновечната девојка што седеше три маси подалеку од Ставре.

5.
Ставре Наковски реши да ја посети Костанерија. Го прежали она мало парче слобода и следниот ден се најде очи во очи со Милкијадис Цакондас, неговата сопруга Евридика и двете девојки што ги придружуваа. Одеа право кон него. Да можеше да зафати по друга улица немаше да се сретнат. Му затаи срцето, но по миг почувствува како силно почна да скока. Се надеваше дека нема да го сретне Милкијадис...

Го пушти чекорот решен да ги одмине горделиво. Не успеа. Очите на Милкијадис се залепија за него и по миг Ставре забележа како ја мушна Евридика во слабината. Таа го погледна испитувачки со питомите очи и го врати времето за цели дваесет и повеќе години. Човекот што им идеше во пресрет не се совпаѓаше со лицето што и го помилува сопругот. Од тоа лице по кое чекореше убавината забележа само слаба линија која го избриша времето од нивната последна средба до мигот.

Ги немаше на него разиграните очи бујната коса, правилниот нос и сочните усни, сенката на човековиот младешки сјај по кој сите жени лудуваа. Пред неа стоеше белокос повиен човек со брада на места снежно прошарана и лице испиено, полно со брчки. Црниот костум со два реда петлици, белата кошула, вратоврската со вишнова линија на средината, црниот полуцилиндричен шешир и сребрениот синџир што извираше од страничното џепче на палтото и висеше на отворот на јаката, само ја дополнуваа сликата на некогаш млад и убав човек надарен со природна елегенција на движењето на тенкото простомато тело.

“Да, тоа е тој, нема сомнение. Ставре Наковски”, промрморе Евридика. “Човекот со мека душа и немерлива храброст”. Му го попречи патот.

Ставре Наковски застана. Евридика му се насмевна нежно.

“Калос иртес, кир Ставре! Добре дојде дома!”, му рече Евридика и солза и лизна низ образот.

Ставре Наковски беше збунет. И ја подаде раката.

“Калимера!”, рече Ставре тивко. Им кимна во знак на поздрав на девојките. Ја извлече дланката од Евридикината.

“Калимера Ставре!”, му рече Милкијадис.

Ставре Наковски молчеше и гледаше некаде во далечината.

“Добре дојде дома!”, промрморе Милкијадис несигурно.

Ставре Наковски ја погледна Евридика. Нејзините очи го преколнуваа да се помири со Милкијадис.

“Не можам да ти прогледам низ прсти. Премногу зло ми нанесе”, им кимна на девојките и ги одмина.

Евридика ги зеде под рака ќерките и полека зачекори. Милкијадис стоеше омагиен со погледот во прашливиот пат. Потоа полека тргна по Евридика и своите деца.

6.

Ставре Наковски влезе во селската улица и наеднаш ги прими во себе прашината, куќите, луѓето кои се најдоа на улицата и настаните од пред дваесет и повеќе години, можеби триесет и повеќе или четриесет... Се измеша се во него. Срцето за миг како да престана да му работи и колената му ги пресече слаботијата при што се затетерави. Почвата му ги ослободи стапалата и умот му одлета во чист бел простор. Очите му се затворија и му се пристори дека земјата се сврtела наопаку. Неколку мига не чувствуваше ништо. Солзата што му лизна по образот го врати од мртвите. Постоја за да закрепне и кога почувствува оти снагата повторно му се врати, си појде дома. Куќата однадвор беше зарасната во треви. Наместа цели жбунови се подаваа и оставаа впечаток на неисплевено поле. Покривот беше пропаднат. Влезе внимателно внатре. Одаите беа зараснати во пајажина, покриените кревети со шарено навезени килимчиња беа напластени со дебел слој прашина, а подот, освен за неколкуте глувци кои уплашени од тропањето на неговите чевли му го понуди пред тажниот поглед живеалиштето на безброј ситни животинки за кои никогаш не дозна на кој вид му припаѓаат. Шеткаа по подот преплашени од неговото пристусво што им ја поремети тишината и ги натера да си ги напуштат седалата.

“Господи Боже!”, се прекрсти и со натежена душа се премести во другата одаја. Вратата само што не се распадна кога ја отвори. Прашината му се залепи на црниот двореден костум и пајажина се закачи на полуцилиндричниот шешир. Од таванот се одлепи поголема грутка малтер избелена со вар и тресна пред него на подот. Се крена прашина и парчиња полетаа на сите страни. Го разгледа љубопитно таванот и откако се увери дека нема опасност од повторно одронување, седна на широкиот кревет покриен со јамболија и дебел слој прашина. Ги провлече тенките прсти на кои кожата беше оптегната и наместа со темни дамки, ја избриша од неа прашината, ги зграби црвените волнени влакна и напна да ги откорне. Очите му се наводенија

и пред нив заигра магловито детска игра што му внесе немир во главата. Се исплаши да не му пукне срцето од возбуда. Сликите на близначињата вешто го мамеа и му ја покажуваа Евангелија Гаспарова. Како да гледаше прекор во нивните очи. Умот му се замати. Посака да умре. Му беше мило тоа да се случи веднаш и во сопствениот дом. Легна на креветот подготвен да ги затвори засекогаш очите. По некое време се смири, стана од креветот, си ги избриша со бело кадифено шамиче насолзените очи и ја напушти куќата. Набрзо се запре во дуќанот на маџирот Стефанос. Го препозна веднаш, иако времето на него беше оставило длабока трага, и го туркаше кон гробиштата. Не се гушнаа. Немаше ни насмевка. Се ракуваа тивко и сенаа на масата. Маџирот ги наполни чашите со ракија и наздравија.

“За твоето враќање!”, рече маџирот и ја испи ракијата.

Ставре Наковски се напи голтка. Потоа ја спушти чашата на масата.

“Доволно е лута за да ти го крене умот”, рече Ставре.

Молчеа загледани еден во друг диво. Ставре ја испи ракијата и излезе од дуќанот. Зачекори тромо по улицата. Застана пред црквата и го смрачи лицето. Се бореше да не ги гледа пред очи спомните, но не му успеваше. Беа посилни од него и му ги враќаа сликите на минатото. Неколку дечиња истрчаа од училишната зграда и се здадоа кон селото. По нив излезе човек на средни години. На Ставре му забрза пулсот. Се силеше да го запре, но не му успеваше. Човекот му се всели во очите. Не го препозна во него учителот Јоанидис Карахопулос. Воздивна длабоко и телото му олесна како да се спушти планина од плеќите. Се сврте гордо и со забрзан чекор помина низ селската улица. Ги одмина куќите и преку полето навлезе во шумата. Брзаше. Вечерта стигна во Солун. Отседна во хотелот “Медитеран”, чиј пресонал го прими со насмевка и љубезно. Хотелот беше речиси без гости. Времето убаво. Седна во летната бавча низ која се шириеше мирис на олеандрите, и му ги пречиствуваше градите. Пиеше кафе и си ги средуваше впечатоците.

7.
Мирисот на олеандрите во летната бавча на хотелот "Медитеран" го довлечка уште неколку пати во Солун. Секогаш седеше на истата маса. Еднаш додека седеш сам...

8.
На Ставре Наковски му пријде човек, некоја година постар од него, облечен во едноредeн сивкаст костум со елек на кој се жолтееше и светкаше на слабата светлина златен синџир на кој Ставре претпостави дека е закачен џебен часовник. Човекот му се насмевнуваше пријателски. Му ја подаде треперливата рака.

"Зар навистина не ме познаваш?"

Ставре долго му се загледа во подуеното лице, заврте сомнително со главата. Се насмеа. "Пондилаки! жив си, човеку? Седни!", му рече тивко со зарипнатиот глас и му го подмести столот да се смести во него.

"Ќе те одведам на друго место", му одврати Пондилаки.

9.
Пондилаки го одведе во едно малечко бистро крај брегот на морето. Влегоа внатре. Беше мрачно. Темнината од очите му го истави Маноли Стрезовски. Седеше со една средновечна жена, наглавена со тркалезен шешир во кој беа невкусно вденати шарени цвеќиња изработени од штоф. Маноли скокна од столот. Се гушнаа. Потоа седнаа.

"Ова е Софија, наша пријателка", му рече Маноли, "Некогаш работеше во пансионот "Македонија" и убаво си поминувавме".

Ставре Наковски ја погледна подобро. Софија ги развлече во насмевка усните кои го беа одамна изгубиле сочот и со раката го допре нежно рамото на Пондилаки.

"Ова е Ставре Наковски. Наш стар другар", рече Пондилаки. "Недостасува Фоти Стерјов и да бидеме комплетни. Да имаме нов пансион"Македонија", нешто..."

“Навистина што се случи со Фоти Стерјов?”, праша зачуден Маноли и ја погледна испитувачки Софија Гелева.

“Колку што знам Фоти исчезна пред да почне војната. Треба да ја побараме Уранија Папајоану, можеби знае”, рече Софија Гелева.

“Уранија е мртва... Времето ќе го донесе Фоти како што не спои нас. Ако не го донесе, тогаш ќе го закопаме”, рече Ставре.

10.
Доцна вечерта Пондилаки го напушти бистрото да ја испрати Софија Гелева. Маноли Стрезовски ја запиша на едно ливче адресата на Евангелија Гаспарова Наковска и му ја турна на Ставре под носот.

“Ми рече да ти ја дадам доколку те сретнам. Не знам колку те израдував, но таков е редот”.

Ставре Наковски гледаше во ливчето. Почувствува како му се креваат градите од силното тупкање на срцето. Почна да размислува за Евангелија Гаспарова како за нешто далечно. Ливчето го врати во реалноста и тоа многу го погоди. Му се слоши.

“Те молам, допрати ме до хотелот!”, му рече на Маноли. Стана од столот.

Излегоа од бистрото и тивкото ветерче што наидуваше од кај морето му го поврати здивот. Стигнаа до хотелот. Застанаа на влезната врата.

“Ќе се видиме утре”, му рече Ставре и се загуби по скалите во собата. Легна. Долго се мачеше да заспие. Се бореше со ливчето. Мораше да отвори нов фронт. Новата војна што му претстоеше не бараше од него да убива. Го бараше спротивното, љубовта...

11.

Времето одминуваше и се повеќе внесуваше немир во него. Не знаеше каде да појде. Дали да тргне за Скопје кај Евангелија Гаспарова Наковска и близначињата за кои Маноли ништо не му кажа, или да се врати на Пелопонез во куќата што ја изгради за себе и помина во неа триесет и пет години каде што го чекаше Ксантина Периклис, синот Пено и манифактурата. Сакаше да се посоветува со Пондилаки, но се срамеше да почне таков разговор. Сепак реши.

“Ќе појдам во Скопје. Така ми било пишано. Времето се поигра со мене и ме остави ни на небо ни на земја”.

12.
На железничката станица во Скопје слезе спокојно и не брзаше. Тивко се пикна во такси возилото и му го подаде ливчето на возачот.

“Знам каде е. Бидете без грижа, ќе ве одведам до куќата”, му рече возачот весело и му го врати ливчето.

Ставре го стави ливчето во портмонето и го врати во внатрешниот џеб на палтото.

“Ти си наш! Зборуваш со наши думи!”

“А како треба да зборувам. Ова е Македонија и се зборувам македонски”, му дофрли возачот и чудно го загледа.

Ставре Наковски се насмевна задоволно.

“Во Периклисис децата ги учеа дека отаде границата е Србија”, помисли и си спомна за луѓето кои му носеа оружје во војната. “Можеби живеат во Скопје”, и му стана мило што се наоѓа во Скопје.

Автомобилот помина неколку улици и запре пред една висококатница. Ставре му плати на возачот и излезе од автомобилот. Влезе во висококатницата и се искачи по скалите на третиот кат. Ѕвони на звончето. На вратата се појави жена во поодминати години, малку поднаведната, со бистар поглед и

очи кои некогаш го влечеа како магнет во гратчето меѓу големата река и високите планини. Иако беше со мали бразди по лицето и главата замотана во црна шамија, ја препозна. И ја подаде раката. Остриот мирис на сармата што допираше од кујната го измами и му го одвлече вниманието. Забележа солзи во очите на Евангелија и се упати по неа во дневната соба. Се смести на фотељата крај големиот регал преполн со книги, и воздивна длабоко. Молчеше. Евангелија си ги избриша солзите и седна отспротива на другата фотелија. Потоа стана.

“Ќе подготвам да пиеме кафе”, му рече со треперлив глас. Влезе во кујната и залипа, и од езерцата и потече солена вода. Како да немаше сила да го подготви кафето. И се заниша слабата душа и се задржа на шпоретот за да не падне на подот. Ги избриша солзите и поготви кафе. Го принесе во дневната соба, на шарен пластичен послужавник на кој покрај кафето имаше и слатко од дуњи во мало порцуланско чинивче.

Ставре го прифати кафето и слаткото и го стави на малото масиче. Молчеа. Како да се плашеа дека со изговорениот збор ќе ја разурнат долгогодишната отсутност од брачен живот. Мирисот на сармата ги измами и седнаа на масата во кујната. Евангелија посла бел чаршав и постави за јадење. Но, и обајцата како да го загубија апетитот. Седеа и молчеа. Евангелија стана и ја напушти кујната. Се врати и ја пресече тишината што им ги поведе душите во тегобност.

“Ти наместив во спалната да си прилегнеш. Мора да си уморен од патувањето”, му рече Евангелија. Го поведе во спалната и го остави да си легне. Се врати во кујната и заплака. Со неговото влегување во собата исчезна се што неа и мирисаше на него.

13.
Ставре Наковски остана кој неа четири дена. Повеќето од времето молчеа. Еднаш ја праша.

“Пандура е со момчето и дечињата појдена на гости кај Пено во Торонто. Ќе останат два месеци”, му одговори Евангелија и почувствува празнина што не и беше присутна додека Пандура беше крај неа. И толку. Го испрати на железничката станица.

Молчеа. Возот тргна. Се врати дома и ја почувствува празнината што настана со неговото заминување. Се прекори што го пушти да замине. Се врткаше само по станот и силен порој од солзи и излета од очите.

“Проклета, не му ја побарав адресата. Можеби ова не е последното наше видување? Ќе дојде повторно”, плачеше, “Течете, наполнете ја Македонија со солило. Можеби така пресолена нема никој да ја сака”. Не можеше да се смири. Цела ноќ не заспа. Утредента доби телеграма. Беше испртена од Солун. Се израдува. Ја отвори. Го прочита текстот и пребледе. Заплака.

“Господ нека ми прости! Да го задржев немаше да умре. Проклета да сум! Дозволив железничарите да го најдат мртов во возот. Сега ме викаат да појдам и да го закопам! Како да не знаат дека не ми е дозволено да стапнам во Солун или било каде на тлото на земјата од каде ме набркаа пред толку години! Нека го закопаат тие. Можеби така сме накажани од некоја напозната сила. Ох господи...”, умуваше и ја препрочитуваше телеграмата. Влезе во дневната соба и легна на троседот. Плачеше... “Зошто времето си поигра со нас? Кому му згрешивме и не набркаа од дома за да го полниме светот со солзи? Ќе се вратиме ли некогаш дома. До умреме на својата родна грутка...”

14.

Ставре Наковски железничарите го најдоа во возот. Долго време ја бараа адресата запишана во неговиот пасош личната документација, но куќата на Уранија Папајоану на која адреса беше пријавен во полицијата одамна замина заедна со минатото и полицајците и залудно си го трошеа времето. Го закопаа луѓето од погребалното на државна сметка. На неговиот закоп не дојде никој. Пондилаки и Маноли Стрезовски сигурно ќе облечеа црни костуми и ќе положеа венец на неговиот гроб. Ни Софија Гелева ни разбра за смртта на Ставре. Неговото исчезнување од светот на живите не беше објавено никаде. Да беше поинаку секако ќе појдеше некој со цвет во раката. Вака... замина како да не бил меѓу живите никогаш...

ЈОВАН ПАРЛАПАНОВ

(био-библиографска белешка)

Јован Парлапанов е роден на 12 јануари 1948 година во село Марвинци-Валандово. Студирал на Филолошкиот факултет во Скопје (Историја на литературата на народите на СФРЈ). Со литература се занимава повеќе години. Објавувал прозни текстови во повеќе весници и списанија во земјата (“Млад Ворец”, “Трудбеник”, “Македонија”, “Четврти јул”, “Борба”, “Стремеж”, “Современост”, и др.). Преведуван е на јазиците на народите и народностите на СФРЈ.

Автор е на повеќе фото-монографски изложби (“НОВ во Македонија 1941-1945”, “Февруарскиот поход”, “XIV младинска бригада “Димитар Влахов”) како и на повеќе прикази, фељтони и пригодни текстови за НОВ и Револуцијата.

Добитник е на првата награда на традиционалниот општо-југословенски конкурс за расказ со тематика од НОВЈ за 1982 година што традиционално го распишува секоја година гласилото на СЗБНОВЈ “Четврти јул” од Белград.

Автор е на поетската претстава “Враќање нема” работена според стиховите на Ристо Ѓ. Јачев, изведена на сцената на Салон 19, 19 во Центарот за култура и информации на град Скопје.

Во 1983 година, во издание на ИРО “Култура” од Скопје го објавува романот “Отаде пеколот” прв роман од триптихот со епилот под наслов “Пеколно време”, посветен на борбата за егзистензија, национална и социјална слобода на македонците во Егејска Македонија.

Романот “Смрт во Солун”, е трет роман од триптихот “Пеколно време” и го обработува најсудбоносниот дел.

Од 1953 година живее и работи во Скопје.

Јован Папрлапанов: Смрт во Солун * Авторско издание *
Рецензенти: Илхами Емин и Симон Дракул * Лектура: М-Р
Васил Дрвошанов * Нацрт на Корицата: Група автори *
Печатено во графички завод “Гоце Делчев” – Скопје

Тираж: 3000 Примероци
Изданието се печати по пат на самофинансирање

Во настојувањето да ја заокружи приказната за борбата за егзистенција, национална и социјална слобода на Македонците од Егејска Македонија, Јован Парлапанов ни предочува слика на нечовечко прогонство на Македонците и други напредни луѓе во Грција, кои се стремеа да зачекорат во иднината овенчани со човечко достоинство. Со прецизна хронологија изразена со сочен јазик и препознатлив стил, со документарно градиво, не воведува во се што се случувало на тлото на Егејска Македонија, оставајќи ни можност низ настаните, судбините и личностите да ја нављудуваме генезата на злото кое прераснува во геноцид каков не се памети на овие Балкански простори. Ненаметливо се одвива приказана пострашна од пеколот, онаков каков можел да го замисли само човекот... Роман, исполнет со сите политички превирања во грција, од и за време, и по војната. Негов основен белег е антивоената порака, искоренување на страотиите предизвикани од човековата неразумност и алчност и единствен заклучок: ниеден народ да не ја доживее трагедијата на македонците од Егејска Македонија, без оглед на кои географски простори и да се наоѓа...

Бранимир Станојевиќ